**СЗПМ**

**Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија**

# АКТИВНОСТИ И СОГЛЕДУВАЊА 2019 - 2023

## СПЕЦИЈАЛНО МОНОГРАФСКО ИЗДАНИЕ

СКОПЈЕ 2023

ИЗДАВАЧ:
**Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија**

ЗА ИЗДАВАЧОТ:
**Станка Трајкова**

ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ:
**Станка Трајкова - претседател**
**м-р Илија Адамоски**
**Ментор Ќоку**
**Менка Темелковска**

АВТОРИ:
**Станка Трајкова**
**м-р Илија Адамоски**
**Ментор Ќоку**
**Менка Темелковска**
**Калина Сливовска - Андонова**

РЕЦЕНЗЕНТИ:
**д-р Веле Алексоски**
**Александар Димковски**

ГЛАВЕН И ОДОГОВОРЕН УРЕДНИК:
**Калина Сливовска - Андонова**

КОМПЈУТЕРСКО, ГРАФИЧКО И ЛИКОВНО ОБЛИКУВАЊЕ:
**Томе Ангеловски**

ПЕЧАТИ:
**Винсент Графика ДОО**

**АВТОРИТЕ - ИЗБРАНИ ЛИЦА:**
**СТАНКА ТРАЈКОВА, М-Р ИЛИЈА АДАМОСКИ,**
**МЕНТОР ЌОКУ, МЕНКА ТЕМЕЛКОВСКА**
**СЕ ОТКАЖУВААТ ОД АВТОРСКИТЕ ХОНОРАРИ**

# ВОВЕД

Годините минуваат. Останува само она што во тие години било реализирано, како доказ, како аманет за идните генерации. Такви траги ќе остави и периодот 2019 – 2022 година, период кој по многу нешта ќе биде запишан во историјата на најголемата невладина, мултиетничка асоцијација Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во која самоволно се здружени 53 здруженија во кои членуваат околу 290 илјади пензионери, асоцијација која е формирана пред 75 години и која опстанува како препознатлив и активен субјект во нашето општество, асоцијација која се грижеше за правата, стандардот и достоинството на своето членство и во минатото, а така беше и во периодот 2019 – 2022 година.

Периодот 2019–2022 година, ќе остане забележан во меморијата на пензионерите и пошироко по многу нешта. Како прво, по фактот што првпат по 75 години постоење, за претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија беше избрана жена, познат стручњак и човек со големо искуство од пензионерската проблематика, Станка Трајкова.

Второ, во овој период се консолидираше евиденцијата на членството.

Исто така, беа подигнати голем број проекти меѓу кои за првпат се доби грант од Европската унија преку Црвениот крст на Република Северна Македонија за проектот „Рурален пензионер" за поддршка на пензионери во рурални средини.

И покрај тешките услови, за време на двегодишната пандемија, Сојузот не престана со работа и се грижеше за своето членство со низа хуманитарни активности, а грижата беше континуирана и преку низата мерки за редовна пензија и покачување на истата, во добрата соработка со Владата, нејзините министри и министерства. Како резултат на таа добра соработка Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија доби и простории на трајно користење без надоместок, а на 75–годишниот јубилеј покровител на свеченото одбележување беше тогашниот премиер Зоран Заев, односно Владата на РСМ.

Сојузот се грижеше за своето членство и преку големиот број предлози и иницијативи кои благодарение на раководството на Сојузот, раководствата на здруженијата и на секој поединец, вродуваше со плод, иако секогаш можеше да биде и подобро, но ограничувања имаше и од објективен и субјективен карактер.

И во време на кризни моменти Сојузот бараше патишта и начини животот на членството да биде подобар, поисполнет, предлагајќи антикризни мерки.

Во овој период и покрај сè не изостанаа и традиционалните активности како што се ревиите на песни, музика и игри, учеството на Меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана, спортските натпревари, поддршката на творештвото на пензионерите, многубројните масовни собири и друго, на кои доаѓаше до израз меѓуетничкиот карактер на Сојузот.

И покрај големиот број активности Сојузот работеше со позитивни финансиски резултати, а истите беа одбележани континуирано во весникот „Пензионер плус", страницата за пензионери во весникот на албански јазик „КОХА" и веб–страницата на Сојузот, како и во емисијата на МТВ „Трета доба".

Секоја година се одбележуваше и 20 септември, Денот на пензионерите во Македонија, а ова специјално монографско издание е одбележување на сите активности и согледувања од 2019 до 2022 година, во кој период Сојузот и здруженијата беа раководени од луѓе со големо искуство, знаење и интелектуален потенцијал.

**Станка Трајкова, Претседател на СЗПМ**

**ИНТЕРВЈУ СО СТАНКА ТРАЈКОВА, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА**

# ДАЛИ ЛИЧИМЕ НА ЕУ?



**Во рамките на проектот „Дали личиме на ЕУ? - Филмско документирање за мониторинг и заштита на човековите права во Северна Македонија“** – Здружение за промоција и унапредување на културните вредности, КОНФИДЕНС Скопје, преку продукцијата Балкон 3 снима документарни емисии со цел да се прикаже состојбата со човековите права во Република Северна Македонија и да се направи паралела до каде сме во одредени области, како и што да направиме понатаму за да се подобриме и приближиме повеќе кон ЕУ. Проектот е финансиран преку ЕИДХР Програмата за човекови права и Делегација на Европска комисија во Скопје. Сојузот на пензионери е вклучен во епизода 8, насловена како „Генерации и генерациски политики“. Оваа епизода ќе даде приказ на главните предизвици на младите и на постарите луѓе во земјава, дали државата повеќе фаворизира една од овие две групи, работи ли еднакво на двете или некаде некоја е запоставена, кои можности ги имаат младите, кои услови ги имаат постарите и како се исполнуваат стратегиите за нив. За оваа цел беше снимено интервју со претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова. Интервјуто го реализираше Катерина Димовска, проектен менаџер. Интервјуто го пренесуваме интегрално.

**На кој начин се организирани пензионерите во РС Македонија?**

– Пензионерите во нашата држава се организирани во здруженија на пензионери здружени во Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија кој претставува повисок облик на организирање. Сојузот е невладина, непартиска и мултиетничка организација, во која членуваат 53 здруженија на пензионери кои се самостојни правни субјекти.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Берово | Кратово | Струга | Центар – Скопје |
| Битола | Крива Паланка | Струмица | Чаир – Скопје |
| Богданци | Крушево | Тетово | Бутел – Скопје |
| Валандово | Куманово | Пехчево | Сарај – Скопје |
| Велес | Лабуниште | Македонски Брод | ОВР на РМ – Скопје |
| Виница | Лозово | Македонска Каменица | Солидарност |
| Гевгелија | Неготино | Дојран | – Аеродром – Скопје |
| Гостивар | Ново Село | Штип | Тафталиџе – Скопје |
| Дебар и Центар Жупа | Охрид и Дебрца | Кочани | Шуто Оризари – Скопје |
| Делчево | Прилеп | Демир Капија | Илинден – Скопје |
| Демир Хисар | Пробиштип | Гази Баба – Скопје | Здружение на |
| Злетово | Радовиш и Конче | Ѓорче Петров – Скопје | Воени пензионери |
| Кавадарци | Ресен | Кисела Вода – Скопје | Бутел – Скопје |
| Кичево | Свети Николе | Карпош – Скопје | |

Сојузот постои повеќе од 73 години. Оваа организација ги обединува здруженијата и ги презентира правата и интересите на пензионерите во нашата земја.

Здруженијата на пензионери доброволно се здружени во Сојузот (под одредени услови) конституирајќи ги органите на Сојузот од нивните делегати кои учествуваат во работата на органите, на кој начин најнепосредно се остваруваат правата и интересите на пензионерите.

Поаѓајќи од овие законски детерминанти произлегува и карактерот и надлежностите на Сојузот и органите на Сојузот: Собрание (општ репрезент на сите пензионери), Извршен одбор и Надзорен одбор.

Основната законска премиса за самостојност на здруженијата е содржана и во Статутот на Сојузот, затоа што здруженијата автономно си го уредуваат внатрешното организирање, основање на ограноци како основни клетки на пензионерското организирање каде што пулсира и се остварува реалниот пензионерски живот.

**На кој начин преку Сојузот пензионерите стигнуваат до остварување на своите права?**

– Најпрво би рекла дека Сојузот слободно ги промовира и искажува своите ставови и мислења за прашања од интерес за пензионерите, поведува иницијативи за измена на одредени законски прописи и учествува во градење на јавното мислење и креирање на политиките. Ако се случи да не бидеме поканети на дијалог за значајни прашања за пензионерите, тогаш ние тоа го правиме на свој начин. Знаете, ние како Сојуз заедно со здруженијата сме препознатливи по својот весник „Пензионер плус“ кој излегува еднаш месечно во 6 000 примероци, во кој има и страница на албански јазик. Во весникот ги презентираме и аргументираме нашите предлози, барањата кои се разгледуваат на органите и телата на СЗПМ и друго.

Ние нашите барања ги истакнуваме на Советот за социјална сигурност што функционира во рамките на МТСП, преку медиумите и на нашата веб–страница. Како нашите традиционални активности во насока на активно стареење ги остваруваме низ спортските и културните активности сведочат билтените каде што на еден пластичен и реален начин е прикажано пензионерското организирање.

За историскиот развој на пензионерското организирање, Сојузот издаде Монографија насловена како „Пензионерски активности за почит“ каде што со пишан збор и слика е прикажано пензионерското организирање бидејќи зборовите летаат, а пишаното останува.

Она што ги карактеризира здруженијата на пензионери е развојот на социјално–хуманитарната дејност која особено дојде до израз во услови на пандемијата и врз основа на принципите на заемност и солидарност пензионерите самите едни на други си помагаа затоа што тие знаат дека кога можат треба да помогнат бидејќи и тие може да се најдат во ситуација да побараат помош од друг. За да може до крај успешно да ја извршуваат оваа дејност кај здруженијата постепено се наметнува потребата од воведување Пензионерска социјална карта. Овој корисен проект сега е во тек во најголемото Здружение на пензионери Битола.

**Што е она што им недостасува на пензионерите во РСМ? Кои права им се достапни, а каде треба да се подобрат?**

– Во нашата држава има 324 000 пензионери, а 280 000 се организирани во здруженија членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на кој јас сум претседател. Тоа е голема целна група која не треба да се гледа само како бројка односно ако се зборува за старите лица не треба да се гледа како на проблем, туку како на решение.

Што им недостасува на пензионерите: подобра материјална и социјална сигурност,

здравствено осигурување и здравствената заштита, промена на односот на општините кон своите возрасни граѓани која обврска тие сè уште не ја имаат научено бидејќи некои од нив мислат дека здруженијата на нив треба да им помагаат, наместо да се сфати дека пензионерите се важни чинители во општеството и тие можеби имаат физички дефицит, но нивниот интелектуален капацитет и знаење може сè уште да се користи. Тие ги воспитуваат своите внуци и обезбедуваат социјален мир во државата. Многу значаен е односот на помладите кон пензионерите бидејќи за еден пензионер кој живее сам во неговиот дом едно „Ало“ за него многу значи, како и ако не го прашате кога бара „Брза помош“ колку години има! Има работи за кои не се потребни средства само треба односот да се промени. Зарем треба пензионерот да чека во долга редица пред банките, во болниците на „Мој трермин“, за место во автобускиот превоз, треба ли пензионерот да плаќа провизија за услугите во банките, иако е познато дека пензија и плата не е исто.

**Каква иднина сакаме за пензионерите во поглед на здравствените услуги, социјалните услуги, домовите за стари лица, учество на старите лица во донесување одлуки од нивен интерес и воопшто во општеството?**

– Во делот на здравственото осигурување односно здравствената заштита очекуваме целосно ослободување од партиципација почнувајќи од дијагностика до болничко лекување, право кое пензионерите го имале. Тие тоа го заслужуваат бидејќи целиот работен век плаќале придонес за здравствено осигурување, а многу малку користеле здравствени услуги, а сега како возрасни граѓани потребна им е поопсежна здравствена заштита. Пензионерите и сега при секоја месечна исплата на пензиите плаќаат придонес за здравствено осигурување што е голем и редовен приход на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Многу важно за пензионерите е  редовно да се апдејтира односно ажурира  Позитивната листа на лекови во согласност со современата медицинска наука. Знаете, често пати на пензионерите лекарите им препишуваат лекови кои ги нема на Позитивната листа и тие мора да издвојуваат средства од својата скромна пензија за да ги купат. Исто така, очекуваме пензионерите да може да се лекуваат во приватните болници со плаќање само на разликата на цената од државните до приватната болница. Не, помалку важно за пензионерите од руралните средини е истовремено функционирање на теренскиот лекар и подвижната аптека. Ако имаме само посета од лекар во рурална средина без подвижна аптека, целосно не е завршена работата ако треба старите лица да одат да ги набават лековите во градот.

За пензионерите е многу  важно Владата да донесе Програма за социјално домување во која ќе се содржат сите форми и облици како пензионерски односно старски домови, социјални сервиси за давање услуги  во домашна средина. Она што најбрзо го очекуваат пензионерите е изградба на државни старски домови каде што цените би одговарале на висината на македонските пензии, за разлика од приватните пензиски старски домови каде што цената за сместување е многу висока. Познато е дека на секој пензионер му е најубаво што подолго да остане во својот дом, својата фотелја, улица, но доаѓа време кога мора да биде згрижен во институција специјализирана за такви услуги. Затоа, до изградба на старски домови потребно е пензионерите да може да се сместуваат и во приватни старски домови со тоа што би се субвенционирала цената до износот што треба да го плаќа пензионерот.

Заради важноста на социјалното домување Сојузот направи согледување каква е фактичката состојба со пензионерските и старските државни домови, приватните домови, социјалните сервиси за социјално домување во домашни услови, со преглед на објекти кои може да се реновираат и искористат за институционално домување на возрасните жители со вклучување во овие проекти и на локалните власти. Овој материјал го доставивме до Министерството за здравство, до Министерството за труд и социјална политика и до Владата како придонес на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, една од најма–

совните граѓански организации, во решавање на ова значајно прашање за популацијата од тетата доба.

**Дали личиме на ЕУ?**

– На прашањето: дали личиме на ЕУ, јас би рекла да и тоа во многу сегменти, особено ако се споредиме со некои земји членки на ЕУ како Словенија, Хрватска, Бугарија. Ние имаме подобро пензионерско организирање со самиот факт што имаме 53 пензионерски здруженија, Сојуз, свој весник, веб–страница, слободно и автономно промовирање на нашите права и интереси, меѓународна и меѓугенерациска соработка, активности кои значат активно стареење, но секако дека и ние тежнееме кон повисоки европски вредности кога е во прашање возрасната популација.

Што се однесува до прашањето дали им се дава предност на младите или на повозрасните би рекла дека и Владата и другите институции во нашата земја се трудат еднакво и избалансирано да се грижат и за старите и за младите, бидејќи старите се нашето минато, а младите нашата иднина, а едните и другите се наша сегашност. Секако дека некогаш преовладува грижата за едните, а другпат за другите, се разбира во граница на можностите, но сè на сè ние како Сојуз сме задоволни иако нели секогаш може да биде и повеќе и подобро.



**Конститутивно-изборна седница на Собранието на СЗПМ**

# СОЈУЗОТ ПРОДОЛЖУВА ДА ЧЕКОРИ ПО ЗАЦРТАНИОТ ПАТ

Членови на **Собрание**

1. Бранко Чешарек
2. Димитрија Богатиноски
3. Цветко Михајловски
4. Петар Начески
5. Даница Петличкова
6. Крсте Белевски
7. Огнан Спасевски
8. Тодор Василев
9. Светолик Николов
10. Велин Стојановски
11. Перо Митревски
12. Дончо Марков
13. Лилјана Гичева
14. Драги Митрев
15. Веле Алексоски
16. Олга Новачева
17. Љупчо Димовски
18. Љиљана Хајдар
19. Костадин Ѓозев
20. Ѓорѓи Серафимов
21. Ристе Нетков
22. Владанка Бочварска
23. Хамди Асани
24. Бранко Шемов
25. Јован Гиновски
26. Спирко Николовски
27. Владе Левковски
28. Димитрије Димовски
29. Костадин Даглев
30. Ментор Ќоку
31. Љубица Лолевска
32. Ѓорѓе Андонов
33. Томе Срезовски
34. Баки Бакиу
35. Ѓорѓи Заринскu
36. Здравко Петковски
37. Цветан Велковски
38. Илија Адамоски
39. Славко Трајкоски
40. Наум Чочоровски
41. Адем Османфари
42. Авни Рамадановски
43. Иван Коруновски
44. Лазар Ангелов
45. Шабан Азизи
46. Софија Симоска
47. Љубица Вујадиновиќ
48. Хулуси Салии
49. Љупчо Ангеловски
50. Стојан Цветанов
51. Ристо Трајкоски
52. Ружа Балеска
53. Стојан Секуловски
54. Борис Угриноски
55. Данче Даскаловска
56. Христо Арапов
57. Слободан Самарџиев
58. Виктор Тунџев
59. Митко Гушев
60. Станка Трајкова
61. Цветан Ристески
62. Хурем Даути
63. Јован Марковски
64. Јован Ночевски
65. Борис Сивевски
66. Димитар Костадиновски
67. Маре Илиќ
68. Калина Андонова
69. Менка Темелковска



Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 29 март 2019 година, ја одржа својата конститутивно–изборна седница. На почетокот му беше доделена Сребрена плакета на Бесник Поцеста, досегашен претседател на Собранието на СЗПМ за особен придонес во извршување на функцијата и за негов придонес во развојот на пензионерското организирање во Македонија. Плакетата му ја врачи досегашниот претседател на СЗПМ Драги Аргировски кој при тоа рече:



– Посебно ми е драго што ова високо признание на СЗПМ му го врачувам на Бесник Поцеста, човекот кој 25 години дава придонес за подобар живот на сите пензионери. Тој е прв Албанец потпретседател и претседател на Собранието на СЗПМ. Ова плакета е благодарност за неговиот целокупен придонес во пензионерското одганизирање во нашата земја.

Бесник Поцеста не ја криеше возбудата. Ја прими Плакетата и им се заблагодари на присутните за честа.

По овој свечен дел беше избрано работно претседателство на Изборната седница на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, записничар и два оверувачи.

Беше донесен и усвоен Деловникот за работа на седницата и беа избрани членовите на Верификационата и Кандидационата комисија.



По верифицирање на мандатите на членовите на новото Собрание на СЗПМ, за претседател на Собранието на СЗПМ беше избран м–р **Илија Адамоски**, докажан активист и досегашен член на повеќе органи и тела во СЗПМ. По неговото пригодно обраќање беа избрани членови на Извршниот и Надзорниот одбор, како и на Статутарната комисија на Сојузот. За нов претседател на СЗПМ и воедно на Извршниот одбор беше предложена Станка Трајкова досегашен секретар на ИО на СЗПМ, истакнат активист и стручњак со големо познавање во пензионерската проблематика, дипломиран правник и автор и коавтор на проекти поврзани со пензионерската проблематика. Таа пред делегатите ја претстави својата програма за мандатниот период 2019 – 2023 година, рече дека во Програмата ќе се фокусира на следните нешта:

- Обезбедување редовна исплата на пензиите;
- Изградба на старски и пензионерски домови;
- Подобрување на состојбата во областа на здравственото осигурување и здравствената заштита и снабдување со лекови;



- Поддржување на волонтерството и соработка со локалната самоуправа;
- Реорганизација на солидарниот фонд и ажурирање на податоците добиени од ФПИОМ;
- Поддршка и помагање на традиционалните активности со позасилена активност на хуманитарните дејности;
- Поддршка на помалите здруженија;
- Соработка со Црвениот крст и други граѓански организации и подобрување на меѓусебната соработка.

По нејзиното обраќање со аплауз од присутните делегати, членови на новоизбраното Собрание едногласно беше избрана **Станка Трајкова** за претседател на СЗПМ и претседател на Извршниот одбор на Сојузот. Ова е за првпат во историјата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија по 73 години од основањето, за претседател да биде избрана и да го води жена. На седницата беа избрани членови на Извршниот одбор, Надзорниот одбор и Статутарната комисија на Сојузот.

# ЧЕСТ И ЗАДОВОЛСТВО Е ДА СЕ БИДЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕ НА СОЈУЗ ВО КОЈ ЧЛЕНУВААТ ОКОЛУ 290 000 ПЕНЗИОНЕРИ



Како долгогодишен активен член во органите и телата во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, избран сум на функцијата претседател на Собранието на СЗПМ, бидејќи добро ги познавам состојбите и законските акти и одредби на Сојузот и на здруженијата и de jure i de fakto. По професија сум легалист и се трудам, таму каде што сум работел и каде што работам и дејствувам, да не се работи надвор од Уставот и Законот за здруженија и фондации, а посебно спротивно на Статутот на СЗПМ и здруженијата на пензионери, да се работи според нив и во практика и да не се постапува спротивно на овие значајни за пензионерите, правни акти и документи.

Зошто мојата заложба сега е de lege lata, а во иднина de lege ferenda? Тоа е заради следното:

Согласно со правната наука и правната мисла, како и судската практика, сè што не е во согласност со Уставот, Законот, посебно Статутот на СЗПМ и статутите на здруженијата е апсолутно ништовно правно дело, односно да бидам попрецизен: секој правен акт (одлука, правилник, решение и друго) кој не предизвикува никакво правно дејство се смета како и воопшто да не е донесен. Значи, се работи според законите, но секогаш може да биде подобро, особено во смисла на елиминирање на извесна разноликост во статутите на здруженијата. Ние како Сојуз презедовме иницијатива и сме во постапка, да ги разгледаме сите статути на здруженијата, со единствена цел да им помогнеме на здруженијата, да им укажеме и да им сугерираме за отстранување на некои недоследности и обврски кои се во коалиција со некој законски пропис и да дадеме насоки како тоа правно да се регулира.

Покрај ова, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, има подготвено иницијален текст на Предлог–законот за пензионерското организирање во земјата. Зошто е потребен еден ваков закон? Постојниот закон за здруженија и фондации (Сл. весник на РМ бр. 152/2010 г. и 135/211) со кој се обезбедува градење на демократско општество, а особено на учество на граѓаните во севкупните општествени процеси, се обезбедуваат и пофлексибилни услови за остварување и функционирање на здруженијата на граѓани и фондации во кои се остваруваат и најразлични интереси од најразлични области од општествениот систем. Тоа, впрочем, се потврдува и со донесување на Национална стратегија за соработка на Владата на СР Македонија и граѓанскиот сектор.

Меѓутоа, ако Законот за здруженија и фондации како општоправна рамка, се сведе на пензионерската популација која сега брои 324 илјади корисници на пензија, ќе се види дека во пензионерската сфера постојат многу специфичности во однос на другите општествени области. Поради тоа донесувањето на Законот за пензионерско организирање како посебен закон е lex specijalis, и по мое мислење се наметнува како императив за решавање на прашањата, кои се од

интерес за пензионерите кои се здружуваат во здруженија и сојузи како организациони облици. Тие, всушност, имаат големо значење за заштита и унапредување на пензионерскиот живот. Сметам, дека овој Закон би решил повеќе прашања од организационен и суштински карактер. Исто така, упатно би било да го дефинираме статусот на СЗПМ, како правен субјект, аналогно на тоа и статусот на здруженијата на пензионери, негови членки. Имено, Сојузот како граѓанска асоцијација и е дефиниран како невладина, непартиска, непрофитна и мултиетничка асоцијација, аналогно на тоа и здруженијата на пензионери во општините се формирани според Законот за здруженија и фондации и нивните статути, кои се во согласност со веќе споменатиот Закон. Сето ова е во функција на чл. 35 од Уставот на РС Македонија, каде што е утврдено дека Македонија, како демократска и социјална држава се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со принципот на социјална праведност. Основната цел што треба да се постигне со новиот закон и за што ќе се залагам вршејќи ја оваа значајна функција, претседател на Собрание на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е да се овозможи формирање и основање здруженија на територијален принцип. На тој начин ќе се добие и рационално и економично користење на средствата на пензионерите од членарината што секој месец ја плаќаат. Со предлог–законот исто така, ќе бидат утврдени и условите за основање на здруженијата во општините со цел да станат посилен економски субјект кој ќе биде во состојба да ги застапува интересите на корисниците на пензија. Овде секако треба да се истакне дека при подготовката на новиот Закон за пензионерско организирање во што сме вклучени и ние како СЗПМ, се користат компаративни искуства од соседните земји како (Хрватска, Словенија, Србија и др.). Вакви закони веќе постојат и во Англија, Летонија, Велс, Полска и Италија. Новиот закон за пензионерско организирање е неминовна потреба, што би се рекло претставува conditio sine qua non.

Покрај мојата ангажираност за донесување на Закон за пензионерско организирање ќе се трудам соработката на Сојузот со локалната самоуправа и владините институции да биде што е можно подобра иако сметам дека и сега е на посакуваното ниво. Сметам, потребно да истакнам дека согласно општествено–политичкото уредување, ние како општество имаме политичка влада и на некој начин и институциите се под нејзина капа. Од тоа произлегува дека сме упатени да соработуваме со нив, бидејќи за одлуките што ги донесува Владата, а кои ги тангираат интереси од животно значење за пензионерите, ние како Сојуз не можеме да не соработуваме со министерствата на Владата, а посебно со Министерството за труд и социјална политика како наш матичен орган. Во тој контекст, успеавме да се земе предвид усогласувањето на пензиите покрај со трошоците и со процентот на порастот на платите и тоа да се озакони.

Секако дека ќе се залагам и сите други активности и дејствија иницирани и се разбира реализирани од ова раководство да бидат во функција на политиката утврдена со Статутот на СЗПМ, финансискиот план и програмата.

Како претседател на Собранието ќе се залагам како и години station наназад за ослободување на пензионерите од сите видови партиципации во областа на здравственото осигурување и заштита. Што се однесува до здравствената заштита ќе бараме укинување на партиципацијата за секундарната и терцијарната здравствена заштита (erga omnes) за сите пензионери или до одредена висина на пензиите да се наплаќа партиципација и болничко лекување, а над таа граница на висината на пензијата пензионерот да ја плаќа само разликата. Овде би кажал дека солидарноста во Сојузот, секако и во здруженијата, се манифестира на повеќе успешно и на повеќе начини.

Сакам да потенцирам дека жените се главни кога се во прашање хуманитарните активности. Подем на нивните активности им даде и изборот на Станка Трајкова за претседателка на Сојузот. Нејзиниот избор особено пензионерките го сфатија како потврда за значењето на жената. Нејзиниот избор е и факт дека оваа наша генерација имаше доблест по цели 73 години да избере жена на чело на Сојузот, што ќе биде забележано во историјата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Како претседател на највисокиот орган на СЗПМ ќе се ангажирам за подобар живот на луѓето од третата доба преку активности кои се во интерес на неговото величество пензионерот!

**м-р Илија Адамовски, претседател на Собрание на СЗПМ**

**ИЗБОРНА ПРОГРАМА НА СТАНКА ТРАЈКОВА**

# АКТИВНОСТИ КОИ ЌЕ БИДАТ ВО ФОКУСОТ НА МОЕТО РАБОТЕЊЕ КАКО ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗОТ, ВО МАНДАТНИОТ ПЕРИОД 2019-2023



На изборната седница на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија одржана на 29.3.2019 година за нов претседател на СЗПМ и воедно претседател на Извршниот одбор на Сојузот за период од 2019 – 2023 година, бев избрана како досегашен секретар на Извршниот одбор на Сојузот, истакнат активист и стручњак со големо познавање на пензионерската проблематика, дипломиран правник и коавтор и автор на коментари на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и учесник во пензиските реформи.

– Почитувани членови, заради значењето на функцијата претседател на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, а истовремено и претседател на Сојузот, сметам дека треба пред вас, членовите на Собранието, да поднесам и да презентирам Програма на активности кои ќе бидат во фокусот на моето работење како претседател на Сојузот, за мандатниот период 2019 – 2023 година.

Историски гледано Сојузот како организација постои повеќе од 73 години и е една од најмасовните граѓански асоцијации со статутарен атрибут на невладина, непартиска и мултиетничка организација на пензионерите, самостоен во организирањето и остварувањето на целите, интересите и дејностите на здруженијата на пензионерите во Македонија – членки на Сојузот. Во својот историски развој Сојузот има промени во организационата поставеност, но тој континуирано ги обединува и ги презентира интересите и правата на сите корисници на пензија на ниво на нашата земја. Здруженијата на пензионерите доброволно се здружуваат во Сојуз конституирајќи ги органите од нивните делегати учествувајќи во нивната работа и на тој начин остварувајќи ги најнепосредно интересите на корисниците на пензија, членови на здруженијата, со основна премиса на самостојно дејствување на здруженијата. Денес, Сојузот има 53 членки – здруженија на пензионери во кои членуваат 258 000 пензионери и е респектибилен субјект кога станува збор за пензионерското организирање. За да се задржи и понатаму значењето и улогата на СЗПМ како репрезентативен Сојуз, во мандатниот период 2019 – 2023 година, ќе се задржам на најбитните активности кои ќе бидат значајни во извршување на мојата функција, претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

**Прво**, моја најзначајна заложба ќе биде обезбедување редовна исплата на пензиите и нивно усогласување согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, што подраз–

бира редовно тековно и дополнително усогласување. За првата година од мојот мандат (2019 г.) со Буџетот на РМ за 2019 година како социјални трансфери проектирани се 56,4 милијарди денари наменети за исплата на пензиите. За да бидеме спокојни со цел стабилизирање на пензискиот систем имаме зголемување на стапката на придонесот за ПИО за 0,4% процентни поени. За наредните години будно ќе го следам и спроведувањето на сегашните реформи преточени во законски решенија со кои се решава нееднаквоста на пензиите на сегашните и идните пензионери и решавање на проблемот со нерамномерната распределба на осигурениците во двостолбниот пензиски систем, реформи кои треба да обезбедат финансиска стабилност на ФПИОМ на долг рок.

**Второ**, ќе се ангажирам за изградба на државни старски и пензионерски домови со цени на сместување кои ќе одговараат на висината на македонските пензии. Крајно време е во овој мандатен период да престане инертноста на надлежните за решавање на прашањето на социјално домување на пензионерите. Преку Советот за социјална сигурност за стари лица ни велат дека ќе се градат старски државни домови, но треба да се има предвид фактот дека такви објекти постојат и тоа изградени со средства на пензионерите само треба да се реновираат и адаптираат за социјално домување на пензионерите. Во мојот мандатен период ќе ги искористам и креативните предлози на наши активисти за решавање на овој проблем, како и искуството на земјите од нашето опкружување. Нема да ги заобиколам и приватните домови во кои ќе барам од надлежното министерство да врши зголемена контрола во нивното работење.

**Трето**, здравственото осигурување и здравствената заштита ќе значат мое натамошно ангажирање за ослободување на пензионерите од сите видови партиципација. Сведоци сме дека од 1 јануари 2019 година од партиципација за болничко лекување се ослободени сите пензионери чија пензија е до 14.500,00 денари и тоа верувајте како резултат на континуирано барање од претставниците на СЗПМ во Советот за социјална сигурност на стари лица, тој лимит да се покачи. Следниот фокус во мојот мандат ќе биде барање за целосно ослободување од секаков вид партиципација на старите лица над 65 години, право кое порано го имале пензионерите. За оваа цел ќе биде направена компаративна анализа како ова прашање е решено во другите земји имајќи го предвид фактот дека согласно со Уставот, нашата земја е социјална држава. Тогаш нема да се жалат пензионерите дека најголем дел од нивната пензија оди за купување лекови, бидејќи во нашата држава има над 73 000 корисници на најнизок износ на пензија. Здравствената заштита е моја омилена тема бидејќи со добра здравствена заштита ќе имаме спокојна трета доба и затоа ќе ме радува и околноста ако се успее тоа да се подобри и во руралните средини, да се обезбедат уште геријатриски одделенија во општите болници за сместување стари лица, кои во моментов недостасуваат. Ќе се потрудам тоа да го сторам како претседател на СЗПМ, а истовремено ќе се залагам за подостоинствен однос кон старите лица во секој поглед.

**Четврто**, во мандатниот период силно ќе го поддржувам секое здружение кое ќе го развива Волонтерството – проект кој ќе можете да го адаптирате на ваши услови и на вашиот начин на работење, Пензионерската социјална карта, проектот Инклузија и други. Сите овие проекти се доставени до здруженијата само треба да се извадат од фиока и да видат светлина. Тие се проекти на денешното време и се надевам дека ќе бидат во фокусот на здруженијата. Соработката со локалната самоуправа ќе биде моја значајна точка во работењето. Најнапред со обновување на меморандумот со ЗЕЛС и во тој контекст ќе се обидам да го решам прашањето на автобускиот превоз на пензионерите од внатрешноста кога доаѓаат во Скопје, потоа соработка и едукација на здруженијата во подготовка на апликациите како да ги користат грантовите кои ги доделува општината и друго.

**Петто**, според Законот за ПИОМ, Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина е организација која преку надлежниот одбор во кој членуваат претставници на сите сојузи има значајни надлежности како што е определување на висината на членарината, висината на

дел од пензијата за посмртна помош, висината на самата посмртна помош, условите под кои се остварува посмртната помош и на условите и начинот на распределба на членарината за која СЗПМ ја извршува административно–техничката работа. Интересот за работата на Регистрираната организација е голем кај здруженијата бидејќи последна дата на ажурирани податоци за членството на здруженијата се доставени за 2015 година, а сега сме 2019 година. Тоа значи дека јас со целиот мој капацитет во соработка со ФПИОМ ќе направам сѐ Фондот да ни доставува ажурирани податоци кои вие постојано ги побарувате, што не беше случај во последните 3–4 години. Исто така, ќе се ангажирам Регистрираната организација да работи транспарентно и отворено, а донесените одлуки и решенија да најдат место и во весникот „Пензионер плус“ и на нашата веб–страница. Здруженијата тоа го бараат и заслужуваат да го добијат.

**Шесто**, мојата ангажираност заедно со работните тела, ќе биде и во натамошно негување на традиционалните активности (спортските, културните), но и тие ќе се анализираат и унапредат заедно со мислењето на здруженијата, на работни состаноци или преку прашалници во кои ќе бидат изнесени нивните мислења. Во мандатниот перид 2019 – 2023 година верувам во позасилен развој на социјално–хуманитарната дејност со помош на Координативното тело на активите на пензионерки. Активите на пензионерките ќе бидат вклучени во скоро сите активности во здруженијата. Особено, ќе биде нагласено помагање на стари и осамени пензионери во оградоците. Овие обврски се утврдени во многу статути на здруженијата, а тоа го предвиделе и нашите колеги многу години пред нас.

**Седмо**, во фокусот на моето работење ќе биде поддршката на помалите здруженија врз основа на утврдени мерила и критериуми како би можеле и тие непречено да ги извршуваат своите активности. Мојата поддршка кон помалите здруженија би била и тие да добијат простор на нашата веб–страница со цел презентирање на јавноста кое е тоа здружение и кои се неговите активности.

**Осмо**, во мојот мандатен период ќе ја обновам и засилам соработката со Црвениот крст и со другите граѓански организации и ќе настојувам да се гради меѓусебна соработка и поддршка меѓу здруженијата со заемно почитување и разбирање, ќе работам чесно како и досега, со цел здруженијата и Сојузот да стануваат сѐ повеќе и повеќе угледни субјекти во средината каде што дејствуваат. Сето ова ќе го постигнеме заедно. Ви благодарам на довербата.

**Станка Трајкова, претседател на СЗПМ**

По нејзиниот настап со аплауз од присутните делегати Станка Трајкова едногласно беше избрана за претседател на СЗПМ и за претседател на Извршниот одбор на Сојузот.
На седницата беше потенцирано дека за првпат по 73 години од основањето на СЗПМ за претседател е избрана жена.

**Конститутивна седница на ИО на СЗПМ**

# "Соработката ќе се потпира на мотивација, креативност и критички осврт кон работата"

На 12 април 2019 година се одржа конститутивната седница на Извршниот одбор на СЗПМ во новиот состав:

| | |
|---|---|
| 1. Станка Трајкова – претседател | |
| 2. Ментор Ќоку – потпретседател | 12. Баки Бакиу |
| 3. Менка Темелковска – секретар | 13. Софија Симовска |
| 4. Ѓорге Андонов | 14. Џавид Карпузи |
| 5. Данче Даскаловска | 15. Велин Стојановски |
| 6. Ристо Трајкоски | 16. Борис Сивевски |
| 7. Олга Новачева | 17. Калина Сливовска–Андонова |
| 8. Томе Димитровски | 18. Даути Хурем |
| 9. Славко Трајкоски | 19. Ѓорѓи Зарински |
| 10. Костадин Дагалев | 20. Димитрије Димовски |
| 11. Димитрија Богатиноски | 21. Јован Кирковиќ |



На седницата на која беа присутни сите членови присуствуваше и претседателот на Собранието на СЗПМ м–р Илија Адамоски. Со седницата раководеше претседателот на СЗПМ Станка Трајкова.

На почетокот на седницата претседателот на СЗПМ Станка Трајкова ги поздрави присутните и во кратки црти ги потенцираше главните задачи и цели на членовите на Извршниот Одбор на СЗПМ и рече дека да се биде член на Извршниот одбор е и чест и обврска. Извршниот одбор е оперативен и извршен орган кој ги подготвува седницит на Собранието ја утврдува програмата, Статутот и другите финансиски документи. Исто така ИО е должен да ги почитува одлуките и заклучоците донесени од Собранието на СЗПМ. Таа повика на добра соработка која ќе се потпирана на мотивација, креативност и критички осврт кон работата и особено значајно ќе биде почитување на своето и другото мислење.

На присутните им се обрати претседателот на Собранието на СЗПМ м–р Илија Адамоски кој уште еднаш се заблагодари за дадената доверба и вети дека заедно со претседателот на СЗПМ Станка Трајкова максимално ќе се залагаат сите проблеми од интерес на неговото величество пензионерот, ограноците и здруженијата на пензионерите да бидат решени во граница на можностите.

Претседателот на СЗПМ Станка Трајкова предложи за потпретседател на ИО на СЗПМ да биде избран Ментор Ќоку стручњак во правото со богато искуство како правник, обвинител и адвокат, кој по пензионирањето активно е вклучен во пензионерското организирање како претседател на ЗП Чаир. По образожението за негова кандитатура Ментор Ќоку едногласно беше избран за потпретседател на ИО на СЗПМ. Тој се заблагодари на дадената доверба потенцирајќи дека таа му претставува и чест и голема обврска и вети дека функцијата ќе ја извршува вложувајќи го своето искуство и знаење.

Претседателот на СЗПМ Станка Трајкова најнапред ја објасни функцијата секретар на ИО на СЗПМ, а потоа за секретар во мандатниот период 2019–2023 ја предложи Менка Темелковска дипломиран економист со искуство во струката од аналитичко правен и еконимски аспект. Предлогот едногласно беше усвоен, на што Темелковска се заблагодари.

На седницата на Собранието беа избрани:

**Надзорен одбор:**

1. Митре Стојановски – претседател
2. Снежана Андова
3. Абдула Алиовски
4. Владимир Темелковски
5. Нијази Џелили

**Статутарната комисија**

1. Зико Зиков – претседател
2. Ленче Јанкуловска
3. Спирко Николовски
4. Петар Начевски
5. Адеми Османфари

На оваа седница Претседателот на СЗПМ Станка Трајкова ги прочита составите на телата и комисиите на ИО на СЗПМ и рече дека при составот на истите е водено сметка да бидат застапени што поголем број на здруженија, афинитетите и образованието на предложените членови, како и родовата и национална припадност. Беа предложени и усвоени следните комисии и тела:

**Комисија за меѓународна соработка**

1. Станка Трајкова – претседател
2. М–р Илија Адамоски
3. Ментор Коку
4. Менка Темелковска
5. Данче Даскаловска
6. Томе Димитровски
7. Велин Стојановски
8. Селвер Мемети
9. Момчило Петровиќ

**Комисија за меѓугенерациска соработка и соживот**

1. Шабан Азизи – претседател
2. Лутви Ќазимовски
3. Пере Петревски
4. Ратка Коколанска
5. Борис Зарински
6. Ели Данаиловска
7. Вите Велиновски
8. Лилјана Митровска
9. Благоја Атанасовски

**Правно - економски форум**

1. д–р Фиданчо Стоев – претседател
2. Светолик Николов
3. Ристо Прентовски
4. Ристе Нетков
5. Благоја Христоски
6. Крсте Белевски
7. Манојло Димевски
8. Цветко Михајловски
9. Вели Шаипи

**Комисија за културно-забавен живот**

1. Магдалена Спировска – претседател
2. Петар Захарчев
3. Милевка Здравковска
4. Борис Грковски
5. Ванѓа Пенева
6. Нурие Кадриу
7. Благоја Спирковски
8. Ристо Трајкоски
9. Борис Дончев

**Комисија за здравство и социјална политика**
1. д–р Стојанче Стефаноски – претседател
2. д–р Диимитрија Димитриевски
3. д–р Мирко Анакиев
4. д–р Димитар Спасески
5. д–р Ѓурѓица Ќурчиќ
6. Лилјана Лабачевска
7. Љубинко Ристов
8. Јаворка Николовска
9. Гордана Кајевска

**Комисија за информирање и издавачка дејност**
1. Калина С. Андонова – претседател
2. Цветанка Илиева
3. Крсте Спасески
4. Крум Стаменков
5. Шпреса Хоџа
6. Вукица Петрушева
7. Гојко Ефтоски

**Комисија за старски и пензионерски домови и стандард на пензионерите**
1. Митко Стефанов
2. Велин Стоименов
3. Снежана Макревска
4. Кирил Велинов
5. Стефан Владимиров
6. Васка Смилкова
7. Назим Емини

**Издавачки Совет на „Пензионер плус“**
1. Станка Трајкова – претседател
2. м–р Илја Адамоски
3. Ментор Ќоку
4. Менка Темелковска
5. Д–р Веле Алексоски
6. Славко Трајкоски
7. Спирко Николовски ОВР
8. Гидо Бојчевски
9. Славко Марковски

**Комисија за спорт и рекреација**
1. Здравко Петковски – претседател
2. Љубица Кузмановска
3. Гале Бабаровски
4. Харалемпие Ампов
5. Димче Митрев
6. Кочо Бајари
7. Стефан Шурбаноски
8. Тодор Илиев
9. Стојка Шалева

**Координативно тело на активите на пензионерки**
1. Ангелина Ристеска
2. Ружа Балева
3. Марија Моневска
4. Благојка Настова
5. Иванка Сечковска
6. Калина С.Андонова
7. Јаворка Соколовска

**Редакциски одбор на „Пензионер плус“**
1. Калина С. Андонова – гл. и одг. ред.
2. Баки Бакиу
3. Верица Тоциновска
4. Кирил Ристески
5. Фруска Костадинова
6. Јасмина Тодоровска
7. Лилјана Младеновска

**Членови на Одборот на регистрираната организација за Солидарен фонд и членарина, предложени од СЗПМ**
1. Ментор Ќоку
2. Даница Петличкова
3. Ѓорге Андонов
4. Димитрија Богатиноски

Другите тројца членови ги делегираат другите 3 Сојузи

Сите комисии и тела беа едногласно усвоени со една дополна: за член на Комисија за меѓународна соработка да биде додаден Ѓорѓи Трпоски, што беше прифатено од присутните.

На седницата беше донесена Одлука овластени лице за потпис да биде Претседателот на СЗПМ Станка Трајкова, втор потписник во нејзино отсуство да биде потпретседател на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку.

Под точката разно присутните беа информирани дека сите здруженија кои имаат свои подстраници можат да ги испратат своите завршни сметки да бидат поместени на нивните подстраници на сметка на СЗПМ, а оние кои немаат можат да оформат. Помалите здруженија ќе бидат помогнати од СЗПМ според правилник кој ќе биде изработен во најскоро време.

**УШТЕ ЕДНА УСПЕШНА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА ПОМЕЃУ СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА И ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РС МАКЕДОНИЈА**

# ДОБИЕН ГРАНТ ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ПОДДРШКА НА СТАРИТЕ ЛИЦА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ



Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е асоцијација која се грижи за пензионерите во граница на своите можности. Сите активности се насочени во интерес на луѓето од третата доба. Во тој контекст 2022 година беше прогласена за година на РУРАЛЕН ПЕНЗИОНЕР и е посветена на старите луѓе во руралните средини.

Со овој проект Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија конкурираше преку Црвениот крст на РС Македонија за средства во рамки–



те на грант–договорот „Зајакнување на отпорноста на постарите лица и лицата со попреченост за време на ковид–19 и идни катастрофи“ со Европската унија. Проектот „2022 година на Рурален пензионер“ како корисен и соодветен беше прифатен, и на 6.10.2022 година беше потпишан договор помеѓу Црвениот крст на РС Македонија, од страна на генералниот секретар д–р Саит Саити и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија претставуван од Ментор Ќоку, потпретседател на Извршниот одбор на Сојузот. Грантот изнесува 5.700 евра и средствата ќе бидат реализирани исклучително за помош на старите луѓе во руралните средини, во вид на помош и поддршка, особено на пензионери со ниски пензии, болни и изнемоштени.

Заради утврдување на одредени постапки и начини на реализирање на овој проект, на 25.10.2022 година, во Сојузот се одржа работен состанок на кој присуствуваа: Љупка Петковска, раководител на Секторот за програми и Жаклина Поповиќ, сам. стручен соработник за финансиско работење од страна на Црвениот крст и Станка Трајкова, претседателка на СЗПМ, Ментор Ќоку, потпретседател и Менка Темелковска, секретар на Извршниот одбор на Сојузот и други. Состанокот беше корисен, а вакви состаноци ќе има уште за што поуспешна реализација на Грантот добиен од Европската унија, за што Сојузот се заблагодарува во име на 290.000 пензионери, негови членки.

Добиените средства Сојузот ќе ги употреби за помош на руралниот пензионер од здруженијата на пензионери, според одредени мерила и критериуми согласно со склучениот договор.

♦ ♦ ♦

Во Сојузот за имплементација на договорот беше формирана комисија во состав Калина Андонова, Менка Темелковска и Петар Андреевски. Комисијата врз основа на расположивите средства подготви план за реализација на договорот.



Со средствата се донесе план да се набават 130 пакети со прехранбени производи кои ќе бидат доделени на 130 стари, изнемоштени и осамени пензионери со ниски пензиски примања. Пакетите да бидат составени од тврда не расиплива храна а вредноста на секој пакет да изнесува до 1.000 денари.

Комисијата избра 13 активисти кои доставија извештаи за извршени посети на пензионери во руралните средини во текот на 2022 година и со нив склучи договори за достава на пакетите.

За набавка на прехранбени производи се склучи договор со компанијата ДАУТИ–Комерц.

Компанијата Даути–Комерц подготви 130 пакети со налепници на кои беа логата на учесниците на проектот.

This project is co-funded by the European Union

Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Републикёs së Maqedonisë së Veriit
Red Cross of the Republic of North Macedonia

WITH FUNDING FROM
AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION

Црвени крст Србије
Red Cross of Serbia
1876

СЗПМ
СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
LIDHJA E SHOQATAVE TË PENSIONISTËVE TË MAQEDONISË
UNION OF ASSOCIATIONS OF PENSIONERS OF MACEDONIA

# ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ ЈА ВЛОЖУВАМ МОЈАТА СТРУЧНОСТ, ИСКУСТВО И ЗНАЕЊЕ



На конститутивна седница на Извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија бев избрана на функцијата секретар на Извршниот одбор. По професија сум дипл. Економист. Целиот работен век го поминав во Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување од каде носам познавање за проблематиката поврзана со пензионерите, нивните права и проблеми.

Како секретар на Извршниот одбор според Статутот на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија ги вршам следните работи:

– ги следам прописите од пензиското и инвалидското осигурување, здравствената заштита и други прописи што се однесуваат на корисниците на пензија и по истите давам мислења, предлози и иницијативи до Извршниот одбор и работните тела.

– оперативно ги спроведувам одлуките и заклучоците на Собранието и на Извршниот одбор;

– организирам и подготвувам материјали за седници на Собранието и на Извршниот одбор;

– ги извршувам работите поврзани со закажувањето и одржувањето на седниците на Собранието, Извршниот одбор, Надзорниот одбор и на работните тела на Собранието и на ИО, како и одржување на разни советувања, семинари и симпозиуми;




– ја организирам работата на Стручната служба и раководам со неа;

– ги заменувам во случај на отсутност претседателот и потпретседателот;

– учествувам во изработка на информации и анализи;

– изготвувам годишен извештај на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија;

– изготвувам полугодишен и годишен финансиски извештај;

– изготвувам годишен финансиски план на Сојузот;

– како дипломиран економист учествувам во проекти од интерес на пензионерите;

– вршам и други работи што ќе ми ги довери Извршниот одбор и Собранието.

При работата секогаш се трудам задачите да ги завршам стручно и професионално во граница на моите можности и ингеренции.

**Менка Темелковска, секретар на ИО на СЗПМ**

# АКТИВНОСТИ 2019-2023

## ПРВ ДЕЛ

# ПРЕТСТАВНИЦИ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА НА СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ДРЖАВАТА СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ

На 4–ти март 2022 година Претседателот Стево Пендаровски прими претставници на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

На средбата претставниците на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија го информираа Претседателот Пендаровски за работата и активностите на најбројната асоцијација во која членуваат 53 здруженија со околу 280 000 пензионери, здружени со цел заштита и унапредување на заедничките интереси и права на корисниците на пензија во државата.



На средбата претставниците на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија ги истакнаа нивните приоритети кои се насочени кон поцелосно и единствено залагање за остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, за поквалитетна здравствена заштита, за унапредување на културните, спортските и хуманитарните активности и потреби на пензионерите.



Претседателот Пендаровски ги поздрави заложбите на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, изразувајќи ја својата поддршка за нивната работа и притоа потенцирајќи ја грижата на Сојузот кон своите членови, особено кон оние со ниски пензии, преку хуманитарни и волонтерски активности.

На средбата покрај другото, стана збор и за соработката на Сојузот со општините и локалната самоуправа, соработката со други здруженија, невладини организации и фондации, како и со пензионерски асоцијации од други земји од опкружувањето и пошироко.

Во 2021 година, Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија прослави 75 години од пензионерското организирање во нашата држава и по тој повод претседателката на

Сојузот Станка Трајкова му врачи во име на Сојузот плакета на претседателот Пендаровски во знак на благодарност за поддршката која ја имаат пензионерите од него лично и од државата.



На 17 септември 2021 година група пензионери од повеќе скопски здруженија ја посетија изложбата по повод 30 години од независноста на нашата земја која беше поставена во Вилата Водно во Кабинетот на претседателот на државата. Во оваа прилика пензионерите се сретнаа со претседателот на државата Стево Пендаровски.

Изложбата беше реализирана по повод чествувањето на 30 години независна македонска држава, во организација на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија. Изложбата е дел од низата културни настани со кои беа претставени значајни дела од богатата современа македонска културна ризница.



Одбележувањето на 30–годишнината на независноста во Кабинетот на Претседателот насловено „Слоеви на современоста – 30 години независност низ уметностите“ со што беше нагласена клучната улога на културните и уметничките практики за демократизацијата и еманципаторските политики во општеството.

Во Кабинетот на Претседателот на изложбата беа претставени дела од реномираните македонски ликовни уметници: Димитар Пандилов Аврамовски, Никола Мартиноски, Лазар Личеноски, Љубомир Белогаски, Димитар Кондовски, Боро Митриќески, Мазев Петар, Глигор Чемерски, Драгутин Аврамовски – Гуте, Ристо Калчевски, сè до Ана Темкова, Родољуб Анастасов, Омер Калеши.

Изложбата беше отворена за секој посетител со претходно пријавување на официјалната интернет страница на Претседателот. Посетата беше организирана во зависност од бројот на пријавени граѓани, а во согласност со актуелните мерки за заштита од Ковид–19.

# ПОТВРДЕНА ОПРЕДЕЛБАТА НА ВЛАДАТА ЗА КОНКРЕТНА И ПОСТОЈАНА ГРИЖА ЗА СТАНДАРДОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

На 7 март 2022 година претседателот на Владата на РСМ Димитар Ковачевски се сретна со првите луѓе на СЗПМ: претседателката на Сојузот Станка Трајкова, потпретседателот на ИО Ментор Ќоку и секретарот на ИО Менка Темелковска. На средбата присуствуваа и други пензионери од неколку здруженија.

На средбата претсадателката Трајкова го запозна премиерот со постигањата и резултатите на Сојузот, но и со проблемите и нерешените прашања кои се од интерес за корисниците на пензија и кои како такви претставуваат приоритет на Сојузот.




Во своето говорење претседателката Трајкова меѓу другото рече:

– Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија речиси една година даваше свои предлози да се промени формулата за усогласување на пензиите и еве после две работни средби епилогот е позитивен – пензиите како системско и законско решение ќе се усогласуваат два пати во годината и тоа со 50 % од порастот на платите на сите вработени и со 50 % од порастот на трошоците на животот. Добро е што новото методолошко решение ќе биде преточено во закон што, ќе претставува голема правна сигурност за корисниците на пензија. Тоа значи дека за пензиите нема да се одлучува со акт на која било Влада, туку со закон, кој нуди здраво и непристрасно решение, – потенцираше Трајкова.

– Соработката со Сојузот на здруженијата на пензионерите и со сите релевантни општествени чинители за нас како Влада е од голема важност, бидејќи заедно во консултации со вас ќе ги носиме одлуките. Таквите одлуки секогаш се многу подобри отколку кога се носат еднострано. Што се однесува до пензиите тие во март и во септември во иднина ќе се усогласуваат зашто Државниот завод за статистика тогаш ги објавува официјалните податоци за растот на просечната плата. Владата веднаш ќе почне со примена на новата метода, а пензионерите своите покачени пензии ќе ги добијат од септември годинава 2022 година. И пред оваа средба, на двете средби кои ги имавме, преку отворен дијалог со вашето раководство обезбедивме континуиран раст на пензиите, а со тоа и на вашиот животен стандард и квалитет на живот. Го прифативме моделот кој го предложи Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како нова методологија за континуиран раст на пензиите за што разговаравме и со ММФ и Светска банка како меѓународни финансиери на нашата држава и ја имаме нивната поддршка. Она што го ветивме низ дијалогот ќе го реализираме во најбрз можен рок и ќе почне да се применува со септемвриската пензија. На средбава од претседателката Станка Трајкова слушнав повеќе конструктивни предлози и иницијативи кои се од интерес на пензионерите и истите ќе бидат разгледани со ресорните министерства според содржината. Трите илјади денари директна финансиска помош за речиси 330 илјади пензионери од по 1.000 денари со мартовската, априлската и пензијата во мај, ќе се исплаќаат од Пензискиот фонд. Се надевам дека до крајот на годинава, просечната пензија ќе изнесува околу 17.300 денари – рече премиерот Ковачевски.

И на 11.1.2023 година Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски заедно со министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска се

сретна со претседателката на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Станка Трајкова и со претставници на Сојузот.

Премиерот Ковачевски и министерката Тренчевска ја оствариja средбата во Сојузот со цел да ги потврдат определбите на Владата за конкретна и постојана грижа за стандардот на пензионерите.

На почетокот на средбата Претседателката на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Станка Трајкова изрази задоволство за одржување на оваа значајна средба, како и за големата помош и поддршката од Владата и Министерството за труд и социјална политика што им ја даваат на пензионерите. Во своето концизно и елоквентно излагање таа издвои само три прашања односно проблеми како најбитни за пензионерите во овој момент иако какошто рече, постојат повеќе прашања кои би сакала да ги каже, но ќе останат за некој идна ваква средба и рече:

– Најпрво сакам да ја изразам нашата благодарност и задоволство што и Владата и МТСП во Сојузот гледаат активен чинител во решавање на проблемите на пензионерите. Покрај редовната исплата, и редовното усогласување според новата методологија, изразуваме благодарност што и во анти кризните мерки што беа донесени, не беа заобиколени и корисниците на пензија. Сојузот согледувајќи го функционирањето на методологијата и како таа се одразува на висината на пензијата и исплатата на пензиските примања, подготви нови предлози за натамошно унапредување на формулата за усогласување на пензиите. Се предлага во текот на годината зголемените пензии да се исплатуваат за сите 12 месеци во годината. Со тоа би се постигнала уште една значајна работа, а тоа е ставење во еднаква правна положба на сите пензионери коишто право на пензија остваруваат во тековната година. На тој начин би немало разлика во нивоата на пензиите кои би биле остварени под исти услови.




Исто така, би сакала да го истакнам барањето да се создаде правен основ за дегресивно усогласување на пензиите, односно пониските пензии да се усогласуваат со повисок процент, но само во одделни периоди. Имаме предлог и за износот на најниската пензија. Оваа прашање предлагаме да се решава во рамките на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, но овој предлог би го елаборирале на некоја од наредните средби.

Вториот значен проблем или прашање се пензионерските објекти во државата. Сојузот подготви информација за состојбата со овие објекти во која даде свои заклучоци. Прв заклучок е да се донесе Национална програма на ниво на Владата со која во рамките на измените на Законот за здруженија и фондации, би се нашло решение за отстапување на пензионерските објекти на трајно користење на здруженијата на пензионери, бидејќи сметаме дека тие најдобро ќе се грижат за нив, а истите се градени со средства на пензионерите.

Како трето сакам да изразам благодарност на Владата што Сојузот доби Статус на субјект од јавен интерес како граѓанска организација која опстојува и функционира цели 75 години и е активен чинител во општеството во повеќе сфери. Ова за Сојузот е признание со голем значај, бидејќи Сојузот со ова добива корисни придобивки.

Потоа на присутните им се обрати Премиерот Димитар Ковачевски кој меѓудругото рече:

– Со оваа средба со раководството на Сојузот јас и Министерката за труд и социјална политика сакаме да потврдиме дека партнерски продолжуваме да се грижиме за животниот стандард на пензионерите, преку системски и одговорни политики.

Во минатата година пензионерите покрај покачување на пензиите добија и времена финансиска подршка во рамките на антикризните мерки.

Пензионерите во 2023 година влегуваат со повисоки пензии за околу 10%. Ова е историско покачување на пензиите и тоа за период од само една година. Следува ново усогласување на пензиите во 2023 година, во месец март, според трошоците за живот и порастот на просечната

плата. Оваа методологија, ја утврдивме заедно со Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија. На овој начин осигуравме заштита на пензионерите во осцилациите на трошоците за живот и ги поврзавме покачувањето на пензиите со покачувањата на просечната плата. Секако дека секогаш може и треба повеќе. Затоа, доколку се покаже потребно, повторно ќе интервенираме, со цел да го заштитиме животниот стандард на пензионерите. Интервенираме со краткорочни мерки кога е потребно, но истовремено носиме одржливи решенија, од коишто придобивките се на долг рок, и така продолжуваме да работиме, но ќе ги разгледаме и вашите предлози. Кога ги носевме антикризните мерки најголем поборник за дополнителна финансиска помош на пензионерите со најниски пензии беше министерката за труд и социјална политика.



Во однос на барањето за пензионерските објекти секаде каде што можеме, а кои се во сопственост на РСМ и нема загонски пречки ќе помогнеме проблемите да бидат решени.

Што се однесува до добивање на Статус од јавен интерес на Сојузот тоа Сојузот го заслужува како субјект кој е значаен и од стратешки интерес за Владата и за државата.



На присутните им се обрати и Министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска и рече:

– Сите барањата кои ги имаме добиено од СЗПМ и коишто се во интерес на пензионерите и подобрување на нивниот животен стандард, преку дијалог со СЗПМ, ќе видиме што е реално и остварливо и ќе се обидеме да ги реализираме.

Потоа Премиерот и Министерката ја разгледаа библиотеката на пензионерите.

На крајот имаше прес конференција на која Премиерот Ковчевски и Претседателката Трајкова дадоа изјави пред присутните новинари од електронските и пишаните медиуми за прашањата за кои се разговараше на средбата.

# ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА НАЈВОЗРАСНИТЕ ПРЕКУ УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ДРУГИ МЕРКИ, Е МОЈ ПРИОРИТЕТ



**♦ МТСП е министерство кое е најмногу поврзано со проблемите на луѓето од трета доба односно на пензионерите. Како министерка на ова министерство што ќе ни кажете за Вашата тековна ангажираност во овој домен?**

– Грижата за нашата највозрасна популација, пензионерите, е еден од приоритетите на Владата на Северна Македонија и Министерството за труд и социјална политика. За тоа потврдува и фактот, што една од првите мерки кои ги реализиравме од доаѓањето на овој владин состав е растот на пензиите со цел подобрување на квалитетот на живот на старите лица.

Заедно со претставниците на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Партијата на пензионерите и ние како Влада, го отворивме прашањето за изнаоѓање на најсоодветно решение за постојан раст на пензиите преку воспоставување нова методологија. Согласно со измените, пензиите ќе се усогласуваат со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоци на живот. Со исплатата на септемвриската пензија, а согласно првичните анализи, пензионерите ќе добијат раст за околу 8% повисоки пензии.

Покрај растот на пензиите, во време на економско–енергетска криза и ценовни шокови, исплативме и финансиска поддршка за 330 000 пензионери од 1.000 денари за времетраење од три месеци.

Истовремено, Министерството во партнерство со општините и граѓанските организации работат на воспоставување социјални услуги на локално ниво, наменети за старите лица, веќе препознатлива и кај граѓаните – помош и нега во домот, која е од особено значење и за корисниците на услугата, но и за вклучување на тешко вработливите лица од заедницата на пазарот на труд.

Подобрувањето на квалитетот на животот на највозрасната категорија на наши сограѓани останува наш приоритет и понатаму.

**♦ Ќе има ли нови проекти поврзани со пензионерите и кои?**

– Проектот за подобрување на социјалните услуги на локално ниво, кој е проект на Министерството за труд и социјална политика, а со поддршка на Светска банка, продолжува.

Во рамките на првиот повик за доделување грантови за развој на социјалните услуги на локално ниво, 22 проекта во 27 општини добија финансиска поддршка преку овој проект. Најголемиот дел од нив или 16 се за помош на нега на стари лица во домот, три се дневни центри за деца со попреченост, а по еден проект е наменет за помош на стари лица во дневен центар и рехабилитација и регенерација на лица со попреченост во локалната средина со услуги за советување. Преку овие услуги опфатни се повеќе од 500 корисници, а дополнителна придобивка е што лицата кои се ангажирани за реализација на овие проекти се од социјално ранливи кате–

гории, кои претходно поминаа стручни обуки.

Со цел опфат на што поголем број општини и лица за кои социјалните услуги значат подобрување на квалитетот на нивниот живот, Министерството одлучи да објави нов, втор јавен повик за локалните заедници кои досега не се пријавиле, тоа да го направат, а на ова претходеше и презентација на Проектот во повеќе градови низ државата.

Заедно со Сојузот на пензионерите ќе продолжиме да креираме мерки и политики кои ќе бидат наменети за пензионерите и кои ќе значат помош и поддршка и во наредниот период.




**♦ Кој беше предизвикот да прифатите да раководите со ова министерство кое се занимава најдиректно со сите граѓани во државата односно со најтешките лични проблеми на одредени групи граѓани?**

– Земајќи предвид дека, најголемот дел од мојот работен стаж, а тоа е околу 20 години, го стекнав во Министерството за труд и социјална политика, што е навистина доста време да се запознаете со сите области кои се во неговата надлежност, како еднаквите можности, социјалната и детска заштита, областа на трудот, пензиското и инвалидското осигурување, што претставува грижа за граѓаните и нивните права од најмала до најстара возраст, за мене не претставуваше ништо ново, туку претставува продолжување на она за кое и како вработена во Министерството се залагав, а воедно раководењето со институцијата само ми овозможи уште поинтензивно да ги движам работите напред. Затоа што ние сме сервисот на граѓаните, ние сме тука за нив. Да испорачаме резултати кои ќе значат остварување на нивните права, подобрување на квалитетот на живот на секој еден наш граѓанин, системско решавање на сите прашања, повисоки плати – пензии, повеќе мерки за лицата со попреченост и нивните родители.

**♦ Вие долго време меѓу другото сте се бавеле со родовната дискриминација во однос на женската популација. Каков е третманот на жените во нашето општество? Доволно ли се застапени жените во општествениот живот во нашата земја?**

Еднаквите можности и еднаков пристап до сите ресурси за жените и мажите е моја заложба повеќе од 30 години. Посветеноста на родовата еднаквост ја започнав во граѓанскиот сектор, уште пред да се вработам во Министерството. Да овозможиме подеднакво секој наш граѓанин да ужива во основните човекови права. Да се бориме да ги надминеме сите стереотипи и предрасуди поврзани со улогата на жените и мажите, девојчињата и момчињата во општеството. Да се зачува традицијата, но да гледаме и напред кон модерните, кон демократските вредности кои нема да ги дискриминираат жените и ќе им овозможат подеднакви шанси како и на мажите. Направено е многу во однос на положбата на жените во општеството, но треба уште многу да направиме за да може да кажеме дека вистински сме еднакви. Де јуре еднаквоста ја имаме но не и де факто. Во однос на учеството на жените во процесите на одлучување имаме вистински позитивни резултати. Но само онаму каде постојат афирмативни мерки и законска обврска за подеднакво учество на жените и мажите. Состојбата е поинаква и незадоволителна во оние области каде што не постои законска обврска. Треба да се посветиме на тоа, заеднички сите. Родовата еднаквост не е прашање на кое треба да бидат посветени само жените. Тоа треба да е подеднакво важно за сите, и за мажите и за жените. Со заеднички сили да се избориме за повеќе жени во сите процеси на одлучување. За еднакви можности за сите. Само така можеме да имаме подобри резултати и да покажеме дека сите за нас се важни.

.

**ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ВЛАДАТА: „ГОДИНА НА НОВИ МОЖНОСТИ“**

# ПАНЕЛ-СЕСИЈА: СОЦИЈАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПОЛИТИКИ ВО ВРЕМЕ НА КРИЗА

Во рамките на панел–конференцијата, која се одржа кон крајот на месец јануари 2023 година, организирана од Владата на Република Северна Македонија, со наслов „Година на нови можности“, темата на четвртата панел–сесија беше „Социјални и здравствени политики во време на криза“ на која се дебатираше за ефектите од антикризните мерки, воведувањето на новите методологии за раст на минималната и просечната плата, новата методологија за раст на пензиите, како и за здравствените политики во изминатата и следната година. Модератор на сесијата беше проф. д–р Наташа Станојковска Трајковска, продекан на Филозофскиот факултет.



Во четвртиот дел од панел–сесијата свое излагање имаа: Министерот за здравство, Беким Сали. Министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска. Советничката за здравство на претседателот на Владата на РСМ, Ана Данева Маркова, Масимилијано Паолучи, директор на Светска банка во РСМ и постојаната координаторка на ОН во РСМ, Росана Дуџиак. На панел–сесијата свое обраќање имаше и Претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Станка Трајкова, која истакна:

– Почитувани, во оваа прилика, јас би рекла дека, како е организиран и како функционира еден пензиски систем, е значајно прашање и од општ интерес за државата. Нашиот македонски пензиски систем е реформиран и во него е вклучена капитална компонента како задолжително капитално финансирано пензиско осигурување – втор столб и втор и трет столб – доброволно капитално финансирано пензиско осигурување. Главните карактеристики на еден пензиски систем кои се вградени во нашата правна рамка  се: целите, како и кој е покровител како главен ентитет, кој ги контролира средствата на пензискиот систем, кој е вклучен во него, кој ги плаќа придонесите и заменската стапка, кој ризикува, улогата на платата вклучена при определување на висината на пензијата и индексирањето, односно усогласувањето на пензијата. Во нашиот пензиски систем задолжително се вклучени сите вработени и во актуелниот момент како што слушнавме има 333 000 пензионери по сите основи, старосни, семејни и инвалидски. Во изминатиот период во услови на пандемија и сега во постпандемски период се обезбедуваше редовна исплата на пензијата и тековно усогласување на пензијата. Според најновите податоци, просечната пензија изнесува 15.520, а учеството на просечната пензија во просечната плата во моме–



нтот е 53,07%. Познато е дека овој сооднос е мерило за вредноста на пензијата, односно ако просечната пензија е под 60% претставува „аларм“ за преземање соодветни мерки, за подобрување на тој сооднос. Изворните приходи, со кои се обезбедува исплата на пензиите зависи од активните осигуреници кои плаќаат придонес, кој сооднос е 1:2. Инаку, според објавените податоци се очекува пензиите да се зголемат за околу 8%.

Заслужува да се каже дека СЗПМ, како граѓанска организација, за првпат во своето дејствување имаше можност да учествува во креирање на новата методологија, односно новиот начин на усогласување на пензиите со дел од порастот на платите и трошоците, во еднаков процент. Меѓутоа, Сојузот продолжи да ја следи новата методологија за усогласување на пензиите како таа се реперкуира на висината на пензијата, и Сојузот веќе има нови предлози и особено значаен е предлогот пензиите да се усогласуваат од 1 јануари и први јули во тековната година и така пензијата тековно усогласена ќе се исплатува за сите 12 месеци. На овој начин, ќе се надмине проблемот во создавање разлики во нивоата на пензијата меѓу пензионерите кои во тековната година остваруваат пензија под исти услови. Овој предлог е фер, коректен и предлагаме при прва измена на ЗПИО да се изврши измена на добро познатиот член 37. За овие предлози Сојузот ќе подготви и предлог на законски формулации. Не стои аргументот дека пензиите да се усогласуваа од 1 март и 1 септември заради податоците за порастот на трошоците на животот и платите, тековното усогласување може да се исплати како разлика. Во фокусот на Сојузот, се ниските пензии, односно многу важен податок е зошто тој број е доста голем и притоа јас би рекла дека ниските пензии ги генерира самиот пензиски систем, а и придонесуваат и самите вработени, и тоа прашање за да се дебатира, потребно е повеќе време. Верувам дека и тоа ќе се случи а јас само ќе додадам дека, преку пензискиот систем не треба да се решава вработување или социјални прашања и несомнено е дека е потребна кампања меѓу младите од што зависи нивната пензија, односно ануитет. Факт е дека младите мислат дека староста е далеку, но таа брзо доаѓа. Кога станува збор за заштита на пензионерите како огромна целна група, покрај исплатата на пензијата многу значајни се и мерките што треба да се преземат надвор од пензискиот систем. Во оваа времена преклопена криза – економска, демографска, енергетска, беа и антикризните мерки во кои беа вклучени и пензионерите, особено оние со пониски пензиски примања, а на наше задоволство на Сојузот му беше дадена можност да партиципира со свои предлози, барајќи помошта да се одвива на 3 нивоа – државата, општината и здруженијата на пензионери. Се знае дека антикризните мерки се краткорочни решенија но пензионерите предлагаат и долгорочни решенија, особено во доменот на здравственото осигурување, како што е потребата од донесување на нова Позитивна листа на лекови која 15 години не е ажурирана, истовремено функционирање на теренскиот лекар и подвижна аптека во рурални средини, подигање на лимитот, односно висината на пензијата за ослободување од партиципација при болничко лекување, прашањето на дефицит на геријатриски простор, бидејќи доаѓа време кога старото лице треба таму да се смести. Да не заборавам да ја истакнам во оваа 2023 година како ГОДИНА НА НОВИ МОЖНОСТИ, да се поддржува и изградба на старски домови кои ќе одговараат на висината на пензиските давања, а клучно и значајното барање на пензионерите е постепено да им се отстапуваат пензиските објекти изградени со средства на пензионерите на здруженијата на пензионери, бидејќи во денешно време утопија е да се градат такви објекти за граѓанските организации. И во оваа прилика ќе речам дека листата на прашања која е долга Сојузот како легитимен претставник на интересите на пензионерите ќе продолжи да ги бара, реактивира, односно повторува не затоа што сме возрасни и забораваме, туку да стигне до оние субјекти кои се надлежни тоа прашање да го решат, – нагласи Трајкова.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar: 09-02-2023

| Орг. единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
|---|---|---|---|
| | | | |

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
СЗПМ
Бр. 03-02/53
9.2 2023 год.
СКОПЈЕ

ДО
МИНИСТЕРКАТА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ЈОВАНА ТРЕНЧЕВСКА
СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: Дополнување на дописот за нови предлози за усогласување на пензиите

Со дописот број 03–02/1 од 10.1.2023 Ве информиравме за новите предлози за усогласување на пензиите како и за примената на тековното усогласување на пензијата во годината кога се остварува правото на пензија, а истата е пресметана на вредности на ниво на 2021 година.

1. Со овој допис преку пример ќе илустрираме дека во нееднаква правна положба се ставаат пензионерите во првата тековна година кога го остваруваат правото на пензија, после 1 септември во тековната година.

Во случајот се зема постојната регулатива на членот 37 од ЗПИО за пензионер кој пред и по 1 септември остварил право на пензија. За едниот и за другиот пензионер сите плати од кои се пресметува пензијата се сведуваат со валоризациони коефициенти пресметани од просечна плата на ниво на 2021 година.

Така, пресметаната пензија за едниот од другиот пензионер изнесува 28.718 денари и индексирана со коефициент 1.0425 изнесува 29.943 доведена на ниво на месец декември 2021 година.

На пресметаната пензија на месечно ниво согласно со член 37 од ЗПИО и следува усогласување со дел од порастот на трошоците на животот и платите за период од јануари – јуни 2022 година во однос на претходното полугодие јули – декември 2021 година.

Пресметаното усогласување изнесува 6,8 % и следува од 1 септември 2022 година, без оглед на тоа кога во тековната година е остварено правото на пензија, пред или по 1 септември.

Така, ако пензијата од 29.943 денари е остварена до 30 август во практичната примена на членот 37 таа е зголемена со 6,8% и инесува 31.979 денари месечно. Меѓутоа, пензијата на друг пензионер од 29.843 денари, која е остварена после 1 септември 2022 година, и покрај тоа што е пресметана и индексирана со исти вредности како и за пензионерот кој остварил право на пензија до 30 август во тековната година, во „старт" е помала за 2.036 денари. Ваквата примена на членот 37 во однос на тековното усогласување на пензијата во првата година кога се остварува правото на пензија, генерира разлики во нивоата на пензиите и револт кај пензионерите.

Исто така, сметаме дека пензиите што ќе се остварат во јануари и февруари во тековната година подлежат на усогласување само од 1 септември бидејќи порастот на дел од трошоците на животот и порастот на платите за период јули – декември во однос на претходното полугодие е остварено преку валоризациони коефициенти при пресметување на пензијата. Доколку, во практика при примена на член 37 пензиите остварени во јануари и февруари се усогласат од 1

март, а потоа и од 1 септември тие се привилегирани неосновано во однос на другите пензии остварени во кој било период од тековната година.

Повторно, се нагласува дека сите пензии остварени од 1 јануари до 30 декември во тековната година подлежат на тековно усогласување што следува од 1 септември и така сите пензионери кои оствариле право во тековната година се ставени во иста правна положба во однос на тековното усогласување.

Ова информирање Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија го дава како последица на реакции на пензионери кои во 2022 година остварија право на пензија.

2. Во однос на новите предлози за унапредување на формулата за усогласување на пензиите како и правилна примена на тековното усогласување се предлагаат соодветни измени и дополнувања на членот 37 од ЗПИО, кои гласат:

Член 1

„Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на Република Северна Македонија број 98/12,166/12,15/13,170/13,43/14,44/14,97/14,113/14,160/14,188/14,20/15, 61/15, 97/15,129/15,147/15,154/15,173/15,217/15,27/16,120/16,132/16,35/18,220/18, и 245/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 180/19,275/19,31/20,267/20 и 67/22 во член 37 во ставот (2) зборовите „на 1 март и 1 септември“ се заменуваат со зборовите: „од 1 јануари и од 1 јули“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

Пензијата од став (1) на овој член остварена во првата тековна година се усогласува од 1 јули според процентот кој се добива како збир на порастот на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи (јануари – јуни во однос на јули – декември).

Ставовите (3) и (4) стануваат (5) и (6).
Ставовите (4) и (5) се бришат.

Сојуз на здруженија на пензионерите на Македонија
Претседател
Станка Трајкова

Забелешка: Во текстот користени се податоци за просечна плата, просечна пензија, валоризациони коефициенти и индекс за сведување на месечно ниво на ниво на 2021 година.

# СОЈУЗОТ ДОБИ НОВИ ПРОСТОРИИ ОД ВЛАДАТА НА РС МАКЕДОНИЈА

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со Одлука на Владата на Република Северна Македонија доби деловен простор со Одлука за престанок и давање на користење на недвижни ствари под број 40–7090/1 од 27 јули 2021 година. Наведената Одлука е објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр 173/2021 година.

Со ова одлука Сојузот доби цел кат – мезанин од објектот на трајно користење. На овој кат Сојузот досега користеше 7 простории, а со Одлуката се добиени дополнително уште 5 простории. Новододелените простории не се користени од Фондот на ПИОСМ по преселбата на вработените во нов објект.

За да се стават во функција работните простории, истите треба да се реновираат со поставување нови прозорци, поставување ламинат на подот, замена на вратите на вградените плакари, замена на светлосните уреди и поплочување на скалите и ентериерот пред работните простории.

Бидејќи оваа адаптација не може да се заврши до крајот на годината поради краткиот временски период, со измената на Финансискиот план се предлага да се обезбедат средства во износ од 1.000.000 денари за завршување на дел од работите, а остатокот на потребните средства за завршување на реновирањето на работните простории да се обезбедат со Финансискиот план за 2022 година. За оваа потреба едногласно беше донесена Одлука за дополнување и пренамена на средства во Финансискиот план за 2021 година на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

---

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите државна сопственост и со стварите во општествена сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 јули 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА**

**Член 1**

Со оваа одлука на досегашниот корисник Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија му престанува користењето на недвижните ствари - деловниот простор (дел), кој се наоѓа на Бул. „Кочо Рацин" бр. 14, Скопје, зграда 1, намена на зграда А2-2, влез 1, кат МЗ, намена на посебен дел ДП, со површина од 274м² и зграда 1, намена на зграда А2-2, влез 1, кат МЗ, намена на посебен дел ХС, со површина од 24м², КП бр. 13318, КО Центар 1, запишан во Имотен лист бр. 106343, сопственост на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Недвижните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

**Член 3**

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука ќе се изврши помеѓу Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 40-7090/1
27 јули 2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Зоран Заев

# "ГРИЖАТА ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ Е ВАЖЕН СЕГМЕНТ ВО НАШЕТО ОПШТЕСТВО"

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев и министерката за труд и социјална политика Мила Царовска, се сретнаа со делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, предводена од претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова. На средбата, се разговараше за усогласување на пензиите, како и за други прашања од аспект на стандардот на живеењето на овие граѓани.



На 6 мај 2021 година, Претседателот на Владата Зоран Заев, министерката за труд и социјална политика Јагода Шахпаска и Милан Живковиќ, советник на премиерот за труд и социјална политика, имаа работна средба со претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова, придружувана од потпретседателот и секретарот на Извршниот одбор на Сојузот Ментор Ќоку и Менка Темелковска.

На средбата, главна тема беше усогласување на пензиите, состојбите со пензионерските и старските домови и други прашања поврзани со пензионерската популација.

На почетокот на оваа значајна средба премиерот истакна дека му се познати проблемите на пензионерите и за Владата е особено важно да се обезбеди редовна исплата на пензиските примања, и да им се помогне на оние пензионери на кои им е отежнат животот во услови на пандемија. На средбата премиерот побара сите поднесени писмени барања и предлози од Сојузот да му бидат елаборирани и покрај тоа што му се поднесени во писмена форма. Потоа претседателката Трајкова се обиде концизно да ги каже најважните проблеми и рече:

– Пред сè сакам да се заблагодарам во името на пензионерите што издвоивте од Вашето време за да биде реализирана оваа средба. По прашањето за усогласувањето на пензиите мора да истакнам дека тоа е значаен институт во пензискиот систем кој има цел да ја одржува реалната вредност на пензиите, но гледано наназад законската рамка за усогласување на пензиите често се менувала.

Но, пред поблиску да ги објаснам предлозите на Сојузот за усогласување на пензиите, заслужува да се истакне фактот дека пензионерите позитивно ја прифатија мерката на Владата за предвремена исплата на пензиите во групи за да се избегнат редови пред банките со цел да се заштитат пензионерите од коронавирусот, за дадената предност на највозрасните при вакцинација, како и за вклучување на пензионерите во 4–от пакет мерки за заштита на корисници на пензија со најниски примања во време на услови на пандемија од ковид 19.

Со цел да ја објаснам поблиску состојбата со усогласување на пензиите сакам да изнесам

одредени актуелни податоци со месец март 2021 година. Имено, во нашата држава има околу 327 000 пензионери по сите основи. Просечната пензија изнесува 15.664 денари, а учеството на просечната пензија во однос на просечната плата изнесува 55,3% што е помалку од 60% и претставува показател дека треба да се преземат одредени мерки за подобрување на материјалниот статус на корисниците на пензија. Исто така, значајна околност е и тоа дека околу 123 000 пензионери или на 37,6% од вкупниот број пензионери им се исплатува пензија до 12.000 денари, при што најниската актуелна пензија што ја користат пензионерите кои оствариле право на пензија после 2002 година изнесува 10.363 денари.



Што се однесува до постојната законска регулатива (членот 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување) како системско решение е дека пензиите се усогласуваат двапати во годината од 1 јануари и од 1 јули секоја година според порастот на индексот на трошоците на живот во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи, објавени од Државниот завод за статистика.

Понатаму, доколку бруто–домашниот производ во претходната година има реален пораст повеќе од 4% покрај усогласувањето со трошоците на животот, пензиите се усогласуваат од 1 април тековната година со процент кој претставува разлика меѓу реалната стапка на пораст на бруто–домашниот производ во претходната година и стапката од 4%.

Како трета можност за усогласување на пензиите е кога порастот на минималната плата изнесува повеќе од 15% и пораст на просечната плата во претходната година за повеќе од 5% (услови кои кумулативно треба да се исполнети) може дополнително да се усогласат пензиите во процент не повисок од порастот на просечната плата во претходната година.

Како оваа законска регулатива се реперкуира односно одразува на висината на пензиите ќе појаснам почнувајќи од 1 јануари 2020 година, кога пензиите линеарно се зголемија за 722 денари со порастот на платите бидејќи минималната плата имаше пораст повеќе од 15% и просечната плата над 5%. Меѓутоа, пензиите не се усогласија со трошоците на животот бидејќи кај истите немаше пораст и дури од 1 јули 2020 година се усогласија со 0.6%, што по наше мислење тоа не претставува одржување на реалната вредност на пензијата ниту е доволна заштита на стандардот на корисниците на пензија.

Кога сме на „теренот" на 2021 година, пензиите од 1 јануари се зголемија со порастот на трошоците на животот за 1,2%, а во првите три месеци во 2021 година порастот на трошоците на живот изнесува 0.35%. Што се однесува до усогласување на пензиите со порастот на платите не постои можност за усогласување на пензиите бидејќи законодавецот утврдил дека пензиите ќе се усогласат со порастот на платите доколку минималната плата има пораст повеќе од 15%, просечната плата со над 5% од претходната година што е престрого и неостварливо решение. Токму заради тоа Сојузот предлага од формулата за усогласување на пензиите да се изостави минималната плата и да се земе дел од порастот на просечната плата и од трошоците на животот, без какво било условување. Кога ја пренесовме оваа информација на медиумите беше објавено дека растат трошоците на животот што е уште еден аргумент дека усогласувањето на пензиите треба да се врши со мешовит механизам (дел од плати и трошоци на живот) како би се обезбедил баланс во однос на движењето на растот на едниот или другиот параметар.

Сојузот предлага и еднократно усогласување на пониските пензии без засметување на тој износ во нивото на пензијата, како не би се нарушиле соодносите на пензиите или примена на дегресивна скала.

На средбата беа разгледани трите предлози за усогласување кои ги предлага Сојузот.

Од страна на Сојузот беа презентирани и компаративни податоци во врска со начинот на усогласување на пензиите во поранешните југословенски републики со кои нашата земја има слични пензиски системи. Анализата која беше презентирана од Сојузот го покажува следното:

Имено, во Р Словенија пензиите се усогласуваат 60% со порастот на платите и 40% со порастот на трошоците на животот;

Во Р Хрватска пензиите се усогласуваат 70% со порастот на трошоците на животот, 30% со порастот на платите:

Во Р Србија се усогласуваат 50% со тошоци на животот и 50% со порастот на платите;

Во Р Црна Гора усогласувањето е со 75% од порастот на трошоците на животот и 25% од порастот на платите и обратно, во зависност од поповолниот процент.

Покрај со предлозите на Сојузот за усогласувањето на пензиите, премиерот беше запознаен и со состојбите во социјалното и институционалното домување на пензионерите, со барањето на Сојузот за стекнување статус од јавен интерес и со работата на пензионерскиот солидарен фонд.

Во врска со расположивите сместувачки капацитети беше истакнато дека во државните старски домови има дефицит на легла бидејќи со години не се градат државни старски домови. Заради тоа, оправдани се барањата на пензионерите да се градат и државни старски домови каде што сегашните цени се движат од 7.200 до 18.000 денари. Овие цени одговараат на примањата на пензионерите, додека во приватните домови цените изнесуваат од 24.000 до 50.000 и тие се достапни само за мал број пензионери. За ублажување на проблемот со сместување на пензионери со помали пензии и во приватните домови, се бара да се врши субвенција на разликата од државната до цената во приватните домови.

Претседателот на Владата беше запознаен и со поднесената Иницијатива за измени и дополнување на членот 105 од Законот за здруженија и фондации со цел да им се отстапат пензионерските домови на здруженијата на пензионерите, бидејќи истите се главно изградени со средства на пензионерите. Токму и заради тоа СЗПМ има поднесено и барање за стекнување со статус од јавен интерес, а се разбира дека тоа право може да го бараат и самите здруженија на пензионери со што ќе јакне нивниот кредибилитет и ќе се зголеми можноста за добивање средства за оваа намена и од други извори.

По темата социјално домување министерката Јагода Шахпаска информираше дека се зголемил капацитетот за сместување на старите лица во Берово и Пробиштип, и дека интензивно се работи на социјалните сервиси за грижа на пензионерите во домашни услови, за што се потпишани договори со 19 општини.

На работната средба премиерот беше запознаен и со Законот за пензионерско организирање во нашата земја, како посебен закон наспроти Законот за здруженија и фондации кој има цел на поинаков начин да регулира одредени прашања со кои ќе се унапреди пензионерското организирање. Едно од тие бенефити што би се обезбедиле со тој закон во услови на недостиг на средства за исплата на посмртна помош во вонредни услови како што е сега со пандемијата тие средства би се обезбедувале и од Буџетот на државата бидејќи пензионерите сами солидарно издвојуваат дел од пензијата за таа намена. Инаку, треба да се истакне дека по прашањето на солидарниот фонд Сојузот има одлична соработка со Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија. Тоа докажува дека грижата за пензионерите од страна на Фондот продолжува и по остварување на правото на пензија.

На средбата премиерот имаше позитивен однос кон сите предлози на Сојузот истакнувајќи дека се конструктивни и оправдани, особено за можноста за враќање на пензионерските домови на здруженијата, потоа за усогласување на пензиите и вети дека по нивна обработка ќе го посети Сојузот и ќе ни соопшти што од овие предлози ќе бидат реализирани. Со сериозен однос кон пензионерските барања од страна на премиерот, министерката за труд и социјална политика и советникот за прашања од областа на социјала и труд се оствари една значајна активност на Сојузот, која ќе продолжи и во иднина.

# НОВИ ПРЕДЛОЗИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФОРМУЛАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ

Една од основните задачи на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е зачувување на животниот стандард на корисниците на пензија преку редовна исплата на пензиите и нивно усогласување. Материјалната и социјалната положба на корисниците на пензија се одржува и подобрува преку заштита на стекнатите материјални права од пензиското и инвалидското осигурување.

За таа цел Сојузот ги следи економските движења и нивното влијание врз животниот стандард на корисниците на пензија и предлага соодветни мерки и активности за подобрување на материјалниот статус на корисниците на пензија.

Пензиите во Републиката во изминатиот период редовно се усогласуваа, а во различни временски периоди, усогласувањето се вршеше или со порастот на трошоците на животот, или со порастот на платите на вработените, или комбинирано со дел од порастот на платите и со дел од порастот на трошоците на животот.

Во нашата држава има 326 800 корисници на пензија што претставува огромна целна група и осигуреници кои плаќаат придонес за тековно обезбедување на средства за исплата на пензиите (изворен приход).

**1. Законска регулатива**

Според постојниот Закон за пензиското и инвалидското осигурување, пензиите тековно се усогласуваат од 1 јануари и 1 јули секоја година според процентот на порастот на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи, објавени од Државниот завод за статистика.

Доколку бруто домашниот производ во претходната година има реален пораст повеќе од 4%, покрај усогласувањето со трошоците на животот, пензијата се усогласува од 1 април тековната година во процент кој претставува разлика меѓу реалната стапка на порастот на бруто домашниот производ во претходната година и стапката од 4 %. („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/2018).

Пензиите покрај со трошоците на животот можат дополнително да се усогласат и со порастот на платите „во случај кога има пораст на минималната плата во тековната година за повеќе од 15 % и пораст на просечната плата во претходната година за повеќе од 5 %„, во процент не повисок од порастот на просечната плата во претходната година. („Службен весник на РМ" бр. 275/2019).

**2. Усогласување на пензиите во 2019/2020 година**

Согласно со постојната законска регулатива, од 2019 година пензиите редовно се усогласуваа од 1 јануари и од 1 јули според процентот на порастот на индексот на трошоците на животот.

Пензиите дополнително се усогласија од 1 јануари 2020 година, бидејќи беше остварен пораст на платите во 2019 година повеќе од 5 %, а од 1 јануари 2020 година минималната плата беше зголемена за повеќе од 15 %.

Во овој период усогласување на пензиите со порастот на БДП не е извршено бидејќи немаше пораст на БДП над 4 %, а и во иднина доколку се оствари тоа ќе биде минимален пораст.

Во периодот од 2019 до 2021 година движењето на платите и трошоците на животот по полугодија е следно:

| Полугодија | Пораст на плати | Кумулативно | Пораст на трошоци | Кумулатив |
|---|---|---|---|---|
| Јули – Декември 2018 | 2,96% | | 0,7% | |
| Јануари – Јуни 2019 | 0,50% | 103,47 | 0,4% | 101,10 |
| Јули – Декември 2019 | 3,67% | 107,26 | 00 | 101,10 |
| Јануари – Јуни 2020 | 4,05% | 111,60 | 0,6% | 101,71 |
| Јули – Декември 2020 | 3,55% | 115,56 | 1,2% | 102,93 |
| Јануари – Јуни 2021 | 2,64% | 118,32 | 1,2% | 104,17 |
| Јули – Декември 2021 | 1,44% (со 10 м) | 120,02 | 2,87% | 107,16 |

Според дадените податоци во анализираниот период порастот на платите изнесува 20,2 %, а порастот од трошоците на животот само 7,16 %. Во сите полугодија се забележува поголем пораст на платите во однос на трошоците на животот, освен во последното полугодие јули – декември 2021 година, каде што се забележува поголем пораст на трошоците на животот во однос на порастот на платите.

Во овој период усогласување на пензиите со порастот на БДП не е извршено бидејќи немаше пораст на БДП над 4 %, а и во иднина доколку се оствари тоа ќе биде минимален пораст.

Сојузот смета дека параметарот минимална плата треба да се изостави од формулата за усогласување на пензиите, бидејќи истата не содејствува и не е применлива во пензискиот систем, имајќи предвид дека пензиите се определуваат односно пресметуваат од просечните плати на вработените. **Исто така, при определување на пензиската основа, односно пензијата,** сведување на просечните плати на вработените на последна плата од работата се врши според валоризациони коефициенти кои исто така се определени од движењето на просечните плати на вработените во Републиката.

**3. Усогласување на пензиите од 1 јануари 2022 година**

Според движењето на параметрите според кои се усогласуваат пензиите од 1 јануари 2022 година пензиите треба да се усогласат со 2,87% и тој пораст може да се засмета во јануарската исплата на пензиите во 2022 година.

Исто така, според објавените просечни плати на вработените во Републиката од страна на Државниот завод за статистика, за периодот јануари – октомври 2021 година, се забележува пораст на платите во однос на 2020 година, и доколку порастот за 2021 година изнесува повеќе од 5% и се зголеми минималната плата на 18.000 денари од 1 јануари 2022 година ќе се создадат услови за дополнително усогласување на пензиите и со порастот на платите.

**4. Предлози за усогласување на пензиите**

Сојузот смета дека доколку пензиите се усогласуваат според движењето на еден индикатор само со трошоците на животот, а порастот на платите е многу повисок од порастот на трошоците на животот ќе дојде до заостанување на пензиите во однос на платите и обратно.

Затоа се предлага комбинирано усогласување на пензиите според двата параметри со дел од порастот на платите и со дел од порастот на трошоците на животот.

На овој начин доколку едниот параметар заостанува се дополнува со друг параметар, односно се воспоставува баланс во определување на процентот на усогласување на пензиите, а со тоа се обезбедува подобра материјална и социјална сигурност на корисниците на пензија.

<u>Прва варијанта</u>

Усогласување на пензиите од 1 јануари и 1 јули секоја година со порастот на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие во однос на полугодието кое претходи во висина од 50 % и движењето на просечно исплатената нето–плата на сите вработени во Репу–

блика Северна Македонија во висина од 50 % во претходното полугодие во однос на полугодието кое претходи, според податоците на Државниот завод за статистика.

Втора варијанта

Усогласување на пензиите од 1 јануари и 1 јули секоја година со порастот на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие во однос на полугодието кое претходи во висина од 60 % и движењето на просечно исплатената нето–плата на сите вработени во Република Северна Македонија во висина од 40 % во претходното полугодие во однос на полугодието кое претходи, според податоците на Државниот завод за статистика, при што доколку платите се повисоки од трошоците на животот процентот ќе изнесува 60 % од пораст на платите, а 40 % од пораст на трошоците на животот, односно да се применува поповолниот процент.

И во едниот и во другиот случај при усогласување на пензиите може да се примени и **дегресивна скала, односно во рамките на утврдениот процент, пензиите до минималниот износ или до просечната пензија да се зголемат со повисок процент**.

Во примена тоа би значело, ако процентот на усогласување изнесува 3 %, на сите пензии зголемувањето да изнесува 2 %, а средствата за исплата од 1 % да се распределат во фиксен износ на пензионерите со ниски пензиски примања, на пример до 12.000 денари или до просечната пензија што изнесува 15.800 денари.

Ваквото зголемување треба да се применува повремено, кога растат многу трошоците на животот со цел да не се нарушуваат соодносите на пензиите, бидејќи пензијата да е одраз на пензискиот стаж и уплатениот придонес.

Од друга страна треба да се истакне дека најголем број на ниските пензии се со минимален пензиски стаж, а придонесот е плаќан на минимална плата, така што нивната законска пензија е многу пониска од најнискиот износ што им се исплаќа, на товар на принципите на заемност и солидарност.

Ова усогласување треба внимателно да се применува како не би довело до нарушување на нивоата на пензиите и да не се предизвика евазија од плаќање на продонесот. На пример: Законскиот дел за пензијата според личните податоци за стаж и плата е пресметана и изнесува 6.000,00 денари, а се исплатува најнизок износ од 10.957,00.

Може да се очекува и усогласување на пензиите зависно од порастот на БДП, кое усогласување се врши од 1 април тековната година во процент кој претставува разлика меѓу реалната стапка на бруто домашниот производ во претходната година и стапката од 4 %.

**5. Компаративна анализа**

Предлозите за усогласување на пензиите покрај порастот на трошоците на животот да се земе предвид и дел од порастот на просечната плата на вработените како системско, тековно, неусловено усогласување се поткрепува и со компаративна анализа направена во земјите од нашето опкружување со кои имаме слични пензиски системи.

Имено, во Словенија усогласување на пензиите се врши од 1 јануари секоја година со процент од порастот на платите за 60 % и процент на индексот на трошоците на живот за 40 %, остварено во претходната година.

Покрај ова усогласување во Словенија се врши и еднократно усогласување на пензиите, таканаречено летно зголемување на пензиите, односно на помалите пензии им се дава повисок износ на додаток, а на повисоките пензии помал износ на додаток.

Во Хрватска усогласувањето на пензиите се врши со 30 % од порастот на платите и 70 % од порастот на трошоците на животот, во Србија со 50 % од порастот на платите и порастот на трошоците на животот, во Црна Гора со 75 % од порастот на трошоците на животот и 25 % од порастот на платите и обратно земајќи го поповолниот процент од движењето на овие параметри.

# СОЛИДАРЕН ФОНД И ЧЛЕНАРИНА КАКО ОРГАНИЗИРАНА ПЕНЗИОНЕРСКА СОЛИДАРНОСТ

**Краток вовед**

Веќе цели 74 години постои и функционира солидарен фонд како облик за остварување на пензионерската солидарност заснована врз принципите на меѓусебна зависност, човечка солидарност и хуманост.

Историски гледано по формирањето на здруженијата на пензионери бил формиран солидарен посмртен фонд уште во 1955 година, а дополнет во 1962 година, додека од 1967 година тој функционирал во состав на Републичкиот одбор на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на СРМ. Солидарниот фонд за посмртна помош и членарина пензионерите сами го формирале со цел да ги обезбедат членовите на семејството во случај на нивна смрт, а со членарината ги развиваат пензионерските активности преку кои ги бранат интересите на пензионерите во промовирање на ставовите и мислењата за прашања од нивен интерес, поведување на иницијативи и учество во градење јавно мислење и креирање на политиките. Издвојувањето на средствата за посмртна помош и членарина се вршела со согласност на пензионерот, но исклучително тешка и обемна работа за Фондот на ПИОМ била распределбата на членарината по здруженија на пензионери, согласно со бројот на членовите во едно здружение. Една од причините била миграцијата на пензионерите од едно во друго здружение и формирање на повеќе исти паралелни здруженија. Овие процеси го отежнувале извршувањето на основната дејност на Фондот и затоа се барало рационално решение Фондот да се ослободи од распределба на членарината, а сепак солидарниот фонд како посмртна помош и членарина да функционира во интерес на пензионерот и здруженијата.

**Законски основи за Солидарниот фонд**

Како длабоко хумана активност со цел унапредување на пензионерското организирање во нашата држава со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на РМ бр. 153/2007 година) за првпат на степен на закон се уредува областа Солидарен фонд – посмртна помош и членарина. Со членот 28 од Законот, се додава нова Глава „VI–а Солидарен фонд и членарина“ со четири нови члена 130–а,130–б, 130–в, и 130–г, кој стапува во сила од 1 јануари 2008 година.

**Управување на пензионерите со Солидарниот фонд**

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија и неговите здруженија како и групи на пензионери и поединци повеле постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 28 (Глава –VI–а Солидарен фонд – посмртна помош и членарина со членовите 130–а,130–б,130, 130–в и 130–г и членовите 43, 44, 55 и 56 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на РМ, бр. 153/2007 г.) со цел да ги заштитат пензионерските здруженија и да им бидат повратени средствата за посмртна помош, издвојувани пред 1 јануари 2008 година.

По барањето за оцена на уставноста и законитоста на споменатите законски решенија Уставниот суд со Одлука У.бр. 266/2007–1 на 17 септември 2008 година ги укинува наведените законски одредби и при тоа укажува на следното:

**Прво**, заради фактот што пензионерите преку своите здруженија на доброволна основа одлучиле да издвојуваат средства за погребни трошоци каде што доаѓаат до израз принципите на хуманост, социјална сигурност, заемност и солидарност нивното управување и располагање со сопствените средства не може да се одземе по сила на закон без нивна согласност како што било регулирано во одделните одредби на оспорениот Закон.

**Второ**, Со оглед дека се работи за лични средства на пензионерот за посмртна помош и

членарина неспоива и неодржлива е надлежноста на ФПИОМ да одлучува за начинот и постапката за користење на овие средства. Според Судот одлучувањето за овие средства не може да биде во делокругот на ингеренциите на државата.

**Трето**, Анализирајќи ги наведените членови од Законот, Уставниот суд ги оспорува членовите 55 и 56 бидејќи со нив е регулирано издвоените средства пред влегување во сила на Законот (1 јануари 2008 г.) да бидат преземени од ФПИОМ без поединечна согласност на корисникот на пензија што е во спротивност со Уставот и Судот смета дека и за овие средства е потребна согласност од пензионерот. Законодавецот става обврска на здруженијата да ги повратат средствата на Фондот на ПИОМ на име посмртна помош, а не и членарината оставајќи ја за спроведување на нивните активности.

Постапуваќи во целост по забелешките изнесени во Одлуката на Уставниот суд У.бр. 266/2007–1 од 17 септември 2008 година, законодавецот повторно ја уредува областа солидарен фонд и членарина со Закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на РМ. бр. 152/2008г.), а во Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на РМ. Бр. 53/2013) (пречистен текст), тоа прашање е содржано во одредбите на членовите 115–117.

**Принципи и јаност за обезбедување на средствата за Солидарен фонд**

Во споменатиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување, Глава X Солидарен фонд – посмртна помош и членарина, во членот 115 е утврдено дека на корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здружение на пензионери (членарина). Ова законско решение е прифатено од пензионерите бидејќи законодавецот водел сметка работата околу уплатата на членарината да ја олесни бидејќи се работи за возрасни лица, а ги ослободува и од обврската за плаќање провизија.

Средствата за солидарен фонд – посмртна помош, Фондот ги уплатува на посебна потсметка во рамките на Трезорската сметка со назнака „Средства за солидарен фонд – посмртна помош на корисници на пензија, а со ставот 1 на член 116 од ЗПИО издвојувањето на посмртната помош и членарина се врши од пензијата на корисникот на пензија, месечно, при исплата на пензијата, освен  од семејната пензија на дете остварена по основ на школување.

Со ставот 2 на членот 116 е регулирано дека висината на задршката за посмртна помош и членарина, висината на исплатата на посмртната помош во зависност од акумулираните редства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, како и начинот на располагање со слободните а неискористени средства од посмртна помош, со акт ги утврдува Регистрираната организација на сојузите на здруженијата на пензионери на Македонија. Со ставот 4 на истиот член е утврдено дека средствата по основ на членарина Фондот ги доставува на сметката што ја определува Регистрираната организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите. Понатаму, законодавецот определува дека само посмртната помош од средствата за солидарен фонд ја врши Стручната служба на Фондот преку своите филијали согласно со актите на одборот на Регистрираната организација.

Врз основа на овие законски одредби четирите сојузи во нашата држава со Спогодба Бр. 165 од 17.12.2008 година се спогодуваат односно се согласни Регистрирана организација за солидарен фонд и членарина да биде  Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, кој сојуз ќе ја врши и административно–стручната работа за Регистрираната организација.

Регистрираната организација има одбор во кој членуваат претставници на сите сојузи (тоа се претставници од здруженијата односно пензионерите кои учествуваат во донесување на одлуките за солидарен фонд и членарина) и со  Правилник ги уредува односите во врска со солидарниот фонд и членарина. Одборот донесува и други акти по кои постапува и Фондот на ПИОМ во сервисирањето на посмртната помош. Значајно е повторно да се напомне дека самите пензионери преку своите претставници одлучуваат за средствата за солидарен фонд и членарина, а не како што било случај со претходниот Закон за ПИО за начинот и постапката да одлу–

чува Фондот на ПИОМ.

Со оглед на фактот дека Соузот на здруженијата на пензионерите на Македонија преку Регистрираната организација односно нејзиниот Одбор е овластена средствата на име членарина да ги распределува до другите сојузи и здруженија, истите ги води на посебна сметка, а податоците за уплатената членарина ги добива од ФПИОМ и врз основа на склучен договор истите ги уточнува и ажурира според членовите по здруженија и потоа ги доставува на нивно располагање и надлежност.

Како што беше погоре изнесено во членот 115 од ЗПИО е утврдено дека на корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здруженија на пензионери (членарина).

Од изложената законска одредба е евидентно дека издвојување на дел од пензијата за солидарен фонд кој го сочинува посмртна помош и членарина и е во исклучителна диспозиција на пензионерот кој својата волја писмено ја изразува при поднесување барање за пензија. Остварувањето посмртна помош и членарина се меѓусебно поврзани и условени со цел да функционира остварувањето на посмртната помош преку Регистрираната организација и спроведување на сите активности по здруженијата. Се наведуваат некои од активностите, како што се: 420 клубови на пензионери, дневни центри, одржување пензионерски домови, ограноци, социјално-хуманитарни активности, поддршка на издавачка дејност и издаваштво, традиционални културни и спортски активности заради активно стареење, помош на пензионерите за набавка на огревно дрво, партиципација со средства при бањско лекување, набавка на лекови, ортопедски помагала и низа др. социјални и солидарни активности како и издавање на бесплатниот весник „Пензинер плус". Во тој контекст е и промовирање и заштита на правата и интересите во креирање на јавното мислење на огромната целна група од над 324 000 илјади пензионери, а во пензионерските здруженија членуваат 272 000 пензионери по нивна соласност за пристапување во солидарен фонд. Од изложеното произлегува дека заемноста и солидарноста на солидарниот фонд може да функционира само ако пензионерот истовремено уплатува средства за посмртна помош и членарина по негова слободно изразена волја. Околноста, на пензионерите да им се одбиваат само средства за посмртна помош, а не и членарина е некомпатибилна со начинот на управувањето на средствата без нивен придонес и влијание, изразен преку членарината. Имено, ако пензионерот не е член на здружение и не уплатува членарина го губи влијанието да управува со средствата што ги издвојува за посмртна помош. Ова е затоа што со средствата од солидарен фонд одлучуваат и управуваат претставници од членовите на здружението односно Сојузот.

Како што е наведено во воведот доброволниот посмртен фонд бил формиран уште во 1955 година, а дополнет во 1962 година. Во 1967 година тој функционирал во состав на Републичкиот одбор на здружението на пензионерите и инвалидите на трудот на СРМ каде што работел Единствен фонд за заемна помош во случај на смрт на членот на Фондот на своето семејство. Членот на Фондот можел да биде секој пензионер кој членувал во некое од општинските здруженија и кој ги усвојува правилата на Фондот. Со зачленување во здружение пензионерот си обезбедувал помош и активности во здружението но и должност за редовно уплатување на членарината со цел создавање на можност за извршување на сите обврски поврзани со солидарниот фонд и активностите во здружението.

Функционирањето на солидарниот фонд и членарината како заемна и длабоко хумана активност му дава посебно обележје на пензионерското организирање кое трае 74 години и непобитен факт е дека здруженијата и сојузите се конституивен елемент во формирање на граѓанските организации во нашата држава.

Сите одредби кои се однесуваат на Солидарниот фонд се во согласност со темелните вредности утврдени во Уставот на РМ како што се: правната заштита на сопственоста и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, слободата на здружување заради остварување на заштита на социјалните, културните и други права и уверувања (член 8, член 20 и член 30 од Уставот на РМ).

Одлуката е објавена во „Службен весник“ бр. 17 од 20 јануари 2021 година

03-02/9-3
15.1 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 116 став 2 и 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Сл весник на РМ" бр 98/2012 .....275/2019 година), и член 4 од Правилникот за работа на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина бр 03-06/420 од 4.7.2014 година, Одборот на седницата одржана на 20.01.2021 година донесе:

ОДЛУКА

за висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртна помош

Член 1

Висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, изнесува 130,00 денари за период од 1 јануари до 31 октомври 2021 година, заради зголемен број на починати корисници на пензија.

Член 2

Висината на исплатата на посмртна помош што се исплатува на членовите на семејствата на починат пензионер, изнесува 30.000 денари.

Член 3

За членување во здружение на пензионери (членарина) висината на членарината изнесува 30,00 денари.

Член 4

Со ова одлука престанува да важи Одлуката за висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртната помош ("Сл весник на РМ" бр 56/2017).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 јануари до 31 октомври 2021 година.

Бр. 03-02/9-3

Одбор на Регистрирана организација за
солидарен фонд и членарина
Претседател,
Ментор Коку

Одлуката е објавена во „Службен весник“ бр. 4 од 2021 година

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
СЗПМ
Бр. 02-06/466-2
29.12. 2022 год.

Врз основа на член 116 став 2 и 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Сл весник на РМ" бр 98/2012 .....275/2019 година), и член 4 од Правилникот за работа на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина бр 03-06/420 од 4.7.2014 година, Одборот на седницата одржана на 29.12.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за времено определување на висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртна помош**

Член 1

Висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош се определува во износ од 150,00 денари месечно.

Износот од став 1 на овој член ќе се задржува за период од 1 Јануари до 30 Јуни 2023 година, односно со исплатата на јануарската пензија заклучно со исплатата на јунската пензија за 2023 година, а се со цел благовремена исплата на посмртната помош на членовите на семејствата, на починат пензионер.

Член 2

Висината на исплатата на посмртна помош што се исплатува на членовите на семејствата на починат пензионер, изнесува 30.000 денари.

Член 3

За членување во здружение на пензионери (членарина) висината на членарината изнесува 30,00 денари.

Член 4

Со ова одлука престанува да важи Одлуката бр.02-06/219-3 од 09.06.2022 год. за висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртната помош („Сл весник на РМ" бр 134/2022 од 13.06.2022 год).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија.

Одбор на Регистрирана организација за
солидарен фонд и членарина
Претседател,
Ментор Ќоку

Одлуката е објавена во „Службен весник“ на РМ бр. 05 од 2023 година

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
СЗПМ
Бр. 02-06/466-2
29.12. 2022 год.
Скопје

Врз основа на член 116 став 2 и 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Сл весник на РМ" бр 98/2012 .....275/2019 година), и член 4 од Правилникот за работа на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина бр 03-06/420 од 4.7.2014 година, Одборот на седницата одржана на 29.12.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за времено определување на висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртна помош**

Член 1

Висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош се определува во износ од 150,00 денари месечно.

Износот од став 1 на овој член ќе се задржува за период од 1 Јануари до 30 Јуни 2023 година, односно со исплатата на јануарската пензија заклучно со исплатата на јунската пензија за 2023 година, а се со цел благовремена исплата на посмртната помош на членовите на семејствата, на починат пензионер.

Член 2

Висината на исплатата на посмртна помош што се исплатува на членовите на семејствата на починат пензионер, изнесува 30.000 денари.

Член 3

За членување во здружение на пензионери (членарина) висината на членарината изнесува 30,00 денари.

Член 4

Со ова одлука престанува да важи Одлуката бр.02-06/219-3 од 09.06.2022 год. за висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртната помош ("Сл весник на РМ" бр 134/2022 од 13.06.2022 год).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија.

Одбор на Регистрирана организација за
солидарен фонд и членарина
Претседател,
Ментор Ќоку

# ДОБРАТА СОРАБОТКА ДАВА ДОБРИ РЕЗУЛТАТИ

На 15 јуни 2022 година во просториите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се одржа средба на која присуствуваа генералниот директор на Фондот на ПИОСМ Дритан Беџети и Боро Варошлија, претседател на Управниот одбор на Фондот, а од страна на Сојузот, претседателката на Сојузот Станка Трајкова, претседателот на Одборот на Регистрираната организација за посмртна помош и членарина и потпретседател на Извршниот одбор на СЗПМ Ментор Ќоку, Менка Темелковска, секретар на ИО на СЗПМ.



На почетокот на средбата претседателката на Сојузот Станка Трајкова, изразувајќи задоволство од можноста за одржување на средбата им посака добредојде на почитуваните гости констатирајќи:

– Ова е прва средба во Сојузот на која присуствуваат генералниот директор на Фондот на ПИОСМ и претседател на Управниот одбор на Фондот. Средбата за нас претставува чест и потврда дека нашата традиционална соработка воспоставена и во правна рамка за размена на податоци и за Солидарниот фонд за посмртна помош и членарина, но и за други прашања во интерес на пензионерите. Соработката меѓу Фондот на ПИОСМ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е добра, а добрата соработка дава добри резултати. Евиденцијата и размената на податоците е одлична за разлика од порано, а проблемите ги решаваме заеднички соработувајќи. Соработката особено беше засилена и конструктивна за време на пандемијата.

– Имаше проблеми со собирање средства за посмртна помош и членарина, но благодарение на добрата соработка ги надминавме тешките пандемски времиња. Во тие времиња бевме нападнати и ние како и Фондот иако за тоа немаше ни основ ни причина. Причина беше пандемијата и големата смртност на луѓето од третата доба. Заради недостиг на акумулирани средства беше покачена висината на задршката за таа намена и намалена беше исплатата за посмртна помош за 5.000 денари до јуни месец 2022 година. Благодарение на новите состојби со пандемијата, со јулската исплата на пензии повторно ќе се исплатува посмртна помош во висина од 30.000 денари, а на најмалку илјада баратели ќе им бидат вратени задржаните 5.000 денари. Се очекува дека до крајот на 2022 година ќе им бидат вратени овие средства на сите на кои им биле задржани. Задршката ќе остане 150 денари, – рече претседателот на Одборот на Регистрираната организација за посмртна помош и членарина и потпретседател на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку.

Ова решение е резултат на добрите анализи и предлози на стручните служби на Фондот и на Сојузот. Со оваа одлука граѓаните на РСМ ќе видат дека треба да му веруваат и да имаат доверба и во Фондот и во Сојузот и дека тие се трудат секогаш да изнајдат решение во интерес на граѓаните. Одлуката е објавена во „Сл. весник на РСМ“, број 134 од 13 јуни, а ќе биде објавена и во весникот „Пензионер плус“, на веб–страниците на Фондот и Сојузот, и ќе биде доставена до сите медиуми. Генералниот директор на Фондот на ПИОСМ Дритан Беџети рече дека соработката ќе биде уште подобра и ќе содржи проекти и предлози од интерес на пензионерите. Еден од тие предлози е и да не им задржува ФПИОСМ од пензијата на корисниците на пензија за одредени долгови по разни основи, туку тоа да го прават тие на кои им се должни. Особено тоа се однесува на пензионерите со мали пензии.

Претседателот на Управниот одбор на ФПИОСМ Боро Варошлија на средбата истакна дека ја поздравува донесената одлука во врска со посмртната помош и препорачува истата да биде афирмирана и објавена во сите медиуми.

На работната средба беше договорено во весникот „Пензионер плус“ да се објавуваат одлуки и материјали од Фондот кои се од интерес на пензионерите.

# ЗА ОНИЕ КОИ НЕ ЗНААТ ИЛИ ЗАБОРАВИЛЕ КАДЕ СЕ ТРОШАТ СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД ЧЛЕНАРИНАТА

**Станка Трајкова**
**претседател на СЗПМ**



***Средствата здруженијата и Сојузот ги користат за остварување на нивните цели и задачи утврдени со статутите и нивните програми за работа. Средствата се користат за социјално-хуманитарни (за пензионерите со ниски примања), солидарни, културни, спортски и други активности.***

Голем е интересот во јавноста како здруженијата на пензионери и Сојузот, како работат и како ги користат средствата на име членарина.

Здруженијата на пензионерите се граѓански, невладини и непартиски организации здружени во Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија (СЗПМ) во кој сојуз членуваат 53 здруженија. Постојат и уште три други сојузи, но јас ќе се осврнам на работењето на здруженијата – членки на СЗПМ.

Со здружување во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, здруженијата не го губат својството на правно лице и својата автономија, туку продолжуваат да дејствуваат со заемно почитување и спроведување на својот Статут и Статутот на Сојузот. Овие граѓански организации имаат долга историја бидејќи егзистираат повеќе од 73 години.

Согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување на секој пензионер при поднесување барање за пензија на доброволна основа со негова согласност му се издвојува дел од пензијата за солидарен фонд (посмртна помош и членарина) кои средства се чуваат на посебна подсметка во Фондот за пензиското и инвалидското осигурување, во рамките на трезорската сметка. Делот од средствата на име посмртна помош издвоен со согласност од самите пензионери изнесува 120 денари. Од овие средства од страна на Фондот се сервисира односно се исплатува испратнина од 30.000,00 денари на семејството на починатиот пензионер. За членување на пензионерот во здружение, исто така, на доброволна основа, се издвојуваат 30 денари кои СЗПМ ги води на посебна сметка и постапува врз основа на акти на Одборот на Регистрираната организација. Од овие средства на сметките на 53–те здруженија на пензионери секој месец се префрлуваат по 27,50 денари според бројот на неговите членови, а 2,50 денари се издвојуваат за заедничките активности во Сојузот.

Основните прашања и односи во врска со финансиските средства на здруженијата и Сојузот се статутарни прашања уредени со нивните статути. Со оглед на фактот дека финансиското работење и активностите се динамичен процес, со Одлука на Сојузот утврдени се единствени критериуми за материјално–финансиското работење на здруженијата на пензионери и СЗПМ, односно утврдена е општа правна рамка за користењето на средствата од членарината. Имено, согласно со споменатата одлука, здруженијата и Сојузот како изворни приходи за финансирање на својата дејност главно го користат издвоениот дел од членарината. Тие финансиски средства здруженијата и Сојузот ги користат за остварување на нивните цели и задачи утврдени со статутите и нивните програми за работа. Со оваа одлука се регулира дека и здруженијата и Сојузот се должни да управуваат и да работат со внимание и во согласност со начелата на добро

управување, во интерес на здруженијата и Сојузот, а над личните интереси.

Со оглед на тоа дека во јавноста се наметна прашањето за кои намени во овие услови на пандемија се трошат средствата од членарината, согласно со наведената одлука и статутите на здруженијата средствата се користат за социјално–хуманитарни (за пензионерите со ниски примања), солидарни, културни, спортски и други активности. Еве само некои од тие активности: давање парична помош; социјални пакети или ваучери за набавка на одредени прехранбени артикли; помош за здравствени потреби (набавка на лекови, за бањско лекување, за набавка на ортопедски помагала, хируршки интервенции и сл.), помош за набавка на огрев; покривање на дел на штети предизвикани од елементарни незгоди и несреќи и слично; колективен превоз во јавниот сообраќај; рекреативни патувања; одржување и реновирање на пензионерските домови, билети за групна посета на културни манифестации, отворање пензионерски клубови и нивно одржување и слично.

За овие категории на активности, секое здружение одвојува износ од најмалку 25% од планираните расходи за тековната година. Позицијата социјални, солидарни и други намени за помош на членството во парична или материјална форма, здружението ја утврдува со финансиски план и со свои акти во согласност со оваа одлука. Исто така, ги уредува критериумите и органот кој одлучува за доделување помош (извршен одбор, комисија и сл.).



Што се однесува до надоместоците на избраните лица, тие со Одлуката се утврдени со дикција „до“ започнувајќи до 2.000 денари и највисокиот износ изнесува до 15.000 денари, земајќи го како критериум бројот на пензионерите – членови на здружението. Несомнено е дека самата висина на овие надоместоци говори дека најголем дел од активностите е на волонтерска основа.

Значајно е да се напомене дека Сојузот со материјална поддршка учествува и во заедничките проекти како што е финансиска поддршка на издавачката дејност и творештвото на членството, проекти за здраво стареење, инклузија на возрасните во сите сфери на животот и на сите нивоа, збогатување и проширување на постоечкиот обем на волонтерство, изготвување социјална карта на пензионерите, која за жал не е во целост имплементирана, помош на помалите здруженија за нивните активности, меѓународна соработка и друго.

Во услови на пандемија посебен акцент се дава на социјално–хуманитарната помош на пензионерите како: соработка со мобилните тимови на општините и Црвениот крст; поврзување и давање податоци за пензионери на кои првенствено им е потребна поддршка и помош, набавка на дезинфекциони средства, маски (во градски и рурални средини), ракавици, социјални пакети, ваучери, финансиски средства, активности за одржување на клубовите, нивна дизинфекција, набавка на гориво по пристапна цена и друго.

Но, здруженијата и Сојузот имаат и свои традиционални активности како што се спортските натпревари и фолклорните ревии кои се одржуваат на регионално и републичко ниво и кои заради пандемијата се одложени, но можат да бидат одржани и до крајот на годината и тоа во отворен и во затворен простор во зависност од условите, а за истите се потребни средства кои мораме да ги имаме.

Исто така, Сојузот секој месец издава бесплатен весник „Пензионер плус“ за чие излегување се потребни средства.

Во оваа прилика уште еднаш ќе истакнам дека одлуките за користење на средствата ги

донесуваат органите на здружението, а финансиските средства се употребуваат за остварување на целите и задачите на здружението преточени во програми за работа  и средства обезбедени со Финансиски план.

Увид во материјално–финансиската документација односно контрола над примената на прописите од материјално–финансиското работење го врши Надзорниот одбор и со наодот го информира Собранието и Извршниот одбор. На законито и правилно трошење на средствата здруженијата одговараат и пред другите надлежни органи и правни субјекти, а годишната сметка  ја објавуваат во локалните медиуми или на веб–страницата на СЗПМ.

Сакам да истакнам дека во услови на пандемија здруженијата се вклучија со свои активности и средства со цел тоа да го почувствуваат непосредно пензионерите дека помошта ја дава нивното здружение. Познато е дека здруженијата која било активност да ја преземат сами обезбедуваат средства бидејќи на нив како граѓански организации не им се одобруваат банкарски кредити бидејќи нивните членови се возрасни лица кои се дискриминирани од банките!

Затоа, во врска со барањата на некои пензионери, средствата од членарината да се насочат во Фондот за корона вирусот, се предлагаат без да се има предвид организационата поставеност на здруженијата и на Сојузот. Се надевам дека од овој текст ќе видат дека здруженијата тоа го прават под услови утврдени со нивните статути и одлуките ги донесуваат самостојно.

Некои од оние пензионери кои прашуваат каде и како се трошат средствата од членарината, до скоро беа вклучени во активности на здруженијата и на Сојузот и точно знаат и каде и за што се трошат, дури и пишувале многу афирмативно, но сега од причини кои им се само ним познати зборуваат и пишуваат обратно. Дел од прашувачите спаѓаат во тип на луѓе кои во сè бараат нешто негативно, сензација или се прават умни со своите предлози, а не со свој личен пример. Се разбира дека во работата на здруженијата и Сојузот не е сè идеално, но сепак постоењето на СЗПМ и на здруженијата цели 73 години, е потврда дека оваа асоцијација ги штити интересите на пензионерите и како резултат на тоа во овој сојуз членуваат 272 000 пензионери.




Да не се  заборави и фактот дека во земјите во нашето опкружување на пензионерите како возрасна популација за да ја пребродат пандемијата им се даваат разни видови помош (дополнителна парична помош покрај пензијата), а кај нас главната помош ја даваат најчесто општините, Црвениот крст и други институции и компании и здруженијата на пензионерите кои во минатото и сега се потпираат самите на себе.




Здруженијата на пензионерите и Сојузот и овој пат покажуваат дека вратата за членовите–пензионери на  здруженијата  не е затворена и којзнае по кој пат здруженијата на пензионери и Сојузот ќе покажат дека се на висина на задачата и дека средствата што членовите ги издвојуваат се користат според „ОД НИВ ЗА НИВ“ и сега и во иднина за активностите што сме ги испланирале и што не очекуваат.

# ДОСТОИНСТВЕНО ОДБЕЛЕЖАН ГОЛЕМИОТ ПЕНЗИОНЕРСКИ ЈУБИЛЕЈ

На 20–ти септември Денот на пензионерите, 2021 година, со Свечена седница на која присуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев, министерката за труд и социјална политика Јагода Шахпаска, директорката на ФПИОСМ Билјана Јовановска, членови на Собранието и на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, претседатели на здруженијата на пензионерите, членки на Сојузот, и други, свечено и достоинствено беше одбележан големиот пензионерски јубилеј, 75 години од пензионерското организирање односно од Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, најмасовната мултиетничка организација во нашата земја, во која членуваат над 280 000 пензионери.

По интонирањето на химната, во свечено уредената сала, со сценографија на која беа напишани имињата на сите 53 здруженија, членки на Сојузот, и три фотографии на кои беа одбележани трите најбитни и најмасовни активности на Сојузот, спортските пензионерски натпревари кои оваа година одбележуваа 25 години од првите натпреварувања, хуманитарните активности кои особено беа нагласени во овие две пандемски години и фолклорните ревии на песни, музика и игри по кои пензионерите се препознатливи како верни чувари на нашето културно богатство, традиција и идентитет, прва на присутните се обрати првата жена на чело на Сојузот избрана по цели 73 години, Претседателката Станка Трајкова.



Откако ги поздрави високите гости и сите присутни, таа поднесе реферат во кој беа содржани сите активности и постигања на Сојузот во изминатите години кои се за почит и на кои сите сме горди:

– Почитувани пензионери, драги гости, дами и господа

На самиот почеток, дозволете ми во име на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија да се заблагодарам на присуството на премиерот Зоран Заев, кој секогаш наоѓа време да биде со нас пензионерите, за што од срце му благодариме, на министерката за труд и социјална политика Јагода Шахпаска и на Билјана Јовановска, директорката на ФПИОСМ. На Свечената седница ги поканивме и претседателите на Сојузите на пензионери од земјите на нашето опкружување кои не дојдоа заради влошување на состојбата со пандемијата. При тоа испратија срдечни честитки по повод јубилеот со желба за натамошна соработка меѓу Сојузите на нашите држави. Исто така, ги поздравувам и другите гости кои со своето присуство го зголемија значењето на ова величествено одбележување на 75 години од пензионерското организирање во нашата држава.

Како што е познато јубилеј претставува одбележување на значаен датум, а тоа главно се прави со преземање разни иницијативи и придружни активности. Јубилеј, како настан е посакуван од луѓето бидејќи при одбележувањето има пријатна атмосфера, убава музика, дружење, сеќавања и друго, но овој пат заради пандемијата бројот на присутните е значително редуциран и одбележувањето е нешто поинакво.

Почитувани, како што е познато здруженијата на пензионерите и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија цели 75 години опстануваат како граѓанска организација која се грижи за правата на пензионерите и за унапредување на развојот на пензионерското организи–

рање. Ентузијастите што ги формирале првите здруженија на пензионери и Сојузот, имале визија кои треба да бидат целите на ова здружување и во која насока треба да биде насочен нивниот активизам. Целта им била јасна: подобрување на пензионерскиот живот, обезбедување права и активно стареење.

Донесувањето на Законот за пензионирање во 1946 година условило да бидат регистрирани околу 2 600 пензионери и овозможило да започне и пензионерското организирање. Во тие рани почетоци своите активности пензионерите ги остварувале во рамките на други здруженија, за по одреден временски период да формираат и свои здруженија. Историски гледано, тие подоцна се обединуваат и во повисоки облици на организирање, а денес тоа е Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, кој несомнено претставува синоним на добро пензионерското организирање.

Во својот развој оваа пензионерска асоцијација прераснала во најмасовна најактивна и невладина мултиетничка организација и респектабилен субјект со значајни постигања во интерес на корисниците на пензија. Денес во нашата држава има 324 066 корисници на пензија кои својата материјална егзистенција ја обезбедуваат во реформиран пензиски ситем. Право на старосна пензија користат 219 066 пензионери, семејна пензија користат 75 112 корисници на пензија, а 30 388 пензионери користат пензија стекната по основ на инвалидност. Просечната пензија изнесува 15.854 денари и нејзиното учество во однос на просечната плата изнесува 55,2%, а бројот на осигурениците кои издвојуваат придонес од платата и обезбедуваат тековен изворен приход за исплата на пензиите, изнесува 517 863. Соодносот корисник: осигуреник изнесува 1:1,6 што е далеку од добро посакуваниот соодност 1:3. Она што за пензионерите е многу важно е што имаме редовна исплата на пензиите, а во услови на пандемија пензиите се исплатуваат предвреме во неколку групи, почнувајќи од најниските, заради обезбедување превентивна заштита на пензионерите.

Иако е јубилеј сепак заслужува да го споменеме најважниот институт во пензискиот систем – усогласување на пензиите преку кој се одржува реалната вредност на пензијата кој институт наназад гледано доживувал повеќе модалитети приспособувајќи се на општествено–економските услови.

Заслужува да се споменат и постигнатите резултати преку пензионерското организирање, а тоа е: заштитата на стекнатите права во пензиското и инвалидското осигурување, подобра здравствена заштита преку ослободување од партиципација за болничко лекување на пензионери со пониски примања, бањско–климатската рекреација, зголемената соработка со локалната власт и широкото поле на соработка со Црвениот Крст. Не изостана пред пандемијата и меѓународната соработка на културен и спортски план на Сојузот и здруженијата на пензионерите на Македонија со здруженија и Сојузи на земјите од опкружувањто.

Почитувани пријатели,

Посебно се импресивни резултатите во јубилејната 2021 година за кои ќе се потрудиме да не се заборават. Не може и не треба да се заборави дека СЗПМ со Одлука на Владата оваа година во месец јули ги доби просториите (цел кат) на трајно користење со што се создадоа подобри услови за работа во време кога Сојузот работи на повеќе проекти во интерес на оваа популација, а со тоа и Владата покажа сериозен однос кон нас пензионерите, бидејќи Сојузот како граѓанска асоцијација која опстојува 75 години тоа го заслужува.

СЗПМ застана пред предизвикот Ковид 19 и секој ден вратите на Сојузот беа отворени, секој месец излегуваше весникот „Пензионер плус", кој овој пат ни беше насушна потреба за координација меѓу Сојузот и здруженијата на пензионерите, како и меѓу самите здруженија. Во оваа година Сојузот силно го крена гласот дека пензионерските објекти треба да се вратат на здруженијата бидејќи се изградени со пензионерскиот придонес, а тоа го бараат и сите здруженија на пензионери. Потоа, повеќе пати е повторувано барањето да се влијае на јавниот интерес, со цел пензиите да се усогласуваат со дел од порастот на платите и трошоците на животот за да се обезбеди диверзификација од ризикот доколку еден од тие параметри заостанува.

Во оваа јубилејна година се одржаа и регионалните ревии на песни музика и игри во 8 региони во државата, како и Републичката ревија на песни, музика и игри, а на први септември, во

Прилеп започнаа и регионалните пензионерски спортски натпревари во организација на Сојузот, кои завршија на 17 септември 2021 година во Виница.

Со финансиска поддршка на издавачката дејност и творештво, СЗПМ поддржа и одреден број корисници на пензија на кои перото им го олеснуваше животот во време на пандемија. Со тоа покажавме дека пензионерот со заминување во пензија не се пензионира и од работа и општеството, туку твори и создава. Тој можеби има физички дефицит предизвикан од годините, но треба да му се даде простор да го користи неговиот интелектуален капацитет.

Практикувањето и на социјално–хуманитарната дејност особено стана многу битна во услови на пандемија, кога дојде до израз заемноста и солидарноста меѓу пензионерите. Дел од Активностите во време на пандемија застанаа, но не престанаа, затоа што во здруженијата едни активности се заменија со други. Се опремуваа клубовите, се реновираа пензионерските соби, се работеше на снабдување на пензионерите со огревно дрво, се направи согледување за состојбата со старските и пензионерските домови, како работат клубовите, дневните центри, помош на помалите здруженија, воведување на потстраница на здруженијата во рамките на веб–страницата на Сојузот, а особено значајно беше доделување на разни видови помошти покажувајќи дека пензионерот не е сам и преку инклузивни активности се работеше во подобрување на материјалниот статус на пензионерот. Тие помошти здруженијата пред сè ги обезбедуваа од членарината како нивни изворен приход. Во тој контекст заслужува да се спомене и проектот односно воведената телефонска линија во Сојузот „Ало пензионерски прашања“ на која пензионерите може да прашуваат и да добијат одговори од компетентни лица.

Почитувани, има уште многу проекти кои произлегоа од СЗПМ, од органите на Сојузот во кои членуваат пензионери од здруженијата на пензионерите кои непосредно учествуваат во донесувањето на одлуките, што значи дека резултатите на Сојузот и здруженијата се заеднички.

Дозволете ми во оваа прилика да истакнам дека не случајно е избран 20 септември за одбележување на 75–годишниот јубилеј туку затоа што тоа е и Денот на пензионерите кои во далечната 1986 година по повод 40 години од донесување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување во Македонија на тогашната свечена седница на 20.10.1986 година едногласно бил донесен заклучокот 20 септември да биде одбележувана годишнината на СЗПМ со разни пригодни средби, реферати, културни и спортски активности.

Да ни е честит 20 септември Денот на пензионерите.

По почитуваната Претседателка на Сојузот на здруженијата на пензионерите Станка Трајкова, на присутните им се обрати и ги поздрави и министерката за труд и социјална политика Јагода Шахпаска.



Потоа на присутните им се обрати Претседателот на Владата Зоран Заев, кој е голем почитувач и пријател на пензионерите и рече:

– Почитувана Министерке за труд и социјална политика Шахпаска, почитувана Претседателке на Сојузот Трајкова, почитувани претставници на здруженијата на пензионерите од целата земја. Во име на Владата ви го честитам јубилејот – 75 години од основањето на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, кој го одбележувате во годината кога славиме три децении од нашата независност, и ви посакувам уште долги години посветено и успешно спроведување на вашата благородна мисија.

Едновремено ја користам оваа свечена прилика да истакнам дека со оваа мошне почитувана невладина мултиетничка асоцијација имаме заедничка визија – градење на општество во кое ќе работиме на унапредување на квалитетот на живеење на нашите највозрасни граѓани кои го вградиле својот работен век во иднината на оваа земја.

Она што никако не смееме да го заборавиме – е фактот што токму оваа генерација граѓани на свои плеќи понесе најголем товар во времето кога државата работеше на консолидирање на економијата. Свесни сме дека личниот влог на секој од вас е огромен и должни сме да ви изразиме неизмерна почит и благодарност.

Како претседател на Владата, со гордост ќе истакнам дека еден од нашите приоритети и обврски е грижата за пензионерите и посветена работа во насока на подобрување на вашиот животен стандард и благосостојба. Грижата за сите наши граѓани ја имплементираме преку концептот ,Едно општество за сите, кој, воедно е и еден од главните постулати на владините политики. Во тој процес, заедно со Министерството за труд и социјална политика, силно се заложивме за исправање на неправдите и сега два пати годишно имаме усогласување на пензиите со трошоците на живот. Со ова законско усогласување од една страна ги усогласуваме пензиите со трошоците за живот, а од друга страна го штитиме фондот за ПИОМ со цел и идните генерации пензионери да очекуваат стабилни и навремени исплати на своите пензии.

Со задоволство ќе истакнам дека пензискиот фонд е стабилен, со што пензиите ќе течат редовно и ќе растат согласно законот. Соработката на Владата со Сојузот ќе продолжи и понатаму во насока на одржување на трендот на зголемување на просечната пензија и квалитетна здравствена и социјална грижа за оваа категорија граѓани со цел обезбедување квалитетен и достоинствен живот, заедно со Министерството за труд и социјална политика презедовме и конкретни активности во насока на подобрување на социјалните сервиси за заштита и помош на пензионерите, за што има солидна соработка со локалните самоуправи. Ние како Влада и натаму ќе се залагаме во насока на целосно зајакнување на независноста и одржливоста на Сојузот и здруженијата на пензионери. Уште еднаш ви го честитам јубилејот и ви посакувам сплотено делување околу вашата заедничка мисија и секако што подолго заедно со вашите најблиски да ги уживате плодовите на вашиот труд.




Со голема чест и благодарност за особен придонес во пензионерскиот развој, а по повод големиот јубилеј, им беа доделени плакети на присутните добитници: Премиерот Зоран Заев, Министерката за труд и социјална политика Јагода Шахпаска и на директорката на ФПИОСМ Билјана Јовановска. Плакетите им ги врачи Претседателката на Сојузот Станка Трајкова.

На Свечената седница имаше пригодна културно–уметничка програма.

Поетско–музички пензионерски средби по повод двата јубилеја се одржаа во Прилеп и во Радовиш.

Пензионерите од девет градови, од исто толку пензионерски здруженија ги одбележаа двата значајни јубилеја: 75 години од пензионерското организирање во Македонија и 100–годишнината од раѓањето на големиот поет, писател, лингвист Блаже Конески.

На оваа поетско–музичка средба, пензионерите читаа поетски лични творби посветени на лауреатот Конески и пееја македонски песни.

На присутните кои беа во намален број заради почитување на здравствените препораки, на почетокот им се обрати претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова, која говореше за значењето на оваа поетско–музичка манифестација.

Најпрво учесниците на оваа културна манифестација, присутните посетители, претставниците од здруженијата од Битола, Охрид, Крушево, Демир Хисар, Кичево, Струга, Кавадарци, Не–




готино и градот домаќин Прилеп, ги поздрави претседателот на здружението домаќин Славко Трајкоски.

На учесниците на оваа манифестација што се одржа по повод двата значајни јубилеја претседателот на Собранието на СЗПМ м-р Илија Адамоски им додели благодарници.

На 7–ми септември 2021 година, во организација на СЗПМ, во живописната месност Ораовица, покрај манастирот Св. Ѓоргија, а по повод одбележувањето на 75 години од првото пензионерско здружување, се слушнаа незаборавни стихови од пензионери поети и безвременски староградски песни од фолклорната група од Радовиш.



На почетокот од средбата на присутните им се обрати претседателот на ЗП Радовиш и Конче Мите Стефанов како домаќин на оваа незаборавна средба.

По него, од име на Советот на Општина Радовиш, се обрати градоначалникот Герасим Конзулов кој ја изрази големата благодарност што токму една ваква средба ќе се одржи во непосредна близина на Радовиш. Од Општина Конче на присутните им се обрати градоначалникот Благој Илиев, кој читаше дел од својата поезија.

Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, која ги удостои присутните со своето присуство, во обраќањето, откако ги поздрави се наврати на 75–годишнината од првото пензионерско здружување во Македонија во чија чест се одржува и оваа средба.

Меѓу секој блок, настапуваше пејачкото трио во придружба на хармоника од фолклорната група од Радовиш.

# ОДБЕЛЕЗУВАЊЕ НА 20 СЕПТЕМВРИ - ДЕНОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

## Доделени благодарници за хуманитарни активности во 2019

Во далечната 1986 година, по повод прославата на 40 години од донесување на првиот закон за ПИО било извршено првото поголемо промовирање на Сојузот на пензионерите на Македонија и тогаш во работниот дел од седницата бил донесен заклучок секоја година 20 септември да биде одбележуван на пригоден начин како Ден на пензионерите. Секоја наредна годишнина била одбележувана со нови амбиции за создавање подобар амбиент за животот на пензионерите. Овој пензионерски празник бил обележуван речиси во сите здруженија, членки на Сојузот, кои ги организираат пензионерските спортски натпревари. Оваа година за првпат по овој повод беа доделени благодарници за хуманитарни активности поврзани со подобрување на стандардот на пензионерите. При доделувањето претседателката на СЗПМ Станка Трајкова рече:



– Денот на пензионерите – 20 септември, за нас пензионерите е значаен ден. Ние пензионерите како возрасни личности секогаш се трудиме да извршуваме работи кои ги обединуваат луѓето во добро, бидејќи тоа е патот на вистината, чесноста и соживотот.

Организирани во Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија во кој сами ги финансираме своите активности, покажуваме дека староста не е пречка за активен социјален живот и создавање. Пензионерите носат генерализирана порака со мерка за реалност и меѓусебен респект подготвени секогаш да го понесат својот дел од одговорноста. Како што е познато во здруженијата на пензионерите и во Сојузот се остваруваат повеќе цели и задачи, а во последно време засилени се активностите во развојот на социјално–хуманитарната дејност.

Оваа година за првпат се одлучи да се изберат три здруженија кои имаат остварено најмногу хуманитарни активности поврзани со создавање на подобар стандард на пензионерите. Изборот односно предлогот го даде Редакцискиот одбор на весникот „Пензионер плус“, „Пензионерски видици„ и „КОХА“ според написите објавени во весникот како факти врз основа на кои се засноваат предлозите за доделување благодарници на здруженија, на најхуман пензионер и на правни субјекти односно фирми кои најмногу помагале на пензионерите и пензионерските активности. Предлогот е поддржан со одлука на Извршниот одбор на СЗПМ на неговата четврта седница одржана на 18.9.2019 година. Благодарница добија ЗП Прилеп, ЗП Крива Паланка и Доброволното здружение на демирхисарските пензионери од Сиднеј, Австралија. Овие здруженија имале поголеми активности во интерес на корисниците на пензија, членови на овие здруженија. Така, ЗП Прилеп има доделено еднократна помош на голем број пензионери во износ околу 3.000.000 денари, или за вакви намени издвоило 26 % од вкупните приходи, реновиран е најголемиот клуб во градот, издвоени се средства за партиципација за бањско лекување, во соработка со општината обезбеден е и бесплатен превоз на пензионерите и низа на други хуманитарни

активности. ЗП Крива Паланка, покрај издвоените средства како помош на пензионери со ниски пензиски примања, организирало инклузивни хуманитарни акции со Црвениот крст за продажба на производи направени од пензионерки волонтерки. Пензионерите од ова здружение редовно се вклучиле во повеќе наврати во акции за зачувување на чиста животна средина, чистење на околината во градот и во дворот на Клубот на чело со претседателот на Здружението.

Во ЗП Демир Хисар, кое е мало здружение, оваа година се отвори првиот пензионерски клуб како резултат на огромниот ентузијазам и желба да се подобри социјалниот амбиент на пензионерите. Во соработка со општината, Црвениот крст и Доброволното здружение на демирхисарските пензионери од Сиднеј, Австралија кое донирало финансиски средства да е отворен и опремен Клубот. За поединец пензионер хуманист со благодарница се закити и Реџеп Демишоски од село Подгорци, ЗП Лабуниште, кој болните и изнемоштени пензионери ги потстрижува во нивните домови како и сите матуранти од Подгорци ги уредува за табло, бесплатно! Благодарница доби и општествено корисната компанија „ЗЕГИН“ која долги години ги помага пензионерите и нивните активности.

Вакви благодарници можеа да добијат и уште многу други здруженија, поединци и компании, но ќе има уште поводи и уште многу одбележувања на празници во наредните години, – истакна во своето обраќање претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, а наградените се заблагодарија за укажаната чест.

## Одбележување на Денот на пензионерите во Сојузот и здруженијата во 2020 година

На 21 септември 2020 година во 11 часот во просториите на Сојузот се одржа пригодна свеченост по повод Денот на пензионерите на Македонија 20. септември, со поетско читање на творби на пензионери чие творештво е поддржано од Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. За значењето на овој ден пригодно се обрати и зборуваше претседателката Станка Трајкова:

Почитувани присутни, најпрво да Ви пожелам добредојде во СЗПМ и да ви посакам да се чувствувате пријатно на одбележување на Денот кој е наш најголем пензионерски празник.




Денес во нашата држава има над 324.000 пензионери кои заедно ги остваруваат зацртаните цели и задачи утврдени во нивните статути. Имаме редовна исплата на пензијата, а како параметри за нивно усогласување се зема порастот на платите и трошоците на животот. Просечната пензија изнесува над 14.000 денари.

По овој повод не може, а да не се спомене дејствувањето на Сојузот во услови на пандемија од ковид 19, која го изненади целиот свет, а е предизвик и за СЗПМ и неговите членки кои полека се адаптираат да живеат и работат во овие услови, давајќи му посебен акцент на социјално–хуманитарната дејност во рамките на здруженијата. Во овој период СЗПМ се закити со повеќе нови проекти – како што е иницијатива за стекнување на статус од јавен интерес на СЗПМ, телефонска линија за корисници на пензија на која одговараат стручни и компетентни лица, корисен проект – идеја за отворање на стоматолошка

ординација исклучиво за пензионери и конечно значајниот храбар потег е одлуката за одржување на регионалните ревии на песни, музика и игри 2020 година кои оваа година ќе се одржат во 7 региони. Од утре музичкото пензионерско движење ќе започне од Лозово, чии активности се вклопуваат со прославата и на 20 септември, Денот на пензионерите. Продолжуваме понатаму со нови дострели во пензионерското организирање користејќи ја нашата мудрост и искуство со цел да бидеме среќни и ние и нашите семејства.

Пензионерите: Милевка Здравковска, Панче Младеновски, Марија Моневска

Јован Мазгански настапија со по две свои творби. По литературното читање на учесниците им беа врачени благодарници за учеството на поетското читање.

Одбележување на 20. Септември имаше и во повеќе Здруженија на пензионери – членки на Сојузот.

## Достојно одбележан 20. септември 2022 година - Денот на пензионерите на Македонија

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија секоја година Денот на пензионерите 20 септември го одбележува на пригоден и достоинствен начин.

Така беше и оваа година 2022 година.




На почетокот на овој значаен настан на присутните им се обрати претседателката на Сојузот Станка Трајкова, која рече:

– Оваа година одбележувањето на овој важен датум за пензионерите, е во рамките на проектот на СЗПМ „2022 година на рурален пензионер“, со кој Сојузот се фокусираше на грижата и помошта на пензионерите во руралните средини.

Во знак на одбележување на Денот на пензионерите на Македонија, традиционално веќе 26 години се одржуваат Републичките спортски пензионерски натпревари кои покрај фолклорните ревии на песни, музика и игри, се едни од најмасовните пензионерски активности. Во оваа прилика не може да се изостават а да не бидат набројани и големиот број иницијативи, предлози и барања кои Сојузот континуирано ги подигнува со цел животот на над 320 000 пензионери да биде поквалитетен и посодржаен, со збогатување на нивните права и зголемување на нивните пензии.

Денес на најактивните здруженија на пензионери, членки на Сојузот, кои посетиле најголем број сами и болни пензионери во нивните рурални опкружувања ќе им бидат врачени признанија. Признанија за ваквите нивни активности за 2022 година, добија здруженијата: Гевгелија, Валандово, Штип, Кратово и Сарај. Не помалку активни беа и други здруженија, но некои од нив веќе биле прогласени за голем број хуманитарни активности, некои ќе бидат пофалени во наредните години во овој или во некој друг проект, а такви проекти има и ќе има и во иднина. Нека ни е честит на сите денот и да го прославуваме и одбележуваме уште многу години со уште поголеми резултати и постигања.

По обраќањето, претседателката на Сојузот, Станка Трајкова, им врачи признанија на најактивните пет здруженија. Признанијата ги примија Велин Стојменов, претседател на ЗП Гевгелија, Горица Михајловска, претседателка на ЗП Валандово, Ристе Нетков, претседател на ЗП Штип, Страшко Трајковски, претседател на ЗП Кратово и Махир Дураку, претседател на ЗП Сарај. Овој скромен свечен собир со свои песни со хуманитарна содржина ја збогатија: Наталија Наумовска, Јанка Узунова и Јован Мазгански.

# РЕВИИ НА ПЕСНИ МУЗИКА И ИГРИ

### 9. републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри- 2019 година

## Историјата на сите кои живеат во нашата земја, пресликана е во фолклорот





Нашите песни, нашите ора, нашето културно наследство е познато низ светот. Колку голема гордост побудува во нас кога ќе слушнеме дека некој ги пее нашите песни или ги игра нашите ора, затоа што нашиот фолклор е доказ за нашиот вековен опстој. Пензионерите, најстарите жители на нашата земја се свесни за тоа и затоа со срце и душа го чуваат и негуваат нашиот фолклор. Нивната посветеност на чување на овој аманет е препознаен и од државата. Министерството за култура веќе девет години 8–те регионални и Републичката ревија на песни, музика и игри ги прогласува како проект од национален интерес и финансиски ги поддржува. Така е и оваа година за што 260 илјади пензионери се многу благодарни. Во април и мај 2019 година се одржаа осум регионални ревии на песна музика и игри Во деновите кога се одржуваа овие значајни културни манифестации празнуваа сите генерации, помладите беа горди на енергијата и огромната желба на најстарите жители да покажат кои сме и какви сме. Ревиите насекаде беа празник и за очи и за душа. Во салите пееја сите заедно, ја пееја песната на заедништвото и соживотот кои ни се толку неопходни на сите. Така беше и на 7 јуни 2019 година во Домот на АРМ во Скопје во преполната сала. На присутните гости и пензионери од преубаво украсената сцена со етноелементи прва им се обрати претседателката на СЗПМ Станка Трајкова која најпрво ги поздрави високите гости: Претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев кој првпат е покровител на оваа најмасовна културна пензионерска манифестација на која непосредно земаа учество над 1 000 пензионери заедно со регионалните ревии, а со што им направи чест и почит на највозрасните жители на нашата земја, заменик–министерот за култура Владимир Лазовски, гостите од Р Бугарија, Р Србија и Р Црна Гора и други кои придонесуваат пензионерските активности да бидат помасовни и побогати. Во своето обраќање таа меѓу другото рече:

– Почитувани присутни, почитуван претседател на Владата на РСМакедонија, Зоран Заев, почитувани гости од земјата и странство.



Прв пат откако се одржува пензионерската Републичката ревија на песна, музика и игри, претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев, прифати да биде со нас и да биде покровител на оваа наша најмасовна пензионерска фолклорна манифестација, која со неговото присуство уште повеќе добива во своето значење.

Оваа 9. по ред Републичка ревија на песни, музика и игри се одржува во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, како граѓанска и невладина организација, а учесници се пензионери од 25 од вкупно 53 здруженија на пензионери, членки на Сојузот, со која што се покажува дека Сојузот и здруженијата се меѓусебно поврзани и организирани субјекти. Овој број не значи дека останатите здруженија немале добар настап на регионалните ревии, туку времето на траење на Ревијата е ограничено, но затоа тука е следната Републичка ревија, бидејќи оваа не е последна.

Почитувани пријатели,

На Републичката ревија на песни, музика и игри и претходеа 8 регионални ревии на кои домаќини беа: ЗП Прилеп, ЗП Виница, ЗП Центар од Скопје, Здружението на воени пензионери од Скопје, ЗП Свети Николе, ЗП Валандово, ЗП Тетово и Здружението на пензионери во прекрасното Вевчани. Ние, пензионерите постојано велиме дека пензионерските ревии се верни чувари на нашиот национален фолклор кој се состои од песни, музика и игри, обичаи, легенди, преданија, гатанки, носии и накит кој денес ќе го видиме на учесниците на Ревијата. Затоа, со право се вели дека фолклорот претставува синтеза на културното наследство на еден народ низ вековите, а неговата презентација значи зачувување на себе си односно на својот идентитет. Со песната, музиката и орото нашиот народ ги искажувал радоста, болката, тагата, како нешта коишто не смеел или не можел поинаку да ги искаже. Такво е познатото оро Тешкото што претставува историја за судбината на печалбарите и нивното опстанување. Денес, на оваа сцена ќе запеат и заиграат над 550 учесници – пензионери, ќе екне тапанот, ќе писне гајдата, ќе се запее македонска, албанска, влашка, ромска песна и песни на сите кои живеат на овие простори. Исто така, многу е битно, што на овие ревии се негува заедништвото, пријателството, почитувањето и соживотот кој на сите ни е многу потребен. Целта на Ревијата е исполнета бидејќи пред мене гледам полна сала на пензионери и други гости, а таа можност да излезат од своите домови и да поминат пријатни ми–





гови им ја овозможи СЗПМ заедно со здруженијата.

Потоа на присутните со топли и одбрани зборови им се обрати премиерот Зоран Заев и ја отвори 9. републичка ревија на песни, музика и игри:

– Почитувани пензионери, почитувани гости од земјата и од странство. На самиот почеток дозволете ми да го изразам моето задоволство што ја имам честа да ја отворам оваа значајна манифестација – Деветтата републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри 2019 во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, а под покровителство на Владата на Република Северна Македонија.

Вие пензионерите сте нашите најзаслужни граѓани кои активно учествувате во градење на државата. Вие ги поставивте темелите на нашиот заеднички дом – на нашата земја. Од тие причини ние, сегашните генерации сме должни да ви изразиме неизмерна почит и благодарност. Оваа манифестација треба да ги исполни овие цели: да ги афирмираме заложбите дека низ заедничка дружба и соработка можеме да градиме едно солидарно општество во кое ќе се почитуваат вистинските вредности. Концептот едно општество за сите е еден од главните стожери на владините политики. И во тој концепт има место и еднакви можности за сите. Преземавме обврски да се грижиме за нашите највозрасни граѓани – пензионерите и да им овозможиме достоинствени услови за живот. Заедно со Министерството за труд и социјална политика ги исправивме неправдите и сега двапати годишно има усогласување на пензиите со трошоците на живот. Ова законско усогласување од една страна ги усогласува пензиите со трошоците на живот, од друга страна го штити Фондот за ПИОМ за да можат и идните генерации пензионери да очекуваат стабилни и навремени исплати на своите пензии.

Продолжуваме да водиме грижа за пензионерите и да работиме во насока на подобрување на животниот стандард на сите граѓани, а се разбира и на вас највозрасните, затоа што сè што денеска имаме е дело на вашиот труд и вашата пот, од вашиот работен век, за ние идните генерации да го негуваме, унапредуваме и така да го одржуваме, да создаваме уште поквалитетно општество и земја во кое ќе ги мотивираме младите луѓе, нашите деца да останат во нашата земја. На самиот крај дозволете ми да ви посакам пред сè убава дружба на Деветтата републичка ревија на песни, музика и игри – 2019. Во добро здравје и уште долги години оваа манифестација да биде убав повод и причина заедно да се среќаваме и дружиме. Посебна чест ми претставува да бидам покровител на ваквите републички настани коишто ги организирате.

Обраќањата беа проследени со силен аплауз од присутните.

Потоа настапија одбраните 25 здруженија, членки на Сојузот. Звуците на зурлите и тапаните, песните иората ја исполнија преполната сала на Домот на АРМ. Во салата немаше празни места, како што немаше ни рамнодушни. Песните будеа спомени од младоста, срцата на разигораните пензионери чукаа во ритамот на музиката. Сите сакаа што подобро да се претстават со орото од својот крај или да ја отпеат одбраната песна, заборавајќи на годините и на проблемите. Се преплетуваа чувствата на гордост за своите корени, гордост што светот нè препознава токму



по убавината и оригиналноста на фолклорот, по песните и ората кои се вековни белези на нашиот идентитет и непокор. Гордост е, што иако сме мала земја, имаме културно богатство со кое ретко кој може да се пофали во светот. Историјата на сите кои живеат во нашата земја, испишана е во песните, во обичаите, во нашето културно богатство и е еден од столбовите на мултикултурното општество. На овие простори успеал да се одржи соживотот, без разлика на вера, јазик или нација. Почитта на еден кон друг бил наш патоказ во минатото и пример за генерациите кои доаѓаат.

Републичката девета по ред ревија на песни, музика и игри продолжи со заедничко дружење на кое на пензионерите со своето присуство им направи чест министерката за труд и социјална политика Мила Царовска, а беа доделени и благодарници за учество на Републичката ревија на песни, музика и игри на здруженијата учесници на Ревијата.

### 10 јубилејна Републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри - 2020 година

## Фолклорните белези се потпора на нашиот опстанок

Нашите песни, нашите ора и звуците од изворните народни инструменти се наши фолклорни белези кои нè бодреле низ вековите да опстанеме. Песни пеел нашиот народ и кога му било најтешко. Пеел и низ песната ја изразувал својата верба и надеж кога е најтешко да се издржи и животот понатаму да продолжи. Затоа нашите песни се безвремени, незаборавни и им се допаѓаат на луѓето од целиот свет. Тие се дел од нашето културно богатство на кое сме горди. Горди сме сите кои живееме на овие простори, а особено ние повозрасните кои сме верни чувари на нашата традиција, идентитет и обичаи. Токму затоа нашите фолклорни ревии се поддржани и од Министерството за култура како проект од национален интерес на нашата земја, за што Сојузот во името на 274 000 пензионери му е благодарен. Во специфични услови заради пандемијата од вирусот Ковид–19 се одржа 10. јубилејна Републичка ревија на песни, музика и игри. Регионалните ревии, оваа година се одржаа по 18–ти пат, и само во седум региони, но беа опфатени околу 200 000 пензионери. Сите регионални ревии се одржаа на отворено, со маски, дистанца, песна, музика и со радост и задоволство што и покрај сè животот продолжува! Домаќини на Регионалните ревии беа здруженијата од: Македонска Каменица, Карпош, Сарај, Чаир, Лозово, Велес и Демир Хисар.



10. јубилејна Републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри, како и регионалните ревии се одржа во видно изменета форма и содржина. Според препораките кои ги изготви Сојузот, а кои ги прифатија најголемиот број здруженија на пензионери членки на СЗПМ, со намален број учесници и присутни.

На 15 октомври 2020 година се одржа 10. јубилејна ревија. На почетокот присутните ги поздрави претседателката на Сојузот Станка Трајкова која и овој пат покажа и докажа со својот оптимизам дека ревиите ќе бидат успешни, уште еден убав пример за помладите генерации и

дека сè може да се оствари ако се верува во тоа, но и ако си одговорен и посветен на тоа што го правиш. Во своето обраќање кон присутните, таа меѓу другото истакна:

– Регионалните ревии беа можност да се сретнат претставници на пензионерите од 39 здруженија и во специфични услови да излезат од своите домови, и да ја остварат мисијата на зачувување на нашиот национален фолклор и традиција. Со овие ревии кои ги оствaривме со редуцирана содржина ја отфрливме тезата дека не биле вистински, но напротив, на нив се слушна вистинско пеење и музика. Она што треба да биде наша гордост во врска со одржување на музичките ревии е што одевме по вистинскиот пат, покажувајќи зрелост, почитувајќи ги фундаменталните вредности и затоа СЗПМ заедно со здруженијата не е случајно репрезентативна граѓанска организација.











Денеска на овој подиум ќе учествуваат само претставници на здруженијата домаќини на Регионалните ревии, не дека останатите учесници не биле добри туку поради ограничување на масовноста и превенцијата од Ковид–19. Во оваа прилика сакам на сите здруженија на пензионерите што учествуваа на ревиите да им кажам едно големо БЛАГОДАРАМ што се одважија, одработија, покажаа кооперативност, соработка и заедништво. Овие карактеристики ги имаат и другите здруженија и на првата наредна прилика верувам дека тоа силно ќе го покажат на дело.

По аплаузот, звуците на народните инструменти се испреплетоа со песните на пензионерите учесници, на чија милозвучност и енергија можат да им позавидат многумина помлади песно–

појци. Се пееше и свиреше од срце, со душа и мерак.

На крајот на Ревијата на здруженијата им беа врачени благодарници за учество на 10. јубилејна Републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри. Благодарниците им ги врачи Илија Адамоски, претседател на Собранието на СЗПМ.Одржувањето и на Регионалните и на Републичката ревија внесе светлина во овие тешки пандемиски денови.

### 11-та Републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри - 2021

## Пензионерите се вистински чувари на нашето мултикултурно богатство, идентитет и традиција

Љубовта кон татковината, кон својата традиција и идентитет се изразува на повеќе начини. Еден од нив е и преку песната и орото, преку почитта кон традицијата и кон културното богатство создадени со векови. Чувството на припадност кон своите корени со достоинство го покажаа пензионерите и оваа година и покрај пандемијата од коронавирусот ковид 19. Претставници на над 270 000 пензионери, членови на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија од цела Македонија го покажаа тоа, придржувајќи се на препораките на Владата и на Сојузот, со цел да си го заштитат своето и здравјето на своите најблиски, а и пошироко. И покрај сè, тие не ја прекинаа традицијата на одржување на овие традиционални пензионерски фолклорни манифестации препознаени и поддржани од Министерството за култура и од Министерството за труд и социјална политика. Но, сето тоа немаше да биде без поддршката на Владата и нејзините министерства во минатото, а особено во овие последни години за што сме им особено благодарни. Поддршката не изостана и за време на овие две пандемиски години, особено на Премиерот на Владата на РС Македонија Зоран Заев. Покрај неговата грижа и разбирање за сите проблеми, таа ни беше секогаш дадена, се разбира во границите на можностите на државата.



На 23 јуни и оваа 2021 година се пееше, рецитираше и сви–



реше од традиционалните инструменти и иако напевите и звуците будеа и носталгија и жал за младоста, но будеа и убави спомени и сеќавања. Иста атмосфера беше на сите осум регионални ревии на песна, музика и игри, иако ората и помасовните настапи изостанаа заради актуелната состојба. Така беше во Делчево, во Малешевијата, градот кој го носи името на нашата гор–

дост Гоце  Делчев, така беше во Штип градот под Исарот, во Куманово во градот познат по шегата, во Гевгелија градот на леандрите, така беше во мултиетничко Тетово, во Струга градот на поезијата крај преубавото Охридско Езеро, и во Прилеп градот херој, родното место на нашиот великан Блаже Коневски. Во сите овие градови домаќини беа здруженијата на пензионерите, а организатор на осумте регионални 19–ти по ред и 11–тата републичка ревија на песни, музика и игри беше Сојузот. На 23 јуни 2021 година, на присутните прва им се обрати претседателката на Сојузот Станка Трајкова која меѓу другото рече:

– Почитувани пензионери, почитувани гости, на наше задоволство денес  меѓу нас е Премиерот на Владата на РС Македонија Зоран Заев, кој секогаш наоѓа време да покаже сериозен однос кон пензионерската популација чија бројка изнесува, околу 327 илјади пензионери. Го поздравувам во името на сите вас и му благодарам за почитта кон нас. На 11. Републичка ревија на песни, музика и игри, и претходеа регионални ревии на песна, музика и игри во 8 региони низ нашата држава. Тоа беше прекрасно музичко движење кое започна од Прилеп, а заврши во Гевгелија. И оваа година ревиите се одвиваа со редуцирана содржина и место им се отстапи на соло–изведби, дуети, на мали пејачки групи, на читање гатанки и поезија, изведување на обичаи, покажување на ракотворби, носии и накит, кои исто така спаѓаат во богатата ризница на нашиот фолклор. Денеска на Републичката ревија ќе се претставаат само 8 здруженија кои беа домаќини на регионалните ревии на песни, музика и игри. Учесниците од овие региони се осмелија и се спротивставија на предизвикот ковид 19 и покажаа колку човекот е силен кога го брани својот културен идентитет, и идентитетот на соседот, на другарот, на пријателот од својот град, од своето здружение. Затоа не случајно се вели дека пензионерите се вистински чувари на нашето мултикултурно богатство, идентитет и традиција. И оваа година пензионерите го покажаа својот нескршлив дух, својот пиетет кон нашето фолклорно културно богатство порачувајќи дека ништо не е тешко кога се сака, кога се почитува, кога се брани било од непријателот или од заботот на заборавот. Затоа со право и заслужено 19. регионални ревии и оваа денешнава, завршната 11. Републичка ревија се прогласени за културни манифестации од национален интерес за нашата земја. Почитувани, горда сум на сите вас затоа што сите заедно живееме градејќи соживот и другарство, затоа, што сите наши постигања и успеси се резултат на нашето заедништво и разбирање.



Потоа на присутните им се обрати Претседателот на Владата на РС Македонија Зоран Заев. Во своето обраќање тој ги поздрави пензионерите  и рече:

– Ми претставува посебна чест и задоволство да ја прогласам за отворена 11–тата Републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри 2021 во организација на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Еве нè повторно заедно, откако лани, кога од познатите причини заради мерките за заштита од КОВИД 19 не можевме заеднички да ја поминеме 10–тата ревија. Ситуацијата со пандемијата оваа година дозволи во поопуштена атмосфера да ја организирате и одржите оваа ваша централна традиционална манифестација и дружба, откако претходно беа реализирани 8–те регионални ревии. Знам дека оваа пензионерска ревија на песни, музика и игри, во организација на вашиот Сојуз ви значи многу, и токму затоа јас и оваа година прифатив да бидам покровител и во мое име, и во име на Владата на Република Северна Македонија да ви честитам на успешните подготовки и да ви посакам успех во одржувањето на ревијата. Нека ви протече во ведра и весела атмосфера затоа што вие сите го заслужувате тоа. Јас ја користам оваа прилика, во име на целиот состав на Владата, да ви ја изразам длабоката почит за сето она што Вие, како работни луѓе и граѓани, го направивте за време на вашата работна кариера и за сето она што го правите и за време на вашите пензионерски денови. Вие пензионерите сте нашите граѓани кои активно



учествувале во градење на нашето општество и држава. Придонесот на секој од вас е важен и значаен. Од тие причини велам, сите ние, сегашните генерации сме должни да ви изразиме неизмерна почит и благодарност. И оваа ваша манифестација продолжува на свој начин да го прави она што вие го правевте додека ги извршувавте вашите секојдневни работни обврски како дел од сложениот и комплексен механизам каков што е општеството.




Во спектарот на еднаквите можности за сите е и грижата за нашите највозрасни граѓани – пензионерите. Да им овозможиме достоинствени услови за живот. Заедно со Министерството за труд и социјална политика ги исправивме неправдите и сега двапати годишно има усогласување на пензиите со трошоците на живот. Со доследна примена на законските одредби и со начинот на дополнително усогласување на пензиите, во 2020 година пензиите се зголемија за 722 денари, линеарно за сите корисници на пензија, дури и во услови на економска криза заради пандемијата. Убеден сум дека ова усогласување на пензиите ќе продолжи и во оваа година, а се работи и на барањето на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, при усогласувањето на пензиите да се засметува и дел од порастот на платите. Грижа за пензионерите и да работиме во насока на подобрување на вашиот животен стандард е наша света обврска. Таа наша обврска е ваша заслуга произлезена од вашиот труд и вашата посветеност за време на вашиот работен ангажман. Да завршам со тоа што уште еднаш ви посакувам убава дружба на вашата 11–та Републичка ревија на песни, музика и игри. Останете во






добро здравје. Негувајте го бодриот и весел дух и уште долги години одржувајте ја оваа манифестација како убав повод и причина заедно да се среќаваме и дружиме.

По нивните поздрави и обраќања се заредија, убави народни и староградски песни, се огласија зурли и кавали, се слушна ударот на тапанот. Звуците се преплетоа со разнобојните

носии и свечените облеки на изведувачите. На крајот беа поделени признанија за учество на сите претседатели на здруженијата учесници на оваа 11. регионална ревија на песни, музика и игри, со надеж  дека в година ќе биде уште поубаво, повесело и помасовно.

### 20-та Регонална пензионерска ревија на песни, музика и игри - 2022

## Несекојдневен фолклорен Јубилеј

Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија веќе 20 години се одржуваат регионалните ревии на песни, музика и игри. Со одржување на овие фолклорни манифес–тации пензионерите даваат придонес во зачувување на нашето ку–лтурно богатство, традиција и идентитет.

На првите регионални ревии кои се одржале пред 20 години учествувале само 9 здруженија на пензионери и тоа: ЗП Пробиштип, ЗП Гевгелија, ЗП Прилеп, ЗП Кавадарци, ЗП Лозово, ЗП Берово, ЗП Кочани, ЗП Гази Баба од Скопје и ЗП Куманово.

И пензионерите и нивните најблиски, нивните семејства  и сограѓани со нетрпение ги очеку–ваат како своевидни празници во градовите каде што се одржуваат и ревиите и спортските нат–превари. Сите се подготвуваат за овие настани, а особено пензионерите–учесници. Се подгот–вуваат со ентузијазам и желба да им покажат на сите, а особено на помладите генерациите дека годините се само бројка кога се чува традицијата, идентитетот и обичаите, кога се сака и почи–тува она што е наше културно богатство, но и дека песната не може да се отпее, а орото да се изигра без соодветна физичка кондиција, без спортување. Сите се трудат со песна да го афир–мираат својот град и регионот од којшто доаѓаат, со спортските  резултати да се докажат лич–но, но и да постигнат подобри резултати за своето здружение. Така е ред години наназад, така продолжува... 20–тите јубилејни регионални ревии на песни, музика и игри започнаа на 4 мај и завршија на 16 мај 2022 година, а домаќини беа: ЗП Битола, ЗП Ѓорче Петров, ЗП Гази Баба, ЗП Берово, ЗП Радовиш и Конче, ЗП Кавадарци, ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Крива Паланка. Ревиите имаат видеоизменета содржина заради пандемијата од ковид–19, но со нешто поголем број учесници заради олабавување на мерките.

### 12-та Републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри - 2022

## Фолклорот е препознатлив белег на секој народ

Нашиот фолклор нѐ учи дека без минато нема иднина. Со негување на нашата традиција и нашето културно наследство ја чуваме сегашноста и создаваме иднина за новите поколенија. Секогаш луѓето кога пееле, играле, раскажувале и твореле, создавале историја. Сѐ што соз–давале како личности, сѐ што создавале како народ, го формирало немерливото богатство на македонскиот фолклор. Фолклорот е автентичен по својата природа, содржи уникатни елемен–ти и го претставува целокупното духовно творештво на македонскиот народ низ вековите. На–шата сила е во нашиот ум и тогаш кога чекориме напред, но и тогаш кога некој гази по нашата чест и достоинство, и тогаш кога некој ја крои нашата судбина заради својата политичка моќ. Не постои посилна мудрост од народната, не постои посилен збор од народниот. Карактеристиките на фолклорот лежат во обединувањето на еден народ врз основа на заеднички ритуали и обичаи, а најбитниот сегмент е разликата на еден народ во однос на друг. Ништо во животот не е поважно од својот род. Дрвото не може да расте без својот корен, затоа што коренот го крепи, го храни и му помага да расте во височините на бесконечноста. Денес како никогаш порано е битно да ги почитуваме и величаме нашите корени бидејќи тие се многу важни за иднината на

нашите поколенијата. Тие се вградени во историјата на нашето минато, во нашето фолклорно наследство, во нашата душа. Денес љубопитноста и интересот на луѓето особено на помладите генерации за фолклорот сè повеќе се намалува. Но факт е дека народот не може да престане да пее, да прераскажува приказни, да не измислува шеги, да не игра ора, да не одбележува слави и да не практикува обичаи... Не може. Не постои таква сила која ќе му забрани на народот да постои и да го манифестира својот дух на свој начин, бидејќи тој го темели својот опстанок врз темелите на традицијата и идентитетот, кои се длабоко вткаени во неговото однесување, говорење, во неговото културно живеење, во песната и играта.

Затоа на фолклорот кој е меѓу нас и во нас, треба да му дадеме шанса, да се експонира, да излезе на виделина. Ова нешто најдобро го знаат највозрасните, пензионерите, заради своето искуство и мудрост. Тие со своите активности на своите фолклорни манифестации ја будат свеста кај помладите генерации за да го зачуваме она што е оставено во културното наследство од нашите предци, помагаат младите генерации да не живеат во темнината на незнаење, да ги почитуваат нашите обичаи, да ги прераскажуваат легендите за нашите предци, да играат и да пеат, да удрат со тапанот по ехото на минатото и да писнат со зурлите во дослух со иднината, да сознаат и да покажат дека ние сме народ со препознатлив стил и фолклор. Затоа што народното културно творештво е најсилното народно оружје пред светот. Сето ова кое е значајно за македонскиот народ, значајно е за секој народ. Пензионерите знаат дека само со почитување на нашата различност ние може да изградиме заедништво и почит едни кон други во нашата земја, но и многу пошироко. Пензионерите го знаат ова и затоа се верни чувари на нашето фолклорно богатство и пеат и играат еден до друг без разлика на вера и нација. Знаат дека само човечноста и хуманоста се битни во животот и затоа така се однесуваат. Така се однесуваа на сите осум регионални ревии на песни, музика и игри.




Така беше и на 12–тата Републичка ревија на песни, музика и игри која се одржа на 31 мај 2022 година, во објектот „Ритуал“ во с. Трубарево во Скопје. На овој фолклорен празник на присутните најпрво се обрати претседателката на СЗПМ, Станка Трајкова која меѓу другото рече:

– Почитувани присутни, ви пожелувам добредојде во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 12–тата Републичка ревија на песни, музика и игри. Поздрав и добредојде на генералниот директор на ПИОСМ Дритан Беџети кој ни направи чест со своето присуство и помошник на директорот Арита Несими. Ја поздравувам и шефицата на Кабинетот на министерката за труд и социјална политика Наташа Димеска.

Почитувани пријатели, убавиот последен мајски ден триесет и први, ќе го разубавиме и ќе го збогатиме со песна и музика од 8–те региони. Овогодишниот музички караван тргна од ЗП Ѓорче Петров, а потоа продолжи во Крива Паланка, Берово, здружението Охрид и Дебрца, Битола, Кавадарци, здружението Радовиш и Конче и најпосле музичкото движење заврши во скопското Здружение на пензионери Гази Баба. Факт е дека оваа година условите за одржување на овие ревии беа поповолни и со покажана желба да се постигне повисоко ниво на квалитет, но истовремено покажувајќи колку многу ни се потребни овие музички манифестации.



И оваа година Републичката ревија заедно со 20–тите јубилејни регионални ревии на песни, музика и игри се поддржани од Министерството за култура без жалби и приговори односно јасно и децидно во дис–

позитивот на решението за доделување на финансиска поддршка е наведено дека овие пензионерски ревии се поддржуваат затоа што се оценети како манифестации од национален карактер на нашата земја.

Почитувани пријатели, тоа значи дека и понатаму останува и продолжува нашата културна мисија и дека ние пензионерите сме верни чувари на нашиот национален фолклор.




Познато е дека музиката допира до најдлабоките чувства на човекот и е запис на вистинските човечки емоции. Познатиот кинески филозоф Конфучије рекол:

„Ако сакате да знаете каква е државата на еден народ испитајте ја музиката што се слуша во таа држава, затоа што музиката комуницира со човекот, а висината на тоновите и ритамот се средство на нејзиниот израз“. Веродостојноста на оваа мудра мисла денес ќе ја почувствуваме сите гледајќи ги настапите. Наша заедничка гордост е што и за време на пандемија во 2020 и 2021 година ги одржавме Регионалните и Републичката ревија на песни, музика и игри и силно застанавме пред предизвикот ковид 19, а СЗПМ заедно со здруженијата подигаше и решаваше значајни прашања за пензионерите за подобар животен стандард, социјалното домување, подобра здравствена заштита, солидарниот фонд, како и за организациски прашања битни за поуспешно дејствување на Сојузот и здруженијата, негови членки. И Сојузот и здруженијата од ден на ден прераснуваат во субјекти каде што нашиот глас и мислење добива сè повеќе во тежина, како што беше при водење на преговорите за новата методологија за усогласување на пензиите, а има уште две битни прашања на оваа тема кои и понатаму ќе ги подигнуваме, а се во интерес на пензионерите, бидејќи тие се најголемата целна група од околу 328 000, од кои 290 000 корисници на пензија се опфатени во пензионерското организирање во Сојузот.

Со внимание и со почит проследете го настапот на вашите колеги, другари и пријатели. Тие тоа го заслужуваат заради вложениот труд. Благодарам на соработката покажана од здруженијата, а на соработниците од Сојузот за креативно уредената сцена која верувам дека долго, долго ќе ја раскажува нашата успешна приказна.

На присутните им се обрати и генералниот директор на ПИОСМ Дритан Беџети.

Од името на министерката Јована Тренчевска и од свое лично име присутните ги поздрави и шефицата на Кабинетот на министерката за труд и социјална политика Наташа Димеска.

Потоа се заредија песни за љубовта, за меракот, за животот... Песни кои будеа спомени. Пееја изведувачите облечени во живописни носии. Пееја со една и единствена порака дека кул–











турното богатство треба да се негува и да се чува од заборав! На Ревијата настапија 14 здру–женија: осумте домаќини на 20 јубилејни регионални ревии на песни, музика и игри и уште шест кои ги одбра Комисијата за културно–забавен живот за да бидат застапени и Албанците,




Власите, Ромите... и уште три кои според комисијата се истакнале со својот квалитет, иако такви на регионалните ревии имаше многу повеќе!

На крајот, здруженијата учесници на 12–тата Републичка ревија на песни, музика и игри добија признанија за учество, а им ги врачи претседателот на Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија м–р Илија Адамоски и потпретседателот на Извршниот одбор на СЗПМ Ментор Ќоку.

# МАКЕДОНСКИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ НА ФЕСТИВАЛ НА ТРЕТА ЖИВОТНА ДОБА ВО ЉУБЉАНА, Р СЛОВЕНИЈА

### На 19. Фестивал на трета животна доба во Љубљана, Р Словенија - 2019

## СЗПМ доби признание за 10-годишно Учество

Во Љубљана од 1 до 3 октомври 2019 година се одржа 19. фестивал на третата животна доба, голема манифестација од овој тип во Европа, по повод Меѓународниот ден на стари лица, 1 Октомври. На овој меѓународен фестивал по десетти пат учество зеде СЗПМ, чија делегација ја предводеше Ѓорге Андонов, претседател на ЗП Гази Баба, во која беше и Димитар Димитриевски, член на Комисијата за здравство и социјална политика, како координатор на овогодишното учество. Претставници на СЗПМ на овој фестивал беа ансамблите од ЗП Гази Баба и ЗП Виница.

f3ŽO
19. FESTIVAL ZA *tretje* ŽIVLJENJSKO OBDOBJE

Свеченото отворање на Фестивалот се одржа во големата сала на Цанкарјевиот дом со присуство на високи претставници, приматели на признанија за долгогодишно учество како и пензионери од разни региони. Меѓу многубројните високи гости беа сегашниот претседател на Словенија





Борут Пахор, поранешниот претседател Милан Кучан и многубројни министри на Владата на Словенија.



Следеше и доделување на признанија и на самиот почеток, со особено впечатлива најава, на СЗПМ му беше доделена Плакета за 10 години учество на Фестивалот, а признанието го прими Ѓорге Андонов, шеф на делегацијата на СЗПМ. Вакви признанија добија уште само Здружениот словеначки ветерански оркестар и Центарот за активности – Фужине. По доделувања на признанијата следеше богата програма исполнета со содржини кои го нагласуваа меѓугенерациskиот соживот кој и беше една од главните теми на Фестивалот.

## 21. Фестивал на трета животна доба во Љубљана, Р Словенија - 2022

21. FESTIVAL ZA tretje ŽIVLJENJSKO OBDOBJE








По две години пауза, поради ковид–епидемијата, на 21–от фестивал на третата животна доба, (ФЗЖД) во Љубљана, од 27 до 29 септември 2022 година СЗПМ го претставуваа здруженијата на пензионери од Кавадарци и Кисела Вода, за што се изборија со успешните настапи на Републичката ревија на песни, музика и игри.

ФЗЖД е најголем фестивал од овој тип во Европа на кој пензионерите во културната програма се претставуваат со настапите на своите групи, во едукативната програма можат да се информираат за најактуелните проблеми сврзани со староста, а во изложбениот дел да се запознаат со производи и апарати наменети за унапредување на здравјето и активното стареење. На фестивалот, кој имаше 13 600 посетители, во културната програма настапија 80 пејачки, танцувачки и музички групи од Словенија, Македонија, Италија, Хрватска и Унгарија.

Подготовките за учество оваа година траеја пократко, но благодарејќи на добрата соработка меѓу претседателите на здруженијата Бранко Шемов (Кавадарци) и Момчило Петровиќ (Кисела Вода), и помошта од Станка Трајкова, претседателката на СЗПМ и координаторот Димитар Димитриевски, истите беа мошне успешно завршени.

# СПОРТСКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ АКТИВНОСТИ

**Радовиш - 2019**

## Пензионерите од мултиетничко Тетово ги освоија победничкиот и преодниот пехар

Во 2019 година, пензионерите по 24 пат, на 22 септември 2019, во Радовиш, покажаа дека годините не претставуваат граница и дека го знаат значењето на спортувањето и физичката активност за луѓето од третата доба. Дваесет и четвртата пензионерска спортска Олимпијада, најстарата и најмасовна пензионерска програмска активност во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, се одржа по повод и во чест на 20 септември, Денот на пензионерите во нашата земја. Манифестацијата беше под поктовителство на Владата и Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија. Големиот празник на пензионерите им го честита заменик–министерот за труд и социјална политика во Владата на РС Македонија Ѓонул Бајрактар кој со своето присуство го зголеми значењето на оваа пензионерска спортска манифестација. На манифестацијата која по петти пат се одржа во Радовиш, организатор беше Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, а домаќин Здружението на пензионери од Радовиш и Конче.




Прва на присутните им се обрати претседателката на Сојузот Станка Трајкова која меѓу другото рече:

– Денес навистина може слободно да се каже дека за пензионерите сите патишта водеа кон Радовиш, па затоа овде покрај непосредните учесници заедно со останатите посетители и гости се дружат околу 800 пензионери, што е чест за Сојузот, за ЗП Радовиш и Конче, но и за градот Радовиш. Пензионерските спортски игри како регионалните така и републичките, претставуваат масовен спортски настан бидејќи во него беа вклучени околу 2 600 пензионери од сите градови домаќини.



На регионалните спортски натпревари беа здруженија: ЗВП, Гостивар, Крушево, Струга, Гевгелија, Злетово, Радовиш и Конче и Берово.

Радува фактот што овие активности речиси секаде беа поддржани од локалната самоуправа.

Потоа на присутните им се обрати заменик–министерот за труд и со-

цијална политика во Владата на Република Северна Македонија Ѓонул Бајрактар кој ја потенцираше грижата на Владата и на Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија за квалитетен и достоинствен живот на најбројната популација која ја сочинуваат старите луѓе и корисниците на пензија и рече:

– Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија претставува сериозен партнер на Владата во остварување на стратешките цели поврзани со унапредувањето на заштитата и промоцијата на социјалните права и интереси на корисниците на пензија. Министерството за труд и социјална политика во континуитет се залага за обезбедување на достоинствен живот на старите лица и пензионерите, преку преземање мерки за унапредување на социјалната положба и интеграција и подобрување на животниот стандард на корисниците на пензија. Истакнувам дека и во иднина ќе ја продолжиме и унапредиме соработката со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со единствена цел да го подигнеме животниот стандард на пензионерите и нивното партиципирање во социјалниот живот.



На присутните им се обратија и градоначалниците на Радовиш и Конче, Герасим Конзулов и Благоја Илиев кои во своите поздравни обраќања истакнаа дека и во иднина, како и досега ќе ги поддржуваат активностите на пензионерите и дека се горди на своите највозрасни сограѓани.

Пред да ги прогласи Републичките пензионерски спортски натпревари за отворени, Митко Стефанов, претседател на Здружението на пензионерите од општините Радовиш и Конче рече:

– Имам посебна чест и задоволство од името на Здружението на пензионерите на општините Радовиш и Конче, да ве поздравам и да ви посакам срдечно добредојде во градот кој годинава одбележува 1000 години од првото спомнување на Радовиш во некој пишан документ.



Пред почетокот на натпреварите на спортистите им се обрати претседателот на Комисијата за спорт и рекреација во СЗПМ Здравко Петковски и им ги објасни на учесниците најбитните правила околу натпреварувањето. На 24. републички пензионерски спортски натпревари најдобри беа натпреварувачите од ЗП Тетово, здружение со мултиетнички состав, познато меѓу пензионерите по своите спортски можности од претходните години. Тетовчени го освоија победничкиот и преодниот пехар. Пехарот на ЗП Тетово им го врачи претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, упатувајќи им честитки, а пехарот го прими Селвер Мемети, претседател на здружението, кој видно возбуден од срце им се заблагодари на своите членови, но и на СЗПМ како организатор на оваа манифестација значајна за здравјето, дружењето и соживотот на пензионерите. Во полната сала орото го поведе претседателот на ЗП Тетово Селвер Мемети со пехарот во раце, а до него се наредија сите победници во најважната дисциплина: дружењето. Се славеше победата која сите ја чувствуваа како своја и како поттик за нови успеси и постигања на сите полиња.

## Во 2020 година спортски пензионерски натпревари не се одржаа заради пандемијата од Ковид-19

### Велес - 2021

# Сите учесници најуспешни беа во дисциплините: дружење, заедништво и другарство



На 29–ти септември 2021 година се одржаа по 25–ти пат јубилејни републички спортски пензионерски натпревари. Во однос на првите спортски пензионерски натпревари кои се одржале во дамнешната 1996 година на која учествувале 13 здруженија, сега таа претставува вистинска Спортска пензионерска Олимпијада.

На јубилејната Олимпијада учествуваа 32 здруженија од 53 членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Натпреварите се одржаа на стадионот „Зоран Паунов“ во Велес, и во спортската сала. Домаќин беше Здружението на пензионери од Велес, а организатор на овие најмасовни активности како и во сите изминати 25 години, беше Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Интересен е и податокот што ЗП Велес е едно од 13–те здруженија кои со свои спортисти пензионери учествувале на првите спортски пензионерски натпревари кои се одржале пред 25 години во Охрид.



Покрај овој голем спортски јубилеј над 280 илјади пензионери ги одбележаа и 75–те години од пензионерското организирање во нашата земја. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е невладина неполитичка мултиетничка асоцијација во која членуваат 53 здруженија на пензионери, доброволно здружени заради заштита и унапредување на заедничките цели и интереси на корисниците на пензија, за поцелосно и единствено залагање за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, за поквалитетна здравствена заштита, за унапредување на културните, спортските и хуманитарните потреби на пензионерите.



На 25–тата спортска пензионерска олимпијада Велес 2021 година и претходеа 8 регионални спортски натпревари кои се одржаа во 8 региони, а на кои учествуваа 49 здруженија и на кои се натпреваруваа пензионери и пензионерки спортисти во 5 дисциплини. Покрај натпреварувачите имаше и голем број пензионери кои беа дојдени да ги бодрат и да им даваат поддршка на колегите од своето здружение. Ова година натпреварите и на регионалните и на републичките

спортски пензионерски натпревари беа со поинаква содржина и со помала бројност заради пандемијата од вирусот ковид 19. И покрај тоа секој се трудеше да постигне што подобри резултати за себе, за своето здружение, за својот град!

По завршување на регионалните натпревари на 25–тата спортска пензионерска олимпијада Велес 2021 година, учествуваа вкупно 152 натпреварувачи од кои 72 жени и 80 мажи.

Прв на 25–тата спортска пензионерска олимпијада Велес 2021 година на присутните им се обрати претседателот на ЗП Велес д–р Веле Алексоски кој меѓу другото рече:

– И покрај вонредната состојба со Корона вирусот еве не пак заедно. Да се дружиме, малку да излеземе од секојдневието. Ми претставува голема чест што ја добивме довербата да бидеме домаќини на јубилејните 25–ти спортски игри на пензионерите спортисти членови на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија. Факт е деа сите ние би сакале да се почести нашите средби и дружења, но да се надеваме дека тоа наскоро ќе се случи. Дотогаш да му се радуваме на животот и да го зачуваме нашето пријателство. Ве поздравувам и ви посакувам пријатен престој во нашиот град, градот на Рацин, градот на Брашнар, на гемиџиите.



Но, пред сѐ дозволете да ги поздравам присутните: претседателката на СЗПМ г–ѓа Станка Трајкова, господинот Аце Коцевски, градоначалник на Општина Велес, претседателите на здруженијата на пензионери чии што членови се натпреваруваат на овие јубилејни 25–ти Републички пензионерски спортски натпревари и сите присутни. На натпреварувачите им посакувам да успеат во натпреварувањето и да постигнат резултати со кои ќе се гордеат и тие и нивните здруженија. Всушност тие веќе постигнале голем успех со самото тоа што се избориле за учество на овие јубилејни 25 – ти Републички пензионерски спортски натпревари.



Присутните ги поздрави и им посака успех и тогашниот градоначалник на Велес Аце Коцевски.

Со одбравни и убави зборови на присутните им се обрати и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, првата жена претседател на Сојузот по цели 73 години, која меѓу другото рече:

– Почитувани спортисти, почитуван претседателе на ЗП Велес д–р Веле Алексоски, почитуван градоначалнику на Општина Велес Аце Коцевски, почитувани гости.

25–тите републички спортски игри се одржаа во организација на СЗПМ, а домаќин беше ЗП Велес кое се согласи да биде домаќин на овие важни и значајни активности за здравјето на пензионерите, но и за нивната социјализација и дружење. Оваа година, Републичките спортски игри како што слушнавме и од претседателот на ЗП Велес д–р Веле Алексоски, се совпаѓаат со 75 години од пензионерското организирање во нашата држава и со чествувањето на 20 септември – Денот на пензионерите.

Во далечната 1996 година започнала да се реализира една убава идеја: организирање на масовни пензионерски спортски натпревари. Таа се базирала на идејата дека спортувањето во поодминати години од животот овозможува да се одржува физичката и интелектуалната способност на човечкиот организам, а покрај тоа корисноста од спортските активности е и за ши–

рење на пријателства и надминување на монотонијата во животот на пензионерите.

Но, најпрво сакам да ги поздравам сите спортисти кои покажаа храброст и учествуваа на регионалните спортски игри, а се квалификуваа и за учество на Републичките спортски натпревари кои претставуваат спортување и дружење за здраво тело и здрав дух.




На оваа Републичка спортска олимпијада и претходеа 25–те јубилејни регионални спортски натпревари кои се одржаа во 8 региони, а домаќини беа здруженијата на пензионерите од: Прилеп, Кичево, Солидарност–Аеродром, Свети Николе, Центар од Скопје, Виница, Куманово и Велес. Инаку, на 25–тите регионални спортски игри учествуваа вкупно 668 натпреварувачи од кои 403 во машка и 265 во женска конкуренција односно покрај натпреварувачите учествуваа околу 1 000 пензионери што претставуваше септемвриско спортско пензионерско движење.

Како што е познато во 2020 година не се одржаа регионалните и Републичките спортски пензионерски натпревари заради постоење на пандемијата заради вирусот ковид 19. Тоа беше најтешка година за пензионерите бидејќи не можевме да ги гледаме внуците, да се остваруваат екскурзиите, не бевме вакцинирани, не работеа пензионерските клубови, нешта кои го разубавуваа нашиот пензионерски живот. Исто така, се одложија и активностите околу оддржувањето на Балканската спортска олимпијада во Република Србија на која и нашиот




Сојуз беше потписник на Договорот за одржување на оваа манифестација. Иако многу активности застанаа, тие сосема не престанаа, туку беа пренасочени кон други приоритети.

Несомнено е дека пандемијата сè уште постои, но пензионерите се спротивставија на предизвикот ковид 19 и се одлучија за живот и иднина, адаптирајќи се на пандемските услови. Доказ за тоа е одржувањето на јубилејните 25–ти регионални и оваа Републичка спортска олимпијада која се одржува во услови на пандемија според сите протоколи за заштита на нашето здравје, бидејќи активизмот во здруженијата е многу важен и за среќа на сите нас се одржува во континуитет и покрај сè.

Заради превентивна заштита од ковид 19 спортистите ќе се натпреваруваат само во пет дисциплини кои се најбезбедни за спортистите, а и земјите од нашето опкружување спортуваат само во пет дисциплини.

Денес, на сите натпреварувачи им пожелувам успех во натпреварите и нека победат најдо–

брите и најподготвените, иако денеска вие сите сте победници со самото ваше присуство на овој настан, а овие Јубилејни Републички спортски игри ќе бидат запаметени како историски бидејќи се одвиваат во услови на пандемија.

Се надевам дека идната година ќе бидеме во што поголем број. Ги прогласувам натпреварите за отворени, истакна претседателката Трајкова.

Потоа Љубица Кузмановска – заменик претседател на Комисијата за спорт на ИО на СЗПМ, познат долго годишен пензионерски активист и спортист ги објасни правилата за натпревар.

По нејзиното објаснување започнаа натпреварите во кои годините речиси како да не беа важни. Секој се трудеше да даде сè од себе и да постигне што подобри резултати. Сите најуспешни беа во дисциплините: дружење, заедништво и другарство. Оваа година севкупни победници се спортистите од ЗП Куманово, втори се пласираа спортистите од ЗП Охрид и Дебрца и трети пензионерите спортисти од ЗП Штип.

На победничката екипа пехарот им го предаде претседателката на СЗПМ Станка Трајкова.

### Охрид - 2022

## Убав пензионерски спортски масовен настан во убавиот Охрид

Пред 26 години Првите спортски пензионерски натпревари се одржале во Охрид. На нив зеле учество 13 здруженија, а домаќин како и оваа година било здружението на охридските пензионери. За разлика од тогаш, годинава на овие 26. републички спортски пензионерски натпревари со свои спортисти – пензионери учествуваат 38 здруженија, членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Натпреварите се одржаа во Спортско рекреативниот центар „Билјанини Извори“, а организатор на овој масовен спортски пензионерски настан во убавиот Охрид е Сојузот.



Интересен е податокот што ЗП Охрид и Дебрца има богата и успешна пензионерска спортска историја. На досега одржаните 25 републички пензионерски спортски натпревари–олимпијади од 1996 до 2021 година во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија спортистите членови на спортските екипи на ЗП Охрид и Дебрца имаат постигнато врвни спортски резултати со освојување на: седум (7) први места во екипна конкуренција во 2006 година, и шест (6) пати едноподруго од 2011 до 2016 година биле најдобра екипа, а имаат освоено еден преоден и два пехари во трајна сопственостсо вкупно 44 први места и златни медали од кои 27 во поединечна и 17 во екипна конкуренција. ЗП Охрид и Дебрца е досега најуспешна екипа од сите здруженија на пензионери во рамките на СЗПМ.

Во убавиот Охрид, на Републичките пензионерски спортски натпревари на „Билјанини Извори“, прв на присутните им се обрати претседателот на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески кој се закитил со златен медал во дисциплината мажи, скок од место во 1999 и 2000 година. Тој ги поздрави присутните гости и спортисти и меѓу другото рече:

– Ми претставува голема чест што ја добивме довербата да бидеме домаќини на 26–тите републички пензионерски спортски игри во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. На сите ви посакувам убаво да се чувствувате во нашиот град познат по своите знаменитости во земјата и во светот, а на натпреварувачите им посакувам да постигнат резултати со кои ќе се гордеат и тие и нивните здруженија.

Присутните на 26–тите републички пензионерски спортски игри ги поздрави и им посака успех на натпреварувачите и претставничката на Министерството за труд и социјална политика

Наташа Димеска, како и претставникот на локалната самоуправа Димитар Спасески. Со одбрани и убави зборови од убавиот Охрид, градот на македонската писменост и просветителство, гра–дот на светите Климент и Наум, на присутните им се обрати и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, првата жена претседател на Сојузот, која меѓу другото рече:

– Почитувани присутни, денеска се одржуваат 26–тите републички пензионерски спортски игри во организација на СЗПМ, а домаќин е ЗП Охрид и Дебрца.

Имам особена чест да го поздравам Братислав – Бата Здравковиќ, претставникот на Сојузот на пензионерите на Србија со кој Сојуз имаме во план остварување на спортски активности со вклучување и на меѓународен елемент, и претседателот од Здружението на пензионерите на градот Врање Стојче Павловиќ, кој има склучено меморандуми за соработка со повеќе наши пензионерски здруженија, како и Наташа Димеска, претставник на министерката за труд и социјална политика со кои СЗПМ има извонредна соработка по сите прашања од значење за пензионерите, и претставникот на Општина Охрид Димитар Спасески.

Почитувани пријатели,

Пред 26 години, во далечната 1996 година, се родила една убава идеја: организирање на масовни спортски натпревари на пензионерите во нашата татковина. Првите републички спортски натпревари се одржале во 1996 година токму тука во Охрид, а на нив учествувале само 13 здруженија кои се натпреварувале само во три дисциплини: шах, стрелаштво и пикадо. Како што одминувале годините спортските натпревари станувале се поквалитетни и помасовни. На денешните Републички спортски игри силите ќе ги одмерат пензионерите во 9 дисциплини заради претпазливост и заштита од ковид 19. Како и секоја година и оваа на овие 26–ти републички пензионерски спортски игри им претходеа 8 региони, натпревари на кои учествуваа 1 348 натпреварувачи од сите 53 здруженија, членки на СЗПМ, а вкупниот број на пензионери кои се дружеа изнесуваше 1 853, и тоа во услови кога сè уште постои страв од пандемијата. Заеднички именител на сите учесници беше да се освои што подобар резултат и да се учествува на Републичките натпревари. Овие бројки говорат дека во хрониката на пензионерското спортување и во вакви услови пензионерите застанаа пред предизвикот ковид 19 и покажаа дека тие со заминување во пензија не се пензионираат од општеството туку избраа живот и иднина. Домаќини на регионалните спортски натпревари беа: Крива Паланка, Валандово, Лозово, Кисела Вода, ОВР на РМ, Демир Хисар, Македонска Каменица и Дебар и Центар Жупа.






Почитувани пензионери, иако денес главни се спортските натпревари заслужува да се спомене дека со септемвриската исплата на пензијата очекуваме таа да биде усогласена според новата методологија преточена во Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Покрај пензијата актуелни се и антикриз–



ните мерки во кои би требало да бидат опфатени и пензионерите особено оние со ниски пензии бидејќи покрај пензијата многу значајни се и мерките надвор од пензискиот систем, за што СЗПМ даде и свои предлози.

На крајот, сакам да истакнам дека ЗП Охрид и Дебрца со радост го прифати предлогот да биде домаќин на Републичките спортски игри каде што покрај спортувањето покажуваме заедништво, почит, слобода – атрибути кои денеска ни се многу потребни.

Затоа, нека победи најдобриот иако јас мислам дека сите вие што сте денес присутни сте победници бидејќи без вас денес немаше да се случи ни оваа републичка спортска олимпијада за која ќе биде запишано дека се одржала во Охрид на 14 септември 2022 година. И сосема на крајот од ова мое обраќање ќе завршам со латинската сентенца: МЕНС САНА ИН СОРПОРЕ САНО – во здраво тело, здрав дух, како основни предуслови за среќа и подолг живот.



Ги прогласувам 26–тите републички спортски натпревари во 2022 година за отворени.

Потоа започнаа натпреварите во кои годините речиси како да не беа важни. Секој се трудеше да даде сè од себе и да постигне што подобри резултати.

По завршување на натпреварите беа прогласени најдобрите. Поединечните победници добија пехари, а групните медали. На победничкото здружение и поединци победници пехарите им ги врачи претседателката на СЗПМ Станка Трајкова.

Пред прогласување на победничкото здружение на гостите од Р Србија и Р Албанија претседателката Трајкова им додели плакети за добрата сегашна и идна соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Оваа година севкупни победници на 26–тите републички спортски игри се спортистите од ЗП Охрид и Дебрца, втори се пласираа спортистите од ЗП Тетово и третото место им припадна на спортистите од ЗП Прилеп. Пехарите им ги врачи, на претседателот на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески, претседателката Станка Трајковска.

26–тите републички спортски игри со финансиски средства се поддржани од Комерцијална банка АД Скопје, со која Сојузот има долгогодишна соработка за што Сојузот им се заблагодарува во името на 280 000 пензионери.

# ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СОЈУЗОТ И ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

### Средба во СЗПМ

## Добра здравствена заштита е најважна за пензионерите

И во минатото и денес, а така ќе биде и во иднина, здравствената заштита на пензионерите е еден од најважните приоритети за Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. За таа цел доста често се пишува во весникот „Пензионер плус", се поведуваат разни иницијативи, се одржуваат предавања по здруженијата и друго.

Во врска со оваа проблематика во организација на СЗПМ се одржа состанок на претседателите на комисиите за здравство во здруженијата, членки на Сојузот, од скопските здруженија и на ЗП Тетово и ЗП Велес. Состанокот се одржа на 17 јуни во просториите на СЗПМ.

Прв на присутните им се обрати претседателот на Комисијата за здравство и социјална политика д-р Стојанче Стефановски. Тој ги поздрави и ја објасни причината за одржување на состанокот, потенцирајќи дека Сојузот во изминатиот период поднесе многу барања во врска со здравствената заштита, но од резултатите и одговорите Сојузот не е задоволен. Со исто мислење се произнесе и претседателката Станка Трајкова истакнувајќи дека Сојузот и понатаму интензивно работи на овој план.

Се разви многу плодна дискусија во која учествуваа претставници од повеќе здруженија. Речиси сите здруженија со цел да ја унапредат здравствената заштита ги преземаат следните активности: посетуваат болни и изнемоштени членови, организираат предавања на разни теми, мерат притисок и шеќер во крвта и друго, делат хуманитарни пакети и даваат финансиска помош на болни и пензионери со мали пензии, соработуваат со Црвениот крст и локалната самоуправа.

За илустрација се наведе исклучително позитивната работа и соработка на Здружението од Сарај со дневен центар во рамките на Црвениот крст. За поздравување е волонтерската активност на претседателот на Комисијата за здравство во ова здружение каде што заедно со лицата од дневниот центар ги посетуваат болните пензионери, бесплатно им делат суплименти и ги советуваат во земање на редовната терапија. Исто така, позната е и активноста на амбуланта во ЗП Тетово каде што бесплатно се користи ехо апаратот за прегледи на пензионери, а истите услуги може да ги користат и пензионери од други здруженија. Заслужува да се споменат и залoжбите на ЗП Велес со издвојување на значителни средства за да се помогне на болни и пензионери со ниски пензии односно на пензионери од рурални општини кои активности претежно се извршуваат волонтерски.

На крајот беше констатирано дека состанокот беше корисен и конструктивен со констатација дека сегашното функционирање на „мој термин" не одговара на возрасните лица, се оцени дека корисно би било претседатели на комисиите за здравство да бидат лекари како и да се унапреди соработката со Црвениот крст. Се констатира и фактот дека во оние здруженија каде што има дневни центри и заедничка соработка со Црвениот крст постојат повеќе услови да се помогне на пензионерите особено во денешни услови на живеење.

# Регионални средби на Комисиите за здравство и социјална политика

Во рамките на годишната програма за работа Комисијата за здравство и социјална политика на СЗПМ во месец ноември одржа два регионални состанока. Првиот состанок се одржа на 23.11.2022 во просториите на ЗП Делчево, каде организатор на средбата беше Димитар Арсов, а присутни беа претставници од здруженијата на пензионери од Виница, Македонска Каменица и Пехчево.

Вториот состанок се одржа во Прилеп на 30.11.2022, во просториите на новоотворениот клуб во населбата Точила, каде во име на домаќините гостите ги поздрави Славко Трајкоски, претседател на ЗП Прилеп. Учесници на средбата беа претседатели на ЗП и претставници на комисиите за здравство. На состанокот присуствуваше и м–р Илија Адамоски, претседател на Собранието на СЗПМ, кој ги поздрави присутните и зеде активно учество на состанокот.



На двата состанока претседателот на Комисијата за здравство при ИО на СЗПМ д–р Стојанче Стефановски во уводниот дел ги презентираше активностите преземени од Сојузот до надлежните министерства и институции со цел подобрување на здравствената заштита и социјалната положба на пензионерите.



Претставниците на здруженијата ги поддржаа иницијативите преземани од СЗПМ во изминатиот период. Во своите поединечни дискусии ги изнесоа тешкотиите со кои се сретнуваат во напорите да обезбедат што поквалитетна здравствена и социјална заштита на своите членови, при што нефункционирањето на рурален доктор беше истакнато од повеќе здруженија, како и нефункционирањето на „Мој термин“ и изложеноста на плаќање од свој џеп на некои скапи лекувања, во приватните здравствени установи. Беа разменети искуства околу начините на помагање на социјално загрозените и потешко болните пензионери во домашни услови, соработката со локалната самоуправа и Црвениот крст.

Учесниците на средбите изразија задоволство што имаа прилика да се сретнат со колегите од регионот и беа задоволни од можноста да се запознаат како во другите здруженија успешно се решаваат некои проблеми.

По завршувањето на официјалниот дел, следеше дружење во пријатна атмосфера каде личните контакти се продлабочуваа и се изразија надежи дека со вакви корисни состаноци ќе се продолжи и во иднина.

# Потпишан Меморандум помеѓу Стоматолошкиот факултет во Скопје и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

На 3.2.2023 година, во просториите на Сојзуот потпишаа Меморандум за соработка.

Стоматолошкиот факултет во состав на Универзитетот „СВ. Кирил и Методиј" во Скопје и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на 3.2.2023 година, во просториите на Сојузот потпишаа Меморандум за соработка.

Со Меморандумот е предвидено унапредување на оралното здравје кај пензионерите преку преземање куративни и превентивни мерки од страна на студентите на Факултетот, а под надзор на наставниот кадар во рамките на практичната настава. Носители на активностите за имплементација на овој Меморандум се ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" – Скопје и Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија на подрачјето на град Скопје.



На настанот, од страна на Стоматолошкиот факултет во состав на УКИМ присуствуваше деканот, проф. д-р Ќиро Ивановски, продеканката за настава проф. д–р Сања Панчевска и секретарот на Факултетот, д–р Влатко Коколански, а од страна на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија присуствуваше претседателката Станка Трајкова, потпретседателот на Извршниот одбор на СЗПМ Ментор Ќоку и претседатели на здруженијата од територија на град Скопје.






Согласно склучениот меморандум за соработка помеѓу Стоматолошкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, овозможени се бесплатни стоматолошки прегледи и стоматолошки услуги за граѓаните од третата доба, во рамки на практичната настава на студентите.

Заинтересираните пензионери можат да закажат бесплатен стоматолошки преглед на следниот телефонски број: 071/223–320, секој работен ден во период од 8:00 до 14:00 часот. Стоматолошките прегледи ќе се спроведат од 20.2.2023 до 24.2.2023 година во претходно закажаниот термин.

# 2019-2022 ВО ЗНАКОТ НА ПОИНТЕНЗИВНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА СЗПМ

Една од поважните определби во сите програми на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија е меѓународната соработка со земјите од нашето опкружување, но и пошироко. Целта на оваа активност е размена на позитивни искуства на сите полиња, како во подобрување на правата на највозрасната популација, така и во размена на искуства на културно–забавен и спортски план.



Меѓународната соработка на СЗПМ во 2019 година се реализираше преку средби со сојузи, но и преку контакти, дружења и активности на здруженијата членки на Сојузот. Една од традиционалните активности на Сојузот со пензионерите од Словенија, беше остварена во 2019 година преку учество на 19. меѓународен фестивал на „Трета животна доба“ во Љубљана. На Фестивалот успешно учество зедоа пензионерите од ЗП Гази Баба и ЗП Виница кои постигнаа посебен успех и го претставија нашето културно богатство и традиција. На Фестивалот добивме признание




за 10–годишно учество кое го прими претседателот на ЗП Гази Баба Ѓорге Андонов кој беше шеф на делегацијата. Во Куманово со поддршка на СЗПМ се одржа Меѓународна фолклорна средба со учество на пензионерски здруженија од Македонија, Србија и Бугарија. На покана на Сојузот на пензионерите на Србија, делегација на СЗПМ, присуствуваше на 12. олимпијада за спорт, здравје и култура во Врњачка Бања. На состанокот се поведе иницијатива за организирање на меѓународна пензионерска олимпијада во одредени спортски дисциплини и за таа цел се потпиша Протокол меѓу пензионерските асоцијации од Унгарија, Словенија, Македонија и Србија. Соработка имаше и со пензионерите од Албанија, а и со раководството на Косово со кое имаме потпишан Меморандум за соработка. Се оствариjа повеќе самостојни традиционални посети на наши здруженија во повеќе држави и обратно. Се реализираа и екскурзии во земјите од соседството коишто исто така придонесуваат за размена на искуства и создавање пријателства, а наши здруженија со своите културно–уметнички друштва учествуваа на голем број фестивали каде што добија високи признанија.

Зацртаните активности за поинтензивна меѓународна соработка во Програмата на Сојузот иако на почетокот на 2020 година засилено започнаа, со прогласување на пандемијата од корона вирусот Ковид 19 беа најнапред презакажувани и на крајот одложени. Не се одржа 20–тиот меѓународен фестивал на „Трета животна доба" во Љубљана, ниту Спортската олимпијада во Србија. Меѓународната соработка на Сојузот за 2020 година не можеше да се реализира заради состојбите со пандемијата и затворените граници, а активностите беа пренасочени главно кон мерки за зачувување на здравјето на членството и на активности во рамките на Сојузот преку разни проекти (слободна телефонска линија за пензионерите, Информација за старски и пензионерски домови, Проект–стекнување на статус од јавен интерес, усогласеност на статутите со Статутот на СЗПМ, состојбата со клубовите, поведување иницијативи за измена на соодветни закони од интерес на пензионерите и др.)

Во Програмата за работа на Сојузот главна карактеристика е интензивирање на меѓународна соработка во граница на можностите. Еве дел од планираните активности:

Сојузот ќе ја унапреди меѓународната соработка со земји од својата околина: Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија, Албанија, Косово, Грција и други земји членки на ЕУ, со цел размена на искуства за третманот на пензионерите во сите сфери од нивниот живот, преку следните активности:

– Ќе учествува на Меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана со свои претставници;

– Ќе учествува на Спортската олимпијада во Србија и на други натпреварувања во областа на спортот;

– Ќе учествува на меѓународни поетски митинзи, а ќе се обиде да организира барем еден во РС Македонија;

– Ќе организира изложби на ракотворби и ликовни колонии;

– Ќе учествува на фолклорни фестивали;

– Ќе се обиде да изврши повеќе зачленувања во меѓународни организации за стари луѓе со цел реализирање заеднички проекти за користење средства од ЕУ–фондови;

– Ќе се вклучи во меѓународни еколошки организации;

– Ќе присуствува на разни симпозиуми и собири кои третираат здравствени проблеми кај луѓето од третата доба;

– Ќе ги поддржи меѓународните активности на сите 53 здруженија, членки на СЗПМ, на сите полиња и друго.

Програмата која е од отворен карактер ќе се надополнува во текот на годината.

# Помош на македонските пензионери за хрватските пензионери

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е асоцијација која има 53 здруженија како автономни правни субјекти во кои членуваат околу 270 000 пензионери. Една од најважните цели и дејности се и хуманитарните активности во редовни и вонредни услови на живеење. Имајќи предвид дека во животот секој човек па и пензионерот може да се соочи со проблеми пружената рака за помош му е добредојдена. Поаѓајќи од аксиомата „помогни за да ти помогнат", Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија донесе одлука да се донираат 100.000 денари на пензионерите од Петриња, Р Хрватска, кои беа погодени од земјотресот. Оваа одлука е израз на солидарност и гест на сочувство со пензионерите од Хрватска. Македонските пензионери добро паметат на помошта и хуманоста од Хрватска кога главниот град на РС Македонија Скопје беше погоден од катастрофален земјотрес.

Значајно е да се спомене дека меѓу пензионерските асоцијации во Хрватска и Македонија е склучен и Меморандум за соработка во 2011 година кој во своите одредби вклучува заемна

соработка и запознавање преку успешно реализирање на целите и задачите за старите лица. Во тој Меморандум двете страни се спогодиле дека ќе се информираат за положбата на пензионерите во нивните пензиски системи, во здравственото осигурување и како функционира згрижувањето на пензионерите во старските домови.

Особено значајно е што оваа спогодба има цел развивање меѓу-пријателски односи преку соработка на пензионерските асоцијации со вклучување на интерес и грижа за македонските односно хрватските пензионери.



Poštarina plaćena u HP-u d.d. u sortirnici 10200 Zagreb
Šalje: MATICA UMIROVLJENIKA HRVATSKE Zagreb, Preradovićeva 33/3

ISSN 1331-2812

HRVATSKI
UMIROVLJENIČKI list

ODLIKOVAN ODLUKOM PREDSJEDNIKA REPUBLIKE 30. SVIBNJA 2007.
POVELJOM REPUBLIKE HRVATSKE

ZAGREB,
CIJENA 7,00 KN
GODIŠTE: LXXV
BROJ: 02/2021.

MUH
MATICA UMIROVLJENIKA HRVATSKE

VELJAČA, 2021.

UTEMELJEN 1946.

*Matica i Sindikat umirovljenika*
*UPOZORENJE O CJEPIVU ASTRA/ZENECA ZA STARIJE OSOBE*
***
*Nacionalna strategija i umirovljenici*
*CILJEVI POSTAVLJENI VISOKO - REZULTATI UPITNI*
***
*Otvoreno pismo otvorilo dijalog*
*UDRUGE I STRANKE UMIROVLJENIKA SA ZAJEDNIČKIM ZAHTJEVIMA*



Hrvatski umirovljenički list - veljača 2021. 7

*Međunarodna suradnja Matice*

**SOLIDARNOST MAKEDONSKIH UMIROVLJENIKA**

**Savez udruga umirovljenika Makedonije donirao je pomoć petrinjskim umirovljenicima. Ova odluka izraz je solidarnosti i gesta suosjećanja s umirovljenicima iz Hrvatske pogođenih posljedicama potresa. Makedonski umirovljenici dobro se sjećaju pomoći i humanosti iz Hrvatske kada je glavni grad Makedonije pogodio katastrofalni potres.**

*Stanka Trajkova, predsjednica Saveza penzionera Makedonije*

Savez udruga umirovljenika Makedonije je asocijacija koja ima 53 udruge kao samostalne pravne subjekte u koje je učlanjeno oko 270.000 umirovljenika. Jedan od najvažnijih ciljeva i aktivnosti su i humanitarne aktivnosti u redovnim i izvanrednim životnim uvjetima. Imajući na umu da se u životu svaka osoba, pa i umirovljenik, može suočiti s problemima kada im je ruka pomoći dobrodošla. Polazeći od načela "Pomozimo jedni drugima" Izvršni odbor Saveza na sjednici održanoj 30. 12. 2020. „odlučio je donirati 100.000 denara" (12.300 kuna) petrinjskim umirovljenicima pogođenim potresom u Hrvatskoj. Ova odluka izraz je solidarnosti i gesta suosjećanja s umirovljenicima iz Hrvatske pogođenih posljedicama potresa. Makedonski umirovljenici dobro se sjećaju pomoći i humanosti iz Hrvatske kada je glavni grad Makedonije pogodio katastrofalni potres.

Važno je podsjetiti da je 2011. godine između Matice umirovljenika Hrvatske i Saveza udruga umirovljenika Makedonije potpisan Sporazum o suradnji, koji je u svoje odredbe uključio međusobnu suradnju i razmjenu iskustava u zalaganju za prava i bolji položaj umirovljenika i starijih osoba. Dvije strane su se također dogovorile da će biti informirane o položaju umirovljenika u njihovom mirovinskom sustavu, zdravstvenom osiguranju i o tome kako funkcioniraju domovi umirovljenika ili skrb o starijim osobama. Posebno je važno da ovaj sporazum ima za cilj razvijanje prijateljskih odnosa kroz suradnju umirovljeničkih udruga uključivanjem interesa i brige za makedonske ili hrvatske umirovljenike koji žive u jednoj ili drugoj zemlji.

S obzirom da je prošlo dosta vremena od potpisivanja Sporazuma o suradnji, vrijeme je da se u okviru međunarodne suradnje obnovi sadržaj sporazuma u jačanju suradnje u sadašnjem vremenu našeg postojanja. ■

PREDSJEDNICA SAVEZA PENZIONERA MAKEDONIJE
Stanka TRAJKOVA

Со оглед дека е поминато подолго време од потпишувањето на Спогодбата за соработка време е во рамките на меѓународната соработка да се обнови содржината на Меморандумот во зајакнување на соработката во сегашните актуелни услови.

# Посета на пензионерите од Подградец во Албанија

Во рамките на меѓународната соработка на Сојузот, на 17 ноември 2022 година, во Подградец, Р Албанија, беше одржана работна средба на која беа присутни пензионерите од Подградец. На средбата од македонска страна присуствуваа Станка Трајкова, претседател на СЗПМ, Ментор Ќоку, потпретседател на Извршниот одбор на Сојузот и Ѓорги Трпчески, претседател на ЗП Охрид, како членови на Комисијата за меѓународна соработка во Сојузот. Од албанска страна беа Љавдрим Миминлари, Љутви Бутка и Ферит Дука како претставници на пензионерите на ниво на Албанија. Присутен беше и градоначалникот на Општина Подградец. На средбата имаше и претставници од здруженијата на пензионерите на Охрид, Струга и Гостивар.



Најважната тема на средбата беше материјалниот статус на пензионерите, соработката со локалната власт, бавното решавање на пензионерските барања. Албанските пензионери освен пензијата немаат други помошти надвор од пензискиот систем што негативно се одразува на животот на пензионерите. Меѓутоа, нивното залагање за подобар живот ќе продолжи заедно со раководните лица на пензионерските асоцијации.





За оваа средба имаше интерес и од медиумите со прашања: која е целта на посетата, колку изнесува просечната пензија во Македонија, дали има друга помош на пензионерите покрај исплата на пензијата и сл. Интересно беше што тие самите имаа информација дека статусот на пензионерите во РС Македонија е поповолен, но сакаа за тоа изворно од нас да се информираат.

Договорена е размена на искуства, со тоа што и ние да им помогнеме во организирањето на нивните пензионерски организации, како би можеле поедноставно и полесно да ги остваруваат своите права и интереси.

# МУЛТИЕТНИЧКО ДРУЖЕЊЕ И СОЖИВОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

Мултиетничкото дружење и соживот на пензионерите се присутни во сите активности кој ги организира Сојузот и здруженијата на пензионери.

Во изминатите речиси осум децении не се случил ниту еден инцидент на етничка основа. На сите настани пензионерите заедно пеат и играат почитувајќи се меѓу себе.

## Мултиетничко традиционално дружење во ЗП Тетово

Пензионери од дваесетина здруженија членки на СЗПМ, на вистински начин покажаа убав пример за мултиетничко дружење. Во големата сала „Арена“, во Тетово, над 450 пензионери, се дружеа, ги обновуваа старите пријателства и создаваа нови, докажувајќи дека и во вакви времиња, можат и знаат да бидат еден со друг и да ги остават настрана националните и сите други бариери. Се дружеа без раслика кој од која вера е или на кој јазик зборува. Впрочем ваквите мултиетнички срдби се реализираат традиционално со години наназад во Тетово и во Сојузот. Така било, така и ќе биде во оваа мултиетничка асоцијација. Секогаш на орото биле сите и се пеело на сите јазици на луѓето кои живеат во нашата земја.



Ваквото мислење го сподели и претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Станка Трајкова која им се обрати на присутните и рече:

– Со сите овие манифестации во кои бројката на присутни пензионери е како денешнава, се јакне соживотот, колективноста, пензионерите ја надминуваат осаменоста и депресијата, и се пример за младите генерации како треба да живеат, не еден покрај друг, туку еден со друг, бидејќи тоа е нашата иднина.

Инаку, на почетокот средбата, како што е обичај, Стојан Соколовски претседател на Собранието и Селвер Мемети претседател на здружението на пензионери на Тетово, во својство на домаќини, ги поздравија присутните на македонски и албански јазик, порачувајќи им на присутните да го чуваат заедништвото, затоа што мултиетничноста е богатство, посакувајќи традицијата на заедничко дружење да продолжи и во наредните години.

# Мултикултурна поетско-музичка вечер организирана од ЗП Куманово

Куманово е град на културата, на мултикултурализмот, на различностите, град во кој секој има право на сопствен израз, како ќе говори, твори, делува, размислува. Ова беше директен повод, Литературниот клуб при ЗП Куманово кој работи веќе неколку години во рамките на Здружението да ја организира првата мултикултурна поетско–музичка вечер во Центарот за култура „Трајко Прокопиев“ на 9 јуни 2022 година.

Како што рече во воведното излагање претседателката на литературниот клуб, Гордана Поповиќ, животот ни носи состојби и предизвици кои не сме ги планирале, но големината на човекот се препознава по силата на говорот. Изминатите години заради пандемијата пензионерите беа пред голем предизвик, но успеаја на свој начин да го надминат, и време беше да се реализира нешто ново, несекојдневно и малку поразлично од досега направеното. Согласно предвидените активности за работа на Клубот, а со помош на раководството на ЗП Куманово се одржа и првата литературна манифестација, во која учествуваа поети од повеќе националности од Куманово и Липково.

Поздравна реч до присутните љубители на убаво пишаниот збор упати претседателот на ЗП Куманово Благе Јакимовски, кој не го криеше своето задоволство што е дел од ова нововостановена поетска вечер и им посака на учесниците уште многу нови авторски дела, како и среќни, долги и исполнети пензионерски денови.



Во продолжение на настанот, со свои стихови се претставија поетите пензионери Гордана Поповиќ, Исмаил Ганиу, Марија Стојчева, Росица Митиќ, Борјана Ралиќ, Дивна Јовановска и Лилјана Тричковиќ. Инаку, присутните имаа можност да слушнат песна и од Аго Хаурдиќ кој оправдано не беше присутен, како и од Верица Петровска од Здружението на инвалидските пензионери. Нивните стихови се напишани на повеќе јазици, а со нивното интерпретирање ги разбудија чувствата и емоциите, и ја разгалија душата на присутните. Поетите–пензионери, создадоа креативна поетска слика, нè однесоа во нивниот свет, ги почувствувавме нивните копнежи, стремежи...

Манифестацијата беше надополнета со звуците на неколку музички нумери и евергрини кои ги изведоа кумановските пензионери

# Другарување низ соживот во ЗП Гостивар

На 12 ноември 2022 година, околу 230 пензионери по дваесет и петти пат, во чест на денот на ослободувањето на Гостивар, присуствуваа на традиционалната пензионерска средба, која помина во другарување кое ќе остане незаборавно на пензионерите, кои беа од различни етнички средини. На ова пензионерска средба, во организација на ЗП Гостивар, присуствуваа претставници од СЗПМ Менка Темелковска, секретар при СЗПМ и Лиле Траковска, пензионери од Гостивар, Маврово и Ростуше, Врапчиште, потоа претставници од здруженијата на пензионери од Пробиштип, Струга, Охрид, Сарај и Тетово.

Пензионерската средба ја отвори претседателот на ЗП Гостивар Нијази Џелили, кој ги поздрави гостите и пензионерите посакувајќи им добро расположение, здравје и долг живот, воедно им посака секогаш да присуствуваат на ваквите организирани средби.

Со пригодни зборови, присутните ги поздрави и претседателката на Активот на пензионерки при ЗП Гостивар Вадија Зендељи посакувајќи им добредојде и добро расположение.

– Среќата најмногу се чувствува кога имаме со кого да ја споделиме. Обидете се да најдете време за забава уживајќи во пензионерските години. Дружете се со пријатели и чувајте го тоа пријателство бидејќи здравите односи влијаат да бидеме среќни. Нека знаат сите дека и ние како пензионери знаеме да организираме убави манифестации и не дозволуваме никој да ни го



прекине замавот на наши успеси, рече претседателката Вадија Зендељи, убедена дека самиот збор Здружение е симбол на единство.

На пензионерска средба се пееја песни на македонски, албански и на други јазици и сите се веселеа и играа во исто оро. Сите беа среќни и задоволни што се заедно и што другаруваат.

# ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИ, ЧЛЕНКИ НА СЗПМ

Хуманитарните активности секогаш биле во фокусот на сите 53 здруженија членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите во сите години на неговото постоење. Така беше и во период од 2019–2023 година, а особено во 2020 и 2021 година за време на пандемијата од вирусот Ковид 19.

И покрај строгите мерки за заштита од овој опасен вирус особено за повозрасната популација хуманитарните активности не застанаа. Се приготвуваа пакети, се изработуваа шалови и капи, се собираше облека.



Хуманитарните активности беа главна преокупација и кога не беше пандемијата. Средства за овие активности се издвојуваат од годишните буџети на секое здружение во висина од 25%, што воопшто не е мала ставка. На овој начин дел од средствата собрани од членарината од членството им се враќа пак на пензионерите. Помош добиваат и за болест, операции, бањско лекување и друго. Во некои здруженија се даваат и ваучери за набавка на храна. Инвентивноста на здруженијата во овој домен е на висина и за секоја пофалба.

Речиси секоја година и во сите здруженија се одбележува 1 октомври Меѓународен ден на старите лица. По тој повод се доделуваат пакети со храна и средства за хигиена, ваучери, се држат предавања за превентива и лекување за болести поврзани со возрасната популација, предавања за исхрана, за правата на старите лица, за насилство врз нив и друго.



Исто така, во рамките на одбележувањето на „Неделата за стари лица“ во организација на Црвениот крст на Македонија и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се одржуваат голем број на активности.

Во 2019 година со хуманитарни акции „Неделата за грижа на стари лица“ од 18 до 24 ноември, беше одбележана и од страна на општинскиот Црвен крст и Активот на пензионерки при ЗП Охрид и Дебрца. Во рамките на активностите беше организирана посета на стари лица во оп–штината Дебрца. Волонтери од Црвениот крст и од ЗП Охрид и Дебрца придружувани со медицинска екипа во руралните населби Лактиње, Белчишта, Мешеишта и Волино на 60 стари лица им мереа крвен притисок, им правеа ЕКГ и им мереа шеќер во крвта. Покрај ова беа посетени и 30–те штитеници во Геријатриското одделение при Општата болница во Охрид.

ЗП Неготино, „Неделата за грижа на стари лица“, ја одбележа со повеќе активности. Актив на пензионерки посети повеќе домови на стари и изнемоштени лица во градот, преку своите ограноци и во селата: Тимјаник, Долни Дисан, Криволак, Пепелиште, Војшанци, Тремник и Курија на кои им беа однесени скромни подароци. Во соработка со Здравствениот дом Неготино доктор Александра Ристова – Стојанова пред пензионерите одржа едукативно предавање за дијабетес. Екипа составена од лекар и медицинска сестра спроведе акција во мерење на крвен притисок и шеќер во крвта кај пензионерите кои живеат во градот и во селата.



Достоинствено одбележана „Неделата за грижа на стари лица“ беше и во ЗП Ѓорче Петров. За таа цел Актив на пензионерки во соработка со Комисијата за здравство и социјала предводени од Воислав Ристовски претседател на ИО, ја посетија Геријатриската болница „13–ти Ноември“ во насалбата Ѓорче Петров. За време на посетата остварени се директни средби со болните лица во болницата како и со раководниот кадар. Истовремено делегацијата од Здружението на болницата и донираше поголем број на пижами како и прехранбени и други производи.



ЗП Демир Хисар под мотото „Да не ги заборавиме најстарите“, а по повод „Неделата за грижа на стари лица“, ја спроведе хуманитарната акција за грижа и внимание на најстарите пензионери кои се нашле во потешка материјална и здравствена состојба и со ниски пензии. Во ноември и декември месец беа посетени 19 пензионери од повеќе рурални населени места од општината. При тоа, на изнемоштените пензионери и оние со ниски примања им беа доделени пакети со најпотребните прехранбени продукти и се разговараше за нивните проблеми и потреби.



Ансамблот за народни песни „Вања Лазарова“ во Домот на АРМ одржа Фестивал на народни песни со хорови и пејачки групи кој беше со хуманитарен карактер. На Фестивалот земаа учество 12 хорови и групи, меѓу кои и хорови на здруженијата на пензионери од Кичево, Центар, Гази Баба, Чаир и други од Скопје, како и и хорот на пензионери „Невен“ од Лесковац Р Србија.

Во 2020 година по тој повод се одржа панел–дискусија на: „Здраво стареење и социјални сервиси за стари лица“ на која со свои дискусии учествуваа проф. д–р Иван Трајков од Институтот за социјална работа и политика при Филозофскиот факултет – Скопје и Станка Трајкова, претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Претседателката Трајкова најпрво на 320 000 пензионери



им ја честиташе „Неделата за стари лица“, а потоа истакна дека новите проекти значат грижа за старите лица, особено отворањето дневни центри и социјални сервиси за нив кои се од големо значење во денешните услови на живеење. Таа во врска со здравото и активното стареење рече дека активно





стареење значи старост во добро здравје, активен член во општеството, исполнетост како личност, самостојност и поголема вклученост како граѓанин во сите нивоа на општествениот живот.

– Пензионирањето не треба да значи неактивност туку активно стареење за поголема само–



стојност. Додека стареeме треба да сме во можност да раководиме со сопствениот живот што е можно подолго време. Тоа ќе се постигне доколку за старите лица не се размислува дека се товар на општеството, а за жал такви мислења постојат. Таа лекција пензионерите ја сознале многу одамна и уште пред 73 години го започнале своето пензионерско организирање. Уште тогаш почнале да се отвораат клубови и дневни центри. Денес во здруженијата на пензионерите има 450 клубови, и слободно може да се рече дека секојдневно се отвора по еден клуб каде што се свои на своето. Факт е дека онаму каде што во огранокот на здружението има пензионерски клуб, има и активно стареење. Остварување на активното живеење е една од основните цели утврдени со статутите на здруженијата која понатаму се остварува преку спортски активности, културно–забавна дејност, ликовни секции, секции на љубители на книгата, драмски секции, со поддршка на издавачката дејност и творештвото и друго. Тука се и екскурзиите и прошетките кои го збогатуваат пензионерскиот живот.

Во врска со грижата за старите лица, општините имаат значајна улога во обезбедување здраво, активно и социјализирано стареење применувајќи го доследно членот 22 од Законот за локална самоуправа. Без помош и соработка со општините здруженијата кои сами се финансираат тешко ќе може да отворат клубови или дневни центри.




Отворањето на социјални сервисни центри за стари лица е за поздравување бидејќи тоа навистина е можност старото лице да остане подолго во својот дом. Улицата, пријателите домот не може да ги замени ниту најлуксузен старски дом, но доаѓа време кога мора да се тропне и на таа врата, но таа услуга треба да биде возможна и прифатлива и за пензионерите со пониски пензиски примања, истакна меѓу другото Трајкова.

Посебно задоволство за претседателката Станка Трајкова беше, што и беа врачени 9 признанија за здруженија на пензионери, членки на од Скопје, кои на активистите ќе им бидат врачени на пригоден начин.

Кога се во прашање хуманитарните активности неодминливо е да се спомене присуството на волонтерството особено кај членките пензионерки кои се главни носителки на овие активности. Оваа активност е вградена и во програмите на здруженијата, но и во програмата на Координативното тело на на пензионерки.

2021 година беше прогласена за година на хуманитарни активности. Во овој Проект на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија се вклучија голем број здруженија, а беше изготвен и постер и флаер.

Во хуманитарните активности на здруженијата членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, не се заборавени ниту пензионерите од руралните средини. Како резултат на тоа 2022 година беше прогласена за година на „Рурален пензионер“. Во овој проект беа вклучени 37 здруженија и беа посетени голем број села и пензионери кои живеат сами изнемоштени и болни. Со овој Проект Сојузот преку Црвениот крст на Македонија доби Грант од Европската унија од 5.700 евра за помош во вид на пакети со прехранбени производи. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е асоцијација која се грижи за пензионерите во граница на своите можности. Сите активности се насочени во интерес на луѓето од третата доба.

# МАСОВНИ СОБИРИ И НАСТАНИ

Секоја година, на разни локации каде се домаќини и организатори здруженија на пензионери од непосредна близина на локалитетот се одржуваат масовни собири на кои учествуваат голем број на пензионери од речиси цела Македонија. Вакви традиционални собири единствено немаше во 2020 и 2021 година заради пандемијата од корона вирусот Ковид – 19. Овие собири финансиски ги помагаше и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, а речиси секогаш беше присутна локалната самоуправа односно градоначалникот на општината каде припаѓа здружението организатор. Покрај дружење на овие собири имаше и други активности кои имаа цел да ја зачуваат традицијата и обичаите од тој регион.



Се одржуваа настани на кои доаѓаа пензионери од голем број здруженија. Традиционално се одржа „Блакцето на баба во Велес“, „Најубаво вапсано јајце“ во Виница..., каде секој сакаше неговото здружение да добие прва награда, да биде најуспешен.

Така беше во Лесново каде се сукаше зелник, во Пробиштип каде имаше натпревар меѓу пензионери и претставници од помладите генерации во сукање и месење, во Македонска Каменица. Пензионерите зедоа учество на настани организирани од Општините, културните домови, ОО на Црвениот крст, на културни собири, читања, промоции на книги изложби...

Беа активни учесници на одржаните „Костенијада“, „Ракијада“, Пифтијади“... Секаде направените и донесените производи се продаваа, а средствата одеа во хуманитарни цели. И секаде покрај дружењето се пееше и се играше. Пензионерите разменуваа искуства и си ги разубавуваа пензионерските денови.




На 23.07.2022 г., во организација на ЗП Радовиш и Конче, се одржа традиционалното пензионерско дружење во комплексот „Ораовичко манастирче“, Радовишко.

По двегодишна пандемска ковид пауза, и покрај климатската портокалова фаза со топлотни шокови, дружењето беше масовно. Беа присутни над 3 000 пензионери од сите краеви на Македонија, со што се потврди, дека пензионерите сакаат да се дружат и забавуваат. Живата музика придонесе дружењето да биде ведро, расположено и весело, проследено со песна и оро.

На почетокот, претседателот на ЗП Радовиш, Мите Стефанов, им посака добредојде и пријатно расположение на присутните.

Поздравно обраќање до присутните пензионери имаа: Градоначалникот на Општина Радовиш, Ацо Ристов, претставникот на ЗП Општина Конче, потпретседателот на Извршниот одбор на СЗПМ Ментор Ќоку и Николајчо Николов, ктитор на манастирската црква Св. Георгиј која е

осветена 2012 г., која што го оплеменува со духовност овој комплекс и пошироката околина.

Особена благодарност до компанијата Бучим која даде придонес во организацијата за пензионерското дружење да биде што поубаво.



На 13 август во месноста Поникква и оваа 2022 година се одржа традиционалното пензионерско дружење на кое домаќин беше Здружението на пензионери ЗП Кочани. На дружењето беа присутни градоначалникот на Кочани Љупчо Папазов, претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова, секретарот на ИО на СЗПМ Менка Темелковска, повеќе претседатели на здруженија и над 1 300 пензионери од повеќе здруженија, членки на Сојузот,

По престанување на дождот, добредојде на присутните им посака и сонцето.

Прв присутните ги поздрави претседателот на ЗП Кочани Ѓорѓи Серафимов. Со топли зборови на своите највозрасни граѓани и на присутните пензионери дојдени од други градови им се обрати градоначалникот на Кочани Љупчо Папазов, кој меѓу другото рече дека пензионерите се тие кои го изградиле сето она што го имаме денес и од кои можеме да учиме за многу работи.



По градоначалникот на присутните со одбрани зборови им се обрати и претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија која во своето обраќање рече:

– Почитуван градоначалник, почитуван претседател на здружението на пензионери Ѓорги Серафимов, почитувани претседатели на здруженија кои денес сте тука на ова дружење почитувани присутни. Ве поздравувам и ви посакувам убаво да си го поминете овој ден. Знам дека сите вие со нетрпение чекате да се слушне песната и да се фатите на оро, но дозволете ми да ви кажам неколку збора и да ве поздравам во името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Имам особена чест и задоволство што денес се наоѓам тука заедно со вас, во Поникква, во овој убав предел.

Тоа што сте присутни во така голем број, покажува дека сите сакате да излезете од своите домови бидејќи само со дружење и комуникација се надминува осаменоста што е голем непријател на пензионерите, односно на возрасните лица. Пандемијата не затвори во нашите домови и тоа не беше добро.

Оваа средба денес ја организира ЗП Кочани, во соработка со локалната самоуправа што е добро и посакувано, бидејќи интересот е заеднички. На овие средби покрај дружење се разменуваат мислења и искуства меѓу пензионерите, но и меѓу здруженијата преку нивните претседатели. Затоа Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ги поддржува овие средби кои за пензионерите значат соживот, заедништво, радост,

Почитувани пензионери, денес потрудете се да ви биде убаво и да посакате повторно да се сретнете, дружите за да имате содржајно и квалитетно активно стареење.

По силниот аплауз се слушна песна се разви орoЩ Интересно е и тоа што сите присутни пензионери беа почестени со сендвич. Убав и несекојдневен гест за пример!

# ИНФОРМИРАЊЕ, ИЗДАВАШТВО И РАБОТИЛНИЦИ

## Информирањето во СЗПМ како статутарна обврска

Информирањето во СЗПМ како статутарна обврска се одвива, пред сè, преку издавање на весникот „Пензионер плус“, страницата за пензионерите во весникот на албански јазик „КОХА“ и преку веб–страница, како и преку издавање на специјални изданија за спорт и ревиите на песни, музика и игри, а се разбира и преку електронските медиуми на локално и национало ниво како што е емисијата на МТВ „Трета доба“.



Во периодот 2019–2023 година беа издадени 44 броеви на весникот „Пензионер плус“, 44 страници за пензионерите во весникот на албански јазик „КОХА“, а беа издадени 7 билтени, 4 за фолклорните ревии и 3 за спортските натпревари на регионално и републичко ниво, додека написи на веб–страницата беа објавувани според актуелноста или еднаш месечно по четири до 5 написи или видеа.

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија има дописна мрежа на која можат да и позавидат и многу поголеми електронски и пишани медиуми. Весникот „Пензионер плус“ излегуваше во 6 000 примероци а во 2022 година излегува во 5 500 примероци главно заради поскапување на хартијата и цената на печатењето. Во 2020 и 2021 година весникот „Пензионер плус“ одигра многу важна улога како месечен весник кој го привлече вниманието на пензионерот. Пензионерите го очекуваа неговото излегување со нетрпение и го читаа повеќе од претходно. Во многу здруженија се бараат и се наоѓаат разни начини како тој да дојде до пензионерот, но тоа треба да биде уште поактивно и позасилено. На една од работилниците со дописниците претседателката на Сојузот Станка Трајкова рече:

– Почитувани, во услови на пандемијата, весникот излегуваше редовно и беше единствената врска, покрај телефоните, меѓу здруженијата и Сојузот. Вие пишувавте за состојбите и вашите активности во тие тешки денови. Тоа ќе биде важен запис што историски како податок ќе се чува во Сојузот. Во овој изминат период преку Комисијата за информирање се правеа напори да се унапреди содржината на „Пензионер плус“ со нови содржини како што е страницата со лична карта на одредено здружение, информации битни за сегашните и идните пензионери, занимливости за убавините на нашата земја, но со изоставање на некои страни како што беше случајот со „здравството“, но бидејќи има зголемуваме на интересот ќе најдеме начин да го вра–

тиме повторно. Полека сакаме да се промени стереотипот од многу информации кои личат на обичен записник, кон текстови со податоци кои може да доведат до анализи со извлекување на заклучоци. За да се постигне тоа треба да ви се достапни и податоци, но, свесни сме дека вие како дописници имате одредени ограничувања и контрола, наместо да преовладува разбирање, знаење, вистина, комуникација, предлози итн. Вие сте дописници за весник што го издава СЗПМ, и од вас се очекува да застанете пред тие предизвици, да ги следите и да ги афирмирате сите активности и проекти кои ги подигнуваат здруженијата и Сојузот, како и прашања важни за пензионерите. Кога се работи за нашиот „Пензионер плус“ би била среќна, како претседател, да се претставиме со нови форми на пренос на информации врз база на досегашните искуства. Тоа значи, почитувани, дека би требало сите заедно да работиме на подобрување на содржините на весникот, а може и да прогласиме најдобар дописник за оваа година.

На работилниците се зборуваше и за прашања тесно поврзани со создавањето написи. Такви информации даде главниот и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус“ Калина Сливовска – Андонова, која зборуваше за некои практични работи кои ќе ја унапредат и олеснат дописничката дејност во техничка и новинарска смисла. Таа меѓу другото рече:



– Како што знаете денес компјутерот и интернетот станаа неразделен дел од животот и на повозрасните. Пред десетина години многумина од постарата генерација, не само што не користеа интернет туку и не знаеја како би го користеле. Денес го користат сите вклучително и луѓето од третата доба, и тоа од ден на ден станува неразделен дел од животот како едукација, разонода и другарување. Радува фактот што сите вие сте сѐ поуспешни и сѐ помалку зависни од туѓа помош, кога е во прашање компјутерот. За да бидете уште подобри и понезависни ви подготвивме материјал со најосновните совети кои траба да ги практикувате при создавање на вашите написи. Пред две години беше изготвен Прирачник за користење на Интернет и компјутер за возрасни кој беше поделен по сите здруженија, но и материјал лично за ваша употреба. Во него имате куси совети како се прави нов документ, како се отвора стар документ, како се праќа порака и фотографија, како се чита добиена порака и друго, со која големина на буквите да ги пишувате текстовите, и друго, но има и неколку новинарски упатства бидејќи меѓу вас има искусни новинари, но и аматери – ентузијасти. За да биде написот добар и јасен, секогаш треба да ги имате на ум овие пет зборчиња: кој, што, каде, кога и како! Неколкуте до сега одржани работилници беа реализирани на класичен начин. Се надевам дека наредната Работилница ќе биде со примена на повеќе илустративна техника во согласност со новите технологии кои се применуваат на вакви работилници.

На сите работилници имаше плодна дискусија и беа донесувани заклучоци. Во 2020 и 2021 година немаше работилници заради пандемијата од Ковид 19. На работилницата во 2022 година беа донесени следните заклучоци:

- „Пензионер плус“ ги задоволува сите елементи на информативен весник;
- Во написите да има и критички осврт на случувањата во граница на можностите;
- Да се афирмираат активностите на здруженијата и Сојузот во секој поглед;
- Бидејќи претстојат избори дописниците да помогнат да бидат избрани најквалитетните и најкомпетентните луѓе;
- Повеќе здруженија бараат да добиваат поголем број весници, затоа да се изврши ако е можно прераспоредување на бројот по здруженија и по другите институции каде што се доставува весникот.

# Издаваштво

Во периодот 2019–2022 година беа издадени и објавени:
14 броеви „Пензионерски видици“ во весникот Нова Македонија
46 броеви „Пензионер плус“
46 страници за пензионери во весникот на албански јазик „КОХА“
4 билтени за фолклорни ревии
3 билтени за спортски натпревари
На веб–страницата на СЗПМ континуирано беа поместувани написи, документи и фотографии.
На 10 мали здруженија Сојузот помогна да бидат отворени потстраници.
Издадени се: 2 прирачника за дописници, прирачник за работа на компјутер и интернет за возрасни, прирачник за сметководители и повеќе правилници.

Финансиска поддршка за литературно и друго творештво во 2019 година добија 11 автори, а во 2020 година добија 16 автори–пензионери. Финансиска поддршка Сојузот им даде на 17 автори и здруженија и во 2021 година, во 2022 година Финансиска поддршка во 2022 година добија 18 автори и здруженија. Комисијата забележува дека од година во година има сè повеќе интересни и квалитетни проекти кои ја добиваат максималната финансиска поддршка во согласност со утврдените критериуми на Правилникот за доделување финансиска поддршка при Сојузот. Комисијата изразува посебна благодарност до претседателката на Сојузот Станка Трајкова и нејзините соработници кои безрезервно даваат сопствен придонес и поддршка за успешната и плодородна работа на овој план.

Ваквите форми и содржини на работа на Сојузот, квалитетно го збогатуваат животот и искуството на пензионерите со кои се афирмираат традицијата и континуитетот на македонскиот јазик и на јазиците на сите кои живеат во нашата земја и ги афирмираат духовните и материјалните културни вредности создавани со столетија. Поддржаните проекти како лековита вода се манифестираат со јавни настани преку промоции, средби, дебати, работилници, фестивали и манифестации, публикување на заеднички книжевни зборници како што е „Пензионерите творат“, гостувања во разни градови во земјата и во странство и друго.



Сојузот на здруженија на пензионери одржа и една работилница со сметководителите на здруженијата на тема: „Составување на финансиските извештаи и годишната сметка за 2019 година на здруженијата на пензионерите и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија“. На работилницата Претседателката Станка Трајкова ја потенцираше важноста на овие едукативни работилници кои имаат за цел повисок степен на едуцираност на здруженијата особено заради фактот што како изворен приход е членарината што ја уплатуваат пензионерите. Подготвен е и посебен стручен материјал „Прирачник за составување на фина–



нсиските извештаи и годишна сметка на здруженијата на пензионери и СЗПМ за деловната 2019 година". Автор на Прирачникот беше Ромео Костадинов, дипл. ек. афирмирано стручно лице од областа на сметководството и финансиите за непрофитни организации (здруженија и фондации), буџети и буџетски корисници, а рецензент беше дипл. ек. Митре Стојановски, стручно лице од областа на финансиите и сметководството, претседател на Надзорниот одбор во СЗПМ.

На работилниците свое обраќање имаше и рецензентот Митре Стојановски  кој рече:

– Составувањето на финансиските извештаи и годишната сметка, претставува обврска на непрофитните организации во кои спаѓаат и здруженијата на пензионерите и Сојузот, а со цел да се обезбеди отчетност за користењето и располагањето со средствата на корисниците кои им се доверени, но и на корисниците на извештаите. Врз основа на сметководствената евиденција водена во текот на годината според законската регулатива и сметководствените стандарди, се подготвуваат основните финансиски извештаи и тоа: биланс на состојбата и биланс на приходите и расходите, кои мораат да дадат точен, вистинит и целосен преглед на реално остварените приходи и реално извршените расходи во деловната година. Финансиските позиции содржани во Извештајот – Биланс на состојба, согласно со одредбите на Законот за сметководство на непрофитните организации, ја прикажуваат состојбата на средствата, обврските, како и изворите на средствата. Финансиското извршување содржано во  Извештајот – Биланс на приходи и расходи, ги одразува остварените приходи и извршувањето на расходи и финансискиот резултат за одредениот известувачки период. Финансиското известување треба да биде во улога на обезбедување информации, корисни за донесување на деловните одлуки и да демонстрира отчетност на корисникот за средствата кои му се доверени. Материјалот во Прирачникот за составување на финансиските извештаи и годишната сметка, е претставен во 20 тематски  поглавја и ги содржи сите сегменти на финансиското и материјалното работење поврзано со законските прописи, со објаснувања, со практични примери за книжење, и пополнување на обрасците на финансиските извештаи. Прирачникот е стручно изработен, концизен и разбирлив во сите сегменти. Авторот на прирачникот, дипл. ек. Ромео Костадинов, ги истакна најважните прашања поврзани со изготвувањето на финансиските извештаи и годишната сметка со примери  поврзани со проблеми од непридржување кон прописите кои произлегуваат од Законот и Правилникот за сметководство на непрофитните организации. Потоа имаше богата и плодна дискусија со поставување прашања од присутните учесници на работилницата на кои рецензентот Стојановски и авторот Костадинов даваа исцрпни одговори.

## На МТВ започна повторно да се емитува емисијата „Трета доба“



Македонската телевизија на 19 март 2022 година започна да ја емитува емисијата „Трета доба“ која има големо значење за информирањето за работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и на здруженијата на пензионерите. Проектот претставува голем успех за претседателката на Сојузот, Станка Трајкова која е заслужна за повторното емитување на емисијата. Соработката со медиумите, како и оваа емисија, се дел од Програмата на Сојузот и има цел информирање на пензионерите и пошироката јавност за резултатите и активностите на највозрасната популација во нашата земја. Во неа ќе бидат поместени мудри пораки и освежени стари спомени. Исто така, емисијата „Трета доба“ ќе содржи прилози и настани за животот на возрасните и како тие си ги исполнуваат пензионерските денови и активно стареат. Првата емисија која одеше на 19 март 2022 година со радост и воодушевување беше дочекана од возрасните.

**СЕДНИЦА НА ПРАВНО-ЕКОНОМСКИОТ ФОРУМ НА СЗПМ**

# СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ЗА СОЈУЗОТ, ЌЕ ДОНЕСЕ ПРИДОБИВКИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

Прашањето за стекнување на Сојузот со статус од јавен интерес беше разгледано на седница на Правно–економскиот форум, која се одржа на 18.9.2020 година. Со седницата раководеше претседателот на Форумот, Фиданчо Стоев. На седницата присуствуваа претседателката Станка Трајкова, м–р Илија Адамоски, претседател на Собрание на СЗПМ и Стефан Ацески, претседател на Статутарна комисија на Сојузот. На дневен ред беше разгледување на прашањето за стекнување на Сојузот со статус од јавен интерес.

Воведно излагање на седницата по прашањето за стекнување на Сојузот со статус од јавен интерес имаше претседателот Фиданчо Стоев, Правно–економскиот форум, кој меѓу другото рече:




– Оваа иницијатива има цел да се согледа законската регулатива која се однесува на ова значајно прашање. Денес овој текст ќе го разгледа и ќе даде свое мислење Правно–економскиот форум, кој е составен од високостручен кадар од правен и економски домен, а потоа текстот ќе оди на Извршниот одбор на Сојузот.

Според членот 73 од Законот за здруженија и фондации, организациите можат да се стекнат со статус од јавен интерес, ако вршат дејности од јавен интерес, спроведување на програми и проекти на централно и/или локално ниво.

Во членот 74 од ЗЗФ таксативно се наведени дејностите од јавен интерес: развој на демократијата, граѓанското општество и човекови права; уметност, култура и заштита на културното наследство; хуманитарна и социјална помош; намалување на сиромаштијата, унапредување на добротворството и волонтерството; заштита на животната средина; унапредување на здравјето; заштита на маргинализирани лица и др. Понатаму, во членот 75 се наведени критериумите за стекнување со статус од јавен интерес, како на пример: регистрација согласно одредбите на овој закон; работењето и дејствувањето да е насочено кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата; постоење на организациска структура согласно овој закон; да има кадровски капацитет потребен за дејноста согласно законот; да има пропишани правила за судир на интереси и на обезбедување на транспарентност и јавност во работењето.

Анализирајќи ги овие законски одредби и целите утврдени со Статутот на Сојузот, произле–

гува од дејностите што се извршуваат преку здруженијата во нив како што се културните, спортските, социјалните, хуманитарните, волонтерските и инклузивните, еколошките и други активности, се во насока на иницијативата за добивање статус на јавен интерес. Потоа имаше дискусијата од која произлезе дека Сојузот од аспект на исполнување на утврдените критериуми за стекнување на статус од јавен интерес според член 75, се оценува дека главно ги исполнуваат потребните критериуми насочени кон пошироката јавност и интересите на заедницата. Исто така, Сојузот поседува соодветна организациска структура, располага со финансиски средства, има утврдени правила за судир на интереси и за обезбедување на транспарентност и јавност во работењето, а стекнување на статус од јавен интерес за Сојузот, ќе донесе придобивки за пензионерите.

На 27.9.2022 година Сојузот доби известување дека е донесено Решение за доделување статус на организација од јавен интерес за Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.



Влада на Република Северна Македонија
Генерален секретаријат

Qeveria e Republikëssë Maqedonisë së Veriut
Sekretariati i përgjithshëm

Арх. број/ Num. ark.: 20-3/
Датум/Data: 6.10.2022

03-02/378
7.10.2022

Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија
Бул. "Кочо Рацин" бр. 14
Скопје, Република Северна Македонија

Предмет: Известување за донесено Решение за доделување статус на организација од јавен интерес

Врска: Ваше Барање заведено под бр. 20-3/1 од 15.03.2021 година

Почитувани,

Ве известуваме дека постапувајќи по Барањето за добивање на статус на организација од јавен интерес бр. 20-3/1 од 15.03.2021 година, врз основа на член 79 став 1 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16), по предлог на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27.09.2022 година, донесе Решение со кое на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија-Скопје се доделува статус на организација од јавен интерес.

Во прилог ви го доставуваме Решението бр. 41-6879/1 од 27.9.2022 година, за ваше запознавање и постапување.

Искрено,

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвила: Сања Савовска, помошник раководител на Сектор за анализа на политиките и координација за соработка со граѓанскиот сектор
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска, раководител на Сектор за анализа на политиките и координација

Прилог: Решение бр. 41-6879/1 од 27.9.2022 година

Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118022
www.vlada.mk

**ИНТЕРВЈУ СО СТАНКА ТРАЈКОВА, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА**

# СТАНДАРДОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ БИЛ И ЌЕ БИДЕ СЕКОГАШ ПРИОРИТЕТ НА СОЈУЗОТ



**● На крајот сме на 2022 година. Вообичаено е кога завршува годината да се направи сумирање на о на што е реализирано и она што останало, затоа Ве молам да дадете ретроспектива на случувањата во изминатиот период откако сте Вие на чело на најбројната асоцијација во земјата, која брои над 290 илјади членови, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.**

– Стандардот на пензионерите бил и ќе биде приоритет на Сојузот и нивното  активно и достоинствено стареење. Во таа насока беше и мојата изборна програма врз база на која и ја добив довербата од членството. Така е и денес.

По изминатите месеци можам со задоволство да констатирам дека најголем дел од зацртаното е реализирано. При тоа сакам да истакнам дека за резултатите и постигањата се заслужни и луѓето од мојот тим, раководствата на здруженијата и секој поединец – член на Сојузот. Секогаш не е лесно но, се разбира, кога на нешто си му посветен, кога нешто сакаш да биде постигнато, се наоѓа патот кон тоа и резултатот е евидентен. Но, сепак мислам дека секогаш  може и подобро.

**● Вашите резултати се очигледни, но што би издвоиле од активностите во годината што изминува?**

– Како позитивна активност која ме прави горда е прогласување на 2022 година за година на „Рурален пензионер“ и поддршката на овој проект. Првпат добивме средства од ЕУ и се надевам дека сите заедно ќе ја оправдаме довербата што ни е дадена. Во овој контекст се покажа добро и формирањето на Координативното тело на активите на пензионерките. Непобитен факт е дека пензионерките се главни носителки на волонтерството и хуманата компонента во работењето на здруженијата и Сојузот како целина.

Не изостана соработката со државните органи (член 11 став 1 алинеја 2), како резултат на што беа прифатени нашите предлози за усогласување, односно зголемување на пензијата, на нашиот предлог за антикризни мерки и други работи од интерес на членството, но и соработката со други министерства и институции кои се занимаваат со пензионерската проблематика. Не изостанаа и нашите традиционални активности како што се регионалните и Републичката ревија на песни, музика и игри и регионалните и Републичките спортски натпревари, на кои иако беа малку видоизменети, здруженијата се покажаа во убаво светло, по двете тешки пандемски години.

Исто така, беа организирани повеќе средби во Сојузот со министерката за труд и соци–

јална политика, премиерот Димитар Ковачевски, министерот за здравство д–р Беким Сали, директорот на Фондот Дритан Беџети и претседателот на Управниот одбор Боро Варошлија, средби со претставници на „Национални шуми“ околу снабдувањето на пензионерите со огревно дрво кое е многу важно за луѓето во третата доба, особено во внатрешноста. Посебно ги издвојувам средбите со претседателите на здруженијата кои беа корисни како за здруженијата така и за Сојузот.

За истакнување е дека и годинава се доделија признанија во СЗПМ на 5 најактивни здруженија по повод 20 септември, Денот на пензионерите на Македонија, кој беше одбележан речиси во сите здруженија. Отворени се и нови клубови на пензионери кои во 53–те здруженија во моментов ги има над 450. Дел од нив се со средства на самите здруженија, но помагаше и локалната управа, односно општините, како и Сојузот.

И на меѓународен план се потрудивме да бидеме активни. Успешно се претставивме и на 21. меѓународен фестивал на трета животна доба во Љубљана, Словенија, каде што нашите здруженија Кисела Вода и Кавадарци покажаа како се чува и негува нашето културно фолклорно наследство. И оваа година го поддржавме творештвото и издаваштвото на нашите членови доделувајќи средства на 17 автори. Редовно излегува нашиот весник „Пензионер плус“, а и нашите билтени. Секако дека има уште за кажување, но просторот, како и сè има ограничување. Работевме успешно, но се разбира, ќе повторам, секогаш може да биде подобро.

● **Што Ви остана како нереализирано или како планирано за 2022 година?**

– Како еден од најважните приоритети ми е желбата да биде донесен Закон за пензиско организирање во Македонија. Со неговото донесување ќе бидат решени многу проблеми. Пред сè, формирање на паралелни здруженија во една општина, спојување според нивна иницијатива на инвалидските сојузи и друго.

Втор приоритет ми е заживување на потпишаниот нов Меморандум со ЗЕЛС. Очекувам доследна примена на членот 22 од Законот за локална самоуправа особено вклучување на општините во изградба на старски и пензионерски домови за пензионерите. Локалната управа има важна улога во функционирањето на здруженијата, но и обратно. Едните без другите тешко можеме успешно да функционираме.

Трет приоритет е донесување на нова Позитивна листа на лекови, на листата на лекови, и внесување на повеќе права и бенефиции и надвор од пензискиот систем со што би се обезбедил достоинствен живот на пензионерите.

Има уште планови и замисли, но главна преокупација ни е да се развива волонтерството, инклузијата и принципите на кои ќе се базира Програмата за работа на Сојузот за 2023, а тоа се столбовите на мојата работа: транспарентност, јавност во работата, промоција на Сојузот во земјата и надвор од неа, одговорност на сите нивоа и на секој поединец, особено внимателно и одговорно трошење на средствата од пензионерите за пензионерите.

● **Во декември здруженијата и Сојузот преку своите комисии и тела ги носат програмите за работа и финансиските планови за наредната година. Што им препорачувате на здруженијата да внесат во своите програми?**

– Како и досега програмите треба да содржат два дела. Во едниот дел треба да се планираат традиционалните активности кои со години наназад се практикуваат во Сојузот. Да не ги заборават и хуманитарните активности и масовните дружења. Да си го организираат своето време преку разни активности. Во своите програми да внесат елементи за активно и достоинствено стареење во сопствениот дом или во некоја институција како крајно решение.

● **Но почетокот на 2023 ќе има и избори во здруженијата и во Сојузот. Кои се препораките Ваши и на Сојузот?**

– Да се изберат добри докажани кадри, но се разбира, да не се заборави да се внесат и нови, како и на родовата и националната застапеност, без ничии сугестии и препораки односно без политичко влијание. Здруженијата како граѓански организации се должни самостојно, односно автономно да си ги спроведат своите избори.

● **Кога сме кај изборите, почитувана претседателке Трајкова, вие сте прва жена претседател на Сојузот која во изминатите четири години со своето менаџирање, со својот ангажман и големиот број проекти придонесовте доста за афирмација на Сојузот во земјата и во пошироката опкружување, како и за подобрување на статусот и стандардот на пензионерите во нашата земја, ќе се кандидирате ли да бидете на чело на Сојузот уште еден мандат, нешто кое го очекува и членството?**

– Секогаш и порано во мојот работен век, а и сега како пензионер, се трудам максимално да ја оправдам дадената доверба вложувајќи ја сета моја енергија, мојот интелектуален капацитет, знаење и искуство. И секогаш тоа давало препознатливи резултати. Според тоа, коректно е да ја најавам мојата повторна кандидатура за претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

● **На крајот, што ќе им порачате на сите оние кои се здружиле во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и ќе го читаат ова Ваше интервју?**

– Да бидат спокојни. Пензиите ќе бидат редовни и редовно ќе бидат усогласувани. Сојузот, во граница на своите ингеренции, упорно ќе работи животот да им биде што попријатен на сите пензионери во нашата држава. Во мое лично име и во име на Сојузот им ја честитам и им посакувам многу здравје на нив и на нивните семејства во Новата 2023 година.

# СОГЛЕДУВАЊА 2019-2023

## ВТОР ДЕЛ

# ПРОЕКТИ

Во периодот 2019 – 2022 година продолжени се повќе започнати проекти, но покренати се и повеќе нови со цел животот и стандардот на пензионерите да биде поквалитетен, посодржаен и подобар.

**Започнати проекти во претходниот период:**

- Донесување закон за пензионерско организирање во Македонија
- Социјална карта на пензионерите во здружението
- Волонтерство
- Инклузија

**Нови проекти**

- Средување на податоци на членовите во едно здружение со изработка на СД
- Формирани се две нови комисии: кординативно тело на Активите на пензионерки и Комисија за старски и пензионерски домови и пензионерски стандард
- Одржување на состаноци за прашања од интерес на пензионерите со претседателите на здруженијата
- Средување на архивата на СЗПМ
- Усогласување на статути
- Ало пензионерски прашања
- Рурален пензионер
- Изготвување на Прирачници и друг информативен материјал и друго.
- Стекнување на Сојузот со Статус од јавен интерес

# ПРИОРИТЕТ ЗА СОЈУЗОТ Е ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОН ЗА ПЕНЗИОНЕРСКО ОРГАНИЗИРАЊЕ

Министерката за труд и социјална политика Мила Царовска, на 1 јули 2019 година, оствари работна средба во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на која присуствуваа членовите на Извршниот одбор на Сојузот, претседателот на Собранието на СЗПМ м-р Илија Адамоски, претседателот на Правно-економскиот форум д-р Фиданчо Стоев, претседателот на Комисијата за старски, пензионерски домови и стандард на пензионерите Мите Стефанов, и други претставници на битни тела и комисии. Со работната средба раководеше претседателката на СЗПМ Станка Трајкова.



На дневен ред на средбата беа теми кои се од приоритетно значење за над 320 000 пензионери во земјата, но и за идните генерации пензионери и тоа:

1. Донесување  Закон за пензионерско организирање
2. Изградба на старски и пензионерски домови
3. Усогласувањето на пензиите односно за пораст на пензиите во наредниот период.

За средбата од страна на Сојузот беа подготвени следните материјали:
Информација за состојбите во старските и пензионерските домови во државата;
Информација за усогласување на пензиите со предлог-варијанти од Сојузот како и потреб-

ните финансиски средства за таа намена;

Преглед на движење на бројот на корисниците на пензија од 2007 до 2019 по категории за да се утврди приливот на нови и починати пензионери за да може да се согледа фактичката состојба за функционирање на Солидарниот фонд;

Преглед на движење на платите и висината на трошоците на живот, битни елементи за усогласување на пензиите;

Информација за соодносот на просечната плата и просечната пензија од 2007 до трети месец 2019 година, со цел да се одмери висината на просечната пензија во однос на просечната плата;

Споредбени податоци за висината на старосната пензија во однос на просечната плата во нашата земја, во Словенија, Хрватска и Србија од кои се гледа дека просечната пензија во однос на просечната плата најмногу заостанува во Хрватска, а висината на старосната пензија изразена во евра е најмала во Србија.

Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова го поздрави присуството на министерката Царовска изразувајќи задоволство што оваа средба е можност таа да ги слушне пензионерските приоритети заедно со образложенијата директно од највисокото раководство на СЗПМ.



За потребата од донесување Закон за пензионерско организирање во Македонија воведно излагање имаше претседателот на Правно-економскиот форум д-р Фиданчо Стоев кој ја образложи потребата од донесување на еден ваков закон и рече:

– Донесување на овој закон има голем број придобивки и тоа: ќе се уреди пензионерското организирање на територијален принцип со што ќе се избегне формирање на повеќе мали здруженија на територијата на една општина, потоа ќе се зголеми заштитата на пензионерските права на повисока дистанца и ќе се користат средствата од членарината за она за што се наменети односно за пензионерските активности и друго.

За значењето и потребата од донесување ваков закон зборуваше и претседателката Станка Трајкова која потенцираше:

– Пензионерската организација во нашата земја има свои специфики на кои не соодветствува постоечкиот закон за здруженија и фондации. Овој Предлог-закон одел на јавна расправа во сите 53 здруженија и тоа во рок од 6 години двапати. Најголемиот број здруженија, 45 на број, се за донесување на еден ваков закон. Постојат и 8 здруженија кои се скептични, но нивните аргументи не се реални и не одговараат на реалната состојба. Во изготвување на Предлог-законот вградени се сите дадени забелешки од јавната расправа. Законот ќе внесе ред во сите постоечки 4 сојузи, а не само во СЗПМ, односно ќе донесе придобивки за сите 320 000 пензионери. Овој закон во никој случај не навлегува во самостојноста и финансиското работење на здруженијата. Тие и понатаму се правни субјекти со свои статути, програми и независно работење како што се и сега.

Во своето излагање министерката за труд и социјална политика Мила Царовска потенцираше:

– Мислам дека е многу важно да имаме вакви средби на коишто ќе имаме конструктивни дискусии во врска со сите прашања поврзани со пензионерите коишто преку својот труд во минатото учествувале во изградба на нашето општество.

Што се однесува до донесување Закон за пензионерско организирање во Македонија, министерката Царовска рече дека таа како министер нема ништо против донесување на ваков закон,

но мора да се обезбеди поддршка од поширокатa јавност во земјата: од експертската, стручната, финансиската, социјалната и други структури. Предлага да се испрати Предлог–законот до МТСП, да се формира заедничка комисија од СЗПМ и МТСП и да се организира јавна расправа преку јавни дебати, трибини, пишани и електронски медиуми и друго. Расправата да почне во септември и да заврши во ноември, а потоа со сите согледувања да оди на Влада.

Потоа на работната средба беше истакнат еден од најголемите проблеми за оваа најмногубројна популација а тоа е изградба на старски и пензионерски домови бидејќи со години не е изграден ниту еден дом, а населението во нашата земја како и секаде во светот е се постаро. Воведно излагање за овој проблем имаше претседателот на Комисијата за старски, пензионерски домови и стандард на пензионерите Мите Стефанов. На прашањата што се презема на овој план, ќе се градат ли домови, можно ли е државата да партиципира во приватните домови и друго, министерката рече:

– Министерството и Владата го знаат овој проблем и се прават напори истиот да се разреши на најдобар можен начин, се разбира според можностите. Во Министерството постои комисија која ја третира оваа проблематика. Направена е анализа на цените и капацитетите на приватните старски домови со цел да се изнајде рамка за цените, а дел од капацитетите да бидат во еден вид изнајмување од државата и во нив да бидат сместени пензионери кои не можат да ги платат економските цени на приватните домови.

Министерката предложи во таа комисија СЗПМ да делегира свои претставници. Препорача здруженијата да бидат поактивни при донесување на општинските годишни буџети, долгогодишни стратегии со што ќе се ублажи овој проблем.

Во врска со прашањето за пораст на пензиите министерката Царовска образложи:

– Пензиите се стабилни и продолжуваат да растат. Со последните законски измени пензиите ќе растат колку што ќе расте и инфлацијата и тоа двапати во годината, а предвидено е и трето усогласување на крајот на годината доколку имаме економски раст на БДП од над 4 %, што според досегашните показатели е возможно да се случи и пензиите да бидат покачени по тој основ од 1 април 2020 година. Со усогласувањето на пензиите со пензиската реформа се стабилизира пензискиот систем и е направена заштеда во Буџетот од 4 милијарди денари, и за првпат се исплати пензија без позајмици. Просечната пензија порасна од 13.754 денари во декември 2016 на 14.580 денари со последното усогласување во март годинава.

На крајот беше договорено вакви средби да има почесто во интерес на сите пензионери, но и на нашата држава, бидејќи пензионерите се најмасовната популација која заслужува достоинствено да живе, а во неа има и интелектуален потенцијал, искуство и знаење кое државата може да ги искористи.

# ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ПОТПИШЕ НОВ МЕМОРАНДУМ ПОМЕЃУ СЗПМ И ЗЕЛС

– Потребно е да се донесе Меморандум за соработка на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со Заедницата на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС.

Ваков Меморандум бил донесен во 2008 година, но бидејќи се сменети околностите и условите потребно е да се потпише нов. Точките во Меморандумот се во согласност со Законот за локална самоуправа во државата. Меморандумот ќе ја поттикне и збогати соработката меѓу здруженијата и општините, а од тоа најголема добивка ќе имаат пензионерите, – рече меѓу другото во своето уводно излагање претседателката на СЗПМ **Станка Трајкова**.

Потпишувањето на ваквиот нов Меморандум едногласно беше поддржан од присутните, а предлог–содржината беше оценета како добра со напомена дека веројатно свои дополнувања и забелешки ќе има и другата страна, односно ЗЕЛС.

**СОСТАНОК СО НОВИТЕ ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ЧЛЕНКИ НА СОЈУЗОТ, ИЗБРАНИ ЗА МАНДАТНИОТ ПЕРИОД 2019 - 2023 ГОДИНА**

# ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ И КОНСТРУКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ПОНАТАМОШНО ЗАЕДНИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ

На 26 август 2019 година во просториите на СЗПМ се одржа состанок со новите претседатели на здруженијата на пензионерите членки на Сојузот, избрани за мандатниот период 2019 – 2023 година.

Состанокот имаше цел новите претседатели да се запознаат со задачите и активностите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, со функционирањето на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина (ОРО) и проблемите со кои се среќава овој одбор, со постоечката Одлука за единствените критериуми во материјално–финансиското работење на здружанијата на пензионерите и Сојузот донесена од Собранието на СЗПМ во 2014 година, со Програмата на новоформираното Координативното тело за работа на Активите на пензионерки за период 2019–2023 година, како и со масовните традиционални пензионерски манифестации кои ги организира СЗПМ со години наназад.



На состанокот покрај новите претседатели на здруженијата на пензионерите членки на Сојузот, присуствуваа: претседателот на Собранието на СЗПМ, м–р Илија Адамоски, потпретседателот на Извршниот одбор на СЗПМ, Ментор Ќоку, секретарот на Извршниот одбор на СЗПМ, Менка Темелковска, претседателот на Надзорниот одбор, Митре Стојановски и Калина Сливовска–Андонова, претседател на Комисијата за информирање во Сојузот.

Седницата успешно во релаксирана атмосфера ја раководеше претседателката на СЗПМ и наедно на Извршниот одбор, Станка Трајкова.

Трајкова ги поздрави присутните и истакна дека низ дебата за предложените теми од дневниот ред покрај меѓусебно запознавање ќе се изгради и конструктивен договор за понатамошно заедничко дејствување во здруженијата од кои доаѓаат, но и во Сојузот како целина.

Потоа претсадателката му даде збор на претседателот на Собранието на СЗПМ м–р Илија Адамоски. Тој во излагањето зборуваше за целите, задачите и активностите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, издвојувајќи ги, како што рече, најбитните од оние поместени во Статутот на СЗПМ, инкорпорирани во Програмата за 2019, поткрепувајќи ги со соодветни примери.

– Сојузот и во минатото и сега се залага за она што е најбитно за пензионерите, односно

за луѓето од третата животна доба, а тоа е пред сè редовната исплата на пензиите и квалитетна здравствена заштита која содржи пристапност до сите нивоа во државните и приватните здравствени установи, снабдувањето со лекови, ослободување од партиципација на сите корисници на пензија и друго. За реализирање на нашите предлози и барања, Сојузот соработува со повеќе државни органи: со Министерството за труд и социјална политика каде што има свои претставници во Советот

за социјална сигурност, во управните органи на Фондот на ПИОМ и Фондот за ЗОМ и други, каде што се дебатира за проблемите на лицата од третата доба. Нашите заложби се фокусирани за донесување на Законот за пензионерско организирање во Македонија кој е доставен до МТСП. Но, покрај Сојузот во активностите поврзани со донесување на законот исто така, преку дебати и трибини треба да се вклучат и здруженијата, а и со свои идеи и барања во општините каде што живеат бидејќи тие го заслужуваат тоа со својот вложен труд. Здруженијата на пензионери и понатаму треба да ги поддржуваат културните и спортските активности со нивно омасовување. Сојузот се залага и процесот на информирање да функционира добро преку сите форми, а посебно преку своите весници.

Со своја дискусија по оваа точка од дневниот ред се вклучи претседателката Трајкова која во врска со здравствената заштита вети дека ќе организира средба со министерот за здравство за подобрување на здравствената заштита на корисниците на пензија имајќи предвид дека 75 000 или 25% од корисниците примаат најнизок износ на пензија.

– Во последно време особено се зголемува потребата од геријатриско сместување на корисниците на пензија. Ова е долгогодишен проблем со кој неодамна беше запознаена и министерката за труд и социјална политика Мила Царовска. За оваа цел формирана е и Комисија за старски и пензионерски домови и пензионерски стандард во Сојузот, а имаме и свој претставник во таква комисија во МТСП, – истакна меѓу другото претседателката Трајкова.





Потоа се разви дискусија во која зедоа учество повеќе претседатели главно со барање за обезбедување бесплатен превоз во Скопје и на пензионерите од другите градови, но и беше истакната и потребата од ваков превоз на локално ниво, на што претседателката информираше дека по ова прашање ќе се дискутира со претседателот на ЗЕЛС при потпишување Меморандум на ЗЕЛС и СЗПМ. Во дискусиите беше присутно и прашањето за сопственост на пензионерските домови изградени со средства на пензионерите, а со нив стопанисува ПИОМ. Присутните дадоа многу интересни предлози. Се дискутираше и за трошењето на средствата од членарината и сите ги искажаа своите заложби тие средства да се користат строго наменски во интерес на пензионерите.

За функционирањето на ОРО (Одборот на регистрираната организација за солидарен фонд и членарина) и проблемите со кои се среќава овој одбор, излагање имаше

Ментор Ќоку, потпретседател на Извршниот одбор на СЗПМ и претседател на ОРО, кој меѓу другото истакна:

– Силно се залагам и го поддржувам донесувањето на Законот за пензионерско организирање бидејќи со неговото донесување би се решиле доста проблеми меѓу кои и формирање на паралелни здруженија во една општина во СЗПМ, но и во другите три инвалидски сојузи што не е добро. Со ситнување на членството се ситнуваат средствата и се намалуваат можностите за побогати активности. Ова посебно е изразено кај трите инвалидски сојузи каде што има околу 35 000 пензионери, а има над 53 здруженија.

Во врска со сервисирањето на членарината Сојузот се соочува со проблеми околу уточнување на фактичката состојба. За таа цел се одржа состанок на 8.8.2019 година во Фондот на ПИОМ со нивни претставници и се постигна договор за подигање на соработката на повисоко ниво. Податоците

за бројот на членовите по општини од страна на Сојузот се обработени до февруари 2015 година, а од страна на Сојузот преземена е обврска да се изврши шифрирање на уште околу 90 000 корисници на пензија со што податоците од СЗПМ и ФПИОМ ќе се усогласат.

Претседателката Трајкова истакна дека ќе се преземат сите активности да се средат податоците со членството и да им се достави ЦД на здруженијата.

Постоечката Одлука за материјално–финансиско работење донесена од СЗПМ пред неколку години, ја образложи претседателот на Надзорниот одбор на СЗПМ, Митре Стојановски, кој рече дека со оваа одлука е поставена општа рамка за трошењето на средствата, односно таа содржи лимити кои треба да се почитуваат. По оваа одлука претседателката истакна дека таа е основна рамка за самостојно уредување на материјално–финансиското работење во Сојузот и здруженијата на пензионерите и нагласи дека финансиските средства на здруженијата и Сојузот треба да се употребуваат со нивно ефикасно и рационално користење за остварување на целите и задачите утврдени во статутите на здруженијата на пензионерите и СЗПМ.

Во тој контекст, истакна претседателката, дека и членовите на органите на здруженијата и Сојузот се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување во интерес на здруженијата и Сојузот, а над личните интереси.

Понатаму претседателот Митре Стојановски истакна дека со цел да им се помогне на здруженијата Сојузот неколку години station наназад одржува работилници за финансиско работење и изготвување на завршните сметки на здруженијата, а издава и прирачник. Здруженијата треба да работат внимателно и наменски да ги трошат средствата, во тоа треба да се вклучат и надзорните одбори, во кои за членови треба да се изберат стручни лица со добро познавање на сметководствените работи. Постоечката одлука ќе се дополни и надогради, но она што е добро ќе остане.

Според дневниот ред, претседателката на СЗПМ, Станка Трајкова, ја елаборираше Програмата за работа на новоформираното Координативно тело на Активите на пензионерки за период 2019–2023 година и побара од претседателите што поголема родова застапеност во сите тела и органи и целосна поддршка на Активите на пензионерки во сите дејности особено во хуманитарните, активности кои треба да бидат еден од столбовите во работата и на активите и на здруженијата. Исто така во контекст на оваа точка беше истакнато дека во здруженијата треба да се поддржува и развива волонтерството, а не работите што се извршуваат да прераснуваат во „платени активности“.

На завршниот дел од состанокот се дискутираше за дефинирање на бројот и видот на манифестациите кои ги организира Сојузот и здруженијата и сведување на нивниот број на најрационално ниво со цел средствата да се трошат соодветно и наменски. Сите присутни се сложија дека треба да се организираат спортски натпревари, културно забавните манифестации, екскурзии, прослави и јубилеи, но дека треба да се води сметка за нивното значење и разновидност и да нема повторување во содржините.

По исцрпната дискусија по сите прашања се донесоа следните заклучоци:

1. Програмите за работа да бидат во согласност со целите и задачите утврдени со Статутот на Сојузот и статутите на здруженијата на пензионерите;

2. Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина континуирано да работи на уточнување на податоците за членството и истите да ги доставува до здруженијата;

3. Одлуката за единствени мерила и критериуми во материјално–финансиското работење на здруженијата на пензионерите и Сојузот доследно да се почитува, која Одлука во наредниот период ќе има соодветни измени и дополнувања.

4. Активите на пензионерки да работат во здруженијата на пензионерите со целосна поддршка од членството и раководствата во нивните активности;

5. Од сите присутни претседатели на здруженијата на пензионери се дава силна поддршка за донесување на Законот за пензионерско организирање. За таа цел тие се обврзаа дека тоа ќе го дискутираат во здруженијата, институциите и медиумите на сите нивоа.

Според дискусиите, предлозите и заклучоците состанокот беше мошне успешен. На истиот се изгради конструктивен договор за понатамошно заедничко дејствување, на општо задоволство на присутните со следна средба на Републичките спортски игри на 22 септември 2019 година, каде што покрај спортување ќе се развива меѓусебно другарување и заедништво.

**СОСТАНОК НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО НА АКТИВИТЕ НА ПЕНЗИОНЕРКИТЕ СО ПРЕТСЕДАТЕЛКИТЕ**

# ИНТЕРЕСНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

На 5 август 2019 година во Скопје се одржа проширен состанок на Координативното тело на активите на пензионерките на кој присуствуваа речиси сите претседателки, иако овие летни денови беа многу топли. Не дојдоа само 5–6 претседателки на активи и тоа од: Дебар и Центар Жупа, Кавадарци, Битола, Тафталиџе, Илинден, Кисела Вода. На состанокот присуствуваше претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, а го раководеше претседателката на Координативното тело, Ангелина Ристеска.

На состанокот најпрво збор зеде претсадателката на СЗПМ Станка Трајкова. Таа ги поздрави присутните претседателки, ги објасни целите и задачите на ова тело и рече:



– Особено се чувствувам среќна и задоволна затоа што мојата долгогодишна идеја е реализирана односно оформено е Координативното тело на активите на пензионерки во Сојузот. Не беше лесно. Требаше многу труд и усилби, но сето тоа даде резултати. Ова тело има значајна улога. Ќе се обидам пред вас да ги изнесам најзначајните елементи од предложената програма, која има цел меѓусебно запознавање на претседателките, размена на искуства и заеднички активности. За ова да се реализира мораат да помогнат раководствата, извршните одбори, а особено претседателите на здруженијата членки на Сојузот. Предложенава програма која во куси црти ќе ја образложам е за период 2019 – 2023 година бидејќи во овој период целите и задачите се исти, а само од година на година ќе се надополнува и ќе се реализира преку изготвување акциони планови во зависност од околностите:

**- Следење на состојбата и функционирањето на Активите на пензионерки**

Во оваа активност ќе се следи функционирањето на активите на пензионерките од правен, економски и социолошки аспект заради согледување на проблемите со нивно основање и функционирање, со кои проблеми се соочуваат и друго.

**- Инклузија (вклученост) на жените во извршување на секојдневните задачи во Сојузот и здруженијата**

Инклузија (вклученост) на жените во активности што ги преземаат и други граѓански организации како што се организација за заштита од семејно насилство, родова еднаквост, здравст–

во, социјална дејност, еколошки активности и друго, со цел активите на пензионерките да се вклучат, да се промовираат, да ги апострофираат и изложат потребите на пензионерската популација. Во овој контекст треба да се истакне и да се оствари поголема соработка со центрите за социјална работа, да има учество на оваа популација на разни трибини, панел дискусии и друго, каде што се говори за старите лица, а посебно женската популација како дел од корисниците на пензија.

Се очекува оваа активност да биде интензивирана во 2019 година бидејќи само со заеднички активности и соработка во рамките на здружението особено во ограноците може да се почувствува грижата за пензионерите а особено за пензионерките членови на активите. Активите да учествуваат во подигање на свеста на сите нивоа во третманот на старите лица.

**- Интензивирање на Волонтерството по здруженијата и Сојузот**

Пред две години Сојузот донесе Проект – Волонтерство кој го достави до здруженијата на пензионерите. Одделни здруженија овој проект го користеа како основа за донесување свои проекти кои ги приспособија на сопствените потреби и услови. Меѓутоа може слободно да се каже дека волонтерството сè уште не го зазема заслуженото место во пензионерските здруженија. Би требало да се поттикне оваа активност со цел да се изнајдат форми и начини.

**- Интензивирање на хуманитарната помош од секаков вид**

Помагање на ранливите категории на пензионери со собирање алишта, храна, средства за хигиена и доброволно собирање патични средства.

**- Учество во регионални и републички ревии на песна музика и игри и спортски натпревари**

Значајно место во 2019 година ќе има учеството на пензионерките во традиционалните активности: регионални и републички ревии на песна музика и игри и во спортските натпревари. Во нив да има што повеќе жени.

**- Унапредување на здравствената заштита на корисниците на пензија, особено на женската популација**

Оваа активност ќе се реализира преку предавања на еминентни стручњаци лекари и преку соработка со организации поврзани со здравството.

**- Учество на жените на масивни собири, екскурзии и друго**

Оваа активност особено треба да се активира кај пензионерките од руралните средини и кај пензионерките од сите националности.

**- Меѓународна соработка**

Да се интензивира соработката со пензионерки од други земји.

Во дискусијата во која учествуваа голем број од присутните, беа дадени многу интересни предлози. Еве некои од нив:

– ангажирање на пензионери во здруженијата кои владеат со одредени занаети кои би им помагале на други пензионери волонтерски или за скромна надокнада, како и одржување на пензионерските клубови и друг вид објеки;

– собирање алишта и други продукти за пензионери со ниски примања; соработка со Црвениот крст и други институции:

– собирање донации од разни фирми;

– подигање на волонтерството, инклузијата и родовата застапеност на повисоко ниво;

– давање правна помош;

– обука за заштита од семејно и друго насилство и кражби;

– собирање рачни изработки кои стојат по домовите, како што се гоблени, везени, плетени работи, јамболии и килими, а собраните финансиски средства да се користат во хуманитарни цели;

– изработка на рачно изработени исплетени шалови, капи и друго;

– посета на старски домови;

– пренамена на средства наменети за прослави за хуманитарни цели;

– обезбедување средства од европските фондови и грантови, и обука на здруженијата како да аплицираат;

Имаше и други предлози во дискусиите и сите ќе бидат вградени во програмата.

СЗПМ
СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
UNION OF PENSIONERS' ASSOCIATIONS OF MACEDONIA

Адреса: Бул.„Кочо Рацин„ бр. 14 - 1000 Скопје -Р. Македонија
Office: Bul. "KocoRacin" No. 14 - 1000 Skopje - Republic of Macedonia
ЕДБ: 4030982263086,Трансакциска с/ка:300000000953643 Комерцијална банка-Скопје
www.szpm.org.mkadministracija@szpm.org.mk kontakt@szpm.org.mk
Тел/ Phone: 3223 710; Faks / Fax: 3128 390;P. fah / Po box: 440

БРОЈ/ Namber - 03-02- 423
ДАТУМ/Date - 2.12.2020

**ДО**
**СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЧЛЕН 105 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ (СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ БР. 152/2010 И 135/2011)**

Извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, на седницата одржана на 12.11.2020 година, ја разгледа и усвои Информацијата за состојбата и функционирањето на старските и пензионерските домови и при тоа заклучи дека е потребно да се поведе ИНИЦИЈАТИВА за изменување и дополнување на член 105 од Законот за здруженија и фондации. За поведување на иницијативата се имаа предвид состојбите, сопственичкиот статус и работењето на пензионерските домови, особено оние кои се доделени на здруженија на пензионери во одделни општини од страна на општествено–политички заедници и самоуправни заедници, а кои се во државна сопственост.

Оваа Иницијатива за изменување и дополнување на член 105 од Законот за здруженија и фондации се поднесува врз основа на заклучокот на Извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија.

**Во членот 105 од Законот за здруженија и фондации (Сл. весник на РМ бр. 152/2010 и 135/2011 година) се предлага да се додадат два нови става кои гласат:**

**(2) По исклучок од став еден на овој член пензионерските домови изградени во здруженијата на пензионери од средствата за станбена изградба на пензионерите во период од 1963 година до 1990 година, издвоени од придонесот за пензиското и инвалидското осигурување при поранешната самоуправна заедница односно Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, се отстапуваат во сопственост на здруженијата на пензионери.**

**(3) Министерството за труд и социјална политика согласно со став (2) на овој член ќе го утврди статусот, постапката и субјектите - здруженијата на пензионери, на кои им се отстапуваат пензионерските домови во нивна сопственост.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Постојниот член 105 на Законот за здруженија и фондации (Сл. весник на РМ бр. 152/2010 и 135/2011 година) од преодните и завршните одредби, гласи:

„Имотот и средствата доделени на општествените организации и здруженија на граѓани добиени на користење од страна на поранешните општествено политички заедници и самоуправните интересни заедници се државна сопственост.“

Оваа одредба е преземена од поранешниот Закон за здруженија и фондации (Сл. весник на РМ бр. 39/1998), со кој се укина Законот за општествени организации и здруженија на граѓани, донесен во поранешниот Уставен систем на СРМ во 1983 година (Сл. весник на СРМ бр. 31/83).

Со Законот за здруженија и фондации од 1998 година донесен согласно со Уставниот систем на РМ, всушност се реши прашањето на имотот на поранешните – затекнати општествени организации и затекнати здруженија на граѓани, со тоа што истиот се подели и разграничи врз основа на два принципа:

1) Имотот на општествените организации и здруженија на граѓани стекнат од сопствени средства е имот на здруженијата на граѓани и нивните правни наследници.

Под средства од став 1 на овој член се подразбираат средства од членарина, донации, поклони, легати, приходи добиени од поранешните општествено–политички заедници, самоуправни интересни заедници и од Лотарија на Македонија, за редовни активности (член 81 од ЗЗФ од 1998 година).

2) Имотот и средствата на општествените организации и здруженија на граѓани добиени на користење од поранешните општествено–политички заедници, самоуправни интересни заедници, се државна сопственост.

Врз основа на овие два принципа Фондот на ПИОМ доби во сопственост и управување 15 пензионерски домови, а здруженијата на пензионери во оделни општини добија на користење 14 пензионерски домови.

Меѓутоа, одредбата на вториот принцип е сосем начелна и нејасна: не говори за извори на средства од кои самоуправните интересни заедници за домување од Фондот за станбена изградба на пензионерите биле градени пензионерските домови. Оттука, спорен е правниот основ на правото на сопственост на пензионерските домови кои се влезени под вториот принцип, кога истите се утврдени како државна сопственост. Тоа значи дека при поделба и распоред на пензионерските домови на одредени субјекти за нивно стопанисување, од аспект на изворите на средствата за изградба на тие домови, не се доследно почитувале напред споменатите два принципа.

Поконкретно Иницијативата за измена и дополнување на член 105 од Законот за здруженија и фондации, се поднесува од следните причини:

1. Изворите на средства за изградба на пензионерските домови преку посебниот Фонд за таа намена, како правен основ на правото на сопственост.

Како што е општо познато во периодот од 1963 до 1990 година (при Републичкиот завод за социјално осигурување, потоа во Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување, и најпосле Фондот за пензионо и инвалидско осигурување), постоеше Фонд за станбена изградба во кој се уплатувал износ од 4 отсто од вкупните средства за исплата на пензиите акумулирани од придонесот за пензиското и инвалидското осигурување уплатуван од вработените, сега пензионери, а од тие средства се изградени околу 40 пензионерски домови од кои еден дел е искористен за други намени без станбени единици.

Од изнесеното произлегува дека постои правен основ пензионерските домови, врз основа изворот на средствата издвојувани за таа намена за пензионерите, преку споменатиот Фонд, да се отстапат во сопственост на здруженијата на пензионери во соодветните општини.

2. Домаќинско управување и стопанисување со овие домови од страна на здруженијата на пензионери.

Во Информацијата на СЗПМ е прикажана состојбата со пензионерските домови и потребата од нивно реновирање, соодветна правна рамка и како место за достоинствено живеење на пензионерите. Стекнување на правото на сопственост од страна на здруженијата на пензионери ќе се создаде можност за поголема грижа и, одржување и стопанисување со нив од страна на здруженијата, кои со свои средства и средства од други извори, од општините, државата па и од Европската унија, врз основа на можноста за стекнување статус на организации од јавен интерес во оваа дејност, што е од поширок јавен интерес. Кај повеќе здруженија на пензионери постојат иницијативи за изградба на пензионерски домови според нивните потреби, обезбедувајќи за почеток соодветни локации и средства за адаптација и слично.

3. Иницијативи и активности на здруженијата на пензионери како и другите граѓански организации во овој сектор.

Здруженијата на пензионери во општините, како и другите здруженија на граѓаните, се очекува сè повеќе, согласно со Законот за здруженија и фондации, да преземат вршење на работи од јавен интерес стanувајќи сè покредибилни субјекти вршејќи дејности од поширок општествен интерес. При тоа здруженијата на пензионери се по многу нешто специфични, не само по бројноста на своето членство, присутни така да се каже во сите општини во Републиката, туку и по своето негување и практикување, активностите да ги преземаат на волонтерска основа и врз основа на хуманиот чин на добротворство и меѓусебна помош.

СЗПМ
СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
UNION OF PENSIONERS' ASSOCIATIONS OF MACEDONIA

Адреса: Бул.„Кочо Рацин„ бр. 14 - 1000 Скопје -Р. Македонија
Office: Bul. "KocoRacin" No. 14 - 1000 Skopje - Republic of Macedonia
ЕДБ: 4030982263086,Трансакциска с/ка:300000000953643 Комерцијална банка-Скопје
www.szpm.org.mkadministracija@szpm.org.mk kontakt@szpm.org.mk
Тел/ Phone: 3223 710; Faks / Fax: 3128 390;P. fah / Po box: 440

БРОЈ/ Namber - 03-02/10
ДАТУМ/Date - 15.01.2021

**ДО**
**СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЧЛЕН 13 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ (СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ БР. 25/2000 ........ 120/2016)**

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, поведе ИНИЦИЈАТИВА за изменување и дополнување на член 13 од Законот за здравственото осигурување. За поведување на иницијативата се имаше предвид потребата, здравствениот статус на родителот како возрасно лице, хуманиот и социјален аспект за давање нега од член на семејство во период кога тоа е најпотребно да се даде на возрасното лице, рапидниот раст на стареење на населението како демографски фактор и користење на тоа право од другите членови во семејството.

Оваа Иницијатива за изменување и дополнување на член 13 од Законот за здравственото осигурување се поднесува врз основа на заклучок на Комисијата за здравство и социјална политика на Извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија.

**Во членот 6 од Законот за здравственото осигурување (Сл. весник на РМ бр. 25/2000..... 120/2016) се предлага во став 2 зборовите „посвоените деца и децата земени на издржување“ да се заменат со зборовите „посвоените деца, децата земени на издржување и родителите“.**

**Во членот 13 од Законот за здравственото осигурување (Сл. весник на РМ бр. 25/2000.......120/2016 година) се предлага во став 1 по точката 5 да се додаде нова точка 6 која гласи:**

**„6) негување на болен родител - член на семејството, но најмногу до 30 дена.**

**Досегашните точки 6, 7, 8 и 9 стануваат точки 7, 8, 9 и 10“**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

1. Постојниот член 13 на Законот за здравственото осигурување (Сл. весник на РМ бр. 25/2000....... 120/2016 година), гласи:

Право на надоместок на плата за време на привремена спреченост од работа поради болест и повреда можат да остварат осигурениците од член 5 став 1 точки 1, 2, и 3 на овој закон, во случај на:

1) болест и повреда надвор од работа;
2) повреда на работа и професионална болест;
3) лекување и медицинско испитување;
4) негување на болно дете до тригодишна возраст;
5) негување на болен член на потесно семејство над тригодишна возраст, но најмногу до 30 дена;
6) неопходно придружување на болно лице упатено на преглед или надвор од местото на живеење;
7) неопходно придружување на болно лице до тригодишна возраст додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена;
8) доброволно давање на крв, ткиво или орган и
9) Изолираност заради спречување зараза.

Надоместокот на плата од случаите од став 1 на овој член припаѓа од првиот ден на спреченост за работа и трае цело време додека трае спреченоста за работа, а се исплатува за деновите за кои се остварува плата според прописите за работни односи.

2. Основни аргументи во прилог на поведената Иницијатива е членот 1 од Уставот на РМ каде е утврдено дека РМ е социјална држава, а во членот 8 како темелни вредности се утврдени: хуманизмот, социјална правда и солидарност. Понатаму во Уставот е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и колективен договор. Во прилог на ИНИЦИЈАТИВАТА е член 35 каде што е утврдено дека Републиката се грижи за социјална заштита и социјална сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Републиката им гарантира право на помош на немоќните и на неспособ-

ните за работа граѓани.

3. Причина да се поведе оваа ИНИЦИЈАТИВА произлегува од барање на корисниците на пензија која бројка изнесува околу 325 000 што претставува огромна целна група. Мислењата на пензионерите се дека тие како возрасни лица заслужуваат нега од членовите на нивното семејство. Притоа, треба да се има предвид и недоволниот капацитет тие услуги да бидат навремено извршени од службите на здравството поради што овој предлог е рационален, социјално–хуман и економичен. Пензионерите како возрасни лица правото на нега го заслужуваат и поради фактот што тие во целиот работен век плаќале задолжителен придонес за здравствено осигурување. Исто така и сега со статус на корисник на пензија, согласно со член 37 став 1 точка 1 алинеја 2 од Законот за здравствено осигурување средствата за задолжително здравствено осигурување се обезбедуваат и од пензиите и надоместоците од пензиското и ивалидското осигурување. Така, месечно при исплата на пензиите се плаќа придонес за здравствено осигурување во износ од околу 650 милиони денари и е најсигурен редовен приход на Фондот за здравствено осигурување на  РМ.

4. Во предлагањето на оваа ИНИЦИЈАТИВА се имаше предвид и фактот дека пензионерите како родители – возрасни лица кога се болни треба да им обезбедува нега како и на останатите членови на семејството. Со овој предлог се овозможува слободно овие осигуреници да ја даваат помошта без да се користи боледување по друг основ што може негативно да се одрази на вработениот во услови кога веќе станува доминантно вработувањето во приватен сектор. Овој вид на користење на надоместок на плата за време на привремена спреченост од работа ќе има и законски основ.

5. На крајот како значаен аргумент се истакнува и Меѓународната класификација на болестите каде во точката 2.74 е предвидено на старите лица да се дава нега од децата што претставува семејно боледување. Како компаративна анализа на оваа ИНИЦИЈАТИВА се и прописите од канадското зравство каде што ваква нега имаат не само родителите туку и поширок круг на лица и роднини се разбира со ограничен период на користење. Исто така и во други земји оваа нега се обезбедува од здравствените служби  каде што има јак и развиен здравствен систем, како што е во Словенија.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ СКОПЈЕ СЗПМ НА МАКЕДОНИЈА

**Претседателка на Сојузот на здруженија**
**на пензионерите на Македонија**
**Станка Трајкова**

---

СЗПМ

**СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА**
**UNION OF PENSIONERS' ASSOCIATIONS OF MACEDONIA**

**Адреса: Бул.„Кочо Рацин„ бр. 14 - 1000 Скопје -Р. Македонија**
**Office: Bul. "KocoRacin" No. 14 - 1000 Skopje - Republic of Macedonia**
**ЕДБ: 4030982263086,Трансакциска с/ка:300000000953643 Комерцијална банка-Скопје**
**www.szpm.org.mkadministracija@szpm.org.mk  kontakt@szpm.org.mk**
**Тел/ Phone: 3223 710; Faks / Fax: 3128 390;P. fah / Po box: 440**

**БРОЈ/ Namber - 03-02/454**
**ДАТУМ/Date - 25.12.2020**

**ДО**
**МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА**
**Скопје**

Предмет: **ПРОВИЗИИ**

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, се заблагодарува на успешната соработка со банките низ целата Република во однос на сервисирањето на исплатата на пензиите на корисниците на пензија, како огромна целна група од над 324 000 корисници.

Корисниците на пензија сметките за комунални и други услуги ги плаќаат на шалтерите на банките, претежно во готовина или од трансакциска сметка. За оваа услуга банките наплатуваат провизија во различен износ. Од страна на пензионерите има реакции за наплата на оваа услуга. Имајќи ги предвид износите на пензиите на најголем број пензионери, кои изнесуваат помалку од 15.000 денари, сметаме дека овие провизии претставуваат товар за нив. Пензионерите бараат ослободување или намалување на провизиите, како и изедначување на износите во сите банки.

Имајќи го предвид наведеното, сметаме дека ќе го разгледате ова барање и ќе постапите по истото.

Со почит,

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ СКОПЈЕ СЗПМ НА МАКЕДОНИЈА

ИЗВРШЕН ОДБОР НА СЗПМ
Претседател,
Станка Трајкова

**До**
**СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

**Предмет: МИСЛЕЊЕ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА ВО ВРСКА СО ПИСМЕНИОТ ОДГОВОР НА ПРАТЕНИЧКОТО ПРАШАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ЗДРАВСТВО**

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, врз основа на член 71 став 2 од Уставот на РСМ, на 21 јануари 2021 година до Собранието на РСМ поднесе ИНИЦИЈАТИВА за дополнување на член 13 од Законот за здравствено осигурување со која се предлага и бара да се воведе како здравствена услуга: **негување на болен родител - член на семејството најмногу до 30 дена,** преку законскиот основ – право на надомест на плата за време на привремена спреченост за работа. Предлогот произлегува од здравствените потреби на родителите како возрасна група–пензионери, да се негуваат во сопствените домови од страна од член на нивното семејство, согласно со уставно дефинирани двострани односи меѓу родителите и децата, но и меѓу децата и родителите.

Писмениот одговор на пратеничкото прашање, се разбира како подготвеност на Министерството за здравство во соработка со Министерството за труд и социјална политика, да ја анализира и согледа потребата од законско уредување на ова прашање, и да се даде ПОДДРШКА при разгледување на ИНИЦИЈАТИВАТА пред Владата и Собранието на РСМ.

Разгледувајќи го Одговорот на пратеничкото прашање, СЗПМ ЗАКЛУЧИ да го подготви ова МИСЛЕЊЕ, како ПРИЛОГ – дополнително образложение на поднесената ИНИЦИЈАТИВА, а со оглед и на заклучната констатација во него **дека треба добро да се преиспита целисходноста и економската оправданост на конкретниот предлог -** надомест на плата да се исплатува од средствата на задолжителното здравствено осигурување, во случај на нега на старите родители, заради крајно хуманиот аспект на овој предлог.

1. Како што е познато, основа и насока на законодавната дејност на секоја демократска и правна држава, па и на РСМ, е нејзиниот Устав кој според својот концепт е всушност проекција – визија за изградба на општество во кое ќе се обезбедува, меѓу другото и **социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот.** Оттука, засновувајќи го општествено–економското уредување во државата, врз слободата на пазарот, претприемаштвото и правната заштита на сопственоста, (ерго воспоставувајќи капиталистички економски односи), истовремено дефинирајќи ја по својот карактер и како социјална држава, во темелните вредности на уставниот поредок ги утврди и начелата на **хуманост, социјална правда и солидарност** и потоа конкретно дефинирајќи ги во уставните одредби, меѓу другите и економско–социјалните права, гаранции и посебни грижи на државата. Со други зборови државата, преку своите институции вложува напори да води, сеопфатна економско–социјална политика, со многубројни закони, користејќи разни методи, средства и форми, да обезбеди соодветна институционална социјална заштита и грижа на граѓаните на која им е потребна. Од економско–социјален аспект надомест наместо плата при отсуство од работа предвиден е во повеќе од десетина случаи, со Законот за работни односи, Законот за социјална заштита и Законот за социјална сигурност на стари лица, донесени во месец мај 2019 година. Значајни се и преземените економско–социјални мерки во условите на пандемијата, со што општо земено се даде нова содржина и суштина на својството на РСМ како социјална држава.

Воспоставениот систем на социјална заштита особено со новите споменати закони, пред сè ја изразува грижата на државата за обезбедување разни форми и институционални установи за остварување соодветна социјална заштита. Меѓутоа, корисниците на пензија се исклучени од некои социјални пред сè здравствени услуги, со оглед на нивниот статус на осигуреници според Законот за здравственото осигурување. Согласно со член 37 од Законот за здравствено осигурување корисниците на пензија се задолжително здравствено осигурани, по основ на средст–

вата што ги плаќаат од пензиите и другите надоместоци, во услови кога поради старосната возраст токму на овие граѓани е многу честа потребата од наведената здравствена услуга.

2. Основни статутарни цели и задачи на СЗПМ, како невладина, непартиска и мултиетничка асоцијација се: 1) да го следи и проучува остварувањето на Уставните и законските права на корисниците на пензија, заради заштита и промоција на нивните социјални права и интереси, и преземање мерки на нивната социјална положба и животен стандард, 2) да ги претставува корисниците на пензија пред државните органи во врска со заштитата и унапредувањето на нивните права од пензиско–инвалидското осигурување, со цел за поквалитетен животен стандард и посебно соодветна здравствена заштита, која на нив најчесто им е потребна.

Од аспект на состојбата на социјалните права на оваа возрасна група граѓани, структурата и висината на нивните пензии, може да се каже дека тие состојби, реално ја отсликуваат на одреден начин доминантната економско–социјална состојба во државата: од вкупно 327 илјади корисници на пензија (состојба март 2021 г.) а околу 123 илјади пензионери примат пензија до 12 илјади денари односно под минималната плата која сега изнесува околу 15 илјади денари. Како што е познато, пензионерите ги помагаат своите семејства кои немаат вработен член од семејството, и обратно вработените членови во овие пошироки семејства ги помагаат своите родители, особено во пружањето здравствена заштита и нега.

Целта и смислата на оваа ИНИЦИЈАТИВА е дополнување на членот 13 од Законот за здравствено осигурување токму на ова мнозинство на категорија пензионери, со давање можност од членовите на нивното пошироко семејство – како што е дефинирано во Законот за семејството, да се пружа домашна нега одвреме–навреме, но најмногу до 30 дена од страна на член од таквото семејство како еден вид семејно боледување, познато во некои современи здравствени системи.

3. Според мислењето на СЗПМ, во уставно–правниот систем, на економско–социјалната заштита на граѓаните, можеби не е дадено адекватно место на грижата и заштитата на семејството, така како што Уставот утврдува: Државата му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството, а родителите имаат право и должност да се грижат за издржување и воспитување на децата и обратно, децата се должни да се грижат за старите и изнемоштени родители (член 40). Според матичниот закон, Законот за семејството, семејството е животна заедница на родители и деца и други роднини ако живеат во заедничко домаќинство. Односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заедничко почитување и меѓусебно помагање. Издржувањето на членовите на семејството и другите роднини е нивно право и должност и децата се должни да ги издржуваат своите родители (член 2, 3, 178, 181). Меѓутоа, напред споменатите групи на пензионери, не можат да ја користат негата и помошта дома од страна на член на семејството, зашто тоа не го дозволува, како што е напред наведено, Законот за здравствено осигурување.

Освен тоа предложеното решение во ИНИЦИЈАТИВАТА, несомнено има и општествена целисходност и економска рационалност, ако се земе предвид дека тоа решение би била своевидна превентива – граѓанинот пензионер да добие здравствена нега во сопствениот дом наместо да биде стациониран во соодветна установа за стари лица. Несомнен е фактот дека негата на родителот од децата преку користење само на паричен надомест за привремена спреченост од работа, најмногу до 30 дена е економски исплатливо и длабоко хумано право.

4. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија очекува сериозен пристап и проучување на оваа ИНИЦИЈАТИВА за дополнување на член 13 од Законот за здравствено осигурување, како што тоа е наведено во заклучната констатација во Одговорот на пратеничкото прашање и се надева дека ќе добие поддршка од надлежните министерства пред Владата и Собранието на РСМ.

**Станка Трајкова, претседател на СМЗП**

Доставено до: **Министерство за здравство**
**Министерство за труд и социјална политика**

# ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ



1. Во Службен весник на РСМ број 275 од декември 2019 година се извршија соодветни измени и дополнувања и во постојниот член 37 по ставот 3 се додадоа два нови става, кои гласаат:

(4) Во случај кога има пораст на минималната плата во тековната година повеќе од 15% и пораст на просечната плата во претходната година за повеќе од 5% покрај усогласувањата наведени во ставовите (1) и (3), може да се изврши дополнително усогласување на пензиите во процент не повисок од порастот на просечната плата во претходната година.

Владата со Одлука за висината и начинот на дополнително усогласување на пензиите за 2020 година објавена во споменатиот Службен весник, утврдена е методологијата на дополнителното усогласување каде е регулирано дека дополнителното усогласување се однесува на сите остварени пензии заклучно со декември 2019 година со тоа што вкупните средства се зголемуваат за 5%, а потоа тој износ се дели на вкупниот број на корисници на пензија кои пензијата ја оствариле заклучно со декември 2019 година.

Според условите предвидени во измените на ЗПИО, а земајќи го предвид порастот на просечната плата во претходната година за повеќе од 5%, согласно методологијата утврдена во споменатата одлука на Владата, тој износ изнесуваа 722 денари. Со овој износ сметано од 1 јануари 2020 година се усогласуваат сите пензии (старосни, инвалидски, семејни и минимални) кој износ се засметува во висината на пензијата и претставува основица за натамошните усогласувања на пензиите според движењето на индексот на трошоците на животот.

Од 1 јануари 2020 година според објавените податоци на Фондот, просечната пензија изнесува 15.297 денари, а најнискиот износ на пензија за корисници кои правото на пензија го оствариле по 01.01.2002 година изнесува 10.179 денари, сметано од 1 јануари 2020 година. Учеството на просечната пензија во просечната плата изнесува околу 59% споредена со просечната плата во Републиката во ноември 2019 година.

На изложената законска регулатива позитивно е што во формулата за усогласување на пензиите се зема предвид и порастот на платите. Тоа е на некој начин блиску до швајцарската „формула за усогласување на пензиите“, но под одредени услови. Со ситемско вградување и на платите како параметар за усогласување на пензиите, се обезбедува правна сигурност за одржување на реалната вредност на пензиите. Сепак, Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија континуирано ќе го следи институтот – усогласување на пензиите и соодветно ќе постапи во креирање на јавното мислење по оваа значајно прашање.

2. Со Законот за дополнување на ЗПИО, објавен во Сл. весник на СРМ број 31 од февруари 2020 година е утврдено дека осигуреникот кој бил во редовен работен однос, односно на работа врз основа на која бил пријавен во задолжително социјално осигурување, а од страна на обврзникот за пресметка и плаќање на придонес не е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, може самиот за себе да изврши плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување. Плаќањето на придонесот се однесува за оној период за кој осигуреникот поднесува барање за плаќање на придонес под услов да бил пријавен во задолжително пензиско и инвалидско осигурување.

Основица за пресметка и плаќање на придонесот изнесува 20% од просечната плата од претходната година во која е поднесено барањето за плаќање на придонесот за пензиското и

инвалидското осигурување објавен од Државниот завод за статистика. Плаќањето на придонесот се врши според стапката на придонесот за пензиското и инвалиското осигурување утврдена со закон.

За плаќање на придонесот за ПИО, Фондот донесува решение доколку осигуреникот бил пријавен во задолжително ПИО што се утврдува од податоците во матичната евиденција на Фондот со претходно воспоставена пријава за почеток и престанок на осигурувањето. Во случај придонесот за ПИО да не е платен целосно или да е платен делумно, а обврзникот за плаќање на придонес е во стечај, а осигуреникот е одјавен од осигурување или обврзникот е избришан од регистрите на Централен регистар, Фондот по службена должност обезбедува доказ врз основа на размена на податоци или врз основа на претходно спроведена М–11/2. По донесување на решение се врши уплатата на придонесот и тој стаж ќе се утврди во матичната евиденција на Фондот доколку целосно биде платен придонесот за ПИО.

Според преодните и завршните одредби овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен весник (објавен е на 10 февруари), а ќе се применува по еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Подготовки за примената на овие дополнувања се вршат во Министерството за труд и социјална политика и Државнот пензиски фонд.

# АКТИВНОСТИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК ОД ЛИЧЕН ДОХОД



Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија подолг период го следи финансиското–материјално работење, а во тие рамки и даночната регулатива, кај здруженијата на пензионерите, за што секоја година организира работилница на тема составување на финансиските извештаи и годишната сметка со давање на стручна помош за начинот на изготвувањето, начинот на примената на законската регулатива посебно од областа на даноците со ангажирање на експерти од оваа област.

Од досегашната пракса, овие работилници се покажаа како доста корисни бидејќи на истите детално се презентираа одредбите на Законот и Правилникот за сметководство на непрофитните организации, како и Законот за данокот на личен доход (поранешен назив персонален данок на доход) и данокот на добивка при што се даваа објаснување за нивна примена со практични примери. На овие работилници се користеше можноста за дискусија, прашања и одговори од областа на финансиското–материјално работење и даноците. Тоа претставуваше олеснителна околност за успешно извршување на сметководствените работи, и составувањето на годишните финансиски извештаи и годишните сметки во здруженијата и Сојузот.

На одржаните работилници во 2012 и 2013 година најмногу се поставуваа прашања за оданочувањето на направените издатоци за превоз за организирани екскурзии на пензионерите, учество на традиционалните манифестации на ревии на песни, музика и игри и учество на спортските активности. Се поставуваа прашања и во врска со оданочување на трошоци за патни и дневни трошоци на членовите на органите и телата на здруженијата и трошоците за финансиска помош на пензионери со ниски лични примања, како и на хронично болни и изнемоштени пензионери.

Сојузот по претходно направените неколку средби со стручните служби на Министерството за финансии, поднесе барање за мислење за споменатите поставувани прашања за даночниот третман на определени видови на издатоци при што за овие прашања добиено е соодветно мислење од Министерството за финансии.

Согласно мислењето, Сојузот иницираше, односно започна постапка до надлежните институции споменатите издатоци што ги имаат здруженијата да бидат ослободени од плаќање на данок.

Како резултат на оваа активност на Сојузот се изврши изменување и дополнување на Законот за персонален данок со важност од 1 јануари 2018 година, со што во членот 6 се додадени повеќе нови точки од кои две се однесуваат и за пензионерите, односно здруженијата на пензионери и тоа:

– Точка 13–б која гласи „Финансиска помош за физички лица кои се користат за лекување во земјата или во странство, во висина на реалните трошоци на лекувањето, документирани со сметки на здравствените установи кои го извршиле лекувањето“

Со ова одредба делумно е решено ова прашање; и

– Точка 30 која гласи: „Надоместоците на трошоците за сместување, храна и превоз за лица кои се учесници и ангажирани на настани организирани во рамките на активностите на организацијата основана согласно Законот за здруженија и фондации, врз основа на документи за направени трошоци“.

Поконкретно со овие измени здруженијата на пензионери и Сојузот се ослободени од данок за издатоци за превоз на организирани екскурзии, издатоци направени за традиционалните ревии на песна, музика и игри, регионалните и републичките спортски натпревари, како и други настани утврдени со програмите за работа на здруженијата.

На повидок се нови активности на СЗПМ за ослободување од данок на следните издатоци:

● Финансиска помош за пензионерите со ниски лични примања, хронично болни и изнемоштени; и

● Финансиска помош за елементарна непогоди.

Посебно, овие издатоци оваа година значително се зголемија поради Корона вирусот и СЗПМ е на мислење дека не треба да се плаќа данок согласно одредбите од Законот за данок од личен доход (порано Закон за персонален доход), бидејќи здруженијата овие издатоци ги плаќаат од приходите остварени од членарината на пензионерите, задржана од нето пензијата. Со цел да се остварат овие ослободувања од данок на личен доход, Сојузот во наредниот период ќе ги иницира следните прашања:

1. Ќе бара дополнување на член 12 од Законот за данок од личен доход со додавање на нови две точки:

● 31–а „Финансиска помош на пензионерите со ниски лични примања и кои се хронично болни, исплатени од Здруженијата на пензионери каде што се членови“ и

● 31–б „Финансиска помош за елементарни непогоди на пензионерите исплатени од здруженијата каде што се членови“

Ова дополнување на Законот се оценува дека е оправдано од причина што средствата со кои располагаат здруженијата на пензионерите се 90 % од членарина на пензионерите и треба да се почитува правилото „ОД НИВ ЗА НИВ“.

2. Ќе бара дополнување на Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации.

Здруженијата на пензионери и Сојузот, а се надевам дека и другите непрофитни организации, се соочуваат со недостиг на синтетичка сметка за функционалните трошоци, како би ги евидентирале трошоците за органите и телата на организацијата, трошоците за реализација на целите и задачите утврдени со Статутот и Програмата за работа на организацијата и предлагаме во групата 41 други расходи, сметката 418 да гласи „Функционални трошоци“, а досегашните „Останати други расходи“ да се стават на сметката 419“.

Со оваа измена ќе се обезбеди синтетичка сметка за функционалните трошоци кои кај здруженијата на пензионерите учеството во вкупните трошоци е над 60 % во вкупните расходи.

**ДО**
**МИНИСТЕРКАТА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**ЈОВАНКА ТРЕНЧЕВСКА**

**ПРЕДМЕТ: ПРЕДЛОЗИ, МИСЛЕЊА И СУГЕСТИИ ВО ВРСКА СО „ДРАФТ“ ТЕКСТОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗПИО**

Разгледувајќи го текстот на „драфт“ верзијата на Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија дава одредени предлози и мислења на одделни законски решенија кои би можеле да бидат од заеднички интерес, и тоа:

**1.** Во член 2 од Законот за измени и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување е утврдено дека, индивидуалните земјоделци може да бидат во кругот на осигуреници најмногу до навршување на 64–годишна возраст. Сојузот смета дека ако својството на осигуреник на индивидуалниот земјоделец се ограничува до 64 тогаш е потребно индивидуалниот земјоделец да има навршен најмалку 15 години пензиски стаж. Ако осигуреникот – индивидуален земјоделец нема 15 години стаж тогаш треба да му се овозможи да биде во осигурување и над 64 години се до наполнување 15 години пензиски стаж. Ова е од причини да можат земјоделците да остварат пензија и да се изедначат со другите осигуреници како и да не се генерира потребата од докуп на стаж или создавање социјална категорија на граѓани.

**2.** Во членот 2 новиот став 2 актот за утвдување на својство на осигуреник и образецот за наведените категории наместо министерот да биде регулатива на Фондот. Ова е од причини што утврдувањето својство на осигуреник е во надлежност на Фондот, затоа и актот и пропишување на образецот би требало да биде во надлежност на Фондот. Сметаме дека кога има законски основ и утврдени критериуми што е во согласност со Уставот, не би требало да се оптоварува Министерството односно министерот за труд и социјална политика.

**3**. Ова се однесува и за новите ставови 3, 4 и 5 на членот 11 од постојниот закон на ПИО, и во целиот текст од изменините и дополнувањата сметаме дека би требало да биде предмет подзаконска регулатива бидејќи се работи за технички прашања**.**

**4**. Значајно прашање е опфатено со членот 6 каде по членот 33 се додаваат два нови члена 33–а и 33–б. Ова е затоа што се работи за остварување на лично право на пензија и сметаме дека треба да се направат ТАБЕЛИ за сите промени на ЗАМЕНСКАТА СТАПКА за да можат идните пензионери сами да си ја пресметаат пензијата од пензиската основа. Табела е направена само за осигуреници кои имаат најмалку пензиски стаж до 1 јануари 2001 година, а не и за осигуреници кои имаат навршен пензиски стаж помалку од 15 години, кои не пристапиле во капитално пензиско осигурување итн. Предлогот на Сојузот да се направат табели е многу важен за применливоста на ЗАКОНОТ за пресметување на пензијата од пензиската основа. Ова е од значење и за вработените иако при донесување решение процентите се вградени во апликација, меѓутоа при комуникација со странките со отворање на закон веднаш може да им се каже колкав е процентот за определување на пензијата од пензиската основа (заменска стапка), а пресметка ќе може да си направат и самите осигуреници односно пензионери.

**5.** За определување на пензијата од пензиската основа и за постојниот член 78 потребно е да се направат табели од причините наведени во точката 4.

**6**. За бенефицираниот стаж како институт од ПИО потребно е да се направи компаративна анализа дали треба да се остварува во рамките во пензискиот систем или надвор од него како што е случај во другите земји.

**7.** Новиот став 2 како регулатива на постојниот член 115 Сојузот бара да се брише бидејќи Солидарниот фонд – посмртна помош и членарина се лични средства на пензионерите и содржината на согласноста ја пропишува Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина бидејќи солидарниот фонд – посмртна помош и членарина **не е право од пензиското и инвалидското осигурување** туку лични средства и не се алиментираат од придонесот за ПИО, ниту од средствата од Буџетот на Републиката. За сите прашања од солидарниот фонд надлежен е споменатиот орган за што одлучуваат самите пензионери застапени од претставници на 4–те сојузи во нашата држава. Солидарниот фонд – посмртна помош и членарина

постои повеќе од 75 години и согласно со одредбите од член 115–117 од ЗПИО, непречено функционира од 2008 година.

Во солидарниот фонд пензионерите доброволно пристапуваат и истапуваат од него, а најбитно е што тоа се лични средства на пензионерите и за сите прашања одлучуваат тие самите.

**8.** Ченот 117 став 1 да остане со постојната регулатива, а исплата на посмртна помош на трансакциска сметка односно поднесување барање е прашање кое го регулира Одборот на Регистрираната организација на 4–те сојузи, а зборовите: „подрачни единици“ да се заменат со зборовите: „филијалите“. **Преземање на регулатива од Одборот и пренесување на Фондот или Министерството за труд и социјална политика е во спротивност со Уставниот за што веќе постои и мислење на Уставниот суд, бидејќи не е право од ПИО, туку Фондот само ја сервисира исплатата врз основа на актите на Одборот.**

Ставовите од 2 до 6 да се избришат бидејќи е техничко прашање и Сојузот смета дека е некомпатибилно со солидарниот фонд.

**9.** Сојузот смета дека ставот 5 би требало да се прецизира, а ставовите 6 и 8 не би требало да се регулатива на закон.

**10.** Во врска со членот 127, а во останатите одредби кои од Статутот се преземаат во ЗПИО треба да се оцени дали со некои решенија не се оптоварува Законот, особено за прашања кои се од технички карактер и немаат тежина да се регулатива на закон. Би требало Статутот да биде поделен на два дела и тоа: доуредување на права од ПИО врз основа на критериуми утврдени во Законот и дел на организационата поставеност на Фондот.

**11.** Членот 132–а (ревизија на првостепените решенија) да се изостави од причините наведени во 2018 година кога бил бришан овој член од причини што има контрола на решенија и двостепеност поради што ревизијата претставува само одолжување на постапката.

**12.** Во новиот член 152 во ставот 2 предмет на извршување да не биде најнискиот износ на пензија, а пензијата од најнизок износ до просечната пензија може да биде предмет на извршување до една петина на пензијата.

Измената на оваа одредба е понеповолно решение за корисници на најнизок износ на пензија за кои се настојува да бидат оптимално заштитени во рамките на пензискиот систем.

**13.** За најнискиот износ на пензија имајќи ја предвид поставеноста на пензискиот систем, би можело да се рационализираат групите со спојување на втората со третата (актуелна група – 4.500) бидејќи се работи за мал број корисници на пензија, а со тоа и мали фискални импликации.

Се предлага најнизок износ на пензија да остваруваат и осигуреници кои пристапиле во вториот столб доколку пензиските давања од првиот и вториот столб се помали од најнискиот износ на пензија, без некои други условувања.

**14.** Во примената на ЗПИО има голем интерес за висината на највисокиот износ на пензија. Највисокиот износ на пензија се однесува како лимит за пензионери кои не пристапиле во капитално пензиско осигурување и тој треба да остане во пензискиот систем. Меѓутоа, највисоката пензија по 2015 година, значително се зголеми и се определува од просечната плата на сите вработени од претходната година пред остварување на правото на пензија зголемена за 2,7 пати. Предлагаме таа да се определува од просечната плата не повеќе од процентите утврдени во член 52 став 1 од овој закон зголемена за 2,3 пати.

Следејќи го движењето на највисоката пензија според регулативата до 2015 година изнесува околу 40.000 денари, а во актуелниот момент таа изнесува околу 58.000 денари. Ова се должи на измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Имено, до 2015 година највисоката пензија беше еднаш утврдена со ЗПИО, а потоа се усогласуваше со ист процент како и останатите пензии, со цел да се следи судбината на сите пензии. Со напуштање на овој критериум, а во услови на поголем пораст на платите, а помал на трошоците на животот со кој се усогласуваат пензиите доведе до значителен пораст на највисоката пензија.

**15.** Новите предлози на Сојузот за усогласување на пензиите се доставени до Министерството за труд и социјална политика.

Скопје, февруари 2022 година

**Со особена почит**

**Станка Трајкова**
**Претседател на СЗПМ**

# 2022 ГОДИНА НА РУРАЛНИОТ ПЕНЗИОНЕР




Во здруженијата на пензионери членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија има и голем број на пензионери кои живеат во рурални средини.

Животот на овие луѓе покрај добрите страни содржи и проблеми. Во овие средини нема продавници, патишта кои ги поврзуваат со градовите, а во зимските месеци заради снегот се отсечени од градот. Особен проблем за сите нив е немање во голем број села лекар и аптека. Во некои села има, а во некои села лекар доаѓа еднаш или двапати во неделата или нема аптека, па за лекови мораат да одат во град. Некои велат дека тоа не е доволно и треба да има подвижни амбуланти во кои пензионерите ќе добијат услуги од примарното здравство. Ваквите амбуланти ќе придонесат и за развиток на руралниот туризам со кој животот на пензионерите и на другите жители ќе биде поубав, а ќе донесе бенефит и за општините и државата во целост.

Овие проблеми ги знае Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и преку здруженијата на пензионери, а особено на Активите на пензионерки, се труди грижата за пензионерите во руралните средини, да ја подигне на повисоко ниво. За волја на вистината по повод разни празници и според нивните Програми, се посетуваат овие пензионери, а особено болните и изнемоштени. Им се носат подароци, пакети со храна и друго, со цел да им покажат дека не се заборавени, но тоа да биде почесто.

Заради подобрување на животот на руралните пензионери и заради подигање на свеста за решавање на нивните проблеми кај секој поединец, кај институциите, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и други, според предлог на Координативното тело на Активи на пензионерки при здруженија членки на Сојузот, 2022 година е прогласена за ГОДИНА НА РУРАЛЕН ПЕНЗИОНЕР за што е изготвен и постер кој ќе биде дистрибуиран по здруженијата и нивните ограноци да ги потсетуваат и да се грижат за пензионерите во руралните средини. На 20 септември 2022 година Денот на пензионерите ќе бидат избрани три здруженија на пензионери кои имале најмногу посети и доделена помош на рурални пензионери од нивното здружение.

Со овој проект Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија конкурираше преку Црвениот крст на РС Македонија за средства во рамките на грант–договорот „Зајакнување на отпорноста на постарите лица и лицата со попреченост за време на ковид–19 и идни катастрофи“ со Европската унија. Проектот „2022 година на Рурален пензионер“ како корисен и соодветен беше прифатен, и на 6.10.2022 година беше потпишан договор помеѓу Црвениот крст на РС Македонија, од страна на генералниот секретар д–р Саит Саити и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија претставуван од Ментор Ќоку, потпретседател на Извршниот одбор на Сојузот.

# ПЕНЗИОНЕРИТЕ БАРААТ ГОДИНИТЕ ДА НЕ БИДАТ УСЛОВ ЗА КРЕДИТИ

Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија се залага да се олабават условите за добивање кредити за пензионерите во земјава, бидејќи тие имаат редовни примања и редовно ги сервисираат своите обврски

Олабавување на условите за добивање кредити за пензионерите и продолжување на роковите за нивна отплата или воопшто за добивање кредити бараат од Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија (СЗПМ). Како што посочуваат од здружението, повозрасните граѓани, иако се редовни во намирувањето на своите банкарски обврски, сепак, се соочуваат со тешкотии и оневозможување на нивните барања за добивање кредити.

– Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија се залага да се олабават условите за добивање кредити за пензионерите во земјава, бидејќи тие имаат редовни примања и редовно ги сервисираат своите обврски. Сметаме дека е потребно да не се ограничуваат пензионерите според возраста, дека е неопходно да се продолжат годините за добивање и отплата на кредитите – велат од сојузот, посочувајќи дека во земјава има околу 320 илјади пензионери, бројка што не е занемарлива.

Од СЗПМ додаваат дека пензионерите како голема група во земјава се наоѓаат во незавидна позиција поради органичувачките услови наметнати поради нивната возраст. Истакнуваат дека како гаранции за барањата за кредити во банките може да се понудат и жиранти, било да станува збор за нивни деца или, пак, други помлади лица, како и друг тип гаранции.

Од своја страна, претставниците на банките велат дека условите за повозрасните граѓани се направени соодветно на состојбата во земјата и дека тие се навистина поволни.

– Банката нуди кредити за пензионери со максимален рок на отплата до пет години, при што барателот на крајниот рок на отплата не треба да е постар од 72 години. Барателите може да се информираат и да поднесат барање за кредит во сите експозитури или филијали на банката, а одобрувањето е брзо и без сложени процедури. Обезбедувањето за секој кредит се утврдува во согласност со актите на банката. Во согласност со актуелните услови за износ на кредит до 100.000,00 денари не е потребен жирант – велат претставници на Комерцијална банка.

Од Комерцијална додаваат дека „актуелните критериуми под кои банката нуди пензионерски кредити се атрактивни и доволно релаксирани".

– Побарувачката за споменатиот кредит е задоволителна, а сите услови се јавно објавени на веб–страницата на банката и тие се конкурентни и во согласност со потребите на клиентите. Банката ги следи пазарните трендови и континуирано модифицира или креира нови производи и услуги за зголемување на нивната достапност и квалитет – истакнуваат оттаму.

Проблемот со отплата на кредитите за пензионерите не е нов, за него е алармирано повеќепати, поради што голем дел банки веќе и ги коригираа условите, но пензионерите сметаат дека сè уште има простор за подобрување.

– ТТК банка АД Скопје води особена грижа за излегување во пресрет на потребите на споменатиот сегмент на граѓани, пензионерите. Клиентите што ја примаат својата пензија во банката се класифицирани во категоријата корисници премиум смарт, за која ТТК банка нуди кредитни производи со најповолни услови – велат од ТТК банка.

Оттаму додаваат дека имаат посебен потрошувачки кредит за пензионери со кои се обезбедуваат поволни услови за корисниците.

# ИЗВАДОЦИ ОД ИНФОРМАЦИЈА ЗА КЛУБОВИТЕ И ОГРАНОЦИТЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ВО СЗПМ

Сојузот на здруженијата на пезионерите на Македонија како една од најголемите невладини граѓански организации, се грижи за подобрување на условите за живеење на корисниците на пензија со цел создавање услови за подостоинствен живот и нивна социјална интеграција. За таа цел Сојузот ги поттикнува здруженијата на пензионери да создаваат услови за дружење на пензионерите преку отворање клубови за дневен престој на пензионери, каде што пензионерите ќе можат да го поминуваат своето слободно време, како и спроведување одредени активности и забава (играње шах, карти, пиење чај, кафе и безалкохолни пијалаци). Во таа насока Сојузот дава материјална поддршка на помалите здруженија кои отвораат или опремуваат клубови за пензионери.

Со цел целосно да се согледа состојбата со расположивите клубови на пензионери и нивното функционирање, Сојузот достави анкетен лист до сите општински здруженија со одредени прашања. На анкетниот лист одговорија 42 од вкупно 53 здруженија. Врз основа на добиените податоци од анкетниот лист произлегуваат следните состојби:

Од 42 здруженија само две немаат отворено клуб за пензионери и тоа: Здружението на воени пензионери и ЗП Демир Капија. 20 здруженија располагаат со еден клуб иако имаат повеќе ограноци, а 20 располагаат со повеќе клубови на пензионери и повеќе ограноци.

### 1. Здруженија на пензионери кои располагаат со 1 клуб на пензионери

Според анкетата од здруженијата кои доставија податоци за клубови на пензионери, една половина од вкупниот број на здруженијата, членки на Сојузот, или 20 од нив располагат со еден Клуб на пензионери од кои 13 здруженија се сопственици, а 7 не се сопственици на клубовите и тоа:

1.1. Здруженија сопственици на клубовите

| Р.бр | Здружение | Клубови | Ограноци |
|---|---|---|---|
| 1 | Кратово | 1 | 5 |
| 2 | Битола | 1 | 31 |
| 3 | Демир Хисар | 1 | 17 |
| 4 | Охрид и Дебрца | 1 | 21 |
| 5 | Тетово | 1 | 22 |
| 6 | Злетово | 1 | 6 |
| 7 | Кичево | 1 | 11 |
| 8 | Валандово | 1 | 6 |
| 9 | Делчево | 1 | 14 |
| 10 | Струга | 1 | 10 |
| 11 | ОВР на РМ | 1 | 0 |
| 12 | Дебар и Центар Жупа | 1 | 8 |
| 13 | Лабуниште | 1 | 3 |

1.2. Здруженија кои не се сопственици на клубовите

| Р.бр | Здружение | Клубови | Ограноци |
|---|---|---|---|
| 1 | Пехчево | 1 | 6 |
| 2 | Крива Паланка | 1 | 6 |
| 3 | Гостивар | 1 | 23 |
| 4 | Чаир | 1 | 3 |
| 5 | Сарај | 1 | 3 |
| 6 | Вевчани | 1 | 0 |
| 7 | Македон. Каменица | 1 | 1 |

Според бројот на членовите во здруженијата произлегува дека со по еден клуб на пензионери располагаат и мали и големи здруженија, што значи бројноста на пензионерите не е услов со колку клубови располага здружението.

Здруженијата на пензионери кои имаат само по еден клуб скоро сите имаат ограноци, освен ЗП ОВР и ЗП Вевчани кои немаат ограноци. Бројот на ограноците е различен и се движи од 1 до 31, а поголем број ограноци имаат здруженијата со поголем број членови. По однос на прашањето кој ги плаќа комуналиите, скоро сите здруженија сами ги плаќат комуналиите, освен ЗП Дебар и Центар Жупа и ЗП Валандово, кои клубовите ги дале на закупец и тој ги плаќа комуналиите. За Клубот на пензионери од ЗП Вевчани, комуналиите ги плаќа локалната самоуправа, на ЗП Сарај ги

плаќа училиштето, додека ЗП Гостивар, ЗП Крива Паланка, ЗП Чаир и ЗП Пехчево, иако не се сопственици на клубовите, сами ги плаќаат комуналиите.

**2. Здруженија на пензионери кои располагат со повеќе клубови**

Од анкетираните здруженија на пензионери 20 здруженија или една половина од вкупните 53, располагаат со повеќе клубови и тоа: 6 здруженија се сопственици на клубовите, 8 здруженија не се сопственици, додека 7 здруженија располагаат со сопствени клубови и со клубови за кои не се сопственици.

2.1. Здруженија кои се сопственици на клубовите

| Р.бр | Здружение | Клубови | Ограноци |
|---|---|---|---|
| 1 | Свети Николе | 2 | 5 |
| 2 | Крушево | 3 | 4 |
| 3 | Неготино | 3 | 12 |
| 4 | Берово | 2 | 9 |
| 5 | Дојран | 3 | 5 |
| 6 | Гевгелија | 5 | 14 |

Наведените здруженија во табелата кои располагаат со сопствени клубови се со помал број членови и имаат од 2 до 3 клубови и од 4 до 12 ограноци, а комуналиите ги подмируваат и сами ги плаќаат комуналните услуги.

2.2. Здруженија кои не се сопственици на клубови

| Р.бр | Здруженија | Клубови | Ограноци |
|---|---|---|---|
| 1 | Гази Баба | 10 | 11 |
| 2 | Илинден | 5 | 5 |
| 3 | Ѓорче Петров | 8 | 7 |
| 4 | Богданци | 2 | 1 |
| 5 | Куманово | 5 | 24 |
| 6 | Дојран | 3 | 5 |
| 7 | Тафталиџе | 2 | 6 |
| 8 | Карпош | 3 | 7 |

Од табелата произлегува дека 8 здруженија не се сопственици на клубовите за дневен престој. Од наведените здруженија комуналните услуги ги плаќаат самите здруженија: Богданци, Куманово, Дојран, Тафталиџе и Карпош. За ЗП Гази Баба комуналиите делумно се плаќат од здружението, а делумно од општината. За ЗП Иленден и ЗП Ѓорче Петров комуналиите ги плаќа локалната самоуправа. Од нив 5 здруженија сами ги плаќаат комуналиите, едно здружение делумно ги плаќа, а за две здруженија локалната самоуправа ги покрива овие трошоци.

2.3. Здруженија кои делумно се сопственици

| Р.бр | Здруженија | Клубови | Ограноци | Сопствени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Солидарност – Аеродром | 7 | 5 | 2 |
| 2 | Штип | 8 | 13 | |
| 3 | Макед. Брод | 2 | 6 | 1 |
| 4 | Виница | 6 | 8 | 1 |
| 5 | Прилеп | 8 | 19 | 2 |
| 6 | Кисела Вода | 13 | 12 | 6 |
| 7 | Велес | 10 | 14 | 6 |

Според наведените податоци во табелата произлегуваат следните состојби:

– ЗП Солидарност – Аеродром располага со 2 сопствени клуба за пензионери, за 2 клуба плаќа кирија, а за три клубови не плаќа кирија. Здружението плаќа комуналии за 5 клубови.

– ЗП Штип нема наведено на колку клубови се сопственици, но за сите клубови комуналиите ги плаќа здружението.

– ЗП Мак. Брод има 1 сопствен клуб и еден од локалната самоуправа, а за двата клуба комуналиите ги плаќа здружението.

– ЗП Виница располага само со еден сопствен клуб, а 5 клубови се од локална самоуправа. За сите клубови комуналиите ќи плаќа здружението.

– ЗП Прилеп располага со 2 сопствени клуба, а 6 се од локалната самоуправа. За сите клубови комуналните услуги ги плаќа здружението.

– ЗП Велес располага со 6 сопствени клубови, и 4 клубови за кои не се сопственици. Комуналните услуги ги плаќа здружението.

– ЗП Гевгелија располага со 5 клубови и 14 ограноци, а комуналиите ги плаќа ЗП.

– ЗП Кисела Вода има 13 клубови од кои 6 сопствени, а за другите плаќа кирија.

Од напред изложеното произлегува дека здруженијата кои располагаат со повеќе од еден клуб, 6 здруженија се сопственици на клубовите, 8 здруженија не се сопственици на клубовите, додека 7 здруженија имаат и сопствени клубови и клубови на кои не се сопственици, но сепак за некои клубови плаќаат и кирија. По 1 клуб имаат 20 здруженија со 196 ограноци, а 20 здруженија имат 110 клубови со 383 ограноци, или вкупно 37 здруженија располагаат со 108 клубови и 354 ограноци.

**3. Задолжен за работата во Клубот**

По прашањето кој е задолжен за работата на клубот добиени се следните одговори:

– Здруженијата на пензионери кои имаат ангажирано угостител: Кратово, Битола, Дебар и Центар Жупа, Тетово, Струга, Крива Паланка, Неготино, Берово, Мак. Каменица, Гевгелија и Валандово;

– Здруженијата на пензионери кои имаат ангажирано пензионер со надоместок: Демир Хисар, Илинден, Ѓорче Перов, Свети Николе, Охрид и Дебрца, Македонски Брод, Куманово, Тафталиџе, Прилеп и Велес;

– Здруженијата на пензионери кои имаат ангажирано пензионер – волонтер: Злетово, Кичево, Лабуниште, Пехчево, Сарај, Вевчани, Делчево, ОВР, Солидарност – Аеродром, Дојран и Виница.

**4. Финансиска помош**

По однос на прашањето дали клубовите добиваат финансиска поддршка од локалната самоуправа или од спонзори сите здруженија одговорија дека немаат помош, освен ЗП Сарај има помош од спонзор, а ЗП Демир Хисар, ЗП ОВР, Дебар, Илинден, Струга, Дојран, Тафталиџе, Вевчани, Гевгелија одговорија дека имаат делумна помош.

**5. Станови во сопственост на здруженија на пензионери**

| Р. бр | Здруженија | Станови | Семејства |
|---|---|---|---|
| 1 | Битола | 8 | 8 |
| 2 | Демир Хисар | | |
| 3 | Крушево | 3 | 3 |
| 4 | Охрид и Дебрца | 4 | 4 |
| 5 | Кичево | 10 | 10 |
| 6 | Неготино | 16 | 16 |
| 7 | Берово | 12 | 12 |
| 8 | Валандово | 4 | 4 |
| 9 | Штип | 7 | 8 |
| 10 | Велес | 24 | 24 |
| 11 | Гевгелија | 21 | 21 |
| | Вкупно | 110 | 110 |

Од табелата произлегува дека вкупно здруженијата на пензионери кои доставија податоци располагаат со 110 станови во кои се сместени пензионери. Одржувањето на становите се врши и тоа: Во ЗП Битола се сместени 8 семејства, а станарите сами ги одржуваат становите. Во ЗП Демир Хисар има станови, но во нив никој не живее. Наведените здруженија (освен ЗП Демир Хисар) имаат донесено Правилник во кој се уредени критериумите за сместување на пензионерите во стан сопственост на здружението.

**6. Социјална и солидарна помош**

На прашањето како здруженијата ги помагаат пензионерите, најголем број здруженија одговориле дека на пензионерите со ниски пензиски примања им доделуваат парична помош и материјална помош, ЗП Битола одговори дека доделуваат одредени донации, ЗП Кр. Паланка и ЗП Сарај доделуваат социјални пакети, ЗП Д. Хисар и ЗП Охрид им даваат прехранбени артикли, ЗП Прилеп доделува еднократна помош и средства за бањско лекување, ЗП Делчево и ЗП Дојран им даваат еднократна помош, ЗП Д. Капија врши посета на болни, ЗП Неготино и ЗП Штип доделуваат помош според барања односно според потребите на пензионерите. Од обработените податоци од анкетниот лист доставени од страна на здруженијата на пензионерите – членки на СЗПМ, за состојбите на клубовите и ограноците на пензионерите произлегуваат следните:

**КОНСТАТАЦИИ**

1. Од 53 здруженија на пензионери, анкетен лист пополнија 42 здруженија или околу 80%, што говори за сериозен однос на здруженијата кон согледувањето на состојбите на клубовите на пензионери и ограноците.

2. Половината од здруженијата кои доставиле податоци располагаат со 1 клуб на пензионери и повеќе ограноци (освен ЗП ОВР и ЗП Вевчани) кои немаат ограноци, а половина од нив располагаат со повеќе клубови на пензионери.

3. Во основа сите клубови располагаат со средства за рекреација и разонода и во клубовите се служат безалкохолни пијалаци, кафе, чај, сок и вода (освен во ЗП Тетово, ЗП Гостивар и ЗП Струга каде што се служат и алхохолни пијалаци – пиво), со различен пристап во утврдување на цените на пијалаците.

**ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Се препорачува на здруженијата на пензионери и понатаму да работат на отворање клубови за пензионери во кои места се одвива реалниот пензионерски живот во соработка со локалната самоуправа.

2. Во услови на пандемијата здруженијата на пензионери во согласност со своите можности да преземат мерки за дезинфекцирање, средување, варосување на пензионерските клубови, како и на подготовка за редовно работење согласно со постојните прописи. Се препорачува за време на редовното работење на клубовите да се обезбедат неопходните средства за хигиена, како превенција за заштита на корисниците на пензија.

3. За работата на клубовите, здруженијата на пензионери треба да донесат Правилник како правна рамка во кој ќе ги уредат сите прашања од работењето на клубовите на што укажува и Државниот ревизор во „Конечниот Извештај за извршената ревизија на успешноста, ефикасноста на преземените мерки, политики и активности за остварување на правата од социјална заштита на стари лица во РМ во институционално сместување во државни пензионерски домови и Клубови".

4. Заради правилна распределба на социјално–солидарната помош се препорачува здруженијата да донесат Правилник со кој ќе се уредат мерилата и критериумите со давање приоритет на корисниците со ниски пензиски примања.

5. Се препорачува во клубовите на пензионери да се одвиваат активности соодветни за возрасната популација без служење алкохолни пијалаци, како и без други активности кои го уриваат угледот на здружението.

Скопје, јули 2020 година

# РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА

Со цел да се согледа мислењето на корисниците на пензија во врска со работата на здруженијата на пензионерите, клубовите на пензионерите, здравствените услуги, висината и начинот на исплатата на пензијата, донесување решенија за исплатата на пензијата, исплатата на посмртната помош, работа на пензионери со компјутери и соработка на здружението со локалната самоуправа, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија спроведе анкета на корисниците на пензија. Анкетата се спроведе преку здруженијата на пензионерите на кои им беа доставени одреден број анкетни листови во зависност од бројот на членови на здружението со прашања групирани во шест групи и тоа:

1. Работа на Здружение на пензионери
2. Работа на клубови на пензионери
3. Здравствени услуги
4. Висина и начин на исплата на пензија, исплата на посмртна помош и донесување решение на пензија
5. Користење интернет и интерес за обука
6. Соработка со локална самоуправа.

Од страна на здруженијата на пензионери беше спроведена анкетата, и пополнетите анкетни листови беа вратени во Сојузот од 45 здруженија, што значи дека најголем број од здруженијата одговорно постапија и ја исполнија оваа задача. Резултатите од анкетните листови беа обработени според групите на прашањата и тоа:

1. Работа на Здружение на пензионери – За работа на здруженијата на пензионерите беа поставени 4 прашања и тоа:

– Дали сте задоволни од работата на здружението на пензионерите;
– Дали сте задоволни од видот на активностите на здружението;

– Дали сакате да се вклучите во активностите на здружението;
– Дали Вашето здружение помага на пензионерите.
На овие прашања се дадени следните одговори:

| | Задоволни | % | Незадоволни | % | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Работа на ЗП | 1.367 | 94,9% | 74 | 5,1% | 1.441 |
| Активности на ЗП | 1.334 | 92,6% | 104 | 7,4% | 1.441 |
| Вклучување во активности | 1.194 | 82,9% | 247 | 17,1% | 1.441 |
| Помагање на пензинерите | 1.331 | 92,4% | 107 | 7,6% | 1.441 |

По однос на прашањето дали сте задоволни од работата на здружението на пензионери, од анкетирани 1 441 пензионер позитивно одговорија 1 367 или 94,9% од корисниците, а 74 корисници на пензија или 5,1% се изјаснија дека не се задоволни од работата на здружението. Меѓутоа анкетираните пензионери не наведоа некоја причина поради која би биле задоволни или незадоволни. Во врска со активностите на здруженијата 1 334 пензионери или 92,6% се изјаснија дека се задоволни, а 104 корисници на пензија или 7,4% не се задоволни.

За вклучување во работата на здружението 1 194 корисници на пензија или 82,9% се изјаснија дека сакаат да се вклучат, додека 247 пензионери или 17,1% од анкетираните рекоа дека не се заинтересирани да се вклучат во активностите на здружението.

А дали здружението на пензионери помага на пензионерите позитивно одговорија 1 334 корисници или 92,5%, а 107 корисници или 7,4% мислат дека здруженијата не помагаат на пензионерите. По ова прашање најголем број одговори се однесуваа дека здруженијата помагаат со парична помош на корисниците со ниски пензиски примања, како и на болни пензионери за болничко лекување, потоа за бањско лекување, за набавка на огревно дрво, како и помош за одредени вонредни околности. Според наведените резултати над 90% од анкетираните пензионери се задоволни од работата и активностите на здружението како и од помагање на здружението на пензионерите, додека за вклучување во активности на пензионерите се заинтересирани 82,9% од анкетираните пензионери.

Според изнесените податоци од анкетата може да се заклучи дека пензионерите се задоволни од работата, активностите на здруженијата, како и од помагање на здруженијата на пензионерите. Исто така, голем интерес има и за вклучување на пензионерите во активностите на здружението.

2. Работа на клубовите на пензионери – Во анкетниот лист беа поставени следните прашања:
Дали сте задоволни од работата на клубовите;
Дали се добро опремени клубовите;
Дали се доволно посетени;
Сметате ли дека треба да има уште клубови.
На овие прашања беа дадени следните одговори:

| | да | % | не | % | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Задоволни од работата | 1.137 | 82,1% | 248 | 17,9% | 1.385 |
| Опремени | 961 | 69,4% | 424 | 30,6% | 1.385 |
| Посетени | 886 | 63,9% | 499 | 36,1% | 1.385 |
| Потреба од нови | 901 | 65,0% | 484 | 35,0% | 1.385 |

Во врска со работата на клубовите на пензионери од анкетираните 1 385 корисници на пензија задоволни се 82,1%, а незадоволни се произнесоа 17,9%. За опременоста на клубовите на пензионери 69,4% од анкетираните пензионери се изјаснија дека се добро опремени клубовите, додека 30,6% одговорија дека клубовите не се добро опремени. Како недостаток беше истакнато дека нема доволно столови, телевизор и друго, како и тоа дека не се загреани и дека се затворени поради пандемијата. Исто така и за посетеноста на клубовите 63,9% од анкетираните пензионери се изјаснија дека се посетени, а 36,1% мислат дека не се доволно посетени. За потребата од уште клубови се изјаснија 901 корисник на пензија, а 484 рекоа дека нема потреба од нови клубови. За разлика од работата на здруженијата на пензионерите каде што над 90% од анкетираните изјав–

ија дека се задоволни од работата и активностите на здруженијата, за работата на клубовите, нивната опременост и посетеност е помал бројот на задоволни пензионери, односно се задоволни околу 65% од анкетираните пензионери додека незадоволни се околу 35%.

3.Здравствени услуги – Во анкетниот лист беа поставени следните прашања:

– Дали сте задоволни од здравствените услуги во вашето место;
– Дали во секое веме можете да се снабдите со потребните лекови;
– Дали пензионерите треба да бидат ослободени од партиципација;
– Дали сте се заразиле со ковид 19.

Во врска со прашањето дали сте задоволни од здравствените услуги од анкетираните 1 444 пензионери, 1 099 или 76% се изјаснија дека се задоволни, додека 345 пензионери или 24% не се задоволни од здравствените услуги. Како причина од незадоволствоте се истакнува дека нема доволно термини за специјалистички прегледи, нема дежурен лекар. За снабдување со лекови во секое време од анкетираните 1 444 пензионери, 1 140 или 78,9% се изјаснија дека во секое време можат да се снабдат со бараните лекови, а 304 или 21,1% од пензионерите сметаат дека не можат. На прашањето дали пензионерите треба да бидат ослободени од партиципација скоро сите пензионери или 98,3% од анкетираните се изјаснија дека пензионерите треба да бидат ослободени од партиципација, а само 25 пензионери или 1,7% мислат дека не треба да бидат ослободени. За заразени со ковид 19 се изјаснија 452 пензионери или 31,6%, додека 68,4% не се заразиле со ковид 19.

4. Висина на пензија – Во оваа група беа поставени следните прашања:

Дали сте задоволни од висината на вашата пензија;
Дали сте задоволни од начинот на исплатата;
Дали навремено се исплаќа посмртната помош;
Дали навремено се донесуваат решенија за пензија.

На прашањето дали сте задоволни од висината на пензијата 453 пензионери или 31,4% одговорија дека се задоволни, а 991 или 68,6% изјавија дека не се задоволни од висината на пензијата. Во врска со начинот на исплатата на пензијата 1 379 или 95,4% од анкетираните пензионери позитивно се изјаснија за начинот на исплатата на пензиите, а само 65 пензионери или 4,6% рекоа дека не се задоволни. За исплата на посмртна помош 943 или 65,3% од пензионерите сметаат дека таа навремено се исплаќа, а 501 од пензионерите, мислат дека не се исплаќа навремено или не знаат дали навремено се исплаќа. За донесување навремено решение на пензија 1 010 или 69,9% позитивно се изјаснија, додека 501 од пензионерите сметаат дека не се донесува навремено или не знаат дали навремено се донесува решение за пензија.

5. Едукација – Во оваа група беа поставени следните прашања:

Дали користите интернет;
Дали сакате да има обука за компјутери на пензионери.

Во врска со прашањето дали користите интернет 719 или 49,8% од анкетираните пензионери позитивно се изјаснија, а 726 корисници на пензија или 50,2% одговорија дека не користат интернет. По однос на второто прашање дали сакате да има обука за компјутери на пензионери, позитивно одговорија 987 од анкетираните или 68,4%, додека 457 од пензионерите се изјаснија дека не сакаат да се обучуваат за користење компјутери.

6. Дали Вашето ЗП соработува со локалната самоуправа – На ова прашање 1 172 од анкетираните пензионери изјавија дека нивното здружение соработува со локалната самоуправа, а 272 негативно одговорија за соработката со локалната самоуправа.

**ЗАКЛУЧОК**

Од напред изнесените податоци може да се заклучи дека пензионерите се задоволни од работата на здружението, бидејќи позитивно се изјаснија над 90% од анкетираните пензионери, од работата на клубовите на пензионерите се задоволни околу 65%, а од здравствените услуги околу 75%. Од висината на пензијата се задоволни 31%, додека за користење интернет позитивно се изјаснија 50% од пензионерите, а 68% дека сакаат да се обучат за користење компјутери.

Скопје, ноември 2021 година

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБИТЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА СТАРСКИТЕ И ПЕНЗИОНЕРСКИТЕ ДОМОВИ

Како постојана грижа на Сојузот и здруженијата на пензионери и негови членки, во постојан фокус им е институционално и вонинституционално сместување на корисниците на пензија.

Според мислењето на СЗПМ и ЗП социјалното домување на пензионерите треба да се остварува преку постоење на разни форми и облици и тоа: изградба на пензионерски и старски домови, дневни центри, пензионерски клубови и социјални установи односно сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови.

Со цел да се согледаат расположивите капацитети за сместување на корисниците на пензија и старите лица во РС Македонија, со Програмата за работа на Сојузот и на Програмата на Комисијата за 2020 година предвидено е Комисијата за старски и пензионерски домови и стандард да изврши увид на расположивите државни и приватни сместувачки капацитети за стари лица, кој управува или стопанисува со домовите, со податоци за условите за живеење и прием во домовите, број на легла, цените за сместување, исхрана, здравствена заштита и друго.

Комисијата во текот на септември 2020 година изврши согледување на состојбите во старските и пензионерските домови и до Сојузот достави информации со потребните податоци.

**УСТАНОВИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ СТАРИ ЛИЦА**

Во нашата земја според тоа кој управува или стопанисува со домовите, за остварување на системот на социјална заштита постојат:

јавни установи под ингеренција на Владата,
јавни установи со кои управува или стопанисува локалната самоуправа,
приватни јавни установи за социјална заштита по претходно мислење на МТСП, и
установи за социјална заштита под ингеренција на Министерството за здравство.

**СТАРСКИ ДОМОВИ**

**1. Старски домови сопственост на локална самоуправа**

| Р.бр | Општина | домови | соби | лица | цена | Правил | Лица задол | Здр. заштита |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Берово**<br>др. Иван Влашки | 1 | 15 | 29 | 18.000 ден | да | да | не |
| 2. | **Прилеп**<br>К. Крстески Платник | 1 | 60 | 150 | 7.200–11.340 ден | да | да | да |
| 3. | **Куманово**<br>Зафир Сајто | 1 | | 166 | 11.800 ден | да | да | да |
| | **Вкупно** | 3 | | **345** | | | | |

Од прегледот се гледа дека во Берово, Прилеп и Куманово се сместени 345 лица. Цените за сместување во домовите „Киро Крстески – Платник“ и „Зафир Сајто“ се движат од 7.200 денари до 11.800 денари, додека во домот д–р Иван Влашки во Берово цената изнесува 18.000 денари без медицинска нега. Старите лица се обезбедени со храна, здравствени услуги и други потреби, а цените се реални на пензиските примања, имајќи предвид дека просечната пензија во Републиката изнесува 15.356 денари.

**2. Старски домови сопственост на МТСП**

ЈОУ ДСЛ Сју Рајдер во Битола е со капацитет од 160 лица. Домот е изграден со странска донација во 1964 год. и по изградбата е преотстапен на Општина Битола без надоместок. Цените се движат од 9.711 до 11.737 ден.

**3. Старски домови сопственост на Министерството за здравство**

| | **Скопје** | дом | соби | лица | цена | правил | лице | З. зашти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мајка Тереза | 1 | | 70 | 15–16.500 | да | да | да |
| 2 | Геријатрија | 1 | 5 катови | 100 | 16.200 денари | да | да | да |
| 3 | Сју Рајдер | 1 | 3 катови | 40 | | да | да | да |
| | **Битола** | | | | | | | |
| 1 | Хоспис Сју Рајдер | 1 | | 75 | 16.000 денари | да | да | да |
| | **Вкупно** | | **285** | | | | | |

Во овие установи се сместени 326 лица со обезбедена храна и нега, како и комплетна здравствена заштита составена од лекари (интернист, невролог, психијатар, медицински сестри и социјални работници). За сместување на лица во наведените установи постои правилник за сместување, а цената за сместување изнесува околу 16.000 денари и е соодветна на висината на пензиските примања. Во „Мајка Тереза“ критериум е корисниците да се во можност да се грижат сами за себе, а имат комплетна здравствена заштита.

**ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМОВИ**

**1. Пензионерски домови со кои стопанисуваат здруженија на пензионери**

| Р.бр | Општина | домови | соби | лица | цена | Правил | Лица задол | Здр. заштита |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Радовиш | 1 | 14 | 16 | 30ден од 1 м2 | да | не | не |
| 2 | Струмица | 1 | 10 | 11 | 1.500 ден. од соба | да | да | да |
| 3 | Берово | 1 | 17 | 14 | 25 ден. од 1м2 | да | не | не |
| 4 | Штип | 1 | 7 | 7 | 1.200 ден. | да | не | не |
| 5 | Пробиштип | 1 | 9 | 9 | 650 ден. | да | не | не |
| 6 | Гевгелија | 1 | 21 | 21 | 1.000 ден. | да | не | не |
| 7 | Ресен | 1 | 15 | | не е во функ. | | | |
| 8 | Кичево | 1 | 10 | 8 | 1200 ден | да | не | не |
| 9 | Тетово | 1 | 11 | 1 | 2.000 ден | да | не | не |
| 10 | Неготино | 1 | 16 | 16 | 900–1200 ден | да | не | не |
| 11 | Валандово | 1 | 4 | 4 | 1000–1500 ден | да | не | не |
| 12 | Крушево | 1 | 4 | 5 | 2500 ден | да | не | не |
| 13 | Охрид | 1 | 4 | 4 | 2100–2600 ден | да | не | не |
| 14 | Битола | 1 | 16 | 16 | 540 ден | да | не | не |
| 15 | Велес | 1 | 24 | 24 | 1.100 ден | да | не | не |
| | **Вкупно** | 15 | 168 | **156** | | | | |

Пензионерски домови со кои стопанисуваат Здруженија на пензионери, има 15, со вкупно станбени единици 168, а во нив се сместени 156 пензионери. Разликата е затоа што во пензионерскиот дом во Ресен има 15 соби за сместување кои не се во функција поради тоа што домот е напуштен. ЗП Битола е косопственик со Здружението на инвалидските пензионери 50/50. ЗП Тетово – во пензионерскиот дом има простор за сместување на 11 пензионери, а сместен е само еден пензионер, бидејќи собите не се реновирани. ЗП Гевгелија, покрај домови за живеење поседува викендичка во локалитетот Смрдлива Вода со 3 соби со по 2 кревети, кујна и бања. Викендичката се издава на пензионери, по цена од 100 денари на ден за пензионери од Гевгелија,

а 150 за пензионери од други општини. ЗП Гевгелија има нерасчистен статус на сопственост со Фондот на ПИОМ. ЗП Велес становите со кои стопанисува Здружението редовно ги одржува. Објектот во Богомила има 8 соби и 42 кревети кои се користат за туристички рекреативни цели, а цената е 200 денари од ден. Постои и објект на три спратови и приземје на улица Димитар Влахов б.б. за сместување и исхрана на пензионери, но истиот сега не е во функција, бидејќи во него се сместени други субјекти. Општина Радовиш има потреба од изградба на нов дом и има обезбедено локација. Во ЗП Струмица становите за пензионерите со кои стопанисува Здружението редовно се одржуваат. Во Општина Струмица (вклучено е и здружението) се работи на подготовка на проект за регионален центар за стари лица кој ќе има капацитет до 300 лица. Проектот е поддржан од ЦИРА (Центар за развој на југоисточна Европа). ЗП Свети Николе и ЗП Делчево немаат домови, како и ЗП Берово и ЗП Ново Село. ЗП Охрид и Дебрца имаат потреба од изградба на старски дом, а потребите се зголемуваат. Била донесена одлука од советот на општината за изградба на старски дом во населбата Воска но досега не е реализирана. Општината Ресен по пат на јавно приватно партнерство за изградба на старски домови нуди пет локации: во с. Асамати, во с. Брајчино, с. Љубојно, и с. Сопотско. Општина Дебрца нуди стара училишна зграда во Сливовски Анови. Општина Вевчани за изградба на пензионерски односно старски дом нуди два објекти во склоп на самата населба Вевчани. ЗП Штип има започнато градба на дом и истата е стопирана, се чека да се извршат измени на Законот за легализација за да се догради. Во Општна Струга има два објекти: Објект наречен „Женска плажа“ со 30 соби и Објектот „Хотел Галеб“ изграден од страна на Фондот на ПИОМ кој располага со 80 соби, апартмани и дворно место, а кој е даден на трајно користење на други субјекти. ЗП Кочани не располага со дом за сместување на стари лица, но има доделено плац од 6000 м2 со обезбеден пат, струја, канализација, имаат изготвен проект, но не е отпочната градба. Според увидот на Комисијата домовите се стари, изградени се во минатиот век и не се реновирани или малку е вложувано поради што треба да се подобрат условите за живеење.

**2. Пензионерски домови во сопственост на фондот на ПИОМ**

| | | домови | соби | лица | цена | правилник | одржување | З. заштита |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Свети Николе | 1 | 5 | 5 | 30 ден од 1м2 | да | не | не |
| 2 | Делчево | 1 | 13 | 15 | 790 денари | да | не | не |
| | Скопје | | | | | | | |
| 3 | Лика Чопова | 1 | 48 | 48 | 980–1300 денари | да | не | не |
| 4 | Гази Баба | 1 | 44 | 44 | 1.000 денари | да | не | не |
| 5 | Аеродром | 1 | 142 | 180 | 556–1120 денари | да | да | не |
| 6 | Кочани | 1 | 8 | 8 | 370 денари | да | не | не |
| 7 | Кр. Паланка | 1 | 9 | 9 | 626 денари | да | не | не |
| 8 | Гевгелија | 1 | 18 | 18 | 800 денари | да | не | не |
| 9 | Битола | 1 | 93 | 20 | 8500–11.000 ден | да | не | не |
| 10 | Гостивар | 2 | 37 | 37 | 1.000 денари | да | не | не |
| 11 | Прилеп | 1 | 7 | 7 | 900 денари | да | не | не |
| 12 | Ѓ. Петров | 1 | 30 | 30 | 900 денари | да | не | не |
| 13 | Виница | 1 | 3 | 3 | 400 денари | да | не | не |
| 14 | Куманово | 1 | 23 | 19 | 600–1000 денари | | | |
| | **Вкупно** | 15 | 480 | **443** | | | | |

Фондот на ПИОМ располага со 15 пензионерски домови со 480 соби, односно станови, а во нив се сместени 443 корисници на пензија. Цените се движат од 370 до 1.000 денари. Во Прилеп има уште 10 стана изградени за пензионерите, но со нив стопанисува боречката организација, а се сместени лица кои не се пензионери. Домот за пензионери Хотел Битола е недоволно и нередовно одржуван. Неопходно е да се направи трансформација на објектот од досегашното ДОО трговско друштво во Дом за пензинери или старски дом. Во хотелот иако има 90 соби сместени

се само 20 лица. Домот за пензионери од Виница има уште 4 соби, но истите не се опремени и не се издадени.

**3. Приватни старски домови**

Во Републиката во изминатиот период има отворено повеќе приватни старски домови, кои се добро уредени, обезбедена храна и нега на лицата, располагаат со медицински кадар, имат и уредени дворови, а се даваат и други услуги.

| Р.бр | Општина | домови | соби | лица | цена | Правил | Лица задол | Здр. заштита |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Радовиш | 1 | 16 | 33 | 22–28.000 денари | да | да | да |
| 2 | Струмица | 2 | | | | | | |
| | Банско | | 20 | 26 | 20–30.000 денари | да | да | да |
| | Цареви кули | | 20 | 9 | 30–36.000 денари | да | да | да |
| 3 | Скопје | | | | | | | |
| | Миркоски | 1 | 22 | | | | | |
| | апартмани | | 4 | | 31000 денари и пов. | да | да | да |
| | Нана | 1 | 8 | 16 | 30–36.000 ден | да | да | да |
| | Светла надеж | 1 | 6 | 14 | 35.000 денари и пов. | | | |
| | Феникс | 2 | 32 | 80 | 31–40.000 ден | да | да | да |
| | Феникс Премиум | | 10 | 25 | 31–35.000 денари | | | |
| | Лабос | 2 | 15 | 30 | 31.000 денари и пов. | да | да | да |
| | | | 20 | 35 | 30.000 денари и пов. | да | да | да |
| | Резид. Дабевски | 1 | 23 | 45 | 38.000 денари | да | да | да |
| | Сончев дом | 1 | 8 | 15 | 25.000 денари | да | да | да |
| | Света Петка | 1 | 10 | 21 | 31–35.000 денари | да | да | да |
| | Милица | | 10 | | околу 40.000 ден | да | да | да |
| | апартмани | | 2 | 39 | високи | | | |
| | Панда | 1 | 15 | 28 | | да | да | да |
| | Хармонија | 1 | 16 | 31 | 32.000 денари | да | да | да |
| | Сонце | 1 | 18 | 36 | 25–30.000 денари | да | да | да |
| | Ваш нов дом | 1 | 7 | 17 | 27.000 денари | да | да | да |
| | Вита–Ве | 1 | 29 | 61 | | да | да | да |
| | Жана | 1 | 22 | 35 | 30–36.000 ден | | | |
| | Елисавета | 1 | 22 | 46 | 34.000 денари | да | да | да |
| | ПУС Руски | 1 | 19 | 29 | 25.000 денари | да | да | да |
| | клон во Кадино | | 20 | | | | | |
| | ПСУ Бранкица | 1 | 30 | | се реновира | | | |
| | Хармонија | 1 | 14 | 32 | 30–35.000 денари | да | да | да |
| | Идила Терзиева | 1 | 38 | 70 | 30–35.000 денари | да | да | да |
| | апартмани | | 5 | | | | | |
| 4 | Неготино | | | | | | | |
| | Жана | 1 | 30 | 98 | 32.000 денари | да | да | да |
| 5 | Битола | | | | | | | |
| | Св Петка | 1 | | 60 | 24–28.000 ден | да | да | да |
| | **Вкупно** | 25 | 481 | **833** | | | | |

Условите за живеење се добри, здравствена нега имаат 24 часа од страна на медицински сестри, физиотерапевт и социјален работник. Цените за сместување, се движат од 24.000 дена–ри до 40.000 денари. Најголем број домови нудат цена од 30–35.000 денари (околу 550 евра).

Цените се многу високи и не одговараат на стандардите на македонските пензионери со просечна пензија околу 15.000 денари. Во овие домови можат да се сместат мал број стари лица кои примаат пензија над 30.000 денари. За споредба цените во приватните старски домови во Србија се движат во просек од 300 до 400 евра и се пониски од цените во нашата држава.

**ПОМОШ НА СТАРИ ЛИЦА ВО ДОМАШНИ УСЛОВИ**

„ПТТ Компани" – Основна дејност на оваа компанија е помош на стари лица во домашни услови. Помошта се состои во одржување лична хигиена, хигиена на станбениот простор, плаќање сметки, пазарење, водење кај лекар, како и грижа за здравјето на пензионерот.

„Нега плус„ е во склоп на хуманитарна организација ХЕРА. – Нејзини основачи се ХЕРА асоцијација и Општина Центар. Ангажирани се 10 жени кои се обучени за давање помош и нега на стари лица во домашни услови. Пружаат помош во општините Центар, Карпош, Кисела Вода, Ѓорче Петров и Шуто Оризари (Целна група се жителите од ромска националност), а услугата е бесплатна.

********

Од напред изнесените информации и податоци може да се заклучи следното:

1. Постојните капацитети и активностите кои се преземаат не обезбедуваат соодветни и еднакви услови за сместување на пензионерите што има влијание на квалитетот на животот и заштитата на старите лица.

2. Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија и здруженијата на пензионери – членки на Сојузот предлагаат Владата на РСМ да донесе Програма за социјално домување на пензионерите со вклучување на сите форми и облици за социјално домување на пензионерите со согледување на потребите (број на корисници на пензија) по региони, со утврдени рокови, надлежни органи и обезбедена финансиска конструкција на средства.) За пензионерите како приоритет е изградба на државни старски домови за сместување на пензионерите со цени што ќе одговараат на пензионерскиот стандард имајќи предвид дека околу 77.000 корисници на пензија примаат најнизок износ на пензија.

3. До изградбата на старски државни домови да се обезбеди субвенција на дел од трошоците за сместување на пензионери во приватните старски домови, бидејќи бројот на баратели се зголемува, а цените се несоодветни за најголем број на пензионери ако се има предвид дека околу 60% од корисниците на пензија примаат пензија до просечниот износ на пензијата од 15.257 денари на ниво на јули 2020 година.

4. Здруженијата на пензионери кои стопанисуват со пензионерски домови, согласно своите можности да преземат соодветни активности за подобрување на условите за живеење на корисниците на пензија кои се сместени во пензионерските домови.

5. Формираните социјални сервиси за помош на стари лица во домашни услови според досегашните согледувања во општините сè уште не отпочнале со работа освен во Општина Центар, да почнат со работа.

6. Да се поведе Иницијатива за измени и дополнувања на членот 105 од Законот за здруженија и фондации (Сл. весник бр. 52/2010 и бр. 135/2011) за создавање на правен основ пензионерските домови изградени од придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од тогашните осигуреници (сега пензионери) да се отстапат на здруженијата на пензионери. Здруженијата на пензионери како граѓански субјекти можат да управуваат со нив и тековно да ги одржуваат што е причина повеќе да побараат и стекнување со статус од јавен интерес (мислење и на Републичкиот ревизор) и на тој начин ќе можат да остварат и средства од европски фондови, од буџетот и од локална самоуправа. Со оваа можност здруженијата ќе можат да вршат поширока општествена дејност и ќе дадат свој придонес во социјалното домување на пензионерите.

7. Информацијата за состојбите и функционирањето на старските и пензионерските домови да се достави до Министерството за труд и социјална политика и Владата на РСМ како придонес во решавањето на ова значајно прашање за социјално домување на пензионерите.

Скопје, октомври 2020 година

# "РАБОТНО ВРЕМЕ" ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИ И СОЈУЗОТ

Како што е познато здруженијата на пензионерите и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија цели 75 години опстануваат како граѓанска организација која се грижи за правата на пензионерите и за унапредување на развојот на пензионерското организирање. Ентузијастите што ги формирале здруженијата на пензионерите и Сојузот, имале визија за тоа кои треба да бидат целите на ова здружување и во кој правец треба да биде насочен нивниот активизам. Целта им била јасна: подобрување на пензионерскиот живот и активно стареење.

Донесувањето на Законот за пензионирање во 1946 година условило да бидат регистрирани околу 2 600 пензионери и овозможило да започне и пензионерското организирање. Во тие рани почетоци своите активности пензионерите ги остварувале во рамките на други здруженија, за да по одреден временски период формираат и свое здружение. Историски гледано тие се обединуваат и во повисоки облици на организирање, а денес тоа е Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, кој несомнено претставува синоним на пензионерското организирање.

Организационата поставеност на здруженијата и Сојузот имаат свој развој низ годините и сите членови имале еднакви права и должности. Секој член имал активно и пасивно избирачко право, како и да користи помош врз основа на актите на здружението, да ги користи читалните и библиотеките и да учествува во првите традиционални културно–забавни и спортски активности, да добива материјална поддршка и друго.

При тоа, многу значајна била околноста што во статутите била утврдена обврската членовите да го чуваат угледот на здружението и достоинството на секој член, како и да спречуваат секоја негативна појава која би го нарушила угледот на здружението и пошироко на општеството.

Во прво време здруженијата имале помал број членови и работеле 2–3 дена во неделата, активностите пред сè ги извршувале волонтерски, а како што се зголемувал бројот на пензионерите членови, се зголемувале и обврските на избраните лица. Како резултат на тоа покрај волонтерската работа се исплатувале и симболични надоместоци.

Сега во 2021 година, кога имаме околу 280 000 пензионери кои членуваат во 53 здруженија, членки на Сојузот, неминовно беше да се донесе Одлука за материјално–финансиско работење во здруженијата и СЗПМ која ја донесе Собранието на Сојузот со која се утврдува општа правна рамка за висината на надоместоците. Со неа се детерминирани надоместоците според бројот на членовите во здружението. Статусот, обврските и одговорноста на избраните лица наметнува и поголема обврска во остварување на целите и задачите утврдени со статутите, а во 2020 и 2021 година во услови на пандемија тие многу потешко се остваруваа. Здружението и Сојузот мораа во овој тежок период своите акивности да ги приспособат на актуелните услови односно едни активности да ги замени со други, бидејќи пензионерите избраа живот и иднина. Работите се одвиваа иако во некои сегменти и намалено, и покрај пандемијата што сè уште не демне. За жал не беше така во сите здруженија кои намаленото работење го правдаа со пандемијата. Треба уште повеќе да покажеме дека здруженијата и Сојузот постојат за членовите – пензионери и ако е така тогаш постојано треба да сме во потрага по нови активности и да покажеме дека е оправдано нашето постоење. Ме восхитуваат некои здруженија со нови активности, нови видови и начини на давање помош, услуги со кои се трудат да го олеснат животот на пензионерите, бидејќи и најмала поддршка и внимание, многу му значи на тој што ја нема. Пред извесно време се обратив до активите на пензионерките со апел тие уште повеќе да ги засилат своите активности иако и досега тие со своите начини на дејствување се убав пример. Откако ќе поднесат извештај што одработиле, на заеднички состанок ќе говориме за следните активности што не очекуваат.

За да се одржи континуитет во извршување на активностите значајно место зазема и траење на „РАБОТНОТО ВРЕМЕ“ во здружението односно Сојузот. Ова прашање е значајно бидејќи до Сојузот стигнуваат информации дека на некои здруженија вратите се подолго време затворени, правдајќи се со постоење на пандемијата. Иако во случајот не станува збор за класично работно време, тоа не значи дека треба цел летен период да се затворени вратите или да се работи само 2–3 денови во неделата, а да се исплатува цел месечен надоместок. Приодот кон ова прашање треба да е посериозен и поодговорен. Позитивна околност е што најголем број здруженија и во најсилниот ек на пандемија, а тука ќе го вклучам и Сојузот со заштитни превентивни мерки, ја остваруваа својата општествена активност. Верувам дека ова прашање ќе се разгледа во здруженијата и на истото ќе му се посвети сериозно внимание, заради нашето достоинство и оправдување за дадената доверба од членството.

# ПРЕДЛОГ-АНТИКРИЗНИ МЕРКИ НА СОЈУЗОТ ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија предлага пакет на антикризни мерки за кои смета дека ќе помогнат да се надмине состојбата со економската, енергетската и пандемската криза и ќе придонесат во подобрување на животниот стандард на пензионерите.

Предлогот на антикризните мерки би бил на повеќе нивоа: од државата, од општините, од самите здруженија на пензионери, како и од разни институции и хуманитарни невладини организации како што се Црвениот крст и други.

Во рамките на 76–те милиони евра обезбедени со ребалансот на Буџетот на РСМ за пакет антикризни мерки за справување со последиците од светската економска и енергетска криза, 330 000 пензионери покрај зголемување на пензијата, очекуваат и бараат во креирање на мерките да биде вклучен и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, како нивен легитимен претставник кој најдобро ги познава состојбите речиси на секој поединец преку своите 53 здруженија, членки на оваа најмасовна популација во земјата. Во овој дел би предложиле покрај зголемување на пензиите и:

Прво ниво би биле мерки што би можела да ги поддржи Владата на РСМ:

- ♦ Финансиска поддршка за електрична енергија за лица со ниски пензии, да продолжи;
- ♦ Парична помош преку разни форми за пензионерите и старите лица со ниски примања;
- ♦ Субвенции за плаќање на дел од лековите кои се скапи, а не се на позитивната листа;
- ♦ Олеснувања при набавка на ортопедски помагала;
- ♦ Замрзнување на цените на основните производи за исхрана;
- ♦ Суспендирање, односно запирање на законот за извршување;
- ♦ И други помошти ситни за државата, но големи за старите лица.

Во прилог на овие барања е и изјавата на министерот за финансии Фатмир Бесими кој вели:

„Антикризните мерки ќе бидат таргетирани. Владата на РС Македонија со повеќе навремени, одговорни и сеопфатни мерки и решенија ќе обезбеди заштита за граѓаните од поскапувањата предизвикани од глобалната економска и енергетска криза.

Тоа значи дека овие средства ќе бидат насочени кон ранливите категории на граѓани и стопанството, кон оние на кои им се најпотребни.

Сите овие мерки што ќе следат се надоврзуваат на очекувањата на меѓународните финансиски институции дека ценовните притисоци на меѓународните пазари во текот на годинава

постепено ќе се ублажуваат, за да се стабилизираат веќе следната година".

Министерот истакнува оти ни претстои и еден значаен период, во кој креирањето на јавното мислење ќе биде еднакво важно, ако не и поважно од конкретните економски мерки што ќе се преземат. Во тој контекст се и предлозите на СЗПМ со цел да се влијае на јавното мислење во креирање на политиките содржани во антикризните мерки за корисниците на пензија.

Второ ниво, покрај државата, Сојузот смета дека во помош на пензионерите во време на економска и енергетска криза треба да се вклучат и самите општини преку организирање на разновидни помошти како што се:

- Бесплатен превоз во градот и до населени места;
- Отворање дневни центри и зајакнување на постоечките;
- Доделување пакети со прехранбени продукти, средства за хигиена и друго;
- Попуст во бањските и други објекти под ингеренција на локалната самоуправа;
- Помош во домашни услови преку соработка со разни институции и др.

Третото ниво би биле здруженијата на пензионери да продолжат да даваат финансиска помош преку ваучери и други форми. Во ова трето ниво е зајакнување на волонтерството и интензивно учество во Проектот на СЗПМ „2022 година на рурален пензионер" со кој ќе бидат опфатени и пензионерите во селата.

Во насока на подобрување на пензионерскиот стандард охрабрува и изјавата на министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска во која ветува:

„Заедно со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ќе продолжиме да креираме мерки и политики кои ќе бидат наменети за пензионерите, а кои ќе значат помош и поддршка и во наредниот период со цел подобрување на стандардот на пензионерите и старите лица".

Да се надеваме дека со одговорно однесување на сите субјекти, ќе ја надминеме и оваа криза, како што ја надминавме најголемата економска криза предизвикана од ковид 19 пандемијата.

# БИ БИЛО ДОБРО ВО ЦЕНАТА НА ОГРЕВНОТО ДРВО ДА СУБВЕНЦИОНИРА И ДРЖАВАТА

Во организација на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, а по барање на повеќе здруженија на пензионери на 5 август 2022 година се одржа состанок со директорот на Национални шуми, Валентин Груевски и неговиот соработник Жарко Анастасиески. На состанокот присуствуваа претседатели односно претставници од следните здруженија на пензионери: Пробиштип, Злетово, Неготино, Велес, Битола, Кичево, Илинден, Ново Село, Свети Николе, Македонско Каменица и други.

Целта на состанокот беше да се надминат постојните слабости во врска со снабдување со огревно дрво на корисниците на пензија со кои секоја година се соочуваат здруженијата членки на Сојузот. Сите беа единствени дека обезбедувањето на дрво е длабоко хуманитарна активност која традиционално се практикува во здруженијата. Според нивните согледувања огревно дрво преку здруженијата обезбедуваат само пензионери со ниски пензии или со нарушена здравствена состојба на кои многу им значи дрвата да стигнат до нивните порти. Меѓутоа, како многу пати и на оваа средба беше истакнато дека ЗП од своја страна редовно ги исполнуваат своите договорни обврски за разлика од економските оператори кои се јавуваат во улога на продавач и вршител на дотур на дрва.

На состанокот секое здружение конкретно го изнесе својот проблем наведувајќи ги точно економските оператои кои не ги исполниле обврските како и договорите склучени со Национа-

лни шуми. Радува фактот што Директорот на Национални шуми и неговиот претставник јасно се заложија дека за секој поединечен случај ќе преземат мерки да се исполнат договорните обврс–ки со цел во обезбедување на дрва да се даде приоритет на пензионерите.

На состанокот од претставници на Здруженијата се дадоа повеќе предлози и тоа: да се согледа можноста договори за набавка на дрва да се склучуваат претежно со Национални шуми или доколку тоа не е можно со сите здруженија, тогаш на договорите склучени со економските оператори, гарант да бидат Национални шуми. Исто така се предложи да се склучуваат догов–




ори со Национални шуми, а дотурот да го вршат економските оператори. Овие предлози говорат дека најголема сигурност во набавка на дрва за здруженијата ја гледаат во соработка со Наци–онални шуми бидејќи е несомнено дека се работи за заеднички интерес и желба да се помогне на пензионерите како највозрасна популација.

На крајот се заклучи дека состанокот беше многу корисен за решавање на актуелните про–блеми, а се поддржа и иницијативата за субвенционирање во цената за набавка на огревно дрво од страна на државата како мерка надвор од пензискиот систем. Истовремено, внимание за–служи и дадената информација дека може државата да утврди и максимална цена за набавка на огревното дрво.

# СЛОБОДНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ВО СЗПМ

Околу 272 000 пензионери се членови во пензионерските здруженија. Поголем број идни пензионери си го поставуваат прашањето што ќе прават кога ќе заминат во пензија, бидејќи се чувствуваат помалку полезни од времето пред да остварат право на пензија. На овие прашања се дава одговор дека заминувањето во пензија не е хендикеп туку период од животот во кој имате слобода и можност да се остварат ваши желби, кои не сте можеле или не сте имале време да ги реализирате додека сте работеле. Сведоштво за ова се насликаните слики, книги, рако–творби, одгледани и воспитани внуци, негување на активностите во заштита на нашето културно наследство, негување на социјално–хуманитарната страна, остварување на ред други корисни активности за пензионерот како поединец и општеството во целина.

Особено значејна улога на пензионерското организирање е остварување на социјално–психолошката компонента во животот на пензионерите кои имаат можност да ја реализираат преку пензионерските здруженија. Во последно време сме сведоци дека на тој план напреду–ваат нашите здруженија со креирање можности и активности со цел нивните членови да бидат што позадоволни. Тоа се покажа како вистина во развојот на социјално–хуманитарната дејност во услови на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид–19.

Имајќи предвид дека на човекот како социјално битие најважна му е комуникацијата, да покаже што знае, што му е потребно, да го пренесе своето мислење, да побара помош што особено е значајно за пензионерот кој живее сам, да има со кој да позборува за своите проблеми... Токму заради тоа во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија започна да се работи на реализација на еден хуман Проект: Слободна линија за пензионерите, на кој тие ќе можат бесплатно да се јавуваат на објавениот телефонски број во определени денови и време во Сојузот. Оговорите ќе ги даваат стручни и компетентни лица ангажирани од Сојузот. Проектот има повеќезначна важност. Покрај за психолошко–социолошки и здравствени проблеми ќе има и актуелни информација за сите старски домови, како и обична комуникација со што ќе се потврди значењето на едно „АЛО“ и вниманието неопходно за луѓето во третата доба.

# СОСТАНОК НА СЗПМ СО МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА (ПРИСУТНИ 17 БАНКИ)

На линијата „Ало – пензионерски прашања“ пензионерите покрај за поскапувањето на одредени прехранбени артикли, сè почесто се жалат на високите провизии при плаќање на режиските трошоци како што се надоместок за потрошена електрична енергија, телефон и телевизија, вода, за парно затоплување и друго. Како што е познато во нашата земја има околу 320 000 пензионери од кои 174 000 имаат пензија до 14.500 ден, а од нив над 70 000 примаат пензија до 10.000 ден. Ако на ова се додадат и другите трошоци за живот, тогаш се доаѓа до заклучок дека овие трошоци значително го оптоваруваат пензионерскиот буџет. Од друга страна пензионерите дури и не се информирани колкави се овие давачки во одредени банки. Затоа Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија испрати допис до Македонската банкарска Асоцијација да помогне во решавање на овој проблем.



За жал, до Сојузот испратија одговор само мал број банки, а оние кои одговорија главно ги посочуваа електронските плаќања, плаќањата на одредени електронски канали и плаќањата со траен налог. Информациите кои ги доби Сојузот не се многу јасни, а постојат и објаснувања дека ако се плаќаат сметките електронски, провизијата е за 50% помала, а не се наведува од кој износ! Во многу експозитури дури и не даваат написмено за што колку се плаќа, како да е тоа некаква државна тајна!

Општопознато е дека оваа многубројна популација не е многу вешта со ракување на информатичките технологии и платформи и најчесто и многу редовно, сметките ги плаќаат на шалтер во готово или преку трансакциска сметка. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се обрати до Македонската банкарска Асоцијација во врска со овој проблем и побара да се организира состанок.

На 17 февруари 2021 година се одржа средба со претставници на 17 банки, членки на Македонската банкарска Асоцијација на која присуствуваше претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, а иницијатор на состанокот беше Сојузот на здруженијата на пензионерите на Маке–

донија. Состанокот го водеше Милена Перчинкова, извршен секретар на Македонската банкарска Асоцијација. Состанокот се одржа преку ЈОИНГ МЕЕТИНГ платформата „ОН ЛИНЕ“, заради заштита на здравјето.

На почетокот претседателката на Сојузот Станка Трајкова ги поздрави присутните и им се заблагодари што му се посветиле на овој проблем, како и за нивното присуство. Таа ги елабораше сите пензионерски забелешки и барања со молба заедно со Асоцијацијата да помогнат во решавање на овој проблем потенцирајќи дека нашата држава и според Уставот е социјална држава, а Сојузот смета дека и банките како општествено одговорни субјекти би требало да се приспособат на состојбите и на најзагрозените категории, меѓу кои спаѓаат и дел од пензионерската популација, да помогнат со намалување на трошоците до ниво на реални трошоци. Исто така, таа уште еднаш замоли по можност да се намалат трошоците за плаќање на шалтер, а во тоа да помогне Асоцијацијата со својот авторитет. Трајкова ги потсети сите присутни на фактот дека ова е за сегашните и идни пензионери, во кои, еден ден, ќе бидат и присутните.

Убава и опширна дискусија имаше претставничката на Стопанска банка, која ги пофали пензионерите дека од ден на ден се повеќе го користат електронското банкарство и трајниот налог. На крајот, Милена Перчинкова, извршен секретар на Македонската банкарска Асоцијација даде заклучни видувања и рече дека присуството на претставниците на банките значи дека тие уште еднаш ќе ги разгледаат барањата на пензионерите, а во меѓувреме и Асоцијацијата и Сојузот да работат на едуцирање на пензионерите преку брошури, работилници и друго. Исто така, таа информираше дека и Европската банкарска федерација сè повеќе обрнува грижа и внимание на едукација на возрасните. Кон крајот на март 2021 ќе има 3 вебинари од кои едниот е за едукација на возрасната популација.

# ПРЕДЛОГ ЗА ПРОМЕНА НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВОЗАЧКИТЕ ДОЗВОЛИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

Комисијата за Здравство и социјална политика до Министерството за здравство упати барање за промена на Правилникот за здравствени критериуми кои треба да ги исполнуваат повозрасните возачи. По бројни обраќања и контакти на 17.2.2020 година дојде до средба со делегација од Министерството за Здравство во просториите на СЗПМ. На средбата од страна на Министерството присуствуваа Анка Георгиевска, раководител на Правно–нормативниот сектор и Дејан Николовски, раководител на Одделението за правно–нормативни и управни работи. Во име на СЗПМ гостите ги поздрави Ментор Ќоку, потпретседател на ИО на СЗПМ, а во разговорите по Правилникот учествуваа д–р Стојанче Стефаноски и д–р Димитар Димитриевски. На претставниците од Министерството за здравство им беше презентиран проблемот со постоечкиот застарен Правилник за оценка на здравствената способност на возачи, кој е стар скоро 40 години и со чија примена пензионерите возачи се изложени на почести контролни прегледи дополнителни трошоци за продолжување на возачката дозвола. Барањето на Комисијата за здравство до Министерството како надлежно за донесување на овој Правилник е истиот да се усогласи со здравствените критериуми за возачи кои ЕУ со свои уредби ги има дефинирано пред 5–10 години и кои се внесени во националните правилници во земјите на ЕУ. На претставниците на Министерството им беа презентирани правилници од земји на ЕУ кои Комисијата за здравство на СЗПМ ги има анализирано и им беше укажано на постоечките разлики и недостатоците на македонскиот правилник. Претставниците на Министерството ги прифатија забелешките на Комисијата и изразија подготвеност да се отпочне процедура за промена на Правилникот.

# МНОГУ БАРАЊА, ИНИЦИЈАТИВИ И ПРЕДЛОЗИ, НО ОД ОДГОВОРИТЕ НЕ СМЕ ЗАДОВОЛНИ

Согласно со Законот за здруженија и фондации, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како автентичен субјект во заштита на правата и интересите на пензионерите, редовно поднесува иницијативи и предлози до надлежните органи за решавање на прашања кои се во интерес на корисниците на пензија. На пензионерите им е јасно дека барањата тешко се остваруваат, но Сојузот ќе продолжи тоа континуирано да го прави надевајќи се дека позитивни одговори ќе има.

Поднесувањето повеќе предлози односно барања имаа цел да се влијае на јавното мислење и може да се каже дека позитивно влијание има во однос на промената на формулата за усогласување на пензиите бидејќи сериозно од Владата и државните институции се најавува дека истите ќе ги имаат предвид.

Меѓутоа, кога станува збор за здравственото осигурување и подобрување на здравствената заштита ќе мора нашите барања да се повторат и тоа нема да го правиме затоа што сме возрасни и забораваме, туку со цел тие барања да допрат до оние субјекти кои треба по нив да постапат.

Пензионерите знаат дека за време на својот работен век, пред да заминат во пензија, редовно го уплатувале придонесот за здравство, а многу малку услуги користеле од здравственото осигурување. И сега како пензионери исто така, при исплата на пензиите Фондот на ПИОСМ уплатува придонес за здравствено осигурување кој месечно изнесува 13% (678.129.051) од вкупниот износ на средства за месечна исплата на пензиите кои средства се најсигурен приход на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Затоа, слободно може да се каже дека сега кога заради годините имаат потреба од поголема здравствена заштита, пензионерите не бараат никаква милост туку како возрасна популација која како бројка изнесува околу 328.000 пензионери, вложила многу, за да има достоинствен живот во третата доба.

Токму, заради тоа, во статутите на Сојузот и во статутите на здруженијата, утврдена е потребата и обврската на Министерството за здравство и Фондот за здравство за поквалитетна здравствена заштита, како на државно така и на локално ниво. Во нивните програми значајно место има областа здравственото осигурување и здравствената заштита, со првенствено барање пензионерите по навршени 65 години да бидат ослободени од сите видови партиципација (од дијагностика преку превентива до болничко лекување) право кое во минатото било подигнато на степен на Закон и го имале пензионерите!

До сега, во изминатиот период, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија поднесе барање до Министерството за здравство под број 03–02/380 од 5.11.2021 година пензионерите кои имаат пензија до 18.000 денари да бидат ослободени од средства за болничка партиципација.

Сојузот поднесе и Иницијатива до Собранието на Република Северна Македонија (број 03–02/10 од 20.1.2021 година) за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување со предлог за користење на здравствена услуга: негување на болен родител – член на семејството најмногу до 30 дена. Одговорот на ова барање е дека треба пред тоа да се преиспита целисходноста и економската оправданост на конкретниот предлог: надоместот на плата да се исплатува од средствата на задолжително здравствено осигурување, во случај на нега на старите родители, заради крајно хуман аспект на овој предлог. Оваа Иницијатива, по мислење на Сојузот несомнено е општествена целисходност и економска рационалност ако се земе предвид дека тоа решение би било своевидна превентива, граѓанинот пензионер да добие здравствена нега во сопствениот дом наместо да биде стациониран во соодветна устано–

ва или дом за стари лица. Децата само со користење на паричен надоместок до 30 дена ќе ја пружат негата на својот родител кога нивното присуство е најпотребно, што е исплатливо, но и длабоко хумано право.

Листата на потребна здравствена заштита на пензионерите е долга. Многу значајно за пензионерите е потребата од нивелирање и ажурирање на Позитивната листа на лекови во која ќе бидат содржани поквалитетни и понови лекови што најмногу ќе им помогне на пензионерите со ниски пензии. Се ветуваше дека оваа задача ќе ја завршат надлежните, па дури и со ветување дека листата на лекови ќе биде доставувана на Комисијата за здравство и социјална политика во Сојузот за да даде и таа мислење. Ако земјите во нашето опкружување Позитивната листа на лекови ја ажурираат на месец дена, тогаш се поставува прашањето во што е проблемот што тоа не се случува во нашата земја!!! Дали можеби и за оваа работа треба да побараме стручна помош од надвор?!

Амбициите и барањата да се унапреди здравственото осигурување продолжија со писмено барање од Сојузот, во рамките на здравствените домови да функционира стоматолошка пензионерска амбуланта каде што пензионерите би добивале едноставна и брза протетичка услуга. За овие услуги се јавуваат да партиципираат како волонтери и лекари–стоматолози и студенти при крајот на своите студии. За потсетување, за овие услуги постоеле амбуланти кои биле од голема помош за пензионерите, но денес ги нема!

Како да останеме индиферентни и да не го кренеме нашиот глас, кога Сојузот поднесува барање (бр. 03–02/374 од 2.11.2021) да се дополни Правилникот за добивање бесплатна инвалидска количка потребна поради болест или паѓање односно повреда на пензионерот заради старост, а во одговорот на ова барање се наведува дека треба пред тоа да се преиспита и оцени медицинската и економската оправданост и да се утврди колкав е бројот на барателите за тоа право?!

Последно барање (бр. 03–02/12 од 20.1.2022 година) од пензионерите е за поддршка во Универзитетскиот стоматолошки центар Св. Пантелејмон – Скопје да се постави лифт, бидејќи пензионерите тешко се искачуваат по стрмните скали.

Потреби и барања има многу, а за дел од нив дури и не треба вложување на големи средства. На, крајот ќе набројам само дел од нив: Сојузот преку Комисијата за здравство и социјална политика упорно бара во сите рурални средини истовремено да фукционира теренски лекар и подвижна аптека бидејќи само така може да се постигне целта и пензионерите да добијат здравствена услуга без да одат в град. Ако во руралните средини има само посета од лекар, а не и мобилна аптека не сме му помогнале на старото лице бидејќи ќе мора да оди до градот да ги набави лековите.

Сите овие барања не би требало да останат во фиоките или на нив да се добијат воопштени одговори, и дека со тоа како да е завршена работата и даден е одговор.

Кога станува збор за возрасните лица, граѓанинот пензионер заслужува особена почит и треба да има предност во амбулантите, болниците и другите здравствени установи. Нехумано е пензионерите и старите лица да бидат дискриминирани кога бараат „Брза помош“ да ги прашуваат колку години имаат. Тоа се работи за кои не се потребни средства туку треба да се смени односот кон старите лица кои се наши родители, баби и дедовци, пријатели...

На крајот како заклучок и како порака до сите граѓани и до сите институции од оваа област е дека нашиот активизам не завршува тука, туку напротив сите овие и уште други барања ќе бидат обновувани и испраќани до надлежните институции. Веруваме дека ќе најдеме заедничко разбирање со сите нив, а особено со новата Влада, Премиерот и Министерот за здравство.

Во овој контекст пред некој ден со допис број 03–2/13 од 20.1.2022 година честитајќи му ја министерската функција на новиот министер Беким Сали, го поканивме на средба во Сојузот со цел да ја продолжиме традицијата и практиката министерот за здравство да дојде на средба во Сојузот, за да ги слушне нашите барања и проблеми во врска со здравствената заштита, значајни за пензионерите, кои претставуваат најмногубројна целна група за Министерството за здравство.

РЕЦЕНЗИЈА НА СПЕЦИЈАЛНОТО МОНОГРАФСКО ИЗДАНИЕ
ОД АЛЕКСАНДАР ДИМКОВСКИ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“

# СВЕДОШТВО ЗА ПОСТИГНАТОТО И ПАТОКАЗ ЗА ИДНИНАТА

Да се напише рецензија за едно дело како што е Специјалното монографско издание со наслов „Активности и согледувања 2019 – 2023 година“, во кое се одбележани активностите на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, е навистина голем предизвик и одговорност, но истовремено и чест за мене како главен и одговорен уредник на „Нова Македонија“, весник кој долги години наназад активно соработува и внимателно ја следи работата на СЗПМ во интерес на јавноста, читателите, а посебно на пензионерите и прашањата поврзани со нивниот живот.

Предизвикот е дотолку поголем што токму посочениот четиригодишен период од 2019 до 2023 година, според сите релевантни домашни и светски истражувања и анализи, може да се вброи како еден од најтешките во поновата историја на човештвото. Да се потсетиме дека во овој период беше пандемијата со Ковид 19, глобалната светска економска криза, рецесија, енергетската криза, воената криза во Украина итн. Последиците од сите овие случувања не ја одминаа ниту Македонија и секако силно се одразија во сите сегменти од животот, а повозрасните и пензионерите, како една од најранливите категории граѓани, веројатно уште повеќе ги почувствуваа ефектите од нив.

Но како што велат на маката се познаваат јунаците. Така Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и неговото раководство успева не само да ги преброди и изменаџира сите предизвици, туку од нив да излезат посилни и поорганизирани. Таа нивна синергија, проследена со творечки сензибилитет, животна мудрост, оригинална нарација, креативност, искуство, стручност... провејува и низ страниците на ова Специјално монографско издание за активностите и согледувањата во периодот 2019 – 2023 година.

Делото е поделено на два дела во кои системски, хронолошки, структурно и стилски квалитетно се систематизирани содржинските целини. Во првиот дел од Специјалното монографско издание се наведени програмските активности, зацртаните и остварени цели на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како најголемата невладина, мултиетничка асоцијација во која членуваат околу 290 илјади пензионери организирани во 53 здруженија самостојни правни субјекти здружени за остварување на своите права и цели.

Да се работи во интерес на толку голема структура на членство, да се сослушаат, поврзат и синхронизираат сите активности е навистина огромна задача која СЗПМ ја извршува успешно што несомнено ја прави и најголема организација во државата и пошироко.

Во Специјалното монографско издание „Активности и согледувања 2019 – 2023“ јасно уочлива и видлива е интензивната соработка која Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ја реализирал во овој период со државните институции и органи со цел подобрување на животот и стандардот на пензионерите. Токму во таа насока се преземени многубројни иницијативи и мислења за измена на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, иницијатива до Банкарската асоцијација на Македонија, предлагање на усогласување на пензиите, антикризните мерки за пензионерите, слободна телефонска линија, многубројните анкети и збирни информации, помош при набавка на огревно дрво и редица други мерки.

Од Специјалното монографско издание може да се забележи дека не изостанала ниту меѓународната соработка, меѓуетничката соработка и соживот, а пензионерите и Сојузот во овој период како и порано и во иднина, се истакнале и преку многубројните хуманитарни активности, како и низ традиционални настани и манифестации како што се: ревиите на песни, музика и игри, учеството на Меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана, спортските

натпревари, многубројните масовни собири итн. Во духот на евроинтеграциските заложби на државата и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија посветува посебен дел од Специјалното монографско издание во текстот односно интервјуто со претседателката на Сојузот Станка Трајкова „Дали личиме на ЕУ“.

Она што посебно остава впечаток во Специјалното монографско издание е творечката оригиналност и нарација, која доаѓа и од наталоженото животно искуство и собрана мудрост на авторите. Преку дел од текстовите може да се забележи дека пензионерите одлично се снаоѓаат и во улога на новинари, хроничари, поети, книжевни и литературни дејци... Жанровски дел од содржините отскокнуваат од просечноста, го надраснуваат вообичаениот израз и тежнеат кон повозвишен стил.

Сето тоа на делото му дава една нова додадена вредност. Иако најголем дел од содржините во Специјалното монографско издание се однесуваат на реализираните тековни активности и проекти на СЗПМ тоа воопшто не ја намалува нејзината творечка и издавачка вредност. Напротив се отвораат низа други прашања и дилеми кои поттикнуваат на размислување колку сите ние, заедно или поединечно, како општество или како индивидуи се грижиме за повозрасните, за пензионерите. Колку сме подготвени да им подадеме рака, но истовремено и да учиме од нив и да црпиме од нивното животно искуство и мудрост. Нивната творечка енергија, работен елан и после пензионирањето, како и преземањето нови обврски и активности, што е евидентно и во Специјалното монографско издание, треба да биде поттик и инспирација за идните пензионери, но и за сите. А дека таа нивна творечка и креативна енергија е неисцрпна веројатно најилустративен показател е последниот дел од делото во кој се наведени уште многу нови предлози, барања, иницијативи за годините што доаѓаат.

Сосема за крај, како што посочив и во насловот, Специјалното монографско издание со наслов „Активности и согледувања 2019 – 2023 година“ е своевидно сведоштво за посочениот период, но и патоказ за иднината во однос на низа суштински прашања што ја тангираат пензионерската проблематика.

РЕЦЕНЗИЈА НА СПЕЦИЈАЛНОТО МОНОГРАФСКО ИЗДАНИЕ
ОД д–р ВЕЛЕ АЛЕКСОСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗП ВЕЛЕС

# КОН СПЕЦИЈАЛНОТО МОНОГРАФСКО ИЗДАНИЕ НА СОЈУЗОТ: "АКТИВНОСТИ И СОГЛЕДУВАЊА 2019 - 2023"

Исконска, но и за навек, ни останува максимата „Паметниот пишува, а наивниот памети“. Во духот на оваа народна мисла и авторката – претседателката на СЗПМ го започнува монографското специјално издание за периодот 2019–2023 година со реченицата: „Годините минуваат... а останува само она што ќе се запише и напише за настаните во тие години“.

За наша среќа, иако, СЗПМ, како невладина и мултиетничка асоцијација постои повеќе од три четвртини на еден век, во нејзините редови членството и раководството не само што се поедуцирани, туку и многу поамбициозни што доведува до пишување – оставање траги за она што се реализирало во интерес на пензионерите за нивно активно стареење и подолговечно живеење.

Специјалното монографско издание „АКТИВНОСТИ И СОГЛЕДУВАЊА 2019–2023“ претставува сеопфатен запис во кој се одбележани активностите на Сојузот и неговото битисување во само еден кус четиригодишен мандатен период, но период полн со активности, иницијативи и проекти.

Гледано објективно и споредувано со повеќе вакви асоцијации во нашето соседство па и во Европа, ќе звучи нескромно, но реалноста го потврдува нашето мислење дека СЗПМ е една од најуспешните, најхуманите и најсолидарните невладини пензионерски асоцијации во нашата земја, но и пошироко. Ова го потврдуваат, не само нашите членови, туку и членовите од други – странски асоцијации со кои често организираме меѓународни средби, посебно на културно забавен и едукативен план.

Од што се гледа ваквиот впечаток? Пред сѐ и над сѐ од хуманоста на здруженијата кон своите членови. Познато е дека нашето општество е едно од економски посиромашните и оттаму и најголем број пензионери се на работ на животната егзистенција.

Од информативните средства како бесплатниот пензионерски весник „Пензионер плус“, „Koha“, Веб страницата на Сојузот и други информативни средства дознаваме скоро секоја седмица хумани акции и давање парична помош, скромна, но од срце, дознаваме и за поправки на разрушени или опожарени живеалишта и уште многу други хуманитарни помагања.

И сето тоа е со скромни и мали материјални можности, но со големи срца и благородни пензионерски души. Многу пензионери членови на здруженија се помагаат финансиски во вид на партиципација за бањско лекување, операции и друго.

Поаѓајќи од латинската максима „Mens sana in corpore sano“, се организираат едукативни и рекреативни екскурзии. Само оние што биле присутни на вакви настани, можат да раскажуваат за „детското“ радосно дружење на лицата од трета доба.

Посебно и со право ги истакнува претседателката Трајкова, Спортските низ многуте Фолклорни ревии и спортски олимпијади. Значи, може и треба да се спортува и на оваа возраст, зошто, покрај радоста на успесите (а сите учесници се успешни со самото учество), има многу радост, смеа, возбуда од што се зголемува адреналинот, се будат емоциите, луѓето се враќаат во младоста.

Да не должам, туку накусо да потенцирам дека авторите а посебно претседателката на Сојузот Трајкова со издавање на ова Специјално монографско издание прават „мал чекор“ со големо значење.

И на крајот да им благодариме и никогаш да не ги заборавиме оние наши предци – основачи на ваква пензионерска асоцијација, која служи како урнек за другите во светот, зошто е полна со човечност, солидарност помагајќи ги со средства од самофинансирање – собрани со помош на свои избрани органи.

„Сите сме носени од една иста планета – земја, членови на ист екипаж“ (Сен Егзипири – француски писател и пацифист). GENS UNA SUMUS (Сите сме ист род)

# СОДРЖИНА

## ВОВЕД ... 3

ДАЛИ ЛИЧИМЕ НА ЕУ? ... 5
СОЈУЗОТ ПРОДОЛЖУВА ДА ЧЕКОРИ ПО ЗАЦРТАНИОТ ПАТ ... 9
ЧЕСТ И ЗАДОВОЛСТВО Е ДА СЕ БИДЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
СОБРАНИЕ НА СОЈУЗ ВО КОЈ ЧЛЕНУВААТ ОКОЛУ 290 000 ПЕНЗИОНЕРИ ... 11
АКТИВНОСТИ КОИ ЌЕ БИДАТ ВО ФОКУСОТ НА МОЕТО РАБОТЕЊЕ
КАКО ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗОТ, ВО МАНДАТНИОТ ПЕРИОД 2019-2023 ... 13
„СОРАБОТКАТА ЌЕ СЕ ПОТПИРА НА МОТИВАЦИЈА,
КРЕАТИВНОСТ И КРИТИЧКИ ОСВРТ КОН РАБОТАТА“ ... 16
ДОБИЕН ГРАНТ ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА
ЗА ПОДДРШКА НА СТАРИТЕ ЛИЦА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ ... 19
ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ
ЈА ВЛОЖУВАМ МОЈАТАСТРУЧНОСТ, ИСКУСТВО И ЗНАЕЊЕ ... 21

## I ДЕЛ

ПРЕТСТАВНИЦИ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА
ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА НА СРЕДБА СО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТНА ДРЖАВАТАСТЕВО ПЕНДАРОВСКИ ... 25
ПОТВРДЕНА ОПРЕДЕЛБАТА НА ВЛАДАТА ЗА КОНКРЕТНА И
ПОСТОЈАНА ГРИЖА ЗА СТАНДАРДОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ... 27
ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НАНАЈВОЗРАСНИТЕ
ПРЕКУ УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ ИДРУГИ МЕРКИ, Е МОЈ ПРИОРИТЕТ ... 30
ПАНЕЛ-СЕСИЈА: СОЦИЈАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПОЛИТИКИ ВО ВРЕМЕ НА КРИЗА ... 32
СОЈУЗОТ ДОБИ НОВИ ПРОСТОРИИ ОД ВЛАДАТА НА РС МАКЕДОНИЈА ... 36
„ГРИЖАТА ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ Е ВАЖЕН СЕГМЕНТ ВО НАШЕТО ОПШТЕСТВО“ ... 37
НОВИ ПРЕДЛОЗИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
НА ФОРМУЛАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ ... 40
СОЛИДАРЕН ФОНД И ЧЛЕНАРИНА КАКО
ОРГАНИЗИРАНА ПЕНЗИОНЕРСКА СОЛИДАРНОСТ ... 43
ДОБРАТА СОРАБОТКА ДАВА ДОБРИ РЕЗУЛТАТИ ... 49
ЗА ОНИЕ КОИ НЕ ЗНААТ ИЛИ ЗАБОРАВИЛЕ КАДЕ СЕ
ТРОШАТ СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД ЧЛЕНАРИНАТА ... 50
ДОСТОИНСТВЕНО ОДБЕЛЕЖАН ГОЛЕМИОТ ПЕНЗИОНЕРСКИ ЈУБИЛЕЈ ... 53
ОДБЕЛЕЗУВАЊЕ НА 20 СЕПТЕМВРИ - ДЕНОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ... 58
РЕВИИ НА ПЕСНИ МУЗИКА И ИГРИ ... 61
МАКЕДОНСКИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ НА ФЕСТИВАЛ
НА ТРЕТА ЖИВОТНА ДОБА ВО ЉУБЉАНА, Р СЛОВЕНИЈА ... 73
СПОРТСКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ АКТИВНОСТИ ... 75
ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СОЈУЗОТ
И ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ... 83
2019-2022 ВО ЗНАКОТ НА ПОИНТЕНЗИВНА
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА СЗПМ ... 86
МУЛТИЕТНИЧКО ДРУЖЕЊЕ И СОЖИВОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ... 90

ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ НА
ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИ, ЧЛЕНКИ НА СЗПМ....93
МАСОВНИ СОБИРИ И НАСТАНИ....97
ИНФОРМИРАЊЕ, ИЗДАВАШТВО И РАБОТИЛНИЦИ....99
СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС
ЗА СОЈУЗОТ, ЌЕ ДОНЕСЕ ПРИДОБИВКИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ....103
СТАНДАРДОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ БИЛ И
ЌЕ БИДЕ СЕКОГАШ ПРИОРИТЕТ НА СОЈУЗОТ....105

**II ДЕЛ**

ПРИОРИТЕТ ЗА СОЈУЗОТ Е ДОНЕСУВАЊЕ
ЗАКОН ЗА ПЕНЗИОНЕРСКО ОРГАНИЗИРАЊЕ....111
ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ПОТПИШЕ НОВ МЕМОРАНДУМ ПОМЕЃУ СЗПМ И ЗЕЛС....113
ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ И КОНСТРУКТИВЕН
ДОГОВОР ЗА ПОНАТАМОШНО ЗАЕДНИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ....114
ИНТЕРЕСНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА ПРОГРАМСКИ КТИВНОСТИ....117
ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА
ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ....125
АКТИВНОСТИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК ОД ЛИЧЕН ДОХОД....126
2022 ГОДИНА НА РУРАЛНИОТ ПЕНЗИОНЕР....130
ПЕНЗИОНЕРИТЕ БАРААТ ГОДИНИТЕ ДА НЕ БИДАТ УСЛОВ ЗА КРЕДИТИ....131
ИЗВАДОЦИ ОД ИНФОРМАЦИЈА ЗА
КЛУБОВИТЕ И ОГРАНОЦИТЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ВО СЗПМ....132
РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА....135
ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБИТЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО
НА СТАРСКИТЕ И ПЕНЗИОНЕРСКИТЕ ДОМОВИ....138
„РАБОТНО ВРЕМЕ“ ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИ И СОЈУЗОТИ....143
ПРЕДЛОГ-АНТИКРИЗНИ МЕРКИ НА СОЈУЗОТ ЗА
ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ....144
БИ БИЛО ДОБРО ВО ЦЕНАТА НА
ОГРЕВНОТО ДРВО ДА СУБВЕНЦИОНИРА И ДРЖАВАТА....145
СЛОБОДНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ВО СЗПМ....146
СОСТАНОК НА СЗПМ СО МАКЕДОНСКАТА
БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА (ПРИСУТНИ 17 БАНКИ)....147
ПРЕДЛОГ ЗА ПРОМЕНА НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ
НА ВОЗАЧКИТЕ ДОЗВОЛИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ....148
МНОГУ БАРАЊА, ИНИЦИЈАТИВИ И ПРЕДЛОЗИ,
НО ОД ОДГОВОРИТЕ НЕ СМЕ ЗАДОВОЛНИ....149

**РЕЦЕНЗИЈА** – АЛЕКСАНДАР ДИМКОВСКИ,
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“
СВЕДОШТВО ЗА ПОСТИГНАТОТО И ПАТОКАЗ ЗА ИДНИНАТА....151

**РЕЦЕНЗИЈА** – д–р ВЕЛЕ АЛЕКСОСКИ,
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗП ВЕЛЕС
СВЕДОШТВО ЗА ПОСТИГНАТОТО И ПАТОКАЗ ЗА ИДНИНАТА....153

# Dauti - Komerc




Компанијата **"Даути-Комерц",** како идеја настанала во 90-те години, и се развивала низ годините како Акционерско Друштво, денес е лидер во областа дистрибуција на роба за широка потрошувачка во РСМ и во регионот.








Компанијата „Даути Комерц" А.Д, со 30-годишно искуство, стана регионален лидер во областа на дистрибуција на стоки за широка потрошувачка. Компанијата е присутна во четири регионални земји, почнувајќи од Северна Македонија, Косово, Црна Гора и Албанија.
„Даути Комерц" А.Д, континуирано имплементира иновативни идеи и современи стандарди, каде што е специјализирана за дистрибуција на стоки за широка потрошувачка на домашниот, регионалниот и меѓународниот пазар. Во последните години, извозот на стоки од регионалните производители од Западен Балкан на европските и пошироките пазари.

**Брендови на Даути Комерц**



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје
061.2-057.75(497.7)„2019/2023"
Активности и согледувања 2019-2023 / [Станка Трајкова
... и др.]. - Скопје : Сојуз на здруженија на пензионери
на Македонија, 2023 - 160 стр. : фотографии ; 30 см
Автори: Станка Трајкова, м-р Илија Адамоски, Ментор Ќоку, Менка Темелковска, Калина Сливовска-Андонова,
ISBN 978-608-65788-5-6
1.Трајкова, Станка [автор]
а) Сојуз на здруженијата на пензионери на Македонија - 2019-2023 -
COBISS.MK-ID 103095308